ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНА РАБОТА

ИЗБОР НА ТЕКСТОВИ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНА РАБОТА
ИЗБОР НА ТЕКСТОВИ

*Издавач*
Филозофски факултет

*За издавачот*
Трајан Гоцесвки, декан

*Уредници на публикацијата*
Мариа Доневска
Маја Геровска

*Рецензент*
Дарја Завиршек

*Лектор*
Валентина Бачваровска

*Обработка на текст*
Маја Геровска

*Ликовно уредување*
Кочо Фидановски

*Компјутерски дизајн*
Методија Николовски

*Печат*
*„Македонска ризница“ – Куманово*

*Тираж*
500 примероци

*Печатењето на публикацијата*
*е помогнато со финансиска помош од*

OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Министерство за труд и социјална политика
Министерство за образование

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНА РАБОТА

избор на текстови

СКОПЈЕ 1999

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

СОЦИЈАЛНА политика и социјална работа : избор на текстови / [уредници на публикацијата Мариа Доневска, Маја Геровска]. – Скопје ; Филозофски Факултет, 1999. – 316 стр. ; 20 см.

Summary

ISBN 9989-44-077-8
1. Доневска, Мариа 2. Геровска, Маја
а) Социјална политика – Зборници б) Социјална работа – Зборници

Приложените текстови се објавени со одобрение на:

Sage Publications Ltd © - Bob Deacon, Global Social Policy, 1997 London

Macmillan Press Limited © - Social Policy in the European Union" - Linda Hantrais, 1995, London

Sage Publications Ltd © - Lavalette and Prat - Social Policy - A conceptual and theoretical introduction, 1997, London

Wolfgang Koehn ©, Heil Pedagogic - 1994, Koeln, Germany

Wadsworth Publishing Company © - Social Work Processes, Compton / Gallaway, Brooks/ Cole, 1999, USA

Sage Publications, Inc. © - Group Work, A Humanistic Approach, Urania Glassman and Len Kates, 1990

Praeger © - изворно издание на Praeger Publishers, дополнително издадено од Greenwood Publishing Group, Inc., Westport, CT, USA - Family violence, Mildred Daley Pagelow, 1990

Haworth Press, Inc. © – Quantitative Methods in Social Work, David C. Gillespie & Charles Glisson, 1992

# *Предговор*

Теоријата и праксата на социјалната политика и социјалната работа претставуваат исклучително важен домен во севкупното општествено живеење, бидејќи истите се однесуваат на подобрување на квалитетот на живеење во едно општество, преку креирање и преземање соодветни мерки. Во тој контекст, како неминовност се наметнува потребата од постојано следење и анализа на современите трендови во овие два научни и практични домена, заради нивна евалуација и можност за имплементирање во правец на подобрување на одредени состојби, кои моментално опстојуваат во нашето општество.

Литературата од оваа област, која е обработена од мал број домашни автори е скромна и од постар датум, недавајќи доволен преглед на она што преставува актуелност во доменот на социјалната политика и социјална работа.

За таа цел, оваа хрестоматија е извонредна можност за надополнување на празнината која постои во нашата литература, збогатувајќи ја со теми кои ќе бидат неопходни како за студентите чиј главен интерес е социјалната политика и социјалната работа, така и за оние кои ги проучуваат економските, политичките и социјалните трендови во светот. Преку запознавањето со приложените текстови, на читателите ќе им биде овозможено да развијат соодветни способности, за да можат да делуваат не само професионално во обласа на социјалната политика, туку и да можат да се идентификуваат и интегрираат полесно во секојдневниот живот како граѓани, родители, работници и потрошувачи.

Текстовите во книгата се поделени во два дела: Социјална политика и Социјална работа. Причината за ваквата поделба е од типично прагматичен карактер. Имено, уредниците на оваа хрестоматија веруваат дека ваквиот начин на следење на суштината на вклучените проблематики ќе биде во голем дел олеснето и поефикасно, иако во голема мерка и двата дела имаат меѓусебно и повратно влијание. Неопходно е да се истакне и дека вклучените текстови имаат претрпено одредени измени од уредувачка природа, како резултат на потребата да бидат ставени во рамките на едно издание.

Изборот на текстови кои се поместени во оваа едиција се темели на претходно зацртаните критериуми: внесување на нови современи концепции и содржини во опишаните домени, можност за нивна имплементација и неопход-

ност од нивно познавање. Изборот на текстови, освен од уредниците, е поддржан и рецензиран од домашни и меѓународни стручни профили во соодветните области .

Во текстовите кои се вклучени во хрестоматијата направен е обид за вметнување на клучни зборови, кои се прикажани преку поистакнат фонд на буквите. Нивното објаснување и дефинирање е сместено по крајот на секој од деловите, со што се задржува концептот за јасност и прецизност во следењето на приложената литература. Сметаме дека поместувањето на речниците на поими од социјална работа и социјална политика е од витално значење, како за намалување на постоечката конфузија, која особено стана доминантна по енормниот влез на супранационални институции и нивната инволвираност во социјалната сфера, така и заради афирмација и конституирање на специфична македонска терминологија во социјалниот домен.

Создавањето на оваа хрестоматија не ќе беше можно без сесрдната помош и залагање на голем број институции и индивидуи. За таа цел, уредниците посебно се заблагодаруваат за финансиската помош на: Институтот отворено општество, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и на Филозофскиот факултет – како издавач на хрестоматијата. Исто така упатуваме особена благодарност до сите преведувачи, без чијашто професионална стручност во социјалниот домен, не ќе беше возможен постигнатиот ефект во преводот на текстовите.

Веруваме дека приложените текстови ќе успеат да придонесат кон посоодветно запознавање, информирање и едуцирање на консулментите на оваа хрестоматија, како и кон подобрување на одредени домени во социјалната политика и социјалната работа во Македонија, со што ќе биде постигната и иницијалната цел на уредниците на едицијата. Истовремено, се надеваме дека појавувањето на оваа хрестоматија ќе претставува само почететок во неизбежниот бран на нови и пишани материјали во социјалната сфера, кои ќе го трасираат патот на неопходни и прагматични теми во постоечката македонска стручна литература.

*Од уредниците*

# *Социјална политика*

*Маја Геровска*

# ГЛОБАЛНИТЕ ИМПЕРАТИВИ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

## *Коментар кон приложените текстови од социјална политика*

Поаѓајќи од трансформацијата на општествата во последните години, како и од карактерот на самите промени, евидентно е дека светот се сочува со појава на нова епоха, која ја карактеризираат сè поголем број глобални структури, кои ги предизвикуваат националните рамки и нудат екстензивна децентрализација на авторитетот. Иднината на ваквиот светски развој е забележителна во сите општествени домени. Социјалната политика неминовно ги дели истите предизвици. Нејзиното креирање, практикување и евалуирање повеќе не претставува изолиран интерес на одредена земја, туку намерно или ненамерно, директно или индиректно, националните социјални политики сега се третирани во еден покомплексен систем, и нивната имплементација е директно поврзана со пошироките случувања на глобалната политичка арена.

Организациите и агенциите кои се јавуваат како актери во обликувањето на глобалната општествена динамика, делуваат во разни домени. Сепак, без разлика на нивните приоритети на интерес, евидентно е дека сите тие имаат повратно влијание во социјалниот домен. Како што и Боб Дикон (Bob Deacon), еден од водечките автори во областа на глобалната социјална политика ќе истакне: „Забележителна е сè поголема глобализација на социјалните политики, но истовремено и социјализација на глобалните политики". (Deacon, Global Social Policy, стр.3)

Македонија, наоѓајќи се во исклучително бурно политичко окружување, придружено со фактот дека и самата претставува предмет на многубројни трансформации и политички превирања, посредно и непосредно го предизвика вниманието и интересот на супранационалните инстанци. Тоа влијаеше кон неопходност од прифаќање не само на иманентни домашни специфики во креирањето на социјалната политика, туку и на интегрирање голем број меѓународни елементи, чинители и критериуми во сопствениот социјално – политички курс.

Членството во Бретон Вудските организации – Меѓународниот монетарен Фонд и Светската банка, членството во Советот на Европа, Обединетите нации, Меѓународната организација на трудот, присутноста и поддршката на организациите како ФАРЕ, ОЕЦД, УНИЦЕФ и многу други, придонесе за влез на глобалниот тренд во социјалната сфера.

Ваквото социјално – политичко миље го отсликува амбиентот во кој е подготвуван изборот на текстови за поглавјето – социјална политика. Критериумот за предложениот избор, несомнено коинцидира со потребата од познавање на меѓународните политички фактори, начела и инструменти со кои споменатите глобални институции ги операционализираат своите политики.

Редоследот според кој текстовите се поместени, всушност, претставува обид за презентирање на следната тријада:

1) Потреба за глобално проучување на социјалната политика и агенции кои ја практикуваат;
2) Субглобални движења и насоки во социјалната политика и
3) Актуелни теми и проблематики за кои се дебатира во доменот на социјалната политика.

1) Неопходноста од познавање на глобалниот социјален курс, презентирана е преку текстот на авторот Боб Дикон. Своето искуство, како професор по социјална политика на Универзитетот во Шефилд, Велика Британија и како директор на Програмата за глобализација и социјална политика (GASPP), успева на извонредно еластичен начин да го прикаже во својата книга Глобална социјална политика, од која ние го објавуваме воведниот текст. Новините кои овој текст ги нуди, во смисла на форми на глобална социјална политика и консеквентни предизвици кои се наметнуваат, поттикнуваат еден нов начин на размислување, ставајќи ги пред сè ефектите од тие делувања во прв план.

Текстот во себе комбинира низа на теми, секоја од нив со специфично значење и порака; говорејќи за летаргијата на социјалната политика како наука во однос на проучување на ефектите на глобализацијата, Дикон уште на почетокот оваа слабост ја претвара во предизвик, кој стои пред аналитичарите во доменот на социјалната политика и чека да биде експлориран. Понатаму, истакнувајќи го односот на силите меѓу националните влади и глобално мобилниот капитал во полза на последниот, прецизно се објаснети промените кои ги доживуваат традиционалните форми на социјална политика, преку појавата на: супранационална регулација, супранационална редистрибуција и супранционално обезбедување (заштита). Текстот изобилува со уште многу новини, чие презентирање во овие рамки е со намера да ја долови опортуноста од разгледување на посочените влијанија во Македонски контекст.

Конечно, изборот на овој текст за почетен е и со намера да претставува призма низ која се дава рефлексија и преку која останите текстови треба да бидат согледани.

2) Доколку глобализацијата како тренд е присутна во социјалната политика, дотолку повеќе може да се зборува и за случувањата од аспект на субглобалната динамика или регионалните влијанија кои се забележителни на европско ниво. За таа цел, вториот тип на текстови во ова поглавје се обраќа токму на европскиот социјален простор, како подрачје каде сè подоминатна улога има Европската унија и нејзините политики, преку кои таа се обидува да насочува, влијае и унапредува. Автор на текстовите од овој дел е Линда Хантраис (Linda Hantrais) – професор на Универзитетот во Loughborough, и директор на универзитетскиот европски истражувачки центар. Во своите текстови, авторката дава преглед не само на развојот на социјалната димензија на Европската Унија и нејзиното влијание на националните режими на социјална заштита, туку акцент е ставен и врз креирањето на Европска социјално политичка агенда.

Во тој контекст, читателот пред сè ќе има можност да се запознае со стремежите кои усогласување на различните социјални системи преку процесите на координација, соработка, кохезија, меѓусебно признавање и конвергенција. Реализирањето на овие процеси е дадено преку анализа на националните социјални политики во контекст на трите доминантни модели на социјална политика: континенталниот, нордиско – англо саксонскиот и јужно европскиот модел.

Во понатамошниот избор на текстови од споменатата авторка, се разработени домените кои чинат дел од главните столбови на секоја национална социјална политика, како: образовната, семејната и политиката за стари лица, обработени од аспект на нивно креирање во земјите на Европската унија. Текстовите даваат приказ на стиловите и параметрите на креирање на овие политики, што може да претставува корисен пример за идните проекции во социјалната сфера во Македонија.

Последниот текст вклучен во оваа едиција од споменатата авторка има за цел да проговори за една од актуелните социјални проблематики кои се случуваат во сите земји, без разлика дали се развиени или се земји во развој. Станува збор за проблемот на социјалната исклученост и нејзиниот третман во земјите со различен модел на социјалната политика.

3) Третата група на текстови ја сочинуваат четири наслови, кои говорат на различни теми, за кои во земјите од европскиот регион постојат различни ставови и кои се приложени пред сè како резултат на непостоење на актуелни политички дебати за нив, во наши услови. Текстовите говорат за проблематики, како: *социјална правда* – тема која лежи во средиштето на етичките и

моралните дебати за социјалната држава; *концептот на граѓанство и неговата поврзаност со благосостојбата* – тема обработена како од аспект на Маршаловите видувања за граѓанството така и од аспект на Тачеровото одбивање на идејата за социјално граѓанство; *универзализам и селективизам како пристапи во обезбедување на сервиси во социјалната држава* – тема која говори за филозофските правци за алокација на ресурсите и *субкласите* – како консеквентна последица на појавата на сиромаштија.

Текстовите се од четири еминентни британски автори,[1] кои се обидуваат преку еден филозофски пристап да ги обработат идеите кои претставуваат истовремено и предизвик и израз на стабилноста и промените во социјалната политика. Иако можеби малку апстрактно, сепак овие дискусии треба да претставуваат значаен водич за начините преку кои може да се гледа и да се размислува за споменатите концепти.

Пристапот кој е користен во поглавјето за социјална политика е базран на претпоставката дека читателот ќе има интерес и склоност кон идентификување на социјалните детерминанти на политиките со универзално прифатените вредности, цели и задачи, нивните варијации и институционални одговори.

Конечно, приложените текстови се нудат со надеж дека ќе придонесат за проширување на знаењата на читаталите, кон развивање на нивниот критички пристап во евалуацијата на овие теми како и кон поттикнување на теоретски дебати за споменатите концепти, кои секако ќе придонесат кон афирмација и конвергенција на социјалната политика во нашата земја со останатите во светот.

[1]Андрос Лизу (Andros Loizou) –Виш предавач по Филозофија на Универзитетот во Централен Ланкашир

Мајк Вилсон (Mike Wilson) – Раководител на Студиите за урбана политика при Универзитетот Еџ Хи

Алан Прат (Alan Prat) – Главен предвач по социјална политика на Универзитетот во Центр. – Ланкашир

Тони Новак (Tony Novak) – Предвач по социјална политика на Универзитетот во Ливерпул

*Bob Deacon*

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Социјално политичките активности кои традиционално беа разгледувани во внатрешните рамки на одредена земја, сега добиваат поголема и поширока димензија. Во сегашната фаза на светскиот економски развој, социјалната политика добива **супранационален и транснационален** карактер. Ваквиот пристап кон социјалната политика е детерминиран од неколку причини:

– Доколку не постојат глобални механизми и регулатори, економската конкуренција меѓу земјите ќе води кон намалување на економското чинење на социјалната заштита со цел да бидат поконкурентни (**социјален дампинг**) (Kosonen,1995).

– Интернационалните миграторни притисоци ја поттикнуваат политичката логика дека треба да постојат доходовни трансфери меѓу нациите за да се избегнат политичките последици на масовна миграција (Castles, 1993).

– Можноста од постоење на супранационален авторитет претпоставува обезбедување на социјални и граѓански права одречени или доведени во опасност на национално ниво (Baubock, 1994).

Импликациите за национална, супранационална и транснационална, социјална политика во сегашната фаза на **глобализација** се недоволно проучувани во рамките на предметот на социјална политика. Иако глобализацијата привлече значително внимание меѓу теоретичарите од останатите научни дисциплини, како политичките науки (Held,1991;1995), социологијата (Featherstone,1990; Sklair,1991), економијата (Griffiths i Wall, 1993; Hirst и Thompson, 1996), меѓународните односи (Halliday,1994; Shaw, 1994), сепак истото не може да се каже и за социјалната политика. Исклучок од ова е проучувањето на супранационализацијата во контекст на европеизација. Kleinman и Piachaud (1993), Liebfried (1994) се некои од авторите кои работеа и пишуваа за овој субглобален контекст. Huber и Stephens (1993) пишуваа за иднината на скандинавската социјал демократија во светлина на зголемената глобална економска конкурен-

ција и европеизација. Esping - Andersen (1996) ги разгледуваше трендовите на социјална благосостојба во глобален контекст. Abram De Swaan (1994) придонесе во голема мера за анализа на социјалната политика и нејзиното адаптирање кон глобалните и транснационалните домени.

Релативното намалување на силата на националните влади во однос на глобално мобилниот капитал, предизвикува промена на традиционалните рамки на социјалната политика од повеќе аспекти:

1. Пред сè, се предлага давање поголемо внимание *на супранционалните и глобалните актери* во објаснувањето на промените во социјалната политика. Бидејќи аналитичките рамки на социјалната политика потекнуваат од проучувањето на економски привилегираните Северни и Западни држави на благосостојба, тие имаа тенденција да ја прикријат важноста на институциите како Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Сега, кога анализата на социјалната политика е свртена повеќе кон проучување на помалку развиените Источни и Јужни социјални држави (Esping-Andersen, 1996), и кога одржливоста на социјалните држави е доведена во прашање поради глобалната економска конкуренција, релативното занемарување на овој вид институции повеќе не е оправдано.
2. Исто така, доаѓа до воведување на ново поле на проучување во рамките на социјалната политика. Ова ново поле на проучување вклучува супранационализација или глобализација на социјално политичките инструменти, политики и обезбедувања. Супранационализацијата на социјалната политика вклучува (најмалку) три форми: супранационална регулација, супранационална редистрибуција и супранционално обезбедување.

- Првата форма ги вклучува оние механизми, инструменти и политики на глобално ниво, кои имаат тенденција да ги регулираат условите на размена и функционирањето на фирмите во интерес на социјална заштита и социјална благосостојба. На глобално ниво, такви инструменти и политики се на почетно ниво на развој. Она што во последно време се поставува како актуелно прашање од овој домен е дали социјалната регулација на капитализмот практикуван од Европската унија ќе може и дали ќе биде издигната на глобално ниво?
- Втората форма се однесува на редистрибуцијата меѓу земјите. На суб-глобално ниво ваквиот начин на редистрибуција успешно функционира преку структуралните и асоцијативните фондови на Европската Унија. Нивната цел е обезбедување на одреден степен на поддршка за посиромашните региони од страна на побогатите региони.

- Третата форма на глобална социјална политика е обезбедување на социјална заштита на ниво повисоко од националното. Ова се однесува на ембрионалните мерки кои досега единствено се практикуваат на суб-глобално, европско ниво, каде луѓето можат да се стекнат со одредена услуга или право во полето на социјалните и граѓанските права од страна на агенција која делува на глобално ниво. Примери за ваквиот начин на заштита се: Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации кои се грижи за заштита на правата на лицата без државјанство и за бегалци, Советот на Европа кои ги подржува и поттикнува граѓаните на земјите членки да ги пријавуваат владите до Судот за човекови права во Стразбур, доколку на локално ниво се загрозени нивните граѓански права.

Другата страна од медалот на глобализација на социјалната политика е социјализација на глобалната политика. Со други зборови, главни теми на расправа на меѓувладините состаноци сè повеќе се социјалните аспекти на живеењето. Така, на Г7 самитот во Сингапур, Јуни 1996, претседателите на Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка, Светската трговска организација и Генералниот Секретар на ОН, меѓу другото разговараа за релациите помеѓу слободната трговија и „интернационално признаените фундаментални работни стандарди". Превентивната мисија на ОН во Македонија исто така се фокусираше на залагањето да се изнајдат механизми со кои социјалната политика ќе ја зголеми соработката меѓу етничките групи во земјата.

Со колапсот на студената војна, како и историскиот пораз на одредени статички и централизирано економски верзии на социјализмот, светот навлезе во една нова развојна етапа. Од една страна, постојат можности за појава на бројни национални ривалства или регионални трговски војни, како и пораст на расизмот и предрасудите. Вакво песимистичко сценарио беше дадено од страна на Chomsky (1993). Од друга страна, пак, постојат можности за појава на ефективна глобална политика која ќе биде засегната не толку со заштита на националните суверенитети, туку со интервенции во глобалниот економски систем за подобрување на благосостојбата на светската популација. По изминатиот период на докажување на погодностите меѓу режимите како социјализмот или капитализмот кои ги одбележаа 70-те години, сега се јавува можност за потрага по глобална социјална правда заради пресретнувањето на човековите потреби на поголемиот дел од светската популација.

Социјалната политика како академска дисциплина или поле на проучување, според многу аналитичари, беше мошне спора во развивањето на глобалните концепции во сопствениот домен за разлика од економските, политичките или социолошките науки. Но, од друга страна имајќи ја предвид

предаденоста кон благосостојбата како и грижата на практичарите не само за анализа на постоечката политика, туку и за изнаоѓање на подобри начини за пресретнување на човековите потреби, потенцијалниот придонес на оваа наука во доменот на новата глобална политичка ориентација е неопходен.

И покрај фактот дека теоретичарите од областа на социјалната политика, во последно време во голема мера придонесоа за компаративно проучување на социјалната политика, сепак се наметнува потребата од промена на курсот од фокус на национална или компаративна социјално политичка анализа кон фокус кој дава акцент на супранационалната или глобална социјална политика.

## *Домен на глобалнаша социјално йолишичка анализа*

Во обидот за преструктуирање на анализата на социјалната политика од компаративна кон глобална, треба да се комбинираат интелектуалните ресурси со оние од останатите студии, особено на студиите за развој. Заедничките залагања може да доведат до ефективна интервенција од страна на експертите од овие дисциплини во рамки на супранационалните или глобални форуми, каде за домените на социјалната полтика во голема мера се одлучува.

Систематска анализа на феноменот на глобална социјална политика може да биде проследен преку следните шест поаѓалишта:

1. *Инсистирањаша за глобализација* и супранационализација и консеквентното намалување на националната независност во обликувањето на социјалната политика, можат да бидат поставени како предмет на анализа и истражување.
2. Традиционалните практични и аналитички *шеми* од праксата и теоријата на социјалната политика, како на пример, социјалната правда можат да бидат реконцептуализирани на глобално ниво.
3. *Тийологија* на супранационални и глобални социјално политички *механизми* може да биде конструирана за потребите од аналитичка природа.
4. Можни *цели на глобалнише реформисши* кои се обидуваат да ја подобрат глобалната правда, можат да бидат формулирани.
5. *Пречки* за реализација на глобализацијата и глобалните проекти за социјална реформа можат да бидат истакнати..
6. Алтернативни *йолишички сшрашегии* кои се достапни на глобалните актери во доменот на социјалната политика можат да бидат наведени.

Сите овие емпириски, аналитички, теоретски и политички обиди во доменот на глобалната социјална политика ќе имаат и влијание врз анализата на националната и компаративната социјална политика. Оваа нова интелектуална активност треба да овозможи конструирање на хипотези и нивно тестирање не само во однос на појавата на транснационалната социјална политика туку и на можната иднина на различните режими на социјална заштита.

*Инсистирањата за глобализација на социјалната политика:* Инсистирањата или перспективите за развој на глобална социјална политика се поттикнати од повеќе предиспозиции, како: крајот на студената војна, зголемената глобална економска конкуренција, како и од предизвикот кој се поставува пред глобалниот капитализам во правец на самостојно регулирање, во интерес на човековите потреби. Vorbuba (1994) истакнува дека економската миграција како и појавата на заеднички закани за животната средина води неминовно кон формулирање на транснационална социјална политика.

Но сепак овие предиспозиции не водат автоматски кон прифаќање на глобални солуции. Индивидуалните национални или регионални интереси како и протекционизмот се алтернативни стратегии кои можат да бидат прифатени од стана на Владите. Можно е да и биде одолеано на глобализацијата. Исто така можно е да не се појават глобални политички актери кои ќе ја визуелизираат можноста за глобална социјална политика.

*Теми од доменот на социјалната политика во глобален контекст:* Покрај стандардните теми во проучувањето на социјалната политика, како вработување, плати, стамбена политика, здравствена заштита и сл, постојат и анализи на голем број други теми кои говорат за следниве прашања: социјална правда, граѓанство, универзалност или диверзитет, автономија и гаранции, сервиси за обезбедување услуги , приватен и јавен домен и сл.

Но доколку ги земеме предвид новите трендови како зголемувањето на бројот на супранационалните агенции, миграцијата и глобалната економска меѓузависност кои придонесуваат светот да стане едно, тогаш се поставува прашањето за реконцептуализација на овие теми на глобално ниво.

Во продолжение следи еден таков обид на секоја тема поединечно:

*Правда меѓу државите:* Гледано од еден аспект, ваквото прашање не треба да претставува поголем концептуален проблем. Социјално политичките анализи, размислувајќи глобално, едноставно ќе ги здружат силите со специјалистите од студиите за развој и ќе го анализираат степенот до кој светотот е „праведно место за живеење". Податоците во однос на социјалните нееднаквости во и меѓу нациите сега веќе се подостапни и лесно можат да бидат анализирани. Консеквентно на сето ова ќе може да се дефинира рамка за глобална социјална правда меѓу земјите.

Но гледано од друг аспект, прашањето за транснационалната правда покренува различни аналитички и политички прашања. Политичкиот процес на класната демократска борба на малите релативно хомогени држави од Северот и Западот кои обезбедиле одреден степен на социјална правда не е лесно применлив на глобано ниво. Исто така конкуренцијата меѓу вакви релативно правни држави и оние кои не се „оптоварени“ со ваквиот степен на социјална правда, претставува можност да ѝ наштети на локалната социјална правда постигната во земјите на Запад и Север.

Едноставно, се поставува прашањето како може да биде постигната алијанса меѓу посиромашните и побогатите земји, и при тоа да се постигне подобрување на условите кај едните и ненарушување на економската и социјална одржливост на другите.

*Супранационално граѓанство:* Размислувајќи за концептот на граѓанство во глобалниот свет, повторно доаѓа до израз двостраноста на концептот. Од една страна, граѓанството во контекст на демократските капиталистички општества се залага за обезбедување на правата и обврските кон сите граѓани во една држава. Од друга страна, исто така се залага за исклучување од граѓанските права на оние надвор од државата. Во последните години од дваесеттиот век, сведоци сме на симултани подобрувања во обезбедувањето на граѓанските права во одредени земји но истовремено и на зголемување на рестрикциите за мигрантите кои бараат пристап до граѓанските права во одреден субглобален регион (Meehan,1993).

За да го разгледаме концептот на граѓанство на супранационално ниво, корисно е да се потсетиме на Маршаловиот концепт за граѓанство каде се издвојуваат три компоненти: политички права (право на глас), граѓански права(право на еднаков третман пред законот) и социјални права(право на подеднаков третман во диструбуцијата на националните ресурси). Иако овие права и асоцијативни обврски кои произлегуваат од нив се развивани историски во капиталистичките општества на една земја, развојот на глобалното граѓанството од сите три вида сѐ уште е во развој.

Овие процеси се најразвиени во Европски контекст. 30-те земји членки на Советот на Европа обезбедуваат за нивните граѓани еднаков третман на човековите права пред Судот за човекови права во Стразбур. Сѐ уште не постојат гарантирани супранационални политички и социјални права за граѓаните на земјите членки на Советот на Европа, но земјите можат да ја ратификуваат Европската Социјална повелба (и многумина го имаат сторено тоа)[1], каде се гарантираат минимум социјалните права и обврски.

[1] Македонија е пред ратификувањето на оваа Повелба (заб. на уред.)

Како и да е, на воспоставувањето на практично функционирање на глобалното граѓанство му претстојат уште многу борби и заложби.

*Глобална универзалност и диверзитет:* Во контекст на националните анализи на социјалната политика, доминантни се дилемите околу „универзалниот начин за пресретнување на различните човекови потреби“ (Williams, 1994).

Ова пред сè, ја опфаќа тензијата меѓу континуираните заложби за моралноста на универзализмот типичен за социјално политичката анализа и новиот пристап на диференцијалност и разлики кој го нагласува постмодернистичката социјално политичка анализа.

Проектирано на супранционално и глобално ниво, овие дилеми сè повеќе се продлабочуваат. Пред сè, не постои глобална определба кон вредностите на универзализам која би можела да ги води креаторите на политиката при одлучувањето во контекст на диверзитетот. Gellner (1994) образложи дека три светски перспективи се натпреваруваат за превласт: етичкиот релативизам, фундаментализмот и либерализмот.

Одејќи чекор понатаму, може да се каже дека социјалните права сега претставуваат актуелно прашање на супранационалната агенда. Додека некогаш капиталистичкиот Запад се фокусираше само на политичките и цивилни права за разлика од комунистичкиот Исток кој пак ги занемаруваше овие права на сметка на социјалните права, сега со паѓањето на комунистичкиот проект, глобалниот капитализам е повикан за да се процени неговиот капацитет за обезбедување на правни, политички и социјални права универзално.

*Субсидијарност и супранационализам: автономии и гаранции:* Субсидијарноста, принцип кој беше воведен во пост Мастришкиот политички процес, предвидува одлуките да можат да бидат доведени на посебно, локално, регионално или национално ниво, само ако можат подобро да бидат креирани на тоа ниво. Во спротивно, одлуките требат да бидат што е можно „полокални“.

Секоја политика која обезбедува транснационална редистрибуција мора да биде доведена на повисоко ниво од државното, доколку се сака гаранциите за субсидијарност на неразвиените области како и гаранциите против социјалниот дампинг , да бидат обезбедени. Исто така треба да се конструира процес на донесување на одлуки кој ќе ги поврзува локалното (артикулација на потребите) со супранационалното (обезбедување ресурси и правила) ниво, со цел симултано да се гарантира обезбедувањето и автономијата.

Процесите на ерозија на автономноста на државите во донесувањето на политичките одлуки (во полза на супранационалната регулација и интервенција), се случуваат не само на европско туку и на глобално ниво.

*Глобален социјален микс (Агенции за обезбедување)*

Во претходните секции беше направен обид да се прикаже како одредени политички прашања со кои се соочени аналитичарите на социјалната политика, можат да имаат сосема поинаква димензија, доколку нивното разгледување се префрли од национално на супранационално и глобално ниво. Социјалната правда прераснува во транснационална редистрибуција, прашањата поврзани со државјанство прераснуваат во прашања на социјална исклученост, гарантирањето на социјалните права станува прашање на супранационална регулација наспроти социјалниот дампинг. Во тој контекст, се поставува и прашањето дали агенции кои делуваат во социјалната заштита ќе заземат некоја нова димензија доколку се разгледуваат глобално?

Така, доаѓаме и до прашањето за глобалната конкуренција меѓу разните видови на социјални држави. Постои една парадигма според која економската конкуренција и издатоците на социјалната држава се компензираат. Колку е поголема нерегулираната економска конкуренција, толку помалку ќе има издатоци од страна на социјалната држава. Оваа парадигма особено се однесува на оние политички дебати околу висината на оданочувањето на фирмите и скапите законски регулативи според кои тие работат. Ако оваа парадигма преовлада како резултат на зголемената глобална конкуренција тогаш развојот на супранационалната регулација ќе биде спор и државата се помалку ќе има улога во обезбедувањето на социјалната заштита. Но, истовремено постои и уште една парадигма која се обидува да го заземе местото на претходно споменатата. Според неа, одредени државни издатоци имаат инвестирачка улога во капиталот, без разлика дали станува збор за инвестирање во образованието, вложување во политичката стабилност и сл. Сето тоа би водело кон поголема државна интервенција.

Процесите на глобализација исто така се обидуваат да ја поддржат тенденцијата за премин од национално кон поголемо локално и регионално обезбедување на заштитата. Во рамките на овие процеси, постои можност социјално политичките активности на државата да бидат преземени и организирани од страна на локалното ниво. Ерозијата на државата во однос на нејзината улога во социјалната заштита може да доведе до поголемо зајакнување на цивилното општество.

*Кој служи кому на глобално ниво:* Аналитичарите на социјалната политика укажуваат дека постојат расни и полови разлики во обезбедување на грижата за луѓето (Williams, 1987). Така на пример, жените се грижат повеќе

за мажите, припадниците на црната раса се наоѓаат почесто како слуги на луѓето од белата раса и сл. Генерално, жените се навистина процентуално повеќе вклучени како обезбедувачи на грижа, кога таа се обезбедува во домашни услови. Во јавните институции, ситуацијата е иста со сосема мали исклучоци. Некои аналитичари на западните држави истакнуваат дека улогата и учеството на припадниците на малцинствата од црната раса како и мигрантските работници во преземањето на помалку квалификуваните работи во јавните институции е доста големо.

Процесите на глобализација водат кон поголемо проширување на половите, расните и социјалните разлики во обезбедувањето на грижата. Заради тоа се поставува и обврската на транснационалните регулации, редистрибуции и политики да бидат поставени на начин на кој овие нееднаквости ќе ги третираат на многу поефикасен начин.

*Глобална социјална редистрибуција, регулација и заштита:* Наједноставната типологија на глобалната социјална политика и нејзините мерки и механизми на делување би ја поделила прво глобалната интервенција на национална социјална политика и второ на три форми на глобална социјална политика; транснационална редистрибуција, супранационална регулација и глобална заштита. Овие три типа на супранационална активност веќе се случуваат, но најчесто се дефинирани во рамките на еден регионален блок како Европската унија. Елементи на сите три, меѓутоа можат да се сретнат и на глобално ниво. Примери за тоа има повеќе; Економската помош на Западот наменета за Истокот можеби не влезе како дел од Маршаловиот план, но сепак еден дел се обезбедува преку активностите кои се преземаат за обезбедувањето на социјалната стабилност на бившиот Советски Сојуз. Грижата да се намали социјалниот дампинг сега се појавува и на агендата на Светската банка. Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации оперира со елементарен систем за глобално обезбедување права на државјанство за лицата со изгубен статус за припадност на одредена држава.

Паралелно со истакнувањето на оваа иницијална концептуализација се наметнува и потреба од истовремено анализирање на оние глобалните агенции кои се вклучени во транснационалната редистрибуција, регулација и заштита. Истовремено ќе направиме и анализа на инструментите со кои овие агенции делуваат , влијаат и ја регулираат националната социјална политика и меѓународната конкуренција.

**Табела 1.1**

Некои позначајни влијанија врз националните политики за оддржување на приходот во Европскиот регион

| Агенција | Вид на влијание |
|---|---|
| *За сите земји* | |
| Меѓународен монетарен фонд | Ограничувања на јавната Потрошувачка како услови за заеми, кои влијаат на оддржување на буџетот |
| Светска Банка | Совети за социјалната „***мрежа на сигурност*** и издатоците за социјално осигурување; заеми условени со социјални реформи |
| Меѓународна организација на трудот | Конвенции за системите за социјална сигурност; совети за тристепените форми на влади |
| *Земји во рамки на Советот на Европа* | |
| Совет на Европа | Задолжителна Повелба за човекови права, Предмет на Стразбуршкиот суд за човекови права<br>Изборна Социјална Повелба, предмет На независни експертски мислења<br>Изборни конвенции за социјална Сигурност |
| *Земји во рамки на Европската унија* | |
| Евопска унија | Задолжителна Социјална Повелба, Предмет на Луксембуршкиот Суд за Правда<br>Учество во Проектот за социјална Исклученост<br>Бруто губитници/добитници во редистрибуцијата од Структуралниот фонд |

Табела 1.2.

Супранационална и глобална редистрибуција и регулација

| ИНСТРУМЕНТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА | Собирање Приход од Граѓани и Бизниси | Собирање приход од државите [1] | Намена на парите врз основа на социјални потреби | Позајмување пари врз непазарни елементи | Капацитет за влијание врз националните социјални политики | Социјална регулација на трговијата |
| ОН[2] | **Х (не сè уште)** | √ | √ | Х | √ | **Х (не сè уште)** |
| Светска банка | Х | √ | √ | √ | √ | **Х (не сè уште)** |
| ММФ | Х | √ | Х | Х | √ | Х |
| ОЕЦД | Х | Х | Х | Х | √ | Х |
| СТО | Х | Х | Х | Х | **Х (не сè уште)** | **Х (не сè уште)** |
| ЕУ | Х | √ | √ | ? | √ | √ |
| НАФТА | Х | Х | Х | Х | Х | Х |
| МОТ | Х | Х | Х | Х | √ | **√(има тенденција** |

1. Се мисли на приход повеќе и над оној кој е потребен за да се финансира функционирањето на организацијата.

2. Во оваа табела ОН се земени како организација која ги вклучува во себе сите свои социјални и други организации, доколку не се наведени посебно.

**Приказ 1.**

Појава на супранационално граѓанство во сферата на човековите и социјалните права




1 Компетенции во сферата на социјалните права
2. Компетенции во сферата на човековите права

*Проект за глобална социјална реформа: цели, пречки и политички стратегии:* Откако ги идентификувавме *притисоците* и силите кој водат кон глобализација на социјалната политика, откако ги објаснивме *темите* со кои овој предмет е соочен откако ќе се постави на глобално ниво и откако ги истакнавме механизмите на редистрибуција, регулација и заштита на супранационалните актери, би било соодветно да се искажат и евентуалните цели кон кои можеби ќе бидат насочени оние кои работат во и со овие организации.

Зависно од начинот на разгледување, проектот за глобална реформа може едноставно да се изрази како иден развој на оние системи на редистрибуција, регулација и заштита коишто туку беа објаснети. Глобалната прогресивна политика за оданочување која се користи диспропорционално од

побогатите земји за да се финансираат шемите на социјална сигурност во посиромашните земји, претставува пример за глобалната редистрибуција. Проширувањето на Европскиот проект за социјално регулиран капитализам ширум целиот свет, претставува пример за глобалната регулација. Зголемувањето на силата и ингеренциите на супранационалните судови и зголеменото поттикнување на граѓаните да ги користат нивните услуги против владините неправилности, се пример за глобалната заштита. Обезбедувањето на овие цели може да биде доведено во прашање поради различни видови на пречки, како на пример: зачувување на националниот интерес, кон кој демократските структури се најчесто насочени; субглобалната регионална економска конкуренција поврзана со стремежот за намалување на трошоците и дерегулација; проблемот да се синхронизираат на глобално ниво идеите што се треба да го сочинуваат глобалниот социјален прогрес; како и мошне реалниот проблем на одржливоста.

Една од главните цели на оваа иницијална анализа во полето на глобалната социјална политика е имплицитно, па дури и експлицитно артикулирање на алтернативни *политички стратегии* за глобалниот социјален реформизам, кои преовладуваат. *Слободната трговија* и падот на трговските бариери во интерес на економскиот развој на земјите во развој е стратегија која е фаворизирана од некои. Друга постоечка стратегија е *реформа*та *на Светската банка* и ММФ со цел овие Бретон Вудски агенции да применат посеопфатни стратегии за *социјална условеност* во нивното раководење. Социјалните интервенции (поддршка на програмите за борба против сиромаштијата, обезбедување на човековите и социјалните права, правата на малцинствата), практикувани од страна на супранационалните агенции е исто така растечки феномен. Други, кои не согледуваат дека светската растечка регулација на глобалниот капитал може исто така да ги обезбеди интересите на сиромашните во светот, и ја прифаќаат политичката стратегија на *борба меѓу глобалните агенции.*

Без разлика на тоа која стратегија се смета за најсоодветна со цел глобалниот реформистички проект да биде успешен, сепак сите тие зависат од развојот на *интернационалните социјални притисоци.* Дали тој ќе биде зајакнат во иднина или пак ќе се случи колапс меѓу идентификацијата на локалните и етничките групации е секако фундаментално прашање, врз основа на кое секое размислување во доменот на прогресивната глобална социјална политика ќе зависи.

(Превод од англиски – *Маја Геровска*)

*Linda Hantrais*

# СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во подготвувањето за 21 век, Европската унија се соочува со голем број предизвици, кои го потврдуваат значењето на социјалната проблематика како неминовен дел од нејзината политичката агенда. Демографските трендови во комбинација со технолошките и структуралните промени, иницијативите за проширување на Унијата и зголемувањето на нејзината сфера на влијание, создадоа нови притисоци врз социјалните системи и ги поттикнаа прашањата за изводливоста и потребата од постигнување на заедничка социјална политика.

Наредните поглавја одат во правец на давање одговор на прашањата *зошто* и *како* Унијата прогресивно но претпазливо ја проширувашe својата интервенција во социјалната проблематика, обезбедувајќи истакнување на филозофијата која влијае врз креирањето на социјалната политика и можните интеракции на национално и европско ниво.

## *Хармонизација на социјалните политики*

Во делот за обезбедување на средствата за социјалните политики, Членот 117 од Повелбата за оформување на Европската економска заедница (Europaen Economic Community) воведува принципи за хармонизација на социјалните системи меѓу шесте земји членки – основачи. Интенцијата на оваа Повелба беше да се тргнат бариерите кои ја спречуваат мобилноста како и обезбедување состојба во која ниедна нација нема да е во конкурентна предност или да назадува поради сопствените социјални политики. Земјите основачи – Белгија, Франција, Германија, Италија, Луксембург и Холандија – развија системи на социјална заштита кои можат да се наречат варијанти на „континенталниот“ модел на социјална држава. Тие се базираат на корпоратистички права и нивното обезбедување се темели на придонеси врз основа на приходот. Оваа заедничка иницијатива не значеше дека хармонизацијата лесно ќе се постигне, бидејќи секоја од земјите има сопствен начин на обезбедување на социјална

заштита, како во смисла на принципи врз основа на кои се темели системот, така и во смисла на креирањето на самиот политички процес.

Новите земји членки кои се приклучија на Заедницата во подоцнежните години, донесоа со себе нови модели на креирање на социјална држава. Системите на социјална заштита во Англо-Саксонските и Нордиските Земји (Данска, Ирска и Велика Британија), кои станаа членки во 1973 година, се карактеризираа со принципот на универзална заштита на ризиците кои беа обезбедувани преку такси. Јужноевропските земји (понекогаш опишани како Latin Rim), кои ѝ се приклучија на Заедницата во 80-те години (Грција – 1981, Португалија и Шпанија – 1986) имаа по-лимитирани системи на социјална заштита, но во нив значително место во соочувањето со социјалните проблеми имаа семејството, заедницата и религиозната поддршка.

### *Од хармонизација . . .*

Хармонизација на социјалната заштита укажува на фактот дека земјите членки треба да работат заедно и да ги адаптираат нивните системи за социјална сигурност преку конкретни промени на националните законодавства. Дури, хармонизацијата претпоставува многу повеќе отколку само координација, вклучувајќи поврзување на одделни правни системи на супра-национално ниво и прифаќање на заеднички принципи и стандарди.

Контроверзијата околу можностите и потенцијалите за хармонизација под условите на Договорот на Европската економска заедница (ЕЕЗ) траеше повеќе од триесет години, при што различните земји членки останаа на своите цврсти ставови. Така, француската Влада велеше дека ако примарна цел на Заедницата е да го одбегне нарушувањето на конкуренцијата преку изедначување на цените на трудот, хармонизацијата на социјалната заштита особено во смисла на нејзино финансирање, би била посакувана цел па дури и предуслов за праведна конкуренција.

Економскиот аспект беше користен од другите земји како аргумент против хармонизацијата. За Германците, индиректните трошоци на трудот (осигурување и слични придонеси) претставуваат само еден од факторите кои влијаат на конкуренцијата. Другите фактори, како даночниот систем, географската положба, продуктивноста на трудот како и климата во рамките на трудовите односи исто така треба да се земат предвид за да може да се зачува балансот меѓу земјите. Согласно со овој начин на размислување, секој обид за хармонизација на националните системи за социјална сигурност на европско ниво можат да го наруши балансот и да ја блокира конкуренцијата.

Земјите членки стравуваа од социјалниот дампинг како и од појава и проширување на состојбата на ***социјален туризам***. Причина за ваквите стра-

вувања потекнуваа од можноста одредени земји да понудат поатрактивни животни и работни услови отколку другите.

Сумирајќи ги пречките за поблиска интеграција, Abram De Swaan (1990) образложува дека ***социјалната држава*** е мошне ексклузивна и анти-интернационална. Тој смета дека националните системи на благосостојба се загрижени поради следните два контрадикторни факта:

– страв дека националните аранжмани на индивидуалните земји членки ќе треба да се прошират или да бидат редуцирани, и потенцијалните разлики на социјалните ***бенефиции*** ќе произведат состојба на социјален туризам, бидејќи работната сила ќе стане помобилна за да ја искористи предноста од повисоки социјални бенефиции во некој друга земја членка. Социјалниот туризам се опишува како состојба каде постари, невработени или сиромашни луѓе може да бидат поттикнати да преминат или пребегаат во други земји и региони во рамките на Унијата каде има побогатите системи на социјална заштита. Според овој начин на размислување, мерките за охрабрување кон процес на хармонизација ќе спречат социјалните системите да станат домен за нагодување меѓу земјите членки.

Jos Bergman (1990) смета дека германските аргументи против потребата од поблиска хармонизација на системите за социјална заштита може да се валидни кога ЕЕЗ Договорот бил потпишан, но по периодот од 1990-те веќе се помалку применливи. Трендовите кон хармонизација на монетарните и фискалните политики и сè поголемата шареноликост меѓу дванесетте земји членки (спредбено со шесте основачки земји), создава нови можности каде хармонизацијата на системите за социјална заштита може да помогне да се обнови заедничкиот баланс.

Ова размислување беше поддржано и од Danny Pieters (1991) врз основа на следното: значителните разлики во финансирањето на социјалното осигурување, како и комплементарната помошти , можат да ја деформираат конкуренцијата. Pieters истакнува дека неизбежно се наметнува императивот од хармонизација на националните системи на социјално осигурување.

Но до 1992 година, Комисијата не застана зад идејата за хармонизација, туку напротив го признаа и истакнаа постоечкиот диверзитет и цврстата поврзаност на односните земји за специфичните култури, традиции и модели.

Доколку пак, монетарната унија го следеше својот зацртан курс, во голема мера ќе претставуваше фактор кој ќе ја охрабреше хармонизацијата на социјалната димензија. Но опасноста се состоеше во фактот дека зацврсту-

вањето на Економско монетарната унија (ЕМУ) може да има негативно влијание на социјалното обезбедување преку зголемувањето на веројатноста од „социјални девалуации“. (Chassard 1992). Додека ЕМУ им наметнуваше тешкотии на земјите во однос на намалување на вредноста на нивните валути, се сметаше дека социјалните девалуации можеа да придонесат за намалување на платните трошоци.

Независно од потребите и посакуваноста од хармонизација, неколку инстанци може да послужат како пример каде социјалната легислатива креирана со цел да придонесе кон хармонизација на Европско ниво, била успешна и во подигнувањето на постоечкиот стандард на социјално обезбедување. Директивите кои потекнуваат од Членот 119 на Договорот на Европско еконономска заедница се често цитирани како добар пример за имплементација на принципите за еднаков третман меѓу половите при обезбедувањето на социјалното осигурување (79/7/ЕЕЗ). Тие претставуваат исклучителен пример на ефективните бенефиции на Заедницата во однос на промоција на промените на политиките на национално ниво, придонесувајќи истовремено и за поцврста интеграција меѓу земјите членки. Во овој случај, Заедницата употреби директиви за да спроведе општи принципи на различни национални системи и да ја спречи евентуалната конкурентска предност меѓу земјите.

### *. . . кон социјална кохезија и меѓусебно признавање до конвергенција*

Кога Jacques Delors стана претседател на Комисијата во 1985 година, период кој водеше и кон потпишување на Единствената европска повелба (Single Europen Act), тој беше соочен со дилемата на воведување на социјалната димензија на најдобар можен начин. Тој беше свесен дека процесот на хармонизација на легислативата ќе биде оневозможен од одредени земји членки кои нема да излезат во пресрет на адаптирање на сопствените национални системи. Истовремено без законска контрола, државите не беа обврзни да пристапат кон тој процес. Планот на Делор претставуваше своевиден компромис. Тој ја отфрли идејата дека социјалната димензија имплицира на униформност или унификација и наместо тоа се заложи за кохезија. Неговиот план вклучуваше социјален дијалог, каде што трудовите здруженија и работодавците ќе станат иницијатори на политиката во социјалниот домен, отколку тоа да го прави самата Комисија.

ЕЕА(Single Europen Act) ја потврди промената на курсот од хармонизација кон почит на спецификите на националните системи.

Практичен и помалку законски пристап беше воведен за време на подготвителната фаза на Повелбата за фундаментални социјални права на работниците во 1980-те. Европскиот Институт за социјална сигурност оценувајќи ја климата во овој период вели“ конечно по триесетина години на делување, Заедницата повеќе не бара да ги модификува системите“. Наместо тоа, таа ги насочуваше своите напори кон охрабрување на националните политики за социјална заштита да се фокусираат врз одреден број на прецизно дефинирани и заеднички цели без да наметнува притисок на системите кои се развивале во сосема поинакви и специфични услови.

Повелбата за Фундаментални Социјални Права ја искористи оваа состојба на промена и тоа се покажува во повеќе нејзини делови.

Акционата програма за имплементација на Повелбата истакна дека разликите и специфичностите на националните практики треба да претставуваат позитивен инпут, но дека баланс треба да се постигне помеѓу економските и социјалните мерки. На земјите членки им беше препуштена одговорноста за гарантирање на ***социјалните права*** зацртани во Повелбата како и имплементирање на неопходни социјални мерки за да се обезбеди непречено функционирање на внатрешниот пазар. Комисијата требаше да интервенира само онаму каде што беше неопходно со цел мерките на национално ниво да бидат така поставени за да не бидат во директна спротивност на оние од останатите земји членки.

Наместо да се вовлекува во бескрајни дискусии заради обид да се постигне договор околу регулациите, Заедницата ги насочи своите чекори кон постигнување на состојба на меѓусебно признавање на системите. Тоа беше практично и постигнато, како на пример, со признавањето на образовните квалификации. Меѓусебното признавање укажуваше на состојбата дека националните системи се почитуваат и не се доведуваат во прашање.

Во новата Европска унија, основана со Договорот од Мастрихт, земјите членки беа охрабрени да соработуваат и да ги координираат нивните напори заради постигнување на поголема економска и соијална кохезија. Договорот ја истакнуваше неопходноста од кохезија како средство за промовирање на „балансиран и одржлив економски и социјален прогрес“ (Член Б). Структуралните Фондови беа идентификувани како главни инструменти кои ќе бидат во можност да ги компензираат евентуалните загуби од предвидената економска интеграција и унапредување на социјалната кохезија (Hannequart, 1992)

Во анексот на Договорот од Мастрихт, кои се однесува за Договор за социјална политика, не се споменуваат ниту хармонизацијата ниту апроксимативноста. Напротив, Членот 1 говори за потребата од промоција на на „соодветна социјална заштита“ земајќи ги во предвид „спецификите на националите пракси“. Членот 5 ги поставува границите на улогата на Комисијата, која

што едноставно треба да се грижи „да поттикнува соработка меѓу земјите членки и да ја помага координацијата на нивните активности во сите домени на социјалната политика кои се опишани според овој договор“ Во другите делови од овој Договор за социјална политика грижата на Заедницата се презема за да обезбеди дека земјите членки не треба да бидат спречени било какви мерки на нивна сопствена иницијатива (Членови 2 и 6) Членот 3 пак ја обврзува Комисијата да го консултира раководството и трудовите организации, пред поднесувањето на предлози во социјалниот домен.

Како и Повелбата на Заедницата, така и Договорот за Социјална политика не постави некои јасни цели во социјалниот сектор.

Во времето кога Договорот од Мастрихт беше потпишан, беа подготвени и Препораки од Советот за „усогласување на социјалните политики и цели“. Врз основа на тезата дека разликите на давачките за социјално обезбедување можат да имаат сериозни импликации врз слободното движење на работниците и дека истовремено може да предизвика сериозни регионални нерамномерности (особено меѓу северот и југот на Заедницата), Советот предложи стратегија која ќе промовира усогласување на политиките меѓу земјите членки во овој домен, подржани со целите кои се генералано прифатени, за да се овозможи надминување на постоечките разлики. Стратегијата на Советот се промовираше како флексибилна по природа, прогресивна и необврзувачка. De facto усогласувањето за кое што се велеше дека е резултат на зедничкиот тренд кој води кон заеднички проблеми, требаше да биде дополнително промовиран со формирањето на заедничките цели како водич за националните политики. Политиките требаа да бидат засновани на принципите на еднаков третман и рамноправност, како средства за избегнување на сите видови на дискриминација и уназадување. Како и да е, Препораките на Советот не истакнаа како овие принципи треба да се операционализираат, нагласувајќи единствено дека системите на социјална заштита треба да се адаптираат и да се обезбедуваат максимална ефективност и ефикасност.

Слабиот тон на Договорот за социјална политика и фактот дека Препораките на Советот не беа обврзувачки, укажуваа на понатамошната потреба од цврста интервенционалистичка социјална политика, заснована на хармонизација на системите за социјална заштита. Советот беше свесен и призна дека легислативата во однос на хармонизацијата на социјалното обезбедување не се покажа како ефективен инструмент за постигнување на стандардизација во Унијата. Но сепак Договорот и Препораките оставија отворен пат за соработка и координација заснована на меѓусебно признавање на системите и толеранција на различните специфики, што требаше да претпоставува основа за усогласување на националните системи за социјално обезбедување.

## *Признавање на националниот диверзитет*

Белата книга за Социјална политика од 1994 година потврди дека идниот развој во оваа област треба да биде заснован врз база на респект на националниот диверзитет. Како и Препораките на Советот, и оваа публикација не се обраќа на целосната хармонизација како цел, туку се навраќа на усогласувањето на целите и политиката врз основа на фактот дека коегзистенцијата на различните национални системи ќе овозможи „прогрес на хармонијата кон реализацијата на фундаменталните цели на Унијата“.

Раководејќи се од Препораките, на самите земји членки беше оставено да „одлучат за рамковната поставеност на нивните шеми на социјална заштита како и за аранжманите за нивно финасирање и организирање.

Голем дел од проблемите во врска со прифаќањето на заедничка основа и отпорот во однос на хармонизацијата во социјалниот домен се должат на различните појдовни точки со кои се карактеризираат земјите членки. Кон споменатата состојба придонесува и нивната свест за тоа што можат да изгубат доколку биде универзално прифатен – униформен систем, кој ќе гарантира минимум ниво на обезбедување.

## *Ревидирање на тезата за усогласување*

Тезата за конвергенција беше предмет на дебата на многу автори од областа на социјалната политика. Така одредени автори ја критикуваа сметајќи дека е премногу детерминистичка и истата дава премногу едноставни модули на креирање на социјална политика. Други пак, како Ramesh Mishra (1977) ја истакнуваа континуираноста на постоечките разлики во моделите за социјална заштита во развиените индустриски земји како и импликациите на технологијата како единствен од многуте фактори кои имаат влијание врз обликувањето на социјалната политика. Во раните 80-ти, Peter Flora и Jens Alber (1981) го разгледуваа аргументот кој говореше дека ширењето на социјалните системи се случило, бидејќи одредени земји ги имитираа и присвоија иновативните планови за равој на институции од некои други земји. Тие сметаа дека социо-економските проблеми и политичката мобилизација, исто така, требаа да бидат земени во предвид. Но, ниедна од критиките на овие автори не се однесуваше специјално на Европската Заедница ниту на влијанието на социјалната политика која произлегува од Брисел а во врска со конвергенцијата на различните социјални системи.

## *Модели на благосостојба*

Паралелно со дебатите околу конвергенцијата на социјалните системи, беа направени и неколку обиди да се идентификуваат типологиите на модели на благосостојба, со цел да се опишат постоечките модуси на благосостојба и нивната разновидност.

Во 60-тите години, Richard Titmuss (1974) разви концептуален пристап во анализата на благосостојбата, при што тој разликуваше три модели:

- *резидуален модел*, каде институциите од социјално заштитен домен се повикуваат само откако пазарот и семејството не можеа да излезат во пресрет на потребите. Со тоа државната интервенција беше ограничена и резервирана само за маргиналните и сиромашни групи.
- во *индустрискиот модел* институциите од областа на социјална заштита се видени како продолжение на економијата и социјалните потреби се задоволуваат врз основа на компетенциите, работната способност и продуктивноста.
- *институционално – редистрибутивниот модел* претпоставува постоење на социјално заштитниот систем како интегративен дел на општеството, кој оперира со цел да обезбеди универзални услуги и добра, надвор од пазарната побарувачка.

Опишаните три концепта: резидуалниот, индустрискиот и институционалниот, претставуваат три различни концепции за обезбедување на благосостојба: минималистички и целно – ориентиран модел, бенефиции засновани врз човековите потенцијали и оптимално – универзални бенефиции. Резидуалниот концепт на социјална политика во повеќе наврати ја опишуваше благосостојбата како „резидуален луксуз“ поддржан од економските вишоци (Heclo,1981). Кога во 1970-тите години економските вишоци повеќе не беа осигурувани, државите на благосостојба беа критикувани дека ги одливаат ресурсите.

Во 1990-тите години интересот за анализа на моделите на благосостојба се обновува и повторно се предлагаат разни типлогии врз основа на нивната поврзаност со социјалните структури, политичкиот интерес и силите кои дејствуваат на пазарот. Типологијата предложена од Gosta Esping - Andersen е една од најсистематските класификации дадени во периодот после Титмус, која истовремено поттикнува голем број на алтернативни сугестии.

Либералните држави на благосостојба, според Еспинг – Андерсен можат да бидат видени во Англо-Саксонските земји. Како и во Титмусовиот резидуален модел, така и во либералниот модел постоеше: отсуство на класно содружништво – селективна социјална заштита наменета за сиромашните,

дуален систем на приватни и бенефиции наменети за одредени професии за средната класа. Исто така постоеше и обид да се минимизираат директните интервенции од страна на државата, со цел пазарот да може да има директна контрола.

Конзервативно-корпоративистичкиот модел на Андерсен соодветствува на Титмусовиот индустриски модел, додека Германија може да се разгледа како конкретен пример за проучување на овој модел. Во Германија централната конзервативна влада разви системи на социјално осигурување за професионални групи (занимања), кои во голема мера беа оформени под влијанието на Црквата, обидувајќи се при тоа да ја добие поддршката од работничката и средната класа.

Еспинг Андерсоновиот социјал – демократски модел кореспондира со институционално – редистрибутивниот модел. Најкарактеристичен претставник на овој модел се Скандинавските земји, особено Шведска, каде што социјалната држава одговарајќи на солидарноста кон работничката и средната класа, обезбедуваше универзални сервиси и услуги, врз база на принципите за еднаквост на шанси и целосно вработување.

Применувајќи ја оваа анализа во однос на грижата за неплатената работна сила, што Еспинг Андерсен заборава да го направи, Peter Taylor-Gooby (1991,стр.97) покажува како социјал демократскиот режим оди најдалеку во социјализирање на заштитата. За разлика од тоа конзервативно-корпоративистичкиот режим ја гледа заштитата како дел од неформалниот сектор на економијата примарно поткрепен пред се од жените. Во либералните режими, грижата главно е препуштена на индивидуалци во однос на пронаоѓање на пазарни можности како и обезбедување на бенефиции.

Според Еспинг-Андерсеновата класификација (1990, стр.74) земјите членки на Европската Унија може да ги оквалификуваме како:

- конзервативни – Белгија, Франција, Германија и Италија, додека Ирска и Холандија само донекаде може да бидат дел од оваа класификација.
- социјал-демократски – Данска, Холандија, додека Германија и Велика Британија имаат само дел од атрибутите кои припаѓаат на овој модел.
- Ниедна од земјите членки на ЕУ не бележи висок степен на либерализам. Доколку Велика Британија може да се каже дека има дел од карактеристиките на овој модел, тогаш тука би можеле да ги спомeнеме Данска, Франција, Германија, Италија и Холандија.

Јужно европските земји членки не се застапени во Еспинг Андерсоновата класификација. Одредени аналитичари сметаат дека Грција, Португали-

ја и Шпанија со текот на времето ќе развијат исто ниво на социјални бенефиции како и нивните поразвиени Медитерански соседи. Бидејќи нивото на исплата на социјално обезбедување кореспондира со висината на она што го предвидува Европската Унија, постои голема надеж дека нивните системи ќе бидат слични со континенталниот модел.

## *Социјалните држави во Европската Унија*

Во овој дел се дава преглед на различните модели на благосостојба кои ја осликуваат Унијата. Истовремено се прави обид да се тестира аргументот според кој како резултат на проширувањето на Унијата, кое се случуваше во три временски интервали 50-те, 60-те и 80-те, процесот на хармонизација станува сè покомплициран, перспективите за конвергенција сè по далечни, но и по неопходни.

За време на 1980-те и почетокот на 90-те трошоците за социјална заштита per capita се зголемија за околу 40% во Унијата.

**Слика 2.1.**

Трендови во трошоците за социјална заштита во ЕУ (прикажани во проценти како дел од БДП, 1981-91)




I – Ирска
D – Данска
B – Белгија
L – Луксембург
F – Франција
NL – Холандија
IRL – Ирска
UK – Велика Британија
DK – Данска
P – Португалија
GR – Грција
E – Шпанија
EU – Европска Унија

Извор: ЕуроСтат, Социјална заштита во Европа: Трендови од 1980 до 1989

Сликата 2.1. ги сумира трендовите во социјалната потрошувачка во текот на 80-тите во однос на Бруто домашниот производ (БДП), користејќи при тоа податоци од Европскиот систем на интегрална статистика за Социјална Заштита (ESSPROS). Само пет земји – Белгија, Данска, Германија, Ирска и Луксембург – ги намалиле трошоците за социјална заштита во овој период, додека издатоците се зголемиле во земјите кои имале најниска основа – Грција, Португалија и Шпанија, истовремено приближувајќи ги кон Европскиот просек.

Сликата 2.2. покажува како социјалната заштита е финансирана во ЕУ: Данска и Ирска се потпираат во голема мерка на државните субвенции, додека пак работодавците го даваат најголемиот дел од придонесите во Франција, Италија и Шпанија, додека во Холандија, пак, работниците за време на 80-тите постоеше тренд за намалување на теретот на работодавците и зголемување на придонесите од страна на државата и работниците. Но, овие промени не беа доволни за да доведат до вистинска конвергенција меѓу механизмите кои даваат придонеси.

**Слика 2.2.**
Примања на социјална заштита во ЕУ во 1991 (прикажано во проценти)




I – Ирска
D – Данска
B – Белгија
L – Луксембург
F – Франција
NL – Холандија
IRL – Ирска
UK – Велика Британија
DK – Данска
P – Португалија
GR – Грција
E – Шпанија

Извор: Еуростат, Основни статистики за Заедницата:
Споредби со главните партнери на Заедницата, 30 издание, 1993, табела 3.35.

## *Континентални социјални држави*

Континенталниот модел на осигурување се засновува врз претпоставката дека вработувањето ги оквалификува поединците како индивидуи кои имаат право на социјално заштитни бенефиции како и право на плати и тие бенефиции, примарно ако не и единствено, се финансирани од придонеси на работодавецот и работникот како дел од трошоците на трудот.

Овој модел сам по себе е неегалитарен бидејќи пристапот до вработувањето варира во зависност од возраста, полот, етничкото потекло како и квалификациите помеѓу другите фактори. За време на поствоениот период осигурителните шеми, кои нудеа различни аранжмани за различни категории на работници беа продолжени, што овозможи осигурување на понатамошниот животен приход на индивидуите. Редистрибуцијата меѓу различни сектори во општеството беше ставена во втор план. Оригиналните осигурителни шеми во Бизмаркова, Германија (како оние воведени во 1889 за пензии за старите лица) беа насочени кон индустриските работници и обезбедуваа компензација за изгубен приход (било во случај на невработеност или пензија) пресметана врз основа на заработувачката (платата) што поединецот ја имал додека работел, наместо да биде пресметувана врз основа на минимална плата, што при пензионирањето предизвикува нееднаквости (поради различниот приход заработен за време на вработеноста).

Бенефициите за работниците од јавниот сектор беа претежно дарежливи и согласно на тоа претставуваа дополнителен извор на нееднаквост.

Белгија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија следеа сличен принцип како и Германија во однос на создавањето на социјално-осигурителните шеми засновани на вработување. Во голем број земји членки, социјалната заштита за првпат беше воведена во областите како индустриски повреди или професионални заболувања, следени од бенефициите за болест и породилно отсуство, потоа бенефициите за стари лица, инвалидните бенефиции, за на крајот да дојдат ***бенефициите во случај на невработеност***. Бенефициите за здравствена заштита генерално беа исто така базирани на осигурителни придонеси , иако Италија одржуваше национална здравствена шема.

Со текот на времето, сите земји основачи на ЕЕЗ развија одредени форми на минимална социјална помош заснована без придонеси како сигурносна мрежа, финансирани од државата врз основа на даночната политика.

Спомenатите шест земји не само што развија сличности во одредувањето на принципите и организационите структури на нивните социјално заштитни системи, туку тие исто така покажаа идентичност во определувањето на виси-

ната на трошоците за социјалната заштита во однос на БДП. Оваа состојба е посебно изразена во Холандија, како што може да се види и од табелата 2.1. Но, иако сите овие земји ги имаат главните обележја на континенталниот модел, сепак нивните социјално заштитни системи се далеку од униформни и во однос на структуираноста и во однос на финансираните аранжмани: на пример, социјалните чинења на трудот се многу повисоки во Франција и Италија, каде придонесите паѓаат во голема мера на работодавците. Додека италијанската национална здравствена шема се потпираше во голема мера на државата, промените од 90-тите водеа кон растеретување на државата на сметка на пазарниот и волонтерниот сектор. Кога социјалната помош е организирана на регионално или локално ниво, логично е да постојат разлики во бенефициите и давачките не само меѓу земјите туку и меѓу различните региони во една земја. Италија е повторно пример за претходно истакнатото, каде поголеми разлики се забележуваат меѓу нејзиниот северен и јужен дел.

## *Нордиски и англо-саксонски социјални држави*

Државите кои се приклучија на Заедницата во 1973 година – Данска, Ирска и Англија – делеа заедничка концепција во системот на социјална заштита кој наликуваше на она што се нарекува граѓански модел на благосостојба.

Тргнувајќи од Бевериџовата осигурителна шема во Британија како и од социјал – демократскиот модел (Esping - Andersen, 1990) кој се разви во Данска, правото на пензија, здравствена грижа и семејни престации беше дистрибуирано врз основа на социјално граѓанскиот статус. Овој модел укажуваше на фактот дека социјалните бенефиции беа распределувани преку даночниот систем до сите граѓани врз основа на еднакви услови без разлика на нивниот работен статус.

Системите на социјално осигурување во овие три земји продолжуваат да се разликуваат од „континеталниот" модел. Наместо осигурителните придонеси и ***бенефиции поврзани со висината на приходот*** (континентален модел) тие се разликуваат во однос на нивните фискални ресурси како и здравствени ***универзални бенефиции***. Но, сепак забележителни се разлики и меѓу овие три земји. Додека во Данска акцентот беше ставен врз одржување на приходот, во Ирска и Англија целта беше насочена кон осигурување на опстанокот преку обезбедување на минимално ниво на исплаќање или социјална помош врз база на ***проверка на доходот и имотот.***

## *Јужноевропски социјален модел*

Грција, Португалија и Шпанија, кои се приклучија на Заедницата во 80-тите, се карактеризираа со помалку напредни и помалку компактибилни системи за социјално осигурување во споредба со останатите членки кои порано се приклучија кон Заедницата. Овие јужноевропски земји продолжија во голема мера да се потпираат врз традиционалните форми на поддршка како семејството, соседските групи, Црквата и дискреционите бенефиции на локално ниво. Социјалната заштита главно се темелеше врз ***корпоратизам***, како и во континенталниот модел, каде работодавците го носеа најголемиот товар од трошоците за обезбедување на бенефициите. Во Шпанија и Португалија пак, здравствената заштита во најголема мера беше обезбедувана од страна на државата и финансирана по пат на даноци. Во раните 90-ти години, релативно висока пропорција од популацијата не беше покриена со социјално осигурување, а генерални шеми за социјална помош немаа ниту Грција ниту Шпанија.

Додека голем дел од земјите членки се обидуваа да ја намалат јавната потрошувачка, во овие три земји државата имаше голем удел во сносењето на трошоците за финансирање на социјалната заштита.

## ***Конвергентни или дивергентни социјални режими***

Системите на социјална заштита во земјите кои беа вклучени во споменатите три групи (континетални, Нордиско/Англо-Саксонски и јужноевропски) навидум имаат заедничка особина во однос на ризиците кои ги покриваат како и во однос на генералните административни аранжмани кои се поставени да се соочат со тие ризици. Но доколку се направи подлабока анализа, ќе се откријат бројни разлики во земјите на една групација, како и меѓу земјите во различни групации. Разликите се однесуваат на правниот статус на социјалната заштита, финансиските механизми, дистрибуција на одговорностите како и популациските групи покриени со контрибуторни или неконтрибуторни шеми. Секоја земја има развиено сопствен вид на социјална заштита како резултат на специфичните социо-економски, политички и културни традиции.

За време на поствоениот период сите социјални режими се адаптираа на изменетите социо-економски и политички услови. Поголемиот дел од земјите во Унијата развија ***социјален плурализам***, каде моделот на осигурување стана доминантен. Така, одреден степен на конвергенција, иако стихијна, непланирана, беше присутен, како резултат на влијанието на пазарните сили, кој очигледно имаше големо влијание врз социјалната политика во земјите членки. Но сепак комбинираниот модел на заштита зависеше од акту-

елниот политички контекст, како и од човечките, социјалните реурси вклучени во развојот на политиката на национално ниво. Но, како што во минатото се сметаше дека индустриската технологија и државната интервенција не се доволно силни да придонесат кон конвергенција на социјалните политики (Mishra, 1977), така и економските фактори кој се чини дека се главна сила на социјалниот плурализам, не мора да значи дека се доволни, за да се надминат разликите во националните идеологии на државите на благосостојба.

Докази за развојот на комбинирани модели на заштита се присутни во сите земји членки. Корпоративните системи на благососотојба, базирани врз придонесите на работниците и работодавците и бенефициите поврзани со висината на приходот, не ги заменија сите постоечки шеми на социјално осигурување за професионални групи (занимања) кои продолжија да обезбедуваат дополнителна заштита за одредени ризици како на пример старосни пензии за одредени групи на работници. Приватното осигурување беше примено како дополнителен обезбедувач за партиципиентите на високите приходи, во некои земји членки. Во повоениот период, социјалната помош врз база на проверка на приходот и способностите стана исклучително значаен аспект на благосостојбата во земјите кои почнаа со компензациски осигурителен систем заснован врз база на вработеноста. На пример, во Белгија, Франција, Германија и Италија беа воведени неконтрибуторни и врз база на *проверка на приходот* шеми на помош за стари лица, за да се задоволат индивидуите кои не можат да бидат корисници на постоечките шеми на социјално осигурување за професионални групи. Фундаменталниот принцип кој се залага за вработеноста како основа од која потекнуваат сите права, е сè уште забележителен во шеми како revenu minimum d"insertion (RMI) во Франција, каде бенефициите зависат од желбата и можноста на индивидуата да се вклучи во некоја форма на вработување или социјален тренинг, како средство со кое би се вратила на формалниот пазар на труд.

Во земјите како Англија, кои иницијално ги започнаа своите системи на благосостојба преку обезбедување на универзална здравствена заштита и *изедначени бенефиции*, креаторите на политиката не бараа да се заштитат таквите шеми од развивање на други видови на шеми вклучувајќи исплаќања пресметувани врз основа на заработувачката, различни пензии во зависност од професијата како и приватна здравствена заштита.

Последниве им даваат можности на високо-квалификуваните луѓе кои се вработени во подобро платени работни места да добиваат дополнителни бенефиции.

Шемите базирани на професионалниот статус се проширија во земји кои имаа системи на осигурување и помош за сите категории на работната популација, со исклучок на Данска, каде базичната старосна пензија остана во многу висока.

Во раните 90-тите во Данска, универзалноста продолжи да биде зависна од високиот степен на учество на институциииите од јавниот сектор, иако тука исто така имаше притисок од страна на јавното мнение и владата дека треба де се намалат даноците и да се даде примат на пазарните елементи и солуциите кои ги нуди цивилното општетство. За разлика од тоа, во јужноевропските земји продолжи зголемувањето на државните придонеси за јавното обезбедување на благосостојба.

Конвергенцијата кон корпоратизам како доминантен модел на социјален плурализам неизбежно води кон дуализација во општествата (Abrahamson, 1992). Моделот на благосостојба заснован на вработеноста беше нападнат за интензивирање на диференцијацијата, сегрегацијата и поларизацијата. Иако таков модел може да се очекува дека ќе биде од корист на Единствениот Европски пазар (Single European Market), од социјален аспект тој придонесува за состојбата на социјална исклученост. Додека пазарот може да се очекува дека ќе се грижи за регуларно вработените, помалку привилигираните групи во општеството се оставаат на понатамошна маргинализација. Во тој контекст, конвергенцијата кон моделот на благосостојба кој е ориентиран кон статусот на вработеност може да се критикува на повеќе основи: идеолошки, морален и политички, во однос на одалечувањето на земјите членки од редистрибутивниот концепт на социјално граѓанство.

(Превод од англиски – *Маја Геровска*)

# МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА *ЕУ*

Како и во останатите подрачја на социјалната политика, со години, центарот на интерес во образованието прогресивно преминува од хармонизација до кооперација. Ова се случува откако доаѓа до многу настојувања за проширување, во смисла на содржината и нивото на квалификациите низ Европската унија со обид да се постигне усогласеност за преносливост меѓу земјите членки. Глобалната промена во политиката на образованието и обуката не значела дека првичната цел за постигнување на меѓусебно признавање на квалификациите била заборавена. Пред сè, тоа произлегува од самите вработени да ги покријат сите нивоа на стручно образование. Барањето на Европската унија ја обнови иницијалната цел, како што е поставена во Договорот на ЕЕЗ, со предлозите за елиминирање на пречките во мобилноста, поради непризнавањето на дипломите или на еквивалентот на професионалните квалификации.

Иако комплетирањето на внатрешниот пазар во 1993 година беше назначено како белег за доаѓање на новата ера на зголемување на мобилноста на човековиот капитал и труд, хармонизацијата и заемното приближување во Европската Унија, најголем број мерки произлезени од Единствениот европски акт (SEA) од 1986 (1.5.) со упатството за признавање на квалификациите веќе беше иницирано пред тој датум. Голем број директиви, релевантни на хармонизацијата на професиите, станаа законски пред 1986. Од 1964 околу шеесет секторски директиви биле прифатени, зајакнувајќи го меѓусебното признавање на условите за пристап кон одредени професии. За многу професии, директивите (смерниците) барале усложнување на признавањето на работното искуство од една во друга земја членка. Помеѓу 1964 и 1982 издадените директиви ја покривале индустријата и занаетите, трговијата на мало, услугите на лица, како и ресторани, барови, хотели, прехранбената индустрија и производството на пијалаци, големопродажбата на јаглен, трговијата со токсични производи, сезонските активности, осигурителните агенти и брокери, транспортните агенти и фризери. На струките коишто го опфаќале транспортот на стоки или патници на патен сообраќај, им била дадена слобода на основање и слобода на давање услуги.

За останатите струки, како на пример во здравствените професии, бил потребен покомплексен сет на мерки со кои се регулирале условите под кои секоја соодветна струка може да се применува. Биле барани две директиви за секоја струка: првата, да го координира и хармонизира образованието, покривајќи го и квалитетот (содржината) и квантитетот (бројот на години во студирање и бројот на часови на курсевите); втората да востанови автоматско признавање на дипломите усогласени со европските стандарди. Донесените стандарди биле минимални, допуштајќи ѝ на секоја земја да одреди дополнителни очекувања, но без барања тие да бидат присутни. Насоките биле обврзни, но со цел да оставаат простор за флексибилност, тие не оделе во детали во образованието и обуката. Координацијата и директивите за признавање меѓу земјите членки биле донесени помеѓу 1976 и 1985, покривајќи доктори, сестри, заболекари, ветеринарни хирурзи, бабици, благајници, архитекти и фармацевти. Во 1985 година, по седумнаесет години на преговори од страна на архитектите со специфицирани дипломи, им било потврдено правото за естаблишмент и за вршење на својата професија во другите земји членки. Кога се јавувале битни разлики во видовите на образование, можеле да бидат наметнати дополнителни барања. На професионалците од регулираните активности им биле давани права (самите) да се населат во друга земја членка, со обврска на земјата домаќин да им даде период за адаптација или да се подложат на тестови за способност (Seche, 1988). Правниците, на пример, имале право да водат одбрана на случаи придружени со адвокат од земјата домаќин и да даваат некои законски услуги, но од нив биле барани дополнителни дипломи пред тие да можат да започнат работа во друга земја.

Овие долгорочни и недовршени обиди на хармонизацијатата за поединечни професии прогресивно откриле многу поглобален пристап, отколку што беше покажано со Упатствата на Советот 89/48/ЕЕЗ „на основниот систем за признавање на дипломи од повисокото образование, со одлучување за комплетирање на професионалното образование и обука со најмалку траење од три години, што стапило на сила во 1991 (3.2.) Упатството се однесувало на сите дипломи кои не биле покриени со секторските директиви, опфаќајќи го високото образование и обуката во траење од најмалку три години. Истиот принцип бил применет во додатното Упатство, 92/51/ЕЕЗ, донесено во 1992 (33), кое го проширило признавањето на другите квалификации по средното образование и курсевите за обука коишто претходно биле исклучени.

Бидејќи еквиваленцијата во основа е сфатена во однос на подредена споредба со елементите на индивидуалните курсеви кои го сочинуваат програмот на студирање, признавањето вклучува поглобална евалуација на це-

локупното образование на (учениците и) студентите, водејќи грижа за функцијата и глобалното ниво на академските студии со цел за понатамошно студирање или вработување. Директивите биле усмерени кон одлучување врз база на случај по случај, потпирајќи се на меѓусебната доверба меѓу земјите членки и компарирање меѓу нивоата на образование и обука. Од раните 90-ти биле преземени неопходните чекори на законско ниво, со донесување формални одредби за меѓусебно признавање на образовните квалификации, какви што биле Договорот на ЕЕЗ, Барањето на Европската Унија и Договорот во Мастрихт.

## *Иницијативи на Унијата за образование и обука*

Изјавите од Советот и Комисијата за стручно образование ја нагласуваат важноста од европската димензија во образованието преку ширење на разбирањето за другите култури. Од средината на 80-тите биле поставени бројни програми, за да ја охрабрат мобилноста на студентите и истражувачите во Европа со стремежи да создадат услови за разбирање на различни јазици и култури, како дел од искуството преку учење.

Мобилноста на научните кадри во Европа не е нова идеја. Од сите институции, Универзитетот има една од најдолгите традиции на соработка која датира од средните векови, кога тие го ширеа латинскиот јазик и присуството на странски ученик беше општ феномен. Наспроти тоа, со векови националните високо-образовни системи имаа тенденција за разединување, што резултира денес тие да покажуваат сосема воочливи разлики во нивните потесни и пошироки цели, структури, програми и квалификации. Имајќи формално признание дека „Покриената хармонизација или стандардизација на образовниот систем е сосема непожелна“ (3.4. стр. 4), Унијата презеде како нејзина цел да го унапреди глобалниот квалитет на образовната дејност со доведување во долготраен процес на различните системи на контакти, соработка и усогласување и преку избегнување на неопходните спротивности кои инаку би го отежнале слободното движење на лица и идеи“ (3.4., стр. 4-5). Поспецифично, соработката е сфатена како основа во развојот на ангажираноста на доживотното учење, базирано на квалитет и солидарност. Еден од начините за постигнување на поблиска соработка е пронаоѓање на аранжмани со чија помош образовните реформи и реструктуирања во земјите членки се спроведуваат со потполна свест за разликите во искуството.

Целта за унапредување на можностите за стручно образование води кон бројни програми за поттикнување на мобилноста на студентите, со експли-

цитни цели за промовирање, распространување на демократски вредности, зголемувајќи го разбирањето со мултикултурните димензии на Заедницата и припремајќи ги младите луѓе за граѓани на Европа (3.4. стр. 5). Како директор на Оперативната група за човековите ресурси, образование, обука и млади, Hywel Jones (1990, стр. 9) го преставил образованието како поврзувачка сила за соработка и партнерски односи во сите други сектори, нагласувајќи ја важноста од меѓусебното разбирање и способноста за заедничка работа, со програми кои биле наменети да стимулираат. Patrick Venturini (1989, стр. 29, 38), член на Лакроа Групата на Советници, ја опиша студентска Европа како едно од „светилниците на Европското социјално подрачје".

Програмите преземени во текот на годините можат да бидат поделени во четири главни категории, коишто широко ги покриваат целите поставени во Договорот од Мастрихт: Програми за собирање и ширење на информации за аранжмани во образованието и обуката во Унијата, за да се оствари подобро разбирање на другите национални системи; програми насочени кон појачување мобилност на студентите и младите луѓе и за промовирање соработка меѓу образовните институции во различни земји членки, насочени кон распространување знаења за Европа и нејзините јазици и додавајќи Европска димензија на образованието и обуката; Програми усмерени кон давање работно искуство и стручно образование во други национални средини, со цел да ја зајакне социјалната и економската интеграција и да ја промовира соработката меѓу образовните институции и индустријата; Програми поврзани со потребите да се усвојат нови технологии и распространување на можности за соработка во истражувањето и развојот.

## *Информирање за образованието и обуката*

Во 1975 г. Советот отвори специјална агенција, Европски центар за развој на стручното образование (CEDEFOP) како информативна мрежа за подигање и унапредување на циркулацијата на информации во областа на образовната политика. Агенцијата во почетокот беше лоцирана во Берлин. Потоа, следејќи ја одлуката на националните влади во 1993-та, таа се премести во Солун. Информативната мрежа Евредика беше основана неколку години подоцна и почна да делува во 1980, со одговорност за развој на банка на податоци за образованието и обуката.

Советот ја призна различноста на образовните системи во земјите членки, но сакаше да истакне дека тоа не би требало да биде пречка за слободно движење на луѓето. CEDEFOP беше задолжен за давање информации на сите јазици во Заедницата, вклучувајќи процес кој беше и скап и тежок. Одлуката

во 1980 за признавање на стручните квалификации за професиите, низ една поопшта директива слична на оние за професионалните профили, може е согледана како знак за избегнување на проблемите поврзани со обидот да се документираат и стандардизираат различните пракси во квалификацијата и обуката.

Наспроти усилбите на CEDEFOP и EURIDICE во поткрепување на програмите за образовна кооперација во заедницата, во нивната комуникација во образованието и обуката (3.4. стр.15), Советот забележа дека националните влади продолжиле да имплементираат голем број образовни реформи со систематски упатувања на практиката во другите земји членки и без адекватно земање во предвид на импликациите од различните системи. Комисијата, затоа препорачала аранжманите да се прават за обезбедување регуларен прилив на информации врз основа на искуството во заедницата и дека форумот би давал координативни дискусии за политичките прашања, со техничка помош од EURIDICE.

## *Мобилност и соработка меѓу институциите*

Во доцните години на 80 -тите неколку програми, како што е Шемата за акција на Европската заедница за мобилност на универзитетските студенти, ERAZMUS, по името на хуманистичкиот научник и свештеник од шеснаесетиот век Десидериус Еразмус, беше усмерена кон зајакнување на соработката без барање на хармонизација. Научни тела биле назначени, за формално признавање на периодот на обука во друга земја членка, но секоја земја останува слободна во одлучувањето врз основа на содржината и организацијата на своите сопствени програми, со почит кон принципот на субсидиарност реафирмиран во Договорот од Мастрихт. Во 1984 се отвори Национален информативен центар за академско признавање (NARIC), последуователно координиран од Бирото ERAZMUS, за давање информации за признавање на квалификациите низ земјите членки и за периодите на студирање во другите земји членки или држави во Европската заедница за слободна размена (EFTA). Курсниот кредитен трансферен систем на Европската унија (ECTS) беше основан во 1989/90 за да ги оспособи студентите да го стекнат целото или дел од нивното високо образование, во друга земја членка.

Целта на Програмата „Младите за Европа“ беше да ги прошири можностите дадени од Еразмус, до земјите или до категориите млади луѓе под покровителство на студентската размена или чиј јазик бил помалку зборуван. Програмата Лингуа беше предложена од Советот како одговор на потребата, странските јазици да бидат суштински дел од Европското образование и обука, бидејќи неадекватното знаење на странски јазици претставува голем не-

достаток како за мобилноста и како хендикеп во меѓународната размена. Трансевропската шема на мобилност за универзитетски студии (Tempus) ја прошири размената кон Централните и Источноевропските земји од 1991.

Кога биле воведени, Еразмус, Лингуа и Младите за Европа, биле промовирани како Програми со водечки карактер (3.4. стр.3). Целниот сет за студентската мобилност, што значи дека 10% од сите студенти би имале период на обука во странство, не биле достигнати до времето на новиот акционен програм, Соцратес, беше основен на местото од Еразмус и Лингуа кога тие ќе завршат во 1994. Во сите земји членки, освен Луксембург, размерот на странски студенти од невропските земји бил поголем отколку оние од Унијата. Наспроти напорите од Советот, основен недостаток за поголема интра-Европска мобилност сѐ уште претставува рестрикцијата за упис, јазикот, проблемите на признавање, практичните, административните и финансиските проблеми исто како и неадекватното информирање (3.5., стр.25-7).

## *Работното искуство, обуката и соработката меѓу образованието и индустријата*

Програмата за размена на млади работници, беше една од најраните активности на Заедницата, која датира уште од 1964, во согласност со член 50 од ЕЕС Договорот, кој ги поканува земјите членки да ја зајакнат размената на млади работници во рамките на програмата за вклучување. Програмата на заедницата за стручно образование на младите луѓе и нивната подготовка за работниот живот на возрасните (PETRA), основана во 1988, беше втор одговор на специјалните потреби. Тоа вклучува сместувања или размени на континуирана обука и мрежа за транснационално партнерство и иницијтиви за млади луѓе.

Европска мрежа на Програми за професионална обука на жени (IRIS) беше основана во истата година за задоволување на специфичните потреби на жените. Таа е усмерена кон развојот на методологија на женското стручно образование како и на средствата за вреднување. Понатамошна важност беше дадена на еднаквите можности на жената во образованието и обуката, во рамките на барањата на Повелбата на Заедницата; Новите можности за Иницијативи на жената (NOW), кои почнаа со делување во 1990, беа усмерени кон понуда на земјите членки со можности за кофинансирачки акции.

## *Нови технологии и стручно образование*

Неколку акциони програми се креирале како одговор на потребите на работната сила да ги совладува технолошките промени низ партнерство со

образованието и индустријата. Програм на полето на стручното образование и технолошките промени (Eurotecnet) беше формиран во 1990, и (Comett), вториот од водечките програми на Заедницата беше основан во 1986, како Програма на соработка меѓу универзитетите и претпријатијата кои се однесуваа на обука на полето на технологијата. Во нивната прва година на делување Comett финансираше 1320 проекти со околу 2.400 студенти. Обете програми ја потврдија вмешаноста на границите меѓу работите под притисок на технолошките промени како и потребите за воклучување на млади луѓе во новата технологија, не само додека се тие во редовното образование, но исто така и кога почнува иницијалното образование. Во 1991 беше основан акциона програма за развој за континуирано стручно образование во Европската заедница (FORCE) за да ја зајакне размената на информации и успешната практична работа.

Поттикнат од искуството стекнато со имплементирање на предложените програми, во 1995 Советот покрена нова иницијатива за стручно образование, наречен Leonardo. Програмоата беше усмерена кон рационализација и насочување кон постоечките активности и кон унапредување на нивната ефикасност врз основа на општата политика за стручно образование. Во согласност со принципот за поддршка и со почитувањето на различност на системите, акционата програма водела грижа за потребата да обезбеди, во општата рамка на цели, државите членки да бидат слободни во изборот во согласност со нивната ситуација. Предложените мерки биле усмерени кон поддршка на националните системи, аранжмани и политики, иноветивни акции на пазарот на образование и кон развој на европски димензии во стручното образование.

Заедно, програмите на Унијата претставуваат суштински извор на ресурси. Најголем број од шемите се покажуваа како администативно тешки за раководење. Нивниот успех е тежок за евалуација, посебно во случаи кога постои намера за зголемување на свесноста за другите култури. Од квантитативна гледна точка, вкупниот број на корисници е веројатно мал во споредба со бројот на потенцијални кандидати и целните бројки: на пример, просечно 200.000 студенти беа корисници на Еразмус програмата меѓу 1987 и 1994 (3.8., стр. 13). Ако бројот на студенти кои продолжиле дел од нивните студии во други земји членки, константно растел со годините, истовремено се зголемил и вкупниот број на студенти во Унијата. Иако можноста да се помине извесно време во образование или студирање во друга земја членка може да изгледа атрактивно, во услови на стагнација и кога јавната потрошувачка е намалена, не е секогаш лесно да се најде погодно место и сместување за заинтересираните; јазичните бариери и културни разлики продолжуваат да преставуваат големи пречки, истакнувањето на потребата за образование треба да биде внимателно подготвена за реализација. Овие проблеми изгледа не ја плашат Ун-

ијата од продолжувањето да се стреми кон нејзината долгорочна цел за поддршка на акциони програми, усмерени кон промовирање покохерентна политика за човековите ресурси, образованието, обуката и младите.

## *Трендови во образованието и стручната обука во земјите членки*

Иако директивите за меѓусебно признавање на струките и професионалните квалификации вовлекоа проучување на нивната содржина, Европската политика за образование и стручна обука не бараше да влијае на националните системи за образование, освен индиректно преку усмерување на едукатори и обучувачи на разновидни пристапи, низ програмите на размена и мобилност, кои се опишани во претходното поглавје. Договорот во Мастрихт намерно ги исклучи сите обиди за хармонизирање на националното законодавство или за интервенција во националните пракси од оваа област. Неинтервентниот став може да се однесува особено на два фактора: пред се, земјите членки дадоа отпор кон супранационалното законодавство во регионите каде водеа грижа националниот суверенитет да биде главен; второ, искуството за достигнување на хармонизирани квалификации покажувало колку тежок и контрапродуктивен би бил обидот за стандардизирање на образовните системи. Во овој дел, некои од главните трендови во образованието и стручната обука на земјите членки се проучувани со цел да се одреди дали националната политика во оваа област покажува каков било знак на взаемно приближување.

## *Национални образовни системи*

Во согласност со духот на Европската политика, сите земји членки инвестираат многу во образованието и стручната обука за нивната млада популација. Размерот на популацијата на возраст меѓу пет и дваесет и четири години во образованието расте непрекинато до 80-тите години, достигнувајќи 71% во 1990/91 во земјите членки, наспроти падот на бројот на ученици на ниво на основно училиште, поради ниската стапка на наталитет, која се одразила во сите земји членки во поголем или помал обем. Најголем пораст имаше во високото образование, делумно поради повоениот бум на наталитетот и должината на периодот на студирање, во согласност со условите на пазарот на трудот (невработеност и растечката потреба од квалификации). Големата рашireност беше исто така објаснета со порастот на бројот на женски студенти кои го продолжуваат своето образование. Со подолго школување, поло-

вата стапка поради тоа беше променета. Додека на ниво на основно училиште машките ги надбројуваа девојчињата во сите земји членки, главно поради тоа што се родени повеќе момчиња од девојчиња, во второто ниво на образование ова веќе не беше таков случај, освен во Германија, Грција, Луксембург и Холандија. Во високото образование, жените бројно ги надминуваат мажите или достигнуваат паритет со нив во Данска, Франција, Грција, Луксембург, Португалија и Шпанија. На ова ниво Германија и Холандија покажуваат најголема разлика меѓу половите, во полза на мажите .

Разлики постојат меѓу земјите членки и во однос на должината на задолжителното школување. Во 1990 година, задолжителното школување почнувало на возраст од пет години во Белгија, Луксембург, Холандија и Велика Британија, или на возраст кога детето влегло во петтата година во Грција и на шестгодишна возраст во сите земји членки, освен Данска, каде децата го почнуваат нивното школување на седумгодишна возраст. Во Белгија, Данска, Франција, Италија, сепак 85% или повеќе, децата на возраст од три и возраст кога почнува задолжителното школување се сместуваат во преучилишни установи. Во Луксембург предучилишното образование е задолжително за деца на возраст од пет до шест години.

Најмала возраст за завршување на школувањето е петнаесет години во Белгија, Германија, Грција, Ирска, Луксембург и Португалија, и шеснаесет во другите земји освен Италија и Шпанија каде е тоа на четиринаесет, што значи дека овие две земји не ги задоволуваат барањата на Повелбата на заедницата (точка 20). Како резултат на разликите на возраста во стартот и на крајот, минималната должина на редовното задолжително школување варира од осум години во Италија и Шпанија до единаесет години во Холандија и Велика Британија. Во три земји од децата било рутински очекувано да ги комплетираат понатамошните години на основно образование или стручно образование, било редовно или вонредно, после минимумот школска возраст: во Холандија една година повеќе од Белгија и три во Германија.

Иако Директивите на Советот ги признаа квалификациите кои беа базирани на тригодишно високо образование по добивањето на основно школска диплома како еквивалентни во целата Заедница, разликите во аранжманите за повисокото средно образование и стручната обука во комбинација со диспаритетот во структурата и содржината на универзитетското високо образование, им создадоа тешкотии на работодавачите во интерпретирањето на квалификациите за оние кои се јавуваат од други земји членки. Додека британските студенти просечно дипломираат по три години и го напуштаат високото образование на возраст од дваесет и една година или дваесет и две со квалификација која е призната во Велика Британија како показател на основни интелектуални и академски способности, тоа е далеку невообичаено за студен-

тите во Франција, Германија, Грција, Италија, Португалија и Шпанија кои ги завршуваат студиите за многу специјализирани вискоки образовни квалификации на или по дваеет и четири годишна возраст, особено ако мора да се има во предвид и периодот на задолжителниот национален сервис.

Lunne Chisholm (1992, стр. 131-78) предлага класификација на образовните системи во согласност со етапата (степенот) по која учениците се селектираат или се селектирани за важни транзициони насоки кои ги одредуваат понатамошните стапки на учество. Меѓу земјите од Северна Европа, Британскиот образовен систем е карактеристичен по раната селекција и ниската стапка на учество во понатамошното и повисокото образование, додека Белгија и Федералната Република Германија претпочитаат рана селекција и системи со голема опфатеност. Франција и Холандија ја вршат селекцијата подоцна и имаат малку понизок размер од секоја возрасна група во образованието и стручната обука, додека стапката во Франција е особено висока во постарите годишни групи (Дебизет, 1990, стр. 332). Данска претставува пример на вршење доцна селекција и висока партиципација.

## *Стручното образование и националниот пазар на трудот*

Многу поголем обем (70-80%) од оние на возраст од осумнаесет до дваесет години од неуниверзитетскиот сектор веројатно се во стручното образование и занаетчиските школи во Германија, Италија, Холандија и Данска, додека само мал процент (17-20%) студенти се на повисоко средно образование во Ирска, Белгија и Велика Британија (OECD, 1993, табела П.13). Пазарот на трудот во Германија, пред сè има добиено репутација со висок респект во кој се опфатени стручните квалификации. Германците имаат детално регулирана рамка за занаетчиско образование и барањето за стручно образование е толку строго, така што околу 60% од секоја возраст се квалификуваат низ дуален систем, кој ги покрива вонредните ученици од стручните училишта. Во Франција и Британија пристапот до работните места е под влијание на други размисли, како на пример културата на компанијата или старешинството (Drake, 1994).

Многу обиди се направени во конструирањето на типологиите кои ќе ги илустрираат односите меѓу пазарот на трудот и образованието. Во согласност со моделот предложен од Centre d"Etudes et de Recherches sur les Qualiofications (CEREQ) во Франција, усвоена од Keith Drake (1994), поврзаноста меѓу училиштата, фирмите и пазарот на трудот има повеќе форми: тоа може да биде преку организирање обука со школска настава како што е во Белгија,

Данска, Франција и Холандија; или како обука со индустриска базираност, како во Германија. Драке објаснува дека овие меѓусебни врски биле резултат на елаборирање на историските размени меѓу социјалните партнери, централната и регионалната влада, на различни групи кои вршат притисок и порески обврзници и самите работници, секој со сопствените цели и временски хоризонти. Резултатот е дека можностите за младите луѓе можат значително да се разликуваат во согласност на социјалната и економската средина на државата или регионот во кој тие живеат. Ефективноста на почетната стручна и наставна обука ќе биде исто така под влијание на овие услови, имплицирајќи дека образовните аранжмани треба да бидат специфични за секоја земја, доколку не можат да бидат регионално специфични.

Повеќе од компаративните истражувања водени во текот на 80-тите за стручното образование и обука изгледа водат до заклучокот дека Британија заостанува зад земјите како Франција и Германија во однос на ефективноста на нивната обука кога биле мерени со индикатори на економскиот успех. Британија, особено, беше критикувана за нејзиниот слаб успех во средните квалификации (Ryan, 1991, стр.2-3). Со ставањето голем акцент на квалификации, импликацијата беше дека така со тоа би станало тешко да се најде работа без признати квалификации, и работниците од Велика Британија би биле во особено непријатна ситуација на Европскиот пазар. Приближувајќи се кон темата од различен агол, Robert Lindley (1991, стр. 193) ја користи Холандската евиденција за оспорување на претпоставката дека недостатокот на квалификациите растел како резултат на неадекватна обука. Во Холандија добивањето квалификации изгледа растело порапидно отолку потребата од квалификации за работа, водејќи до можна закана за надквалификација која тој ја опишувал како „образовно туркање". Lindley така изнесол лага во врска со преувеличеното тврдење за развој на содржините од работните активности во економијата во целина и потребата образовните степени да растат држејќи чекор со растечката софистицираност на модерниот свет на трудот (Lindley, 1991, стр. 194).

Во некои земји членки може да се сретне феноменот на „инфлација на дипломи". Тенденцијата во најголем број земји е да се надпродуцираат дипломирани и да се подпродуцираат техничари. Надолното филтрирање (Lindley, 1991, стр. 203) на способни луѓе и поставувањето на дипломираните на работни места кои претходно не барале диплома, понекогаш, водат до големо повторно прилагодување во образованието и обуката (Drake, 1994).

Сè повеќе фокусот беше насочен кон признавањето на можноста од надквалификација на крајот, бидејќи продолжи да станува тешко привлекувањето на младите луѓе на техничките студии. Стручното образование во исто време стануваше поопшто, додека претходните основни курсеви можеа да доби-

јат предстручен карактер (3.7. стр. 105). Наспроти заинтересираноста за потценување на техничкото образование и долгорочните усилби за промовирање на студии со технички предмети, особено меѓу жените, дебатата продолжуваше околу целите на образование: дали тоа да нуди стручно образование или ќе реализира базични компентенции и широко засновани квалификации. Одговорот изгледа би варирал и меѓу и во земјите членки.

Групите на работодавачи изгледа дека имаат заеднички став за тоа што сакаат од редовното школување и што од стручното образование. Тие се грижат за основните трансферабилни способности како и за поспецифичните технички способности и компетенции во јазичното изразување; претставено во покажување на квалитетот, способноста за ефективно комуницирање, знаење на еден или повеќе странски јазици; желбата за користење и развој на технологиите; основно разбирање на важноста на економската средина во која функционира; капацитетот за совладување на проблемите; желбата да се адаптираат на промени; способноста за работа со луѓе; и разбирањето на економијата и пазарот на труодт (Jones, 1990, стр. 12).

Овие цели изгледа тесно кореспондираат со она што е достигнато од творците на политиката на европско ниво, како одговор на социо-економските и демографските промени. Додека сите национални влади во земјите членки се недвосмислено водени од ист момент, широчината до која тие ги распростираат овие цели во одредбите за образованието и обуката е сè уште предмет на сосема забележливи варијации од една земја во друга.

## *Влијанието на европската политика на системот на национално образование и стручна обука*

Од потпишувањето на Договорот на Европската економска заедница во 1957 година, Заедницата прогресивно се ширеше во својата социјална дознака. Во сферата на образованието, целите на образовната политика се шират до прилагодување на потребите кои се менуваат во економијата и општеството воопшто. Стареењето на населението и барањата на пазарот на трудот повеќе работници со високо ниво на знаење и способности да се прилагодат на технолошките промени стимулирале акциони програми усмерени кон обезбедување национални образовни системи подготвени да одговорат не само на основните барања на обуката, туку исто така и на потребите за перманентно надоградување и осовременување на квалифкациите во текот на работниот век. Растечкиот нагласок на важноста од способноста да се делува низ националните и културните граници даваат нов поттик на европската димензија на образование перципирано како практична економска неопходност, одвоено

од нејзините желби на кулутурно и политичко тло (3.5. стр. 40). Во овој контекст, признавањето на квалификациите од академска и професионална гледна точка може да биде интерпретирано како неопходна помош за слобода на движењето, која беше првенствена цел на првичниот Договор.

Како и во другите подрачја на социјалната политика на европско ниво, тешко е да се оцени успешноста на образовната политика и на полииткaта за обука, како и на оценката на нивното влијание на градењето на националата политика. Советот јасно ја дефинира нејзината улога во ова подрачје: таа се гледа себеси во основа како катализатор и олеснувач на соработничката и општата дејност (3.5. стр. 41),работејќи во согласност со принципите на помошник и респектирајќи ја разноликоста на одредбите (мерките). Иако опипливи резултати се постигнуваат во однос на меѓусебното признавање на квалифкациите и порастот на бројни студенти и млади луѓе кои имаат можност да поминат периоди во други земји членки и кои можеби во други прилики не би го сториле тоа, евидентно е дека мобилноста на работниците не се шири сразмерно, сугерирајќи дека прифаќањето на квалификациите можеби не е клучниот фактор во релокацијата на трудот како што верувавме на почетокот.

Влијанието на Европската политика врз хармонизацијата на системот за образование и обука можеше исто така да биде помалку предвиден. Беше докажано дека, поради процесот на меѓусебно признавање на квалификациите вклучената непосредна строга проценка во структуирањето на професиите, условила одреден обем на приближување на концептите (Мерле и Бертланд, 1993, стр. 42). Некои процедури се ставени под знак прашање, на пример, бројните клаузули наметнале во високото образование предмети како медицина, во различните земји членки, професионалните квалификации се базираат врз практика или мешање на квалификации и работното искуство. Како и во други подрачја на европската социјална политика, растечката важност на принципот на субсидијарност и отпорот на Унијата да донесат закони ја охрабруваат промената наспроти идејата на идентификување општи европски стандарди, како во здравствената заштита и заштита при работа, кои можат да послужат како појдовни точки, независно од разликите во националните образовни системи.

Свесноста за образовната пракса и обука во други земји членки несомнено се зајакнува, но тука, исто така, не е можно да се истакне дека големото крос-културно знаење и меѓусебно признавање неопходно резултира во меѓусебно доближување на системите за образование и обука. Соодносот на населението кое е вклучено во високото образование најверојатно е во пораст во Унијата, и образовните можности за жените, главно, се подобруваат,

но нема убедлив доказ кој ќе покаже дека овие промени можат да бидат припишани на законодавството на Унијата и програмите за акција.

Од средината на 90-тите консензусот изгледа се појавува меѓу земјите членки, како што е известено во Белата книга на европската социјална политика, за потребата од подобра соработка меѓу системот за образованието и стручната обука и за поблиско здружување на социјалните партнери преку форма и реализирање на обука. Советот реафирмирал дека системот на националната квалификација треба да се развива со меѓусебно доближување, но не и хармонизација во линии на ниво наУнијата со цел да го поддржат слободното движење на луѓе на транспарентна и практична основа (1.13, стр. 15).

(Превод од англиски – *Дивна Лакинска – Поповска*)

# ДЕФИНИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА СЕМЕЈСТВО (СЕМЕЈНА ПОЛИТИКА)

Бидејќи дефинициите за семејство се многу и разновидни, тешко е да се постигне согласност во врска со дефинирањето на политиката за семејството. Во 70-тите е објавена студија за политиката за семејството во четиринаесет земји, четири од кои биле членки на Унијата од раните 1990-ти, каде Sheila Kamerman и Alfred Kahn (1978, стр. 3) ја предложиле широката, сеопфатна дефиниција: „сè што државата прави на и за семејството". Извештајот од Европските посматрачи за Националната семејна политика, во текот на 1989-90 (5.5., стр.9) прифатија слична широка дефиниција на семејната политика, опишувајќи ја како мерки усмерени кон инфлуентност на семејството", но ги исклучува ненамерните резултати за семејството од мерки имплементирани во други подрачја. Семејната политика може да биде проучувана како вкупност на цели и мерки кон кои тежат градителите на политиката со цел да осигураат ефикасност на семејството како социјална институција. Во ова поглавје се проучуваат рановидни приоди кон градењето семејна политика, со осврт на организационите структури и цели и инструменти користени во имплементацијата.

## *Стилови на градење политика на семејството*

Се прават различни обиди во категоризирањето на државите во согласност со нивните стилови во градењето на семејната политика. Kamerman и Kahn (1978) ги разликувале државите во зависност од тоа дали имаат експлицитни или имплицитна семејна политика. Под експлицитна семејна политика тие ја подразбираат сеопфатната семејна политика, како показатели ги наведоа примерите од Франција, Скандинавските Држави (не се членки на Европската унија), Унгарија и Чехословачка. Земји со експлицитна но тесно фокусирана семејна политика, во зависност од нивната дефиниција, ги вклучува Данска и Германија, исто како и Австрија, Полска и Финска. Земји без експлицитна

семејна политика и кои оделе до таму дури да ја отфрлаат идејата на таква политика биле илустирани во Велика Британија, Канада, Израел и САД.

Друга верзија на оваа категорија е применета од државите членки од Европската унија од страна на Franz Schultheis (1990, стр. 74), но без идентификување на државите кои припаѓаат на секоја група. Тој забележал неколку земји со долга традиција на експлицитна, со далек дострел и врз основа на закони градена семејна политка. Во оваа категорија семејната политика често се манифестира како специфична и автономна гранка на социјалната заштита, главно заснована на редистрибутивни принципи, базирани на висок степен на социо-политичка контрола врз семејните работи, барајќи одговор на широк ранг од потреби. Во втората група, Schultheis ги сместил земјите кои вршеле поимплицитна семејна политика, водејќи грижа за семејните потреби, но без постоење на автономно подрачје на семејната политика. Користените методи се поселективни и немаат глобална кохерентност. Во третата групација се наоѓаат земјите карактеризирани како поседувачи на негативна семејна политика. Нивните влади често несакаат да интервенираат во семејниот живот, не тежнеат да имаат семејна политика, но во исто време вршат активности кои веројатно имаат влијание на семејствата.

За средина која гради семејна политика е мошне значајно разбирањето на ставот *зошто* и *како* целите на политиката се формулирани и имплементирани и така што имаат индикација за подобност во системите за класификација, исто како оние во државите членки. Еден критериум што владата го применува во семејната политика е прашањето дали државите назначуваат министри со ресор за семејни работи, или не релативната важност на овие министри во владата, но и како семејната политика е финансирана и организирана.

Во најголем број земји членки должноста за семејната заштита и детските додатоци обично ја врши министерство за социјална политика, социјална сигурност или социјална заштита, како во Белгија, Франција, Ирска и Велика Британија или тоа е вклучено во заедничко министерство за труд, како во Германија, Италија, Холандија, Португалија и Шпанија. Во Данска тоа припаѓа кружно во повеќе министерства и тоа на Министерството за даноци и обврски како и на министрерството за социјална политика, додека во Грција тоа е покриено од страна на Министерството за труд. Само Германија и Луксембург имале назначено Министерство за семејни работи во 1993. Најголем број француски влади во текот на повоениот период имале Министерство за млади со одговорност и за семејството, често приклучено кон социјалната работа. Во Белгија, Франција и Луксембург специјализирани агенции управуваат со фондовите за семејства. Начините на финансирање и дистрибуирање на семејната заштита и детските додатоци претставуваат понатамошен показател на националните приоди кон процесот на градење политика во ова подрачје. Во

најголем број земји членки каде системите за социјална заштита се базираат врз принципот на осигурување, семејната помош, е сфатена како дел од платниот систем и од придонеси од вработувања што биле основните или единствените извори за финансирање. Само во неколку случаи вработените не плаќаат придонеси, како во Белгија, Франција, Италија и Луксембург и во последните три земји се воведуваат разновидни субвенции за да го олеснат теретот на работодавачот. Во Грција, Португалија и Шпанија работодавачите и вработените даваат придонеси и државата обезбедува субвенции во Грција и Шпанија. Финансирањето е единствено или главно од државата во Данска, Германија, Ирска, Холандија и во Велика Британија со што се крши директната врска со вработувањето.

Овој пример покажува, сугерира дека методот за финансирање не може сам по себе да биде објаснет како релиабилен индикатор дали државата во некоја земја има повеќе или помалку добро развиена или дарежлива семејна политика. Ниту фактот дека во некои земји додатоците претставуваат интегрален дел на социјалната заштита и се финансирани од страна на работодавачите, и во некои случаи од вработените, не покажуваат вклучување на државата. Често тоа влијае на потеклото на семејните додатоци како дополнување на платите, традиција која сосема не е напуштена со воведување на системите за социјална заштита.

## *Цели на семејната политика*

Една од причините кои беа сугерирани на почетокот од ова поглавје кои објаснуваа зашто Унијата не изградила своја сопствена семејна политика беше проблемот на постигнување консензус на целите. Целта и консеквенциите на семејната политика можат, како и другите подрачја на политика, да бидат манифестирани или латентни, директни или индиректни меѓусебно конзистентни или неконзистентни.

Во текот на повоениот период, владите од земјите членки формулираа сопствени цели на семејна политика во согласност со нивната политичка идеологија, нивниот приод во одредувањето на политиката и како одговорност на нивната интерпретација за потребите на семејствата во контекстот на променливата економска и социо-културна клима.

Неколку земји, може да се рече имаат целовити кохерентни цели на семејната политика. Недоследноста може да се објасни со големата рашireност на потенцијални конфликти на потребите кои градителите на политиката треба да ја имаат во предвид. Политиките формулирани во други подрачја, како на пример во здравство, образование или вработување, веројатно имаат влијание врз семејството и може исто така да доведат до конфликти во целите. На

пример, политиките кои се усмерени кон заштита на традиционалните семејни структури може да бидат во судир со другите кои се усмерени кон барање еднаквост на можностите (Land и Parker, 91978, со референција на Велика Британија). Политиката за семејството може, спрема тоа, да предизвика поделба на погледите за фундаменталните прашања кои може да имаат како ненамерни така и промислени ефекти врз поединецот и семејството. Бидејќи ресурсите никогаш не се бескрајни, избори мора да се прават со можност за вклучување на моралните расудувања. Овие конфликти на интересите покренуваат бројни прашања. Дали политиките би се концентрирале на подршка на семејства од типовите на традиционално семејство, тоа се брачните партнери и нивните законски потомци, или дали тие би признале и институционирале нови форми на семејство, така на пример како кохабитацијата и вонбрачното родителство?

Со други зборови дали тие би се обиделе да стимулираат промена или да одат во чекор со тоа? Дали во овие исти рамки градителите на политиката би барале да влијаат на големината на семејството или пак на тајмингот на раѓањето на децата? Дали семејната политика би се применила универзално на сите семејства или дали тоа би делувало како форма на социјална солидарност и, со селективност да се помогнат само семејства во најголема потреба? Дали вниманието би се фокусирало повеќе на поединци отколку на семејните заедници? Дали жените би се поттикнувале да седат дома, да се грижат за малите деца или дали државата би создавала погодности кои ќе ја поттикнат жената да го комбинира вработувањето надвор од домот со одгледувањето на децата?

Во текот на повоениот период три главни цели на семејната политика се прифатени од земјите членки, рефлектирајќи на различни образложувања подредени на нивните политики за социјална заштита и нивните обиди да се справуваат со овие прашања, а тоа се: дистрибуцијата на платите, пронатализмот и еднаквите шанси. Некои земји членки ги реализираат сите овие цели, дури и со различни нагласки во зависност меѓу другото од политичката идеологија на помошните земји.

Најголем број земји тежат кон семејна политика во смисла на редистрибуција на доходот, било хоризонтално од индивидуите или брачните парови без деца до оние со деца, или вертикално од оние со високи доходи, до оние со ниски доходи, често целејќи на семејствата во најголема потреба. Во многу случаи и хоризонталната или вертикалната редистрибуција се правела, но значаен акцент се става на помошта на деца во ризик во согласност со политиката центрирана кон детето во 90-тите. Настојувањата за спречување на трошоците во економска смисла, каде младиот човек останува зависен од

своите родители до повозрасните години може исто така да го поттикне насочувањето на бенефициите.

Некои земји се грижат за порастот на наталитетот и тежат кон преземање иницијативи кои ќе ги охрабрат брачните парови да имаат поголеми семејства. Франција и Белгија тежеа кон оваа цел. Во нивните семејни политики во текот на повоениот период и немаше противење во изградбата на нивните експлицитни, пронаталистички цели. Велика Британија и сè до летото на 80-тите Федерална Република Германија, се примери на земји кои избегнаа да го разгледуваат формирањето политики кои можат да се интерпретираат како поттикнување на порастот на населението поради нивната експанзионистичка конотација.

Друго подрачје на растечки интерес, кое е тесно поврзано со семејната политика, а во некои земји, на пример Данска и Франција, претставувало негов интегрален дел, е социјалната заштита на жената. Донесена е одредба за заштита на нивните права како мајки и работнички, било истовремено или последователно, нивниот пристап на пазарот на трудот и овозможување на еднакви можности на вработување и во своите домови преку порамноправна дистрибуција на трудот (испитано во глава 6).

Без оглед на нивните останати цели, една цел се наметнува од земјите членки на Европската унија, а тоа е желбата да се прави политиката попресметана, делотворна и отворена јавна заштита, која се карактеризира со цврста регулатива и поголема контрола на национално ниво.

## *Инструменти на семејната политика*

И покрај разликите и колебањата во целите на семејната политика во земјите членки, многу од користените инструменти се исти. Слични мерки на семејната политика можат понекогаш да се сретнат во постигнувањето на различни цели, или тие можат да бидат адаптирани да задоволат специјални услови кои се однесуваат од една земја на друга. Инструментите на политката можат исто така да бидат користени без поверлива евиденција.

Што се однесува до експлицитни политики, Kamerman и Kahan (1978) подразбираат проучени мерки или инструменти, такви како детска заштита, детскиот додаток, даночните бенефиции, додаток на плата, одредена заштита во домаќинството, специфично усмерни на семејството, исто како и политики кои имаат влијание на семејството дури и ако поставената цел не е семејната благосостојба. Европските посматрачи на националните семејни политики ја исклучија оваа последна категорија од мерките на семејната политика, иако тие беа избрани за посредување во подрачјата на политиката, такви како домаќинството, кои не се задолжително вклучени во семејната политика. Во

извештаите, цели на Посматрачите меѓу другото се и изградба на мерки поврзани со заштитата на здравјето на жената на работното место, иако тие се одредени да помагаат на жената како мајка, но ако нивната цел е да ја заштитат жената како поединечен граѓанин и работник, тие припаѓаат на здравствената политика и се намалени Имплицитните семејни политики на Kamerman и Kahn се поврзани со владините активности кои имаат индиректни или непредвидливи консеквенци за семејството, како на пример, емиграционата политика. Една студија, подготвена од Германското владино министерство за семејство и стари, за семејната политика во дванаесет земји членки ги проучуваше сите овие подрачја, освен емиграцијата, и исто така го вклучи образованието и стручната обука, грижата за стари лица и мерки за надминување на сиромаштијата (Nenbauer и др. 1993). Во една меѓународна компаративна студија за поддршка на детето, од страна на Унијата за истражување во социјалната политика (Bradshar и др.1993) се вклучени даночната помош во однос на детската заштита, домаќинството, здравствената заштита и сервисите за редуцирање на услугите на цената на школување и предучилишна заштита.

Со земањето во обзир на овие подрачја, сите земји членки се согласиле да ги имплементираат и експлицитните и имплицитните мерки, дури ако тие немаат претензија да тежнеат кон промислена семејна политика, но опсегот и природата на вклученоста на државата значително варираше од една земја членка кон друга, како што беше погоре претставено, во случајот на семејна помош или детски додаток, одредбите за самохрани родители и помош од порезот на доход.

Иако во неколку земји државата обезбедува извесна поддршка на трошоците во домаќинството, само во Франција е направена експлицитна врска меѓу семејството и домувањето со давање на додатокот за домување и социјално домување како интегрален дел на семејната политика во социјалната заштита во шема администрирана од страна на Caisses des Allocations Familiales.

Додатоците за хендикрепирани деца не се сметаат како интегрален дел од семејната политика во Данска, Германија, Холандија и Велика Бриганија. Сите земји членки, сепак , водат грижа за промените во семејната структура и за деинституционализација на заштитата не само за децата, туку исто така и за старите лица и инвалидите.

## *Влијанието на јавната политика врз семејството*

Демографите, политиколозите, економистите и социолозите, особено во Франција, имаа долги дебатирања во смисла дали јавната политика влијае на демографските трендови и особено на структурата на семејството. Некои

укажуваат на очигледното меѓусебно зближување на демографските индикатори, покажувајќи пад на фертилитетот и стапката на склучени бракови, порастот на бројот на вонбрачни деца и разводи и пораст на стапката на женската економска активност во сите земји членки, кои во отсуството на хармонизирана семејна политика може да сугерираат непостоење на директна причинско-последична поврзаност меѓу градбата на политиката и семејството. Многу посматрачи и градители на политиката ја отфрлија идејата дека семејната политика користена како популациона политика може да има ефект на демографските трендови. Тие укажуваат пред сè на повлекување во корист на редистрибутивните ефекти на екстензивните мерки на семејната политика. Од оваа гледна точка, флуктуацијата на наталитетот поверојатно се припишува на економските фактори и пространите културни и социјални сили.

За другите коментатори, диспаритетот во демографските трендови меѓу државите членки може да се припише на разликите во политиката. Во овој случај се претпоставува дека политиките формулирани од земјите членки се базирани на исти цели, имплементирани со употреба на исти инструменти на политиката и произведуваат исти ефекти, без обзир на општествената средина.

Во ова поглавје политичката мотивација која произлегува од политиката за семејството покажува разлика од еден социо-културен контекст до друг. Споредувањата меѓу државите членки произведуваат недвосмислен заклучок за влијанието на семејството врз јавната политика, при што се вклучени и финансиските иницијативи . Чистиот резултат од заедничкото вклучување на додатоците и диференцираните исплати во комбинација со даночните олеснувања покажуваат дека просечните доходи се зголемуваат во различни износи од една земја до друга. Најголемиот пораст во семејниот приход со раѓање на првото дете е во Данска, следена од Белгија. Италија покажува помал пораст, за семејство со две деца Франција е на врвот на листата, следена од Белгија, со Данска која е позади, но во исто време пред другите земји членки. Ирска прави најмал додаток на платата во семејствата со две деца. Ранг листата е иста со три деца, но разликите меѓу најголемиот и намалку дарежливиот придонес е дури позабележителен: Франција е далеку најдарежлива држава, повторно следена од Белгија; Луксембург и Данска која заостанува многу позади нив, и Ирска повторно се разликува, покажувајќи ниски бројки. Португалија и Италија константно се на ниско ниво, со Германија и Грација, Холандија и Велика Британија во средна позиција (Neubauer, 19933 сстр.300-2).

Компаративни податоци од Шпанија не ни се на располагање, но во отсутност на универзалниот семеен додаток и давањето мал износ за социјална грижа, изгледа веројатно дека Шпанија би се рангирала дури подолу од Ирска.

Кога е земен во предвид пакетот од материјална помош исплатен на специфичните семејства кој е со различна големина и состав, и во комбинација со други форми на помош во кои се опфатени пореските надоместоци, трошоци за домување, здравствена заштита и образовните услуги, слична ранг листа може да се направи: Белгија, Франција и Луксембург, обезбедуваат најдарежливи пакети на детски додатоци, следени од Данска, Германија, Холандија и Велика Британија. Семејствата во Грција, Ирска, Италија, Португалија и Шпанија примаат пакети со најмали износи (Bradshaw и др. 1993, стр. 265).

Бидејќи упатувањето на семејството во уставите на државите и постоењето на соодветна министерска функција, може да изгледа дека содржи во себе тежнение на државата да постигне високо ниво на семејна политика, оваа претпоставка не е подржана недвосмислено со информацијата за начинот по кој трансферот на плаќањата се финансира и дистрибуира. Користејќи ја целата серија на критериуми погоре анализирани, влијанието на семејната политика во земјите членки може веројатно да биде најдобро опишана во однос на континуитетот, со осврт на системите на класификација, користени од Kamerman, Kahn и Schnltheis. Белгија, Франција и Луксембург изгледа би се ставиле во категорија на земји со експлицитни и релативно кохерентни семејни политики. Кога разновидните критериуми се разгледувани заедно, Франција се јавува како земја која доследно дава висок профил на семејството, флуктуирајќи меѓу сите три типа на цели, погоре истакнати. Случајот со Белгија и Луксембург е исто така убедлив. Обете земји обезбедуваат универзални семејни додатоци без разлика на примањата и како што е во Франција, семејната заедница е силно фокусирана на политика. Данска, Германија и Холандија може да бидат класифицирани како помалку експлицитни, семејно ориентирани политики. Додека Данска е лидер во однос на провизии за детската заштита и породилното отсуство, сепак главниот фокус на внимание не е семејната заедница но пред сè потребите на децата и рамноправноста на половите. Германија го вовела во својот Устав поддржувањето на семејството и поставила служба на министерско ниво за семејни работи. Даден е приоритет на брачните семејства, но системот за дистрибуција на трансфер исплатите, не ја става Германија меѓу земјите кои даваат најдарежлива помош на семејствата со деца. Наспроти недостатокот од формалното признавање на должностите на државата кон семејството, Холандија ги помага не само брачните семејства туку исто така нивните поколенија како фундаментална социјална вредност, иако од раните 90-ти се јавила маркантна промена кон индивидуализацијата на правата и самопомошта, пропратена со поголема разновидност и плуралистички пристапи.

Велика Британија обично припаѓа на категоријата земји кои внимателно тргнуваат кон редуцирање на снагата на државата со зајакнување на одго-

ворноста на семејството, со ефект, тоа е докажано, дека државата може да ги оптерети семејствата и да креира негативно влијание (Taylor-Gooby, 1991, стр. 46-8). Компарациите кои не се ограничени во анализирањето само на директни форми на интервенција или изјавите на јавната политика, сугерираат дека државната помош на семејствата во Велика Британија, разбирливо може да биде поголема отколку што понекогаш се признава и е базирана на претпоставки за примерите на одговорност и зависност во бракот и семејството (Land и Parker, 1978, стр. 331-2). Од раните 1990 семејството беше во програмите на сите политички партии (Wicks, 1991, стр. 48) сугерирајќи подиректен интерес.

Права за семејството се внесени во Уставите на Грција, Ирска, Италија, Португалија и Шпанија, но заедно со Велика Британија тие се рангираат како земји членки кои изгледа имаат релативно помалку кохерентни или обемни семејни политики. Португалија е земја каде државата признава дека таа има должност да ги помага семејствата, но е превенирана од економските околности во тежнението за активна и интервентна семејна политика. Меѓугенерациските семејни мрежи продолжуваат да бидат главни извори на помош. Ирска и другите западноевропски земји се во слична ситуација; тие не се незаинтересирани за семејството како социјална институција, но тие не се во состојба финансиски да формулираат и имплементираат кохерентна семејна политика. Во фокусот во Ирска се примерно семејствата во потреба, повторно веројатно повеќе поради финансиските тешкотии отколку поради идеолошки причини, во таа смисла се истакнува фактот дека се во пораст владите кои даваат поголем приоритет на семејната политика отколку пораст на трошени средства на социјалната заштита, додека скоро сите други земји членки го редуцираат размерот на социјални трошоци посветени на оваа буџетска ставка (5.11, табела 3).

Во средина на контрастите и конфликтите кои резултираат од рапидните социјални промени, семејната политика во Шпанија се потпира на помошта обезбедена со традиционалното три генерациско семејство, и обидите да се излезе на крај со растечките социјални проблеми пропратени со самохраните семејства. Грција, исто така, ја задржува традиционалната семејна структура, но недостасуваат потребни средства за обезбедување глобална кохерентност во нејзиниот систем на социјална заштита. Наспроти приврзаноста кон семејството во својот устав, Италија, како во Велика Британија се стреми да смета дека семејниот живот е приватна работа и го концентрира вниманието на семејствата во потреба.

Цела низа од социо-економски и политички фактори треба да бидат земени во предвид во проценувањето на можните влијанија од семејната политика: во согласност со економските и демографските притисоци и широката рамка на социјалната политика и на национално и на европско ниво, поврза-

носта меѓу јавниот и приватниот сектор и на методите за правата на државјаните и правата за вработување, солидарност и концепирањето на повторно разделена правда, се концептуализирани и сите тие можат да влијаат на примери остварени од една до друга земја членка. Семејната политика поради тоа обезбедува интересен пример за комплексноста на процесот за градење политика и грешки во координацијата на политиката во Унијата, правејќи дури меѓусебно зближување на целите, при што и многу тесно дефинирање, изгледа може тешко да се достигне.

(Превод од англиски – *Дивна Лакинска – Поповска*)

# ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА СТАРЕЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Сите земји членки на ЕУ мораат да се соочат со пораст на нивото на јавната потрошувачка за пензиите, здравството и социјалната заштита, која е условена од растечката пропорција на популацијата, бидејќи поквалитетните животни и работни услови и подобрувањето на социјалната заштита придонесуваат за продолжување на животниот век.

Законски, старост за пензионирање се смета генерално на 60 или 65 години. Пензиски шеми прогресивно се воспоставуваат на сите категории на пензионирани работници и нивните брачни партнери, зголемувајќи го порастот на бројот на економски неактивното старо население. Наспроти долгото задолжително школување и широкиот развој на стручното образование, состојбите со падот на наталитетот и поголемите животни очекувања, како и поттикнувањето за пензионирање го поместија балансот на нивото на независност од млади кон стари, а со тоа и растежот на оптеретеноста на работно активното население. Во ова поглавје се проучуваат различните концепции за стареењето и различниот одраз на процесот на стареење во земјите членки на ЕУ.

## *Демографското стареење како социјален проблем*

Меѓу 1960 и 1990 година бројот на луѓе постари од шеесет години, во земјите членки порасна за скоро 50%. На почетокот на 1990 година, скоро близу 70 милиони луѓе на 60 години или постари, претставуваа околу една петтина од вкупното население. Демографите предвидуваат дека, од средината на осумдесеттите (1980), стапката на смртност во земјите членки би опаѓала многу бавно, и во отсуство на нови бранови емиграција или неочекуван пораст на стапката на наталитетот, населението во земјите членки би престанало да се зголемува. До 2000 година старите луѓе според тоа би се очекувало да сочинуваат повеќе од 20% од населението, со пораст од 25% до 2020 година (Walner, 1993a, стр.12). Последиците од демографското стареење, дефинирани

како пораст во пропорцијата на стари луѓе во вкупната популација, поставуваат прашање на социјалната политика за Унијата со бројни економски и социјални причини. Додека високата стапка на прираст, ниските животни очекувања и отсуството на законска пензионерска возраст условуваат многу земји од Третиот свет да имаат големи пропорации на млади издржувани членови на семејството и релативно поголем број стари неактивни луѓе во положба од социјална потреба, работоспособното население во развиените индустриски земји мора да ги задоволи потребите на бројните стари неактивни луѓе кои се во голем број корисници на социјални услуги. Во таа смисла, сите земји членки на Унијата, може да се каже, страдаат од проблемите поврзани со населението што стареe. Од кога младите лица станаа исто така големи корисници на услуги, на такви како образованието, здравствените и семејните бенефиции, секој пад на наталитетот причинува некои ублажувања од краток и среден рок. На подолги релации, сепак, економските и социјалните трошоци за старо население се претпоставува дека ќе бидат поважни од кои било погодности кои можат да се насоберат првично. Бремето со поддршката на овие две популациони групи на зависници, исто така се однесува различно: додека семејствата се соочуваат со големи издатоци за подигање на децата, оние поврзани со грижата за старите луѓе се главно поддржани од општеството. До времето кога тешкотиите околу грижата за старите лица по годината 2000 станува најакутна, пресметано е дека која било заштеда од подигањето на помал број млади луѓе, ќе биде проширена.

Некои набљудувачи (како на пример Bourdelais, 1993) истакнувал дека загриженоста за стареењето на населението може, во некои аспекти, да доведе до заблуда. Статистичарите, мерејќи го демографското стареење во услови на пораст на пропорцијата на старите луѓе во вкупното население, генерално сметаат дека староста почнува во шеесетите години од животот. Тие не водат грижа за биолошкиот феномен на индивидуалното стареење. Билошкото или физичкото стареење на индивидуите сега се јавува на многу постара возраст отколку што беше пред пола век: да бидеш во шеесетите години во 1990 е многу различно од тоа што било во 1920 или 1930-тите. Возраста кога се мери само според календарска возраст може да биде невистинита како индикатор за социјалните и психолошките потреби. Се одложува возраста на која старите луѓе се подложени на страдање поради неспособност и немоќ. На возраст од шеесет години, мажите во земјите членки, може да очекуваат да живеат следните седумнаесет до деветнаесет години, додека жените следните дваесет и една до дваесет и четири години. Додека напредокот на медицината го прави несомнено можно продолжувањето на животот на старите лица со инвалидитет, голем процент од населението кое ја достигнува шеесеттата година може да очекува да ужива многу повеќе години во добро здравје.

Мажите, поради разновидните вклучености во вооружени конфликти и помногубројните случаи на здравствени ризици условени со пушење, алкохол, сообраќајни несреќи и индустриски опасности, ги прават жените над репрезентативни меѓу старите во сите земји членки, и тие како штостареат бројно ги надживуваат мажите. За целата Унија, меѓу возрасните од шеесет и шеесет и девет години, жените преставуваат 50 до 55%; по осумдесет и петтата година тие се скоро 70% од нивната возрасна група.

Нискоста на годините за одење во пензија и големобројната долговечност условуваат различни категории на стари луѓе: млади стари или трета возраст, од педесеттата до седумдесет и четвртата година, и како што понекогаш се нарекува четврта доба за оние на возраст над седумдесет и пет години. Помладите стари се главно со добро здравје и способни да ја уживаат релативно дарежливата пензија, особено ако тие активно придонесувале во текот на нивниот работен век во професионалната шема, гарантирајќи им висок процент од минатите заработувачки. Од старите луѓе во четвртата доба се повеќето се жени, борејќи се со опаѓањето на здравјето и осамениот живот, во сиромашни домашни услови, со ниски примања определени со минимум државна пензија. Четврина до една третина од оние на возраст од седумдесет или повеќе години имаат здравствени проблеми кои бараат некој вид секојдневна помош на основа. Сразмерот на тешко неспособни луѓе на возраст над шеесет и пет години е под 10% и расте со околу 30% за оние на возраст од осумдесет години или повеќе.

## *Национални разлики во демографското стареење и возраста за пензионирање*

Процесот на стареење нема иста стапка или ист обем во Унијата. Земјите, како Германија, кои почнале да го редуцираат наталитетот во раната фаза, додека просечниот човеков век растеше рапидно поради високите стандарди на живеење и поради здравствената заштита, биле меѓу првите кои морале да се борат со проблемите од релативно голем сразмер на стари луѓе. Земјите каде повоениот брз пораст на наталитетот продолжи во средните до доцните 60-ти, и кои имаат одржано повеќе висок отколку среден наталитетот, на пример Франција и посебно Италија, не ќе чувствуваат полн удар од стареењето на нивното население и по 2000-тата година. Во раните 90-ти години Белгија, Велика Британија, Италија, Ф.Р.Германија и Данска имале најголеми сразмери од нивното население на возраст од 60 години, додека Ирска, Холандија, Портулагија и Шпанија имаат најмладо население. Грција, Германија, Данска и Велика Британија имаат најголем размер на луѓе на возраст

над 80 години. Поради националните разлики во животните очекувања меѓу половите, жените сочинуваат особено голем размер од население на возраст над осумдесет години во Белгија, Франција, Германија и Велика Британија. Балансот по пол е поизедначен во Грција.

Разликите во демографското стареење не се рефлектираат непосредно на возраста за пензионирање низ земјите членки. Во раните 90-ти години највисоката возраст за пензионирање, со шеесет и седум години за обата пола, беше во Данска, која немаше најголем просечен животен век како за мажи така и за жени. Во Белгија, каде размерот на населението на возраст над шеесет години беше меѓу најбројните во Унијата, возраста на пензионирање беше флексибилна, со можност за продолжување на вработувањето меѓу возраста од шеесет и шеесет и пет години. Во Германија, каде размерот на популацијата постара од осумдесет години беше најголема во Унијата, законската возраст за пензионирање беше во принцип шеесет и пет години. Португалија во 1994 година ја изедначи возраста за пензионирање на шеесет и пет години за мажи и жени. Најниската возраст за пенионирање во Унијата беше во Франција, каде имаше особено висока стапка на просечниот среден животен век, и Италија каде средниот животен век беше над просечниот: возраста за пензионирање беше на шеесет години подеднакво и за мажи и за жени во Франција и за мажи во Италија и на педесет и пет години возраст за италијанските жени. Наспроти подолгиот животен век за жени, исто така различна возраст за пензионирање се применува за мажи и жени во Грција и Велика Британија.

Во раните години на 80-тите, размерот на работната сила која се приближува до пензионирање беше уште релативно мала, бидејќи повоениот бум на наталитет генерација, сè уште не ја достигнува потребната возраст. Со приближувањето кон дваесет и првиот век, земјите во кои вработените стекнуваат право да почнат со примање на нивните пензии на релативно ниска возраст, или кога населението стареe најрапидно, во демографска смисла, и каде ефектите од рецесијата ги зајадуваат резервите, се соочени со проблемот како да го финансираат рапидно растечкиот број на пензионери, што ќе се јави за многу долг период. Од доцните осумдесетти (1980) потрошувачката за старата возраст беше најголемата ставка од јавната потрошувачка во социјалната заштита во скоро сите земји членки; само Португалија, Германија и Ирска трошат повеќе во здравството. Во Грција и Италија за старата возрат се троши педесет проценти или повеќе од целокупната потрошувачка на социјалните бенефиции. Во текот на 80-тите таа растеше насекаде освен во Германија и Ирска. Потрошувачката за инвалидност и неспособност беше значително ниска во сите земји членки, освен во Холандија каде таа изнесуваше повеќе од две-третини од средствата за старите лица.

Бидејќи законската возраст за пензионирање, во многу земји, не се сметаше според физизичката и менталната состојба на индивидуата, освен кога предвременото пензионирање е сторено поради здравствени причини, возраста избрана да го означи крајот на работниот век е детерминирана повеќе од политички причини отколку врз основа на способноста за работа. Парадоксално, во најголем број земји членки во 80-тите законската пониска возраст за пензионирање имаше идеолошки основи (како во Франција) и раното пензионирање беше поттикнато кон реализирање вработувања, во време кога биолошки, социјално и економски тоа можеше да биде пологично земајќи го во предвид одлагањето на крајот на работниот век.

Во практиката, сепак, законската возраст за пензионирање претставува само водич до податоците за лицата кои се подобни да почнат да добиваат државна пензија. Стапката на економска активност глобално почнува да опаѓа десет години пред законската возраст за пензионирање, во однос на фазите на пазарот на трудот, што исто така не мора да биде рефлексија на способноста за работа. Од раните 90-ти во Белгија, Франција, Германија, Луксембург и Холандија, само еден од три или четири стари вработени имал право на старосна пензија, директно на престанок на вработувањето (Buillemarb, 1993, p.74). Така, периодот на економска активност бил редуциран, создавајќи многу поголем број лица зависни од предвремено и потоа на полно пензионирање и на старосни пензионирања што можело, во некои случаи, да биде скоро онолку години колку тие поминале во работа.

## *Формални и неформални одредби за стари и инвалидизирани лица*

Наспроти државната цел во ЕЕЦ Договорот за воспоставување хармонизација на националниот систем за социјална заштита, Унијата не ги користи своите законски сили да елиминира некои од најзабележливите дискрепанци во формалните национални одредби за стари и инвалидизирани лица.

Откако условите на женската неконтинуирана работа и работа со неполно работно време, ги ставија нив во неповолна состојба во системите каде правото на пензија се базира на работниот стаж, и откако се со поголема веројатност да живеат подолго во староста отколку мажите, еднаквите можности за пензионирање се важно прашање во пензионирањето исто како и за време на работниот век.

Иако, некое заемно приближување може да се јави со текот на времето како аранжмани на социјалната заштита, кои се адаптирани за да условат промени на социоекономските услови, присутни се големи разлики во ова

подрачје на социјалната политика. Токму поради тоа што неколку модели на социјална заштита можат да се идентифицираат во Унијата и тоа: аранжманот за старото доба, старосната пензија и инвалидската пензија, додатокот за неспособност и негување, можат да бидат анализирани во однос на различните национални пристапи.

## *Заштита на доходот*

Континенталните земји кои го следеле корпоратистичкиот или конзервативниот модел на социјална заштита, кој се воспоставил најнапред во Германија, ги базира нивните пензиски шеми врз принципот на чување на доходот, финансиран од работодавците, работниците и државата. Иако, Белгија, Франција и Италија воспоставија оригинални шеми за старосна пензија, користејќи субвенционирање на волонтерското осигурување, тие подоцна ја усвоиле германската професионална шема, правејќи го пензиското осигурување задолжително. Во оваа творба на индустриското достигнување или моделот на заштитени плати (Ginn и Arber, 1992 п.259), социјалните потреби се среќаваат во размер со работната изведба. Основните инвалидски додатоци, инвалидската и старосната пензија се во соднос со платите, осигурувајќи работници со највисоки плати од заработувачките, да продолжуваат да примаат повисоки бенефиции кога тие го прекинуваат работењето. Системот ја има слабоста што оние кои не заработуваат и оние кои имаат многу ниска заработувачка се во основа исклучени и можат само да добијат право само на издржуван член во семејството.

Разликите кои се јавуваат во „Континенталниот модел на чување на платата", како полна пензија, која се исплаќа како пропорција од платата (60% во Белгија, 50% во Франција), може да се реализира со минимален број на години работен стаж. Тоа може исто така да се базира и на максимум плати, како во Франција, или да произлегува од калкулациите на просечните плати како во Белгија, Германија и Луксембург или на платите на завршните години од работниот век како во Италија. Како дополнение на основните пензии, Франција и Италија реализираат задолжителни работни шеми, кои се доброволни во Белгија, Германија и Луксембург. Во земјите кои значително се потпираат на пензиските шеми зависни од платите, лицата кои се спречени да работат поради семејни одговорности или инвалидност, не можат да стекнат право на примање полни пензии, ниту да достигнат високо ниво на плата што ќе им гарантира пристојна пензија по пензионирањето, само во случаи ако тие добијат специјални додатоци. Овој проблем бил признат во германската шема каде жените биле претставувани како сопруги и принудени да останат дома за да се грижат за домот и за нивните деца. Осигурителни кредити можат да бидат

побарувани за периоди надвор од пазарот на трудот во образованието, невработеноста и болеста. Тие можат, исто така, да стекнат добивка за периоди поминати во одгледување на мали деца и во аранжманите за поделба на пензијата по развод, што значи дека жената добива извесна компензација поради неучествувањето во пензиските придонеси. Во 1995 година во Германија беше воведено ново задолжнително државно осигурување за да ги покрие потребите за грижа за старите или инвалидизираните лица. Овие додатоци за грижа можат да претставуваат подобрување на финансиските трошоци и како противтежа на предвременото повлекување од пазарот на трудот.

## *Основна заштита*

Земјите членки со социјалистички или социјал-демократски управувања во социјалната политика, првично обезбедувале основна државна пензија за сите граѓани без разлика на нивниот минат труд, финансирана од основното опорезување и само со мала врска со платите. Данска беше една од првите земји членки која воведе шема за старосна пензија во 1891. Данската шема била базирана на многу поразличен принцип од оној во Германија: тој бил исклучиво финансиран од порезите, со права на основ на државјанство. Во зависност од потребите биле ангажирани сервиси за проучување на имотната состојба. Истиот принцип бил применет и за инвалидските пензии. Постепено во текот на повоениот период, принципите за помош со проучување на имотната состојба биле заменети со фиксни стапки на пензиската основица, со мал придонос на минималната пензиска шема. Од раните 1990-те години полна пензија со фиксна стапка беше исплаќана на сите граѓани постари од 67 години и ако се 40 години државјани. Ова беше дополнето од шемата за задолжителен работен однос, за сите вработени кои работат повеќе од 10 часа неделно. Дополнителните пензии биле финансирани од работодавците и придонесите од вработените со редуцирана стапка за оние со скратено работно време, но исплатите биле повторно на фиксна стапка. Приватните пензии од работен однос биле користени од околу половина од сите вработени и претставувале дополнителен приход во староста за околу една третина пензионери. Откако приватната шема била распространета кај најголем број работници, сразмерот на корисниците ќе порасне значително во идните години, особено за оние вработени кои се блиску до пензионирање. Основниот модел на заштитување имаше предност што ги охрабруваше жените да остварат адекватни пензии врз основа на нивните сопствени права, додека необзирноста за работниот стаж во универзалната пензиска фиксна стапка значеше дека жените не се казнети, како што се во шемите за работни односи.

Моделот на социјална заштита, како институционална прераспределба (Titmus, 1984), или модел на основна заштита (Ginn и Arber, 1992), или пак модел на социјална демократија (Esping - Andersen, 1990), бил привично прифатен од Британија. Во нивниот план за пензии Villiam Beveridge дал опција на шемата за условен придонес на државата, која ги содржела правата по фиксна стапка врз претпоставката дека државата не треба да биде инволвирана во чувањето на давачките од плата. Овој принцип е сè уште применлив за инвалидските пензионери во Велика Британија и Ирска. Последователно, британскиот систем се движеше по резидуалниот модел на држава на благосостојба. Холандија исто така го следеше моделот на основна заштита, најпрво преку воведување шема за првостепена пензија базирана на државјанство, но тие подоцна вовеле шема на екстензивно приватна работна пензија, која обично ги исклучувала повремено вработените и малку платените работници и со тоа неповолно влијаеше на пензиите кај жените, во контекст кога стапката на женската повремена работа е значително висока. Во Холандија инвалидските пензии биле пресметуван врз основа на платите како во моделот на заштита на платите, но релативно дарежливи надоместоци биле исплаќани на инвалидите и на старите лица чии заработувачки биле на најниското ниво на осигурување.

## *Резидуална социјална заштита*

Британската државна пензионерска шема е усмерена кон целите за ублажување на сиромаштијата и според тоа кореспондира со она што беше опишано како резидуална социјална заштита (Титмус, 1974) или либерална (Еспинг – Андерсен, 1990) политика на социјалната заштита. Во таков систем државната давачка е минимална, додека пазарот ги обезбедува приватните пензии од работен однос. Споредени со другите земји членки, во раните 1990 основните државни пензии во Велика Британија биле многу ниски, луѓето вон работниот однос немале гарантирани плати и зависеле од некој кој заработувал плата или од мрежата за помош врз основа на документација. Велика Британија беше единствената земја членка која креира со закон пропишана дополнителна шема: државната шема на старосна пензија од работен однос (SERPS) беше воведена во 1975 со Пензискиот акт за социјална сигурност, за вработените кои не придонесувале во шемата од работен однос. SERPS направи многу мала разлика од пензиите остварени со законско право од работен однос. За оние со подобро платени дејности, професионалната и приватната пензиска шема нудат подарежливи бенефиции поврзани со примањата, и Велика Британија се смета дека има најекстензивни приватно професионални пензиски шеми во Унијата.

Жените се во специфична неповолна положба со условите на пензионерските шеми кои функционираат во Велика Британија (Ginn и Arber, 1002, стр.261-3). Како што беше прикажано во претходното поглавје, жените во Велика Британија се позаштитени отколку во другите земји членки во поглед на земањето отсуство на работните места, кога имаат мали деца и се вработуваат со скратено работно време, кога нивните деца ќе дојдат на училишна возраст. Тие многу често имаат привремена работа со скратено работно време и остваруваат понизок праг на придонеси од државното осигурување. Овие прекини во нивната работна историја ги доведуваат жените во посебна неповолна положба пред сè во ситуациите каде правото за надокнада зависи од работниот стаж и висината на платите. Како во другите земји членки, така и за жените во Велика Британија постои многу мала веројатност да бидат вработувани, за да можат да придонесуваат во пензиите од работен однос. Британскиот систем за социјална заштита, како што е замислен (од Бевериџ) ги третира жените како зависници, со сфаќањата дека платата на мажот би била доволна за издржување на жената и децата. До 1975 жените можеле да се откажат од плаќањето придонеси. Сепак, во раните 90-ти години се донесе пропис по кој 39 години треба да се плаќа придонес за да се оствари полна пензија или дваесет години за жени со потреба да оствари примање заштитни додатоци за одговорноста во домот за годините, кога тие биле корисници на додатокот за нега и грижа на болни или стари лица.

Ирска исто така воспостави двоен пензиски систем, комбинирајќи ја старосната пензија со осигурување од придонесите и фиксна стапка на помошна пензија со проучување на документи за имотната состојба. Во Унијата, во раните 90-ти години, на Ирска и се посветуваше најмал износ од нивните социјални трошоци за старосните пензии; сепак, Холандија е земја членка каде надоместоците за социјална заштита за старите лица го достигнуваат највисокото ниво во однос на бруто домашен производ.

## *Рудиментирана или формативна социјална заштита*

Земјите членки кои се приклучија кон Заедницата во 1980 година – Грција, Португалија и Шпанија – имале многу слабо развиен систем на социјална заштита. Иако нивните социјално заштитни системи во голема мера го следат континенталниот модел, од раните 90-ти нивните пензиски шеми биле сè уште далеку од обезбедување ниво на пензии кои ги уживале од најголем број стари лица во северните земји членки, главно, бидејќи многу луѓе достигајќи ја возраста за пензионирање имаат некомплетно плаќање на придонесите. За оние кои не биле квалификувани за полна пензија, нивото на пензиите во

споредба со платите може да биде подарежливо, отколку во земјите во Северна Европа, откако калкулацијата беше изведена од заработувачките во последните години од работниот век, во Грција и Шпанија и максималната плата во Португалија.

Жените особено можат да страдаат поради пократките периоди на придонес во пензионерските шеми. Во Португалија се претпоставува дека има двојно повеќе во пензионерските шеми без придонеси отколку во основната шема за придонеси, и поради тоа имаат пониски пензии. Во Грција, сепак, жените имале право на пензија само по петнаесет години работен стаж, ако тие имале мали деца. Наспроти овие мерки и ниската возраст за пензионирање за жени во Грција и Португалија, поголемиот сразмер на целокупното женско работно население го прифаќале веројатно продолжувањето на работењето по шеесеттата година, отколку во другите земји членки.

### *Заемно приближување на националните пензиски системи*

Иако се разликуваат по своите идеолошки и културни потекла и административни структури, пензионерските системи во земјите членки, како и во другите подрачја на социјалната заштита, изградија бројни заеднички карактеристики. Размената на информации во текот на работите на Европските посматрачи и нивниот придонес во развојот на политиките кон старите луѓе, се очекува да придонесе кон извесно заемно приближување на националните социјални политики (Walner, 1993, стр.8). Од раните 90-ти години најголем број земји организирале два вида пензии: основна шема пропишана со закон и дополнителни или комплементарни шеми (Walner, 1935, стр.24). Додека пензиските шеми од работен однос биле прогресивно основани низ Унијата, во зависност од економските и демографкските фактори, се воведува некој вид на минимална старосна и инвалидска пензија, даночно заснована. Врз основа на проучување на имотната состојба минимум старосна инвалидска шема за помош била воведена во земјите кои биле оригинално фокусирани на шемите од работен однос, како начин за покривање на старите и инвалидизирани лица кои немаат можност за пензионирање врз основа на нивниот минат труд. Наспроти извесното заемно приближување на плуралистичките системи, различните појдовни точки продолжија да се усмеруваат во два главни модела. Обемот до кој различните сектори на населението се покриени со различни шеми, зависи од начините по кои социјалната политика се гради водејќи сметка за демографската промена, социо-економските притисоци и идеолошките фактори. Пензиските шеми пропишани со закон, како додатоци за невработ-

теност се развиваат врз основа на два посебни принципа: принципот на осигурување и на социјална заштита. Тие се или фиксна стапка и со намера да осигураат основни приходи, како во Данска, Ирска , Холандија и Велика Британија, или зависат од доходот и нудат форма на чување на доходот како во другите земји членки.

Фактор кој може, покрај тоа, да биде зајакнувач на заемното приближување е општиот интерес меѓу земјите членки да ја задржат висината на пензиите наспроти притисоците од населението кое стареe заедно со економската рецесија. Бројни мерки се сугерирани како можни солуции на проблемот: пораст на придонесите, редуцирање на нивото на пензиите, подигање на актуелната просечна возраст за пензионирање, подигање на стапката на учество на работната снага за жените, редуцирање на невработеноста и поттикнување емиграција (Gilion, 1991, стр.111). Како што беше прикажано во другите поглавја, стопата на женското вработување генерално се подига, и редуцирањето на невработеноста станува приоритет за најголем број влади во 80-тите. Растечката емиграција, редукцијата на нивото за пензионирање или високите давачки (такси) се политички осетливи прашања, иако пензионерските шеми кои се потпираат главно на средства од порезите (давачките), како во Данска, се движеа неуморливо кон поголема приватизација. Предлозите за корекција на возраста за пензионирање, се подеднакво спорни исто како излезот на пазарот на трудот, кореспондира се помалку и помалку со возраста погодна за пензионирање.

Веќе во 80-тите била покрената акција да се одреди вредноста на јавните пензии: од искоренувањето на просјачењето до смалување на скалата за дополнителните пензии во Велика Британија; преку променување на индексирањето на шемата за основното задолжитено осигурување од вкупната добивка од нето заработувачките во Германија, до суспендирање на автоматското индексирање на пензиите во Холандија. Во 1987 Данска ја укина семејната пензија и ги изведе социјално заштитните права, додека Грција, Луксембург, Португалија и Шпанија го продолжиле минимумот на одреден период за стекнување право на пензија. Од средината на 90-тите Италија и Велика Британија постепено ја изедначиле возраста за пензионирање на шеесет и пет и за мажите и за жените. Франција ја истражувала опцијата за продолжување на периодот за плаќање придонеси и ги базира пензиите повеќе на најпогодните дваесет и пет години ,отколку на најпогодните десет години.

Влијанието на испробаните солуции се тешки за евалуација поради разликите во социо-економските и политичките околности, но треба да се истакне дека земјите членки се свесни за потребата за подготовка за дваесет и првиот век со обезбедување животен стандард за постарите луѓе на задоволително ниво, додека исто така ги земаат во предвид и буџетските ограничувања.

## *Неформалното наспроти формалното згрижување*

Тесно поврзано прашање на кое националните влади мора да се посветат е како да се исполни барањето за здравствена и социјална заштита во ситуација каде најмногу земји спроведуваа социјални политики фокусирани на грижа на локалната заедница, во време кога неформалните структури за згрижување биле поттикнати од промените во структурите на семејството и вработувањето. Прашањето како да се обезбеди грижа со добар квалитет во земјите членки, станува не така многу како резултат на порастот на бројни изнемоштени и инвалидизирани лица, туку повеќе бидејќи традиционалните неговотелки стануваат помалубројни и помалку расположиви отколку во минатото, што Јем Alber (1993, стр.104) го нарекува намалување на потенцијалот на женските негувателки, додека владите барале патишта за редуцирање на цената на формалното згрижување.

Иако последиците од намалувањето на големината на семејството нема да биде почуствувано до по промената на столетието, од раните 90-ти основниот пораст на стапката на женските економски активности веќе направила жестока побарувачка од жените, во текот на нивните животи кога тие имале стари роднини кои барале згрижување. Сепак, тие уште очекувале да бидат главни давачи на згрижување (Ungerson, 1990, Jani-Le Bus, 1993 стр.3). Бидејќи жените од помладите генерации кои веројатно биле економски активни надвор од домот, и во отсуство на други блиски роднини способни и желни да ја преземат одговорноста за грижа, најмногу земји членки биле соочени со прашањето како да обезбедат најефективно ниво на грижа по најниска цена за државата, и како, ако е згодно да дадат поттик за неформалните згрижувачи.

Додека организацијата на сервисите за нега во Данска биле сѐ уште прифатени како одговорност на државата, некои држави продолжуваат да поставуваат обврска на роднините за грижа за старите луѓе, додека формалната грижа на сервисите била остварувана само во случаи кога роднините не се во состојба да ги реализираат овие обврски. Во Франција, Германија и Италија роднините се обврзуваат да придонесат (партиципираат) во сервисите за домашна и институционална нега, врз основа на проучување на нивната економска состојба. Во јужните европски земји и во Ирска, членовите на семејството кои давале домашна нега, вршеле должност што да очекува од нив општествената заедница, и малку внимание било посветено на нивните потреби. Институционалната заштита сѐ уште е значајна во Ирска, делумно поради ниската стапка на склучени бракови. Од 1980-тата најголем број земји членки се движат кон политиката на социјална заштита во локалната заедница и деинституализација. Велика Британија, во која моделот на згрижување во локал-

натa заедница бил веројатно најразвиен, беше поставен како водач во Унијата со нивната политика која ги поддржува давателите на нега (Jani-Le-Bris, 1993, стр. 126).

Сите земји членки организираат сервиси за домашна нега, финансиски додатоци во форми на додаток за социјална сигурност и/или работно осигурување, но тие прават различни избори во однос на организацијата и фондот за заштита (Glendinning и Ms Laughlien, 1993, Jesemam и Martin, 1993, стр.200). Франција, Германија и Холандија развија мешовита социјална заштита, вклучувајќи промени во социјалната заштита наспрема системите на остварување нега, практика која веројатно ќе се прошири (1.13, стр. 36). Некои национални влади нудат финансиска поддршка за нега како на неформалните даватели на услугите, така и на инвалидите и на старите луѓе (Франција, Ирска и Велика Британија), додека останатите само даваат финансиска поддршка на старите и инвалидизираните лица (Германија и Италија). Франција, Германија и Италија имаат порески додатоци во реализацијата на коинституционалната нега и/или на цената на специфичните платежни сервиси, додека трендот во Велика Британија бил да се повлече додатокот за порез на сметка на цената од негата (социјална заштита) и зависноста. Проучувањето на имотната состојба за остварување на правата за финансиска поддршка биле оскудни во Ирска и Велика Британија и полиберални во Франција и Италија. Компаративните студии сугерираат дека зголемувањето на платите на давателите на негата можат да помогнат да се одржи професијата давател на нега за подолго, и дека тие не ја снижуваат стапката на институционалната нега (Glondengin и Melaughlin, 1993, стр. 145).

Иако социјалната политика и регулативите се во основа централно одредени, најголем број земји ги извршуваат исплатите и даваат услуги на регионално или локално ниво. Шемите кои се раководени локално, често од страна на волонтерски организации, можат да имаат многу различни нивоа на примена од една област до друга, и со тоа акцентирајќи го диспаритетот и внатре и меѓу земјите членки.

(Превод од англиски – *Дивна Лакинска – Поповска*)

# СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ

## *Дефинирање и мерење на сиромаштијата и социјалната исклученост*

Програмите за превенција на сиромаштијата кои се развиваа од почетокот на 70-тите години, почнаа да стануваат пошироки и поамбициозни, но и заштитата од страна на Структуралните Фондови беше проширена како што и проблемите на кои ште се работеше исто така се менуваа, паралелно со појавата на нови форми на социјална исклученост, особено помеѓу невработените на подолг временски период. И покрај акумулацијата на голем број информации, Унијата продолжува да биде соочена со фундаменталното прашање – како да се дефинира и измери сиромаштијата, на начин на кој податоците ќе можат да бидат споредливи како во однос на различни временски дистанци така и во однос на различни земји членки, кои истовремено ќе можат да бидат и искористени за да се следат сите развојни фази на проблемот за да може да се дојде до негово разрешување.

## *Дефинирање на сиромаштијата, исклученоста и маргинализацијата*

Целта на Заедницата во поставување на барањето до земјите членки за обезбедување на национални извештаи за степенот на сиромаштија и политиките кои ги применуваат за борба против исклученоста, се состоеше во потребата од набљудување и споредување на ситуацијата во пошироки рамки, како и развивање на сопствени акциони програми. Заради тоа, неопходна беше дефиниција која ќе можеше да се операционализира во различни национални контексти. Првично Комисијата избра да ја дефинира сиромаштијата во однос на приходот. Секоја индивидуа со просечен нето приход под одреденото ниво се сметаше дека живее во сиромаштија. Во првата програма за борба против сиромаштијата, ***линијата на сиромаштија*** беше поставена под 50 проценти од националниот нето просек per capita во односната земја членка. Дефинирање-

то на сиромаштијата преку одредување на линија на сиромаштија која е во врска со приходот е доста проблематично, како од прагматични така и од идеолошки причини. Во праксата, ниският приход е мошне крута и недефинирана мерка за одредување на сиромаштија, особено од компаративен аспект: пример, сервисите во натура како стамбените услуги или здравствена заштита, кои се нерамномерно распоредени во земјите членки, може да влијаат врз нивото на трошоци во готово; исто така меѓу самата земји и меѓу различни земји можноста на домаќинствата да раководат со својот буџет е мошне различен. Идеолошките фактори се значајни бидејќи нивото на ко што е поставена сиромаштијата може да биде толкуван како „високо политички чин", покренувајќи прашања како ниво на бенефиции за социјално осигурување, дефиниции за ниска плата и минимални нивоа на плата, критериуми за социјална помош и сл. (Brown, 1986)

Сиромаштијата не е само релативна, таа е и кумулативна: луѓето со ниски примања најчесто живеат во бедни стамнбени, образовни, транспортни сл. услови. Во тој контекст, сиромаштијата може да биде дефинирана пошироко во смисла на индивидуи и групи чии ресурси се во голема мерка под просекот, така што тие се исклучени од животните услови и комодитети кои се на пошироко располагање во односното општество. (Townsend, 1979). Концептот на исклученост беше презентиран во првата Програма против сиромаштијата. Членот 1 од Одлуката на Советот обезбеди дефиниција за „луѓе кои се сиромашни" како „индивидуи или семејства чии ресурси се толку ниски што ги исклучува од минимално прифатениот стандард на живеење во земјата членка, во која живеат". Ресурсите беа дефинирани како „добра, пари во готово плус сервиси од приватни или јавни извори" [8.1., стр.34]

Евалуцијата на првата програма против сиромаштија посочи на бројни несоодветности во дефиницијата на Советот (Room,1982); фокусот на индивидуи и семејства имаше тенденција да ги прикрие пошироките општествени процеси и структури; фокусот на ресурсите го прикриваше начинот на кој луѓето се исклучени од социјалната партиципација како и потребите за структурални промени во општетсвото.

Иако дефиницијата во втората Програма за борба против сиромаштијата беше доста слична со првата, сепак таа беше проширена како и во дефиницијата на Peter Townsend, водејќи сметка за ресурсите. Сиромашните беа дефинирани како „индивидуи, семејства и групи луѓе, чии ресурси (материјални, културни и социјални) се толку ограничени што ги исклучува од минимум прифатениот начин на живот во земјата членка, во која живеат". [8.6, стр.11]. Бидејќи ова дефиниција не беше детерминирана од висината на приходот, таа всушност го воведе концептот на ***социјална исклученост***, истакнувајќи дека сиромаштијата со себе носи чувство на немоќ, маргинализираност или

исклученост и ја зголемува зависноста. Дефиницијата не прецизираше што може да се подразбере под „минимум прифатлив начин на живеење", или како да се следи тој минимум во Европа.

Опсерваторското тело на националните политики за борба против социјалната исклученост ја дефинираше социјалната исклученост во однос на социјалните права со посебен акцент на – вработувањето, домувањето и здравствената грижа, поставувајќи прашања за ефективноста на националните политики во обезбедувањето пристап до ваквите права како и за бариерите кои ги исклучуваат луѓето од нив. Во својот втор годишен извештај, ова тело продолжи со проучувањето на состојбите во кои „граѓаните не се во можност да ги обезбедат социјалните права и консеквентно на тоа тие се соочуваат со состојби на општи и постојани нееднаквости и нивната социјална и професионална партиципација е растргната"[8.8, стр.17]

Иако манифестациите на релативна сиромаштија драстично не се променија драстично, природата и детерминантите на сиромаштијата доживеаја значителни промени во 70-тите. Беше воведен терминот „нова сиромаштија" за да се прикаже начинот на кој сиромаштијата се прошири врз многу поголем дел од популацијата, опфаќајќи различни групи на возраст, различни економски и социјални категории, етнички групи, географски подрачја, заканувајќи се и на оние кои претходно имале стабилни и добро платени работни места со спорадична и повторлива сиромаштија.

Изразите како „поларизација", „дуализација" и „маргинализација" беа исто така воведени во речниците на аналитичарите на сиромаштијата, користејќи ги за опишување на растечкиот јаз меѓу: оние кои можат да ги искористат социјалните и економските системи и оние кои се исклучени од нив; оние кои се во работен процес и обезбедени со високо социјално осигурување и невработените; оние кои живеат во урбани и рурални средини; меѓу луѓето со нормален психо-физички развој и хендикепираните; меѓу мажите и жените. Така, можат да бидат идентификувани категории на индивидуи кои живеат на маргините на општеството и кои имат потреба од посебна помош, како: долгорочно невработените, младите невработени, мигрантите и бегалците, депривилегираните во руралните и урбаните населени места.

## *Мерење на сиромаштијата и социјалната исклученост*

Иако првите национални извештаи за сиромаштијата во земјите членки беа изготвувани по заедничка методологија, сепак квалитетот на добиените податоци од компаративен аспект, беше доста неизедначен. Причината за тоа лежеше во различните национални искуства во истражувањето на

сиромаштијата. Некои земји како Англија ја имаат проучувано сиромаштијата повеќе од 150 години, каде најголем придонес дале истражувањата на Rowntree (1901) и Townsend (1979). Други пак, започнаа со истражувањата во доцните 60-ти години.

Користејќи ја дефиницијата на Комисијата за линија на сиромаштија (оние луѓе чијашто нето приход е помал од половината просечен национален приход пер цапита во односната земја), конечните извештаи на првата Програма за борба против сиромаштија процени дека во средината на 70-те бројот на сиромашни во деветте земји членки е околу 30 милиони луѓе. Кога трите нови јужно Европски држави – Грција, Португалија и Шпанија се приклучија кон ЕУ, нивото на сиромаштија се издигна над 38 милиони луѓе Ш8.6, стр.5Ќ.

Кон крајот на 80-тите според истата дефиниција околу 52 милиона луѓе или повеќе од 15 проценти од вкупната популација на ЕУ се сметаше дека живеат на или под линијата на сиромаштија. Доколку сиромашните беа дефинирани како популација која е во недостиг од материјални, културни и социјални добра, што е уште потешко да се измери, тогаш многу поголем број на луѓе во Европа ќе беше вклучен во категоријата сиромашни.

Бројот на луѓето кои живеат во сиромаштија според одредената линија на сиромаштија, варира од една земја членка до друга. Статистиките од доцните 80-те години покажуваат дека тој број е доста голем во Португалија потоа во Грција, следен во Ирска и Грција. Франција и Англија бележеа исто така високи стапки, додека Данска и Холандија покажуваа најниски стапки како и Белгија, Луксембург и Германија [8.5. стр.82].

Бројките за релативната сиромаштија покажуваат нееднаквост во заработувачката, но не кажуваат ништо за распространетоста на бездомништвото или нееднаквоста во пристапот до социјалните сервиси или бенефиции во натура. Кога во средината на 80-тите сиромаштијата беше проценувана врз база на потрошувачката како индивидуалната така и семејната,(однос меѓу индивидулната/семејна потрошувачка и просечната национална потрошувачка за возрасни лица), Португалија покажа највисоки стапки како во однос на семејствата така и во однос на индивидуи, потоа останатите јужно европски земји, како и Ирска и Англија. Во однос на бројот на популацијата (повторно користејќи ја мерката за потрошувачка), Белгија, Германија и Холандија придонесуваа со мал процент во бројот на сиромашните во Унијата. За разлика пак од нив, Потругалија, Шпанија и Велика Британија имаат голем удел во таа бројка.

Кога ваквите резултати беа изнесени и компарирани, некои од владите имаа забелешки на основите врз кои тие заклучоци беа донесени. Нивната статистичка валидност исто така беше доведена во прашање. На пример, ригорозните компарацаии за нивоата на сиромаштија во Франција и Велика Бри-

танија, при што беа користени различни дефиниции кои се однесуваа на големината на едно домаќинство, бројката на стари лица, станбените трошоци и сл, открија дека варијацијата меѓу овие две земји изнесува околу 100%, во зависност од меките кои беа користени.

Како подеднакво недоверливи се покажаа и проценките за бројот на корисници на социјална помош како средство за пресметување на нивоата на сиромаштија. Причината за тоа лежеше во фактот дека критериумите за стекнување на право за социјална помош вомногу се разликуваат во односните земји како што впрочем се разликува и висината на исплата на социјалната помош.

Со цел да се заобиколат проблемите со некомпаративноста, Комисијата се обидуваше да оформи заедничка дефиниција за сиромаштијата, земајќи ја предвид Европската Базична Линија за живеење (ЕБЛ), или капацитетот кој е потребен да се задоволат основните потреби, во смисла на проход или други средства. Исто така беа направени и обиди да се соберат податоци користејќи ги следните индикатори: што е за самата популација минимум приход; што самите индивидуи сметаат дека е апсолутен минимум за нив самите, степенот на сиромаштија во смисла на актуелна потрошувачка и учество во социјалниот живот, број на луѓе кои живеат под и на самата проценета линија на сиромаштија и сл .

Поефективни мерки за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост како и оформување на апаратура за собирање на податоци претставува неопходен императив за да им овозможи на земјите членки да навлезат во вистинските димензии на проблемот. Но сепак она што се наметнува како примарна заложба на земјите членки е развивањето на национални политики и акции за борба против овие состојби.

## *Бенефиции за невработени и социјална помош во континенталните социјални држави*

Корпоратистичките држави на благосостојба, кои генерално потекнуваат од Бизмарковиот модел на социјално осигурување (поврзаност со работниот статус), беа повеќе загрижени за заштита и компензација на работниците преку принципот на осигурување за разлика од обезбедувањето на национален минимум стандард за сите граѓани. Како и во другите земји – основачи на ЕЕЦ, бенефициите за невработените во Германија (Arbeitslosengeld) се поврзани со висината на платите, воспоставувајќи концептуална врска со работниот процес (Clasen, 1992). Барателите кои ги потрошиле своите права преминуваат во друга форма на осигурување (Arbeitslosenhilfe), која исто така е пов-

рзана со висината на платата. Во раните 90-ти години овој вид на помош имаше неограничено траење се додека не беше изнајдена некоја некоја подобна работа за барателот.

Во Франција бенефициите за невработеност кои беа поврзани со заработувачката беа од ограничено траење по што следеше определено ниво на друг вид на бенефиции за наредните шест месеци. Во Луксембург, бенефициите се базираа на претходната заработувачка од изминатите 365 дена. Тие исто така беа поврзани со можноста за работа и напорите да се пронајде работа. Во Белгија, бенефициите за невработеност кои беа поврзани со вработеноста беа од неограничено траење, но се разликуваа во зависност од локалните услови. Младите дипломирани студенти можеа да добиваат определено ниво на бенефиции за периодот на чекање, додека оние кои вонредно студираа имаа право на одредени преодни бенефиции. Невработените луѓе во Холандија можеа да добиваат бенефиции врз основа на нивната претходна заработувачка за определен временски период во зависност од нивното работно искуство и возраст, а потоа им следуваа бенефиции во висина на најниската плата. Италија е пример на земја која го следеше континталниот пристап во однос на контрибуторниот систем на социјално осигурување, и каде во 1990те заштитата беше сè уште ограничена во зависност од секторот на работа. Но, Фондот за компензација на плати (Cassa Integrazione Guadagni) им гарантираше одреден приход на работниците кои беа привремено вработени како и на оние со парцијално работно време.

Шемите за осигурување од невработеност нудеа стапки на приход кои се движеа од 80% од нето заработувачката во Луксембург до 20% од просечната заработувачка во последните три месеца во Италија. Траењето на овие бенефиции варираше, од минимум 4 месеци на бенефиции поврзани со примањата во Франција до неограничен период на време во Белгија.

За оние кои бараат работа, за младите вработени кои можеби немаат право на бенефиции поврзани со статусот на вработување, како и за сите други кои ги искористиле разните форми на заштита и чии родители и партнери не можат да ги издржуваат, единствена преостаната солуција е социјалната помош.

Сите земји-основачи на ЕЕЗ овозможуваат право на социјална помош базирано врз база на националноста и жителството. Во Германија, во раните 90-ти години, висината на социјалната помош (Sozialhilfe) беше врз база на изедначени бенефиции, базирана на регионални стандарди, со додатоци за деца, станарина, греење вклучувајќи ја заштитата за здравствено осигурување. Белгија, Луксембург и Франција имаа определени минимални шеми на социјална помош со неограничен временски рок. Во Белгија минималната социјална помош заснована врз проверка на приходот и способностите (minimum de moy-

ens d''existence ili Minimex) беше загарантирана за сите Белгиски жители и се состоеше во социјални услуги или бенефиции во готово во зависност од проценката на локалните административни авторитети. Луксембург гарантираше минимум приход (revenu minimum garanti) за неограничен временски период. На локално ниво, социјалната помош беше реализирана или во финансиска помош или во помош да се пронајде работа. Во Холандија социјалната помош (sociale bijstand) беше врз основа на проверка на приходот и способностите во висина на минималната нето национална плата. Во Италија социјалната помош обезбедуваше минимум приход (minimo vitale) за ограничен временски период а јавната социјална помош беше дополнувана од приватни и волонтерски извори на социјална помош.

## *Бенефициии за невработени и социјална помош во Нордиските и Англо – Саксонските социјални држави*

Како и во континенталните социјални држави, и во Данска бенефициите за невработеност беа поврзани со претходната заработувачка. Во раните 90-ти години нивната висина беше пресметувана како 90% од нето платата (што претставуваше највисоко ниво во Унијата) за две и пол годишен период со можност за продолжување до седум години. Индивидуите кои не можеа да ги користат бенефициите за осигурување од невработеност добиваа социјална помош (social bistand), која се обезбедуваше независно од националноста, возраста и професијата туку врз основа на потребите. Нивото беше одредено од државата која што ги финансираше основните бенефиции, како и додатокот за домување. Грижата за деца и за оние кои се физички или ментално хендикепирани беше исплатувана со дополнителни бенефиции.

Велика Британија беше единствена земја членка каде во раните 90-те години условите за квалификација за осигурување во случај на невработеност вклучуваа одреден неделен лимит на заработувачката а бенефициите биле исплаќани врз основа на изедначено ниво, без разлика на заработувачката. Во 1994 година беше предложено бенефициите во случај на невработеност да бидат заменети со издатоци за барателите на работа, со цел да биде олеснето враќањето на работа и да им се овозможи на корисниците да го избегнат кругот на сирмаштија.

Социјалната помош претставуваше интегрален дел од социјалното осигурување во Велика Британија. Во 1988 тоа беше претопено во посебни шеми, обезбедувајќи гарантиран минимален приход: семеен кредит беше исплаќан на фамилиии со низок работен приход; подршка на приходот беше бенифи-

ција за семејства и индивидуи кои не добиле приход од работа на неопределен временски период. Бидејќи нивото на приход за семеен кредит беше повисок од поддршката на приходот, системот имаше за цел да делува како стимуланс за изнаоѓање работа.

Системот за бенефиции на невработеност и социјална помош во Ирска имаше слични карактеристики како и во Велика Британија. И двата нудеа ниско определено ниво на бенефиции за невработеност кој се исплаќаа за ограничен временски период. Но во Ирска партиципиентите на овие бенефиции можеа исто така да користат и дополнителни бенефиции поврзани со висината на приходот, и откако ќе го искористат тоа право имаа можност на користење помош за невработеност врз база на проверка на приходот и способхости. Суплементарните бенефиции кои обезбедуваа базичен неделен приход на неограничен временски период, овозможуваа поддршка на невработените со долг стаж на чекање како и на разни маргинализирани групи.

Од разните анализи, заклучено е дека во земјите каде принципот на социјално осигурување не беше првично имплементиран како основа на социјалната заштита (Данска и Велика Британија), реформите на социјалната помош се движеа во две насоки: во Велика Британија нагласок беше ставен на креирање на шема за правата на голем број индивидуи и групи кои беа исклучени од шемите на професионалното осигурување; во Скандинавските земји пак, државното социјално осигурување беше проширено на тој начин што социјалната помош беше ограничена на само мал број кои го сочинуваа најсиромашниот слој во општеството (Lodemel,1992).

## *Бенефиции за невработени и социјална помош во рудиментираните социјални држави*

Системите на социјално осигурување, кои се развија во јужно Европските земји кои се приклучија на Заедницата во 80-тите, во голема мера го следеа континенталниот модел на социјална заштита поврзан со статусот на вработеност. Сепак голем дел од популацијата до 90-тите не беше покриена со социјално осигурување. Исто така разликата меѓу социјалното осигурување и социјалната помош не беше јасно истакната.

Бенефициите за невработеност во сите три земји вклучуваа контрибуторни и неконтрибуторни помошти. Грција, Португалија и Шпанија обезбедуваа краткорочни засновани на плата – бенефиции кои се разликуваа во зависност од должината на вработувањето. Неконтрибуторната помош за невработеност беше исплаќана за краток период и во Шпанија додека Португалија

пак имаше принцип на исплата на одреден период и врз основа на проверка на доходот и имотот.

Иако Шпанија одржуваше бенефициии во вид на минимален приход (ingresso minimo de insercion ili renta minima), сепак тоа не беше униформно применувано. Ниту Грција ниту пак Португалија имаа генерални гарантирани минимуми на приход, но нивните системи на социјална помош се состоеа од бројни програми насочени кон посебни социјални групи во потреба, кон кои се исплаќаше ниско ниво на бенефиции со претходна проверка на способностите и приходот. Сигурносната социјално-заштитна мрежа беше примарно обезбедувана од семејството отколку од државата или преку дискрециона регионална или локална помош.

Висината за исплата на помош за невработеност како и социјалната помош беа различни меѓу земјите членки на ЕУ и тоа во износи кои беа контрадикторни. Во раните 90-ти години, некои од земјите со највисок приход per capita – Белгија, Луксембург, Данска и Холандија обезбедуваа највисоки стапки на минимум приход во висина од 50% од нето просечната заработувачка. За разлика од тоа, земјите како Грција, Португалија и Шпанија, кои беа едни од најсиромашните во регионот, вклучувајќи ја во одредена мера и Италија, беа единствените земји членки каде една индивидуа на возраст од четириесет години, без право на бенефиции за невработеност, а сепак способна за работа, можеше да се најде без минимум приход[8.10., стр.62].

(Превод од англиски – *Маја Геровска*)

*Andros Loizou*

# СОЦИЈАЛНА ПРАВДА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Ова поглавје говори за социјалната правда, а тоа подразбира проучување на бројни поврзани идеи. Покрај проучувањето на поимот правда, ќе бидат разгледани поимите еднаквост, права и слобода. Основните прашања кои го насочуваат ова поглавје се: Што влијае одредена политика да се смета за праведна наспроти неправедна? Што влијае одредена дистрибуција на средствата (здравство, образование, социјално заштитни бенифиции и тн.) да се смета за праведна наспроти неправедна? Ова нагласување доведува до прашањата: Што е социјална правда? Дали таа секогаш претпоставува еднаквост на распределба? Дали ни е јасно значењето на зборот еднаквост?

Овие прашања – особено последните две – се филозофски и се дел од областа на истражувањето позната како „политичка филозофија" (или понекогаш „социјална филозофија"). Во суштина, поглавието е вовед во областа на истражувањето од една посебна перспектива на овие специфични прашања за социјалната правда. Целта во ова поглавје не е да се дојде до конечни, дефинитивни одговори на овие прашања. Ова е подрачје на фундаментални несогласувања и дебати, каде се можни различни, спротиставени одговори, кои истовремено се бранети со моќни и убедливи аргументи. Целта, наспроти тоа, е скромна: насочена е кон утврдување на различните аргументи употребени во овие дебати, и кон анализа на поимите правда, еднаквост и слобода со задоволителна длабочина, која на читателот ќе му овозможи да се вклучи во спознајно разгледување на употребените аргументи.

## *Улогата на идејата за правда*

„Тоа е неправедна политика" вели А. „Зошто?" прашува Б. Со кои одговори располага А? Ова се некој од најчестите одговори на прашањето: „Бидејќи е *неправедна*" „Бидејќи игнорира основни законски *потреби*." „Бидејќи ги

нарушува *правата* на Х.“ „Бидејќи ја негира *слободата* на У.“ Забележете ги нагласените зборовите: *неправедно, потреби, права, слобода.* Од ова произлегува дека правдата не е е едноставна идеја; ако зависи од други идеи, таа е комплексна. Ако идејата е едноставна, таа има директна дефиниција. Разгледајте ја идејата, или концептот, за триаголникот. Како го дефинираме овој концепт? „Триаголникот е тристрана едноставна фигура“. Дали ова е доволно? Не сосема:

Слика 1



Слика 2



Слика 3



Слика 1. и Слика 2. претставуваат тространа фигура, но ниту една од нив не е триаголник. Потребно е повторно да се обидеме да го дефинираме. „Триаголникот е затворена, праволиниска, тространа фигура“. Очигледно ова е прецизна дефиниција. Понекогаш постојат и дополнителни објаснувања „и неговите внатрешни агли не се поголеми од 180 степени“, но ова не е потребно ако ја имате наведената дефиниција. Проверливоста, логично произлегува од оргиналната дефиниција.

Може да се забележиме дека постои една, и единствена, дефиниција за „триаголникот“. Но, што е со концептот правда? Размислете за следното:

1. „Правдата се состои во давање на она што на луѓето им припаѓа„ пр. што им следува“.
2. „Правдата содржи еднаков третман за сите“.

3. „Правдата содржи однесување кон секого како кон еднаков".
Дали можете да ја увидите разликата помеѓу 2 и 3?
4. „Правдата е содржана во еднакво почитување на сечија слобода".
5. „Правдата е содржана во еднакво почитување на фундаменталните права".
6. „Правдата се состои во давањето секому она што заслужува".
7. „Правдата се состои во остварување на оние опции кои обезбедуваат најголема среќа за најголемиот број на граѓани".
8. „Правдата се состои во еднакво наградување за еднаков напор".
9. „Правдата се состои во земање од секого според нивните способности, и давање според нивните потреби".

Ако постојат толку многу „дефиниции" за правдата, каква е можноста да се унапреди разбирањето? Постои ли можност да се изнајде заеднички елемент? За некој од нив, можеби, но не и за сите. Но, ако не успееме да најдеме нешто заедничко – што било – како е можно да говориме за нешто содржинско. Зарем секој разговор за „правда" едноставно е практикување на субјективност. Во овој момент ќе биде корисно да зборуваме за филозофската перспектива која се однесува на овие проблеми, и да ја вклучиме идејата за правда од таа перспектива.

Се поставува прашањето, каква е улогата на концептот за правда? Што тој прави – без оглед на употребената дефиниција? Да го разгледаме списокот на горе наведените „дефиниции" за правда. Некои од нив можат да имаат нешто заедничко, но во целина земено, може да се заклучи дека се разликуваат. Не постои ниту еден заеднички елемент што тие го делат – не постои ниту една единствена заедничка карактеристика.

„Но, тие мораат да имаат заедничка карактеристика", можеби ќе се спротивставите, „но, како инаку би биле дефиниции на ист концепт, наречен правда? Одговорот е, тие немаат исти карактеристики – но имаат идентична улога. Исто така, може да постојат еднакво застапувани теории или идеи за правда, но она што ги вклучува во теории/идеи за *правда*, а не (да речеме) за *еднаквоста* е тоа дека тие споделуваат една иста улога. John Rawls, современ американски филозоф кој веројатно е највлијателниот современ писател на оваа тема, првото поглавје од неговата книга го нарекува *Теорија на правдата.* Поглавјето „Улогата на правдата", започнува со следното:

Правдата е прва вредност на социјалните институции, како вистината за системот на мисли. Теоријата без оглед дали е префинета или економска мора да биде отфрлена ако не е точна; исто така законите и институциите без оглед колку ефективни и доброизготвени мора да бидат отфрлени ако се неправедни. (1972:3)

Да го анализираме неговото значење. Значајна фраза е „прва вредност“. Кога говориме за „систем на мисли“ или за „теорија“, наша главна грижа е: дали тоа е вистина? (Дали еволуционистичката теорија со природната селекција е вистинита? Дали теорија Big Bang е вистинита?) Аналогно, „прва вредност“ на социјалните институции не е вистината, но правдата. Ние не прашуваме: дали социјално заштитниот систем во државата X е вистинит? Ние прашуваме: дали социјално заштитниот систем е праведен? Двата пара на термини – вистинит/невистинит, праведен/неправеден – функционираат како термини за проценка.

Кога предлагаме некоја теорија, се насочуваме кон вистината – па така со право може да се постави прашање за проценка, дали таа теорија е вистинита? Слично, кога ние (или политичките лидери) создавме-аат или го модификуваат социјално заштитниот систем, ние (или тие) сме насочени кон тоа што ние (или тие) сметаме/ат дека е правда. Така со право може да се праша, дали е ова нова (или модифицирана) социјална правда? Улогата на идејата за правдата оттука е, да ги евалуира социјалните институции. Иако, се разбира, постојат и други начини за евалуација. Дали се ефикасни? Дали се популарни? Но она што ги прави подобри или полоши во целина е дали се праведни или неправедни. Целта е правдата да се нарече „прва вредност“ на социјалните институции. Jon Rawls понатаму ја објаснува улогата на правдата преку укажување на разликата, помеѓу концептот на правда и различните концепции за правдата. Концептот на правда секогаш е ист, иако во едно општество можат да постојат различни концепции за правдата. Rawls ја објаснува разликата на следниов начин:

> Луѓето не се соглсуваат кои принципи ги дефинираат основните услови на нивните здруженија. Сепак ние може да кажеме, и покрај ова несогласување, секој од нив има согледување на правдата. Тие ја разбираат потребата за правда, и се спремни да застапуваат, карактеристичен збир на принципи за проценка на основните права и обврски и за детерминирање на она што за нив претставува соодветна дистрибуција на бенифициите како и товар во социјалната соработка. Оттука, изгледа природно е да се размислува за концептот на правда како различен во однос на различните концепции за правда, а се специфицирани со улогата која овие различни збирови на принципи, различни концепции, ја имаат како заедничка. Оние кои се застапуваат за различните концепции на правда сепак се сложуваат дека институциите се праведни кога не прават арбитрерни разлики помеѓу лицата при проценка на основните права и обрвски и кога правилата го утврдуваат соодветниот баланс помеѓу различните тврдења за предностите на социјалниот живот. Луѓето се сложуваат со овој опис за праведна институција бидејќи значењата за арбитрерна разлика и соодветен баланс, кои се вклучени во концептот за правда, се

> отворени за интерпретација согласно принципите за правда кои се прифатени. Овие принципи укажуваат кои сличности и кои разлики меѓу лицата се релевантни во детермирањето на правата и обврските и прецизираат која поделба на предности е соодветна. Очигледно разликата помеѓу концептот и различните концепти на правда не поставува значајни прашања. Едноставно помага да се идентификуваат улогата на принципите на социјална правда. (1972:2)

На што ни укажува концептот за правда? Дополнително укажува на улогата на правдата. Едноставно ни говори дека постојат причини преку кои правата и обврските, бенефициите и должностите за социјална соработка се поделени, и дека овие принципи делуваат на еден неарбитрарен начин. Но не ни говори за тоа кои се или што се овие принципи, бидејќи тоа навлегува во областа на различните концепции за правда. Секоја концепција на социјална правда ќе има свој збир на принципи врз основа на кои бенефициите и обврските за социјална соработка ќе бидат споделени, и секоја од нив ќе делува на неарбитрарен начин врз основа на сопствените принципи.

Во останатиот дел од ова поглавје, ќе бидат испитани различните „концепции“ за правда на начин на кој таа е разгледувана од Rawls, и начините како тие се користат во концептот за слобода, еднаквост, потреби, права и обврски. Rawls ја преферира сопствената концепција, се разбира, и истата ја предлага и брани во преку 600 различни страници во неговата книга, но таа е сепак една од многуте можни концепции. Повеќето концепции за социјална правда, како сопствени основи, имаат различно разбирање за концептот на слобода и еднаквост и за односот помеѓу нив. Оттука ние ќе започнеме со забелешки за овие два концепта, и потоа ќе ги разгледаме различните концепции за социјална правда во поглавјето кое следи.

## *Политиките и логиката за слободата и еднаквоста*

До неодамна, барем кога се однесува за Британија, во политичката реторика на двете главни политички партии (Лабуристичката и Конзервативната) се говореше за две добро дефинирани, скоро ритуализирани основи. Лабуристите се потпираа на реториката за еднаквост додека конзервативистите на реториката за слобода. Конзервативистите типично за нив ги обвинуваа лабуристите за непотребните рестрикции на слободата во (а) прекумерното регулирање на делувањето на слободниот пазар, и (б) инсистирањето дека средствата стекнати преку слободниот пазар треба да се редистрибуираат преку прогресивно оданочување на приходите на богатите со цел да се обезбедат сервиси, бенефиции итн. за посиромашните слоеви на заедницата.

Лабуристите, типично за нив, ги обвинуваа Конзервативистите за тоа дека се kријат зад реториката на слобода, дискутираат и ги озаконуваат политиките кои ги штитат богатите и им дозволуваат да ги експлоатираат сиромашните на пазарот на трудот.

Оттука произлегуваат две прашања. Прво, до кој степен овие обвинувања и отфрлања се вистинити наместо реторични? Второ, во најголем број случаи постои поголем степен на слобода кој се постигнува на сметка на еднаквост, и обратно поголем степен на еднаквост се постигнува само на сметка на слободата? Дали навистина овие два концепта, слобода и еднаквост, навистина се поврзани на овој начин? Понатаму ќе го разгледуваме само второто, а не и првото прашање. (Јасен одговор на второто прашање ќе биде неопходен, со цел да се одговори на првото. А првото и бездруго не е предвидено да биде разгледувано во ова поглавје).

Да го разгледаме поимот слобода. Дали слободата навистина е непријател на еднаквоста? Како делува слободата? Каков е тој концепт? Дали „слобода значи секој да прави што сака"? Дали можете да увидите нешто лошо во овој поглед за слободата? Да разгледаме неколку примери. (1) Јас сум слободен да правам што сакам, ти си слободен да правиш што сакаш; Јас ја сакам твојата кола и се обидувам да ја земам, ти ме напаѓаш. И тогаш јас ти враќам со иста мерка. Тоа продолжува. (2) Јас барам слобода на говорот за себе и за мојот круг на пријатели и колеги. Во користењето на оваа слобода, јас почнувам да говорам работи кои ти наштетуваат тебе и на твојот круг (систем), а ти се надоврзуваш и говориш работи против мене и моите. И така во недоглед. Во обата случаја борбата продолжува до моментот кога една од двете страни не се стекне со предност и доминантната ја потиснува другата страна. Сето ова, се случува под мотото *„слобода за сите"*. Очигледен е некаков проблем.

Она што го имаме овде е слобода на некои за сметка на други. Но, вистинската слобода мора да биде слобода за сите и не за сметка на кој било друг. Таа мора да има универзално значење. Клучен аспект на ова е слобода од притисокот наметнат од други. Но, некој не може да го прифати ова без да ја прифати универзалната обврска да ги почитува слободите на другите; тоа значи, да се откаже од притисокот наметнат на други. Ова најчесто е заменето со клаузата дека државата е единственото тело кое може да ги принуди граѓаните, и тоа само со потенцирање на потребата за одржување на слободата, со други зборови, таа ќе употреби сила само против оние кои се закана за слободата на своите сограѓани.

Резултатот од ова е дека универзалниот систем на слобода мора да биде систем на еднаквост. Некои автори, наспроти тоа говорат воопштено за слободата, говорат за слобода во множина, имајќи ги на ум таквите видови на слободи како што се слободата на говор, здружување, морал, и така натаму.

Системот на еднаква слобода, или слободи претпоставува еднаквост за сите со стриктна обврска да не се наруши таа слобода (или тие слободи). Треба да забележиме две работи. Прво, изгледа дека слободата вака дефинирана е рестриктивна, со тоа што сечија слобода е еднакво преставена со таквиот систем. Но ова, аргументирано е грешка, која произлегува од негативниот поглед на законот, кој е добро сумиран во изјавата на Jeremy Bentham дека секој закон претставува нарушување на слободата. Ова гледиште е негативно поради тоа што го игнорира фактот дека, во заштитата на граѓаните од меѓусебно потиснување, законот им ја гарантира слободата во непреченото остварување на сопствените цели и задачи. Законот оттука граѓаните ги обезбедува (наспроти „нарушување" на слободата) со позитивно добро и ја обезбедува и нагласува истата.

Второто гледиште – во одредена смисла е позначајно за постигнување на нашата цел во ова поглавје – и се однесува на значењето на зборот „еднаков", и оттука самиот концепт на еднаквост, е централен во секоја дефиниција за слободата. Ова е нешто што секое значење на слободата – дури и „најлибералистичкото" – е принудено да го признае. Во срцето на слободата, ние наоѓаме некакво значење за еднаквоста. Дури и најекстремните либерали логички е, врз основа на нивната сопствена максима, да нè третираат како еднакви. Оттука погрешно е да се гледа на еднаквоста и слободата како на логички спротивставности. Сега ќе се навратиме на разгледувањето на бројот на различните концепции на социјалната правда.

## *Слобода и социјална правда*

Во овој дел, ќе говориме за пристапот социјална правда via слобода. Ќе бидат разјаснети, различните концепти за социјална правда преку различните начини за разбирање на слободата. Разликата произлегува не толку многу од различните слободи, туку од тоа колку широко ја развлекуваме категоријата на овие фактори кои се вбројуваат како составни или суштествени за слободата.

Мал е бројот на оние кои не би се сложиле со изјавата дека слободата не може да постои освен ако не постои еднаква слобода за сите. Повеќето исто така би се сложиле – со исклучок на анархистите – дека најдобар начин за обезбедување и зголемување на системот на еднакви слободи (слобода на говор, свесност, здружување, движење и така натака) е преку законот, како што тоа е разбрано, на пример, во либерално демократската држава. Законот разбран на овој начин нè заштитува од сите притисоци кои се карактеризираат со недостаток на слобода, како што е арбитрарното апсење, насилниот

напад, директниот притисок да се прифати одредена религија или политичка доктрина, итн. Но, колку е широка категоријата на акти, ситуации, договори направени од другите и слично, во кои се увидува недостаток на слобода? Арбитрарни рестрикции на слободата за здружување со другите, спогодби изготвени да нѐ спречат да говориме слободно, настојувања да нѐ принудат да прифатиме одредено политичко гледиште – сето тоа се јасно фактори кои го дефинираат недостатокот на слобода. Но, што на пример со сиромаштијата, недостатокот на средства да се обезбеди минимален задоволителен живот, и недостатокот на какви било видливи патишта да се дојде до тие средства? Повторно, да претпоставиме дека вие не сте на работ на линијата на сиромаштво, но дека ви недостасуваат средства да преземете легална акција против некој богат човек кој ве обесправил и кој, за разлика од вас, може да си обезбеди скап адвокат.

Класичниот либерален став во врска со ова, нема да ја земе во предвид сиромаштијата или недостаток на средства меѓу оние сили кои го дефинираат недостатокот на слобода. Единствената *сила* во рамките на ова се притисоците кои се намерно преземени од страна на одредена група или организација, на пример, да нѐ присилат да прифатиме одредена политичка доктрина, или да нѐ спречат да говориме слободно. Либералите ги немаат, традиционално, вклучено економските принуди во овој концепт. Економската присила, според нив, е резултат на силите на природата а не на здруженијата на граѓани. (Делувањето на „пазарот", донекаде како и законот за гравитација, нѐ учи дека збиднувањата не се намерни). Всушност, ова прашање е сржта на врската меѓу либералите и некои социјалисти (вклучувајќи ги и Марксистите). Марксистите, на пример, сметаат дека економските притисоци, се резултат на експлоатациската класа, и во суштина се продукт на човековото делување; оттука сиромаштијата и недостатокот на средства главно се помеѓу оние принуди кои се дефинираат како недостаток на слобода. Одговорот на либералите е дека ова ја помешува самата слобода со „условите" на слобода, или „значењето" на слободата, или „вредноста" на слободата; или повторно, ја меша слободата со еднаквоста.

Постои едно многу прифатливо објаснување на социјалистите за ова прашање од страна на Raymond Plant (1984). Во него се користат термини како „значењето на слободата" и „вредноста на слободата", Плант вели:

> Либералите се заинтересирани за еднаква слобода; социјалистите се обземени со обидот да ја обезбедат дистрибуцијата на средства кои ќе овозможат слободата да биде скоро еднаква вредност за сите лица. Вредноста на слободата за индивидуите е поврзана со нивните капацитети, можности и средства да се унапреди целта која тие ја имаат. Тие со поголеми примања и имот, семејствата со големи наследства, итн. во

> целина, ќе бидат во можност да ги обезбедат тие средства кои се вредност за слободата поефективно од оние лица кои не ги уживаат тие бенефиции. Тоа е затоа што ја цениме слободата за сите и кон што се стремиме, со цел да се обезбеди поголема еднаквост и значење на слободата. (1984:6)

Разликата, оттука, во однос на социјалната правда е: традиционалните либерали и дури во поголема мера либертаријанците, гледаат на социјалната правда како средство за најдобро постигнување на концепцијата за слобода кој ги разгледува прашањата на релативното богатството и сиромаштија – по прецизно, економскиот притисок врз нечија способност да ја реализира целта – како фактор којашто е определен од природата наспроти човековиот избор; и државата во таа смисла има обврска кон своите граѓани да обезбеди слобода. создадена на тој начин. Овој концепт на слобода оттука започнува да ја дефинира легитимната сфера на владата на карактеристично минималистички начин, и да вклучува сè што е потребно со цел да се гарантира слободата и ништо повеќе. Редистрибутивните социјални политики како што се социјално заштитните бенефиции обезбедени од општото оданочување, оттука стануваат тешко оправдливи – ако не се сосема нелегални, очигледно не се обврска на државата.

Постои еден влијателен филозоф кој оди дури подалеку, и инсистира дека секаква редистрибутивна социјална политика во суштина е нелегитимна. Тој филозоф е Robert Nozick, книгата Анархија, држава и утопија (1974) содржи, помеѓу другото, спротивна теорија за правдата од онаа на Rawls. Nozick ја нарекува својата теорија „теорија на остварување на правдата". На оваа теорија ќе се осврнеме подоцна. Во следното поглавје, ќе биде разгледана теоријата на Rawls.

## *Еднаквоста и социјалната правда*

Како што видовме, Rawls го разликува концептот на правда од можните концепции за правдата. Согласно тоа, главно тврдење е дека правдата е „првата вредност на социјалните институции" а следи дискусијата за улогата на правдата, која тој треба да ја предложи и да го брани својот преферирани концепт за правда. Оваа задача е проследена во целата негова книга.

Равлсовата појдовна точка е идејата за социјален договор – идејата дека сите легитимни влади се резултат на договор склучен помеѓу граѓаните, да институционализираат еден вид на влада која ќе ги зголеми и заштити нивните слободи. Но, Rawls ја разработува „теоријата за општествен договор" застапувана од теоретичарите од седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век:

Мојата цел е да го претставам концептот на правда која ја генерализира и ја издига на повисоко ниво апстракцијата на познатата теорија на социјален договор како кај Лок, Русо и Кант. Со цел да се постигне тоа, не треба да мислиме на оригиналниот договор како оној кој навлегува во одредено општество или пак да ги поставиме одредените форми на влада. Наспроти тоа, водечката идеја е дека *принципите на правда за основната структура на општеството се предмет на оригинален договор. Тоа се принципи кои ги ослободуваат и рационализираат индивидуите насочени кон унапредување на сопствениот интерес, кој треба да биде прифатен во иницијална состојба на еднаквост како што се дефинирани фундаменталните термини на нивното здружување.* Овие принципи ги регулираат сите понатамошни договори; тие ги специфицираат видовите социјална соработка кои можат да бидат вклучени и формата на власт која може да биде воспоставена. Овој начин на сфаќање на принципите на правда ќе ги наречам правда како правичност. (1972: 11; нагласок е додаден)

Задачата која си ја поставува Rawls се однесува на одлуката кои принципи на правда е рационално да се изберат, согласно со погоре наведеното (забележете ги нагласените реченици). Со цел да го постигне тоа, тој поставува имагинарен „социјален договор“ сценарио, кое тој го нарекува „Оригинална Позиција“. Rawls го поставува својот имагинарен граѓанин зад она што тој го нарекува „превез на игнорантност“ што го спречува сознанието кое произлегува од (а) нивниот степен на богатство и нивната социјална позиција, (б) нивната психолошка маска и карактер (на пример, дали тие ризикуваат, дали се водачи, следбеници и така натаму) и (в) од нивната целокупна концепција за доброто (на пример, дали се религиозни, либерални хуманисти, Марксисти и така натаму). Не знаејќи ниту еден од овие факти (а), (б), и (в), тие ќе бидат сигурни во изборот на принципи за правда кои ниту придаваат значење на социо-економската група, ниту на посебниот вид на карактер, ниту на посебни политички или религиозни определби. Она што тие поседуваат е рационалноста, желба да се максимизира нивниот интерес (без разлика на што тоа се однесува), и смислата за правда. Во прилог, тие поседуваат доволно знаење за економија, политика и тоа им овозможува да направат спознајни судови за одредени проблеми; поточно, изборот на принципите за правда треба да биде анонимно прифатен во процесот на дефинирање на основната структура на нивното општество.

Во својата најопшта форма, теоријата дава приоритет на еднаквоста, и тоа е изразено од страна во она што Rawls го нарекува „генерален концепт“ на правда за правичност: „Сите социјални вредности – слободата и изборот, приходот и богатството, и основите на самопочитување – се поставени со цел да

дистрибуираат еднаквост, освен во ситуации на нееднаква дистрибуција за некои, или за сите, од овие вредности воспоставени за сечии напредок." (1972:62).

Забележете дека за Rawls нееднаквоста е онаа која бара оправдување, а не еднаквоста. Одредени социјални вредности не можат да бидат „заменети" со други, а најголем дел од нив остануваат исти – никој не смее да биде доведен во положба да ги жртвува своите основни слободи за економска и социјална добивка. Ова е расчистено со Равлсовата изјава за двата принципи на правда кои како што тврди тој, се состојат од рационални избори направени од спротивставените партии зад „превезот на игнорантност". Првиот принцип е: *Секоја индивидуа има еднакво право на најекстензивниот вкупен систем на еднакви основни слободи компатибилни со сличниот систем на слобода за сите.* Вториот принцип се состои од два дела: *социјалната и економската нееднаквост се воспоставени на тој начин што двете (1) овозможуваат најголем степен на профит за помалку способните, и (2) поврзано е со институциите и позициите отворени за сите под услови на фер еднаквост на можности.*

Rawls има систем на приоритерни правила, според кои вториот принцип единствено функционира во рамките на принуда од страна на првиот, и делот (1) од вториот принцип станува функционален без принуда од делот (2). Резултатот од ова е дека социјалната и економската нееднаквост и нивните дозволени степени можат едноставно да бидат повикани само *во таа смисла* кога барањата за еднаква слобода (првиот принцип) и еднаквост на можности (дел (2) од вториот принцип) се задоволени. Со други зборови, од граѓаните никогаш не треба да се бара да се поигруваат со своите политички права и за сметка на тоа да добијат поголем дел од економскиот колач, а ниту треба да се очекува да се жртвуваат нивните права на еднаквост, за сметка на позиција и функција кои можат да им донесет поголем приход наспроти чисто социо-економска полза, иако тоа значи дека тие ќе бенифицираат економски.

Но, далеку најинтересен дел од Равлсовата теорија е првиот дел од вториот принцип: *социјалната и економска нееднаквост треба да овозможуваат најголем степен на профит за помалку способните.* Ова наликува на „Принципот на разлики". На прв поглед, изгледа нелогично: како нееднаквостите можат да донесат некаков профит за помалку способните, издвојувајќи ги нивните најголеми бенефиции.

Во овој момент, стапува на сцена, Равлсовата квалификација дека договорените страни зад „превезот на игнорантноста" треба да знаат нешто за економијата и политиката на модерната либерално-демократска земја.

Ова најдобро може да се објасни преку Слика 4. Нека *y* претставува ниво на благосостојба на претставителна личност во помалку развиена социо-

економска група, а $x$ нивото на благосостојба на лице во најразвиена социјално-економска група. Она што претставува дијаграмот сѐ зголемените степени на благосостојба на двата екстрема на социо-економските групи, до точката D. Над тоа, благосостојбата на најразвиените може да биде постигната само ако степенот на благосостојба на помалку способните е дозволено да опадне. Точката D претставува точка од која економскиот систем станува 100 процентно ефикасен. Над оваа точка – на десната страна од дијаграмот, никој не добива освен ако некој друг не изгуби. Лево од оваа точка, економскиот систем сеуште не ја има достигнато 100 процентната ефикасност.

Точката D претставува точка на која „Принципите на разлика" се реализираат. Ова бара објаснување со јасни термини. Лево од оваа точка, најнапредните се оданочени до тој степен, што тие немаат интерес во зголемување на сопствената економска активност. Во точката D, тие се оданочени помалку, така што нивната економска активност е на ниво кое помалку способните ја подобруваат својата положба повеќе од која било позиција. Над оваа точка, кон десно на дијаграмот, тие започнуваат да губат.




Со цел, да го разјасниме ова, ќе поставиме две прашања. Прво, зошто да не се постигне потполна еднаквост – односно, секој да добива исти приходи? Второ, зошто најспособните социо-економски групи да запрат кај точка D, ако за нив постои поголем економски напредок, да ги придвижат нештата кон десната страна на дијаграмот за сметка на нивните помалку способни сограѓани? Rawls има одговор на овие прашања.

Прво, рационално е за помалку успешните групи да бараат потполна еднаквост *само ако тие ја унапредат својата положба во вистинска смисла.* Но, според Rawls, ова не би било реално сценарио, бидејќи оние чии способности и талент создаваат прилики и така натаму ќе немаат причина да ги изразат своите способности во целина. Бидејќи според Слика 4., ако најразвиените

групи (кои поседуваат способности за афирмација, талент и средства за да ги реализираат истите) бидат повеќе оданочени, степенот на благосостојба на помалку способните ќе биде понизок во апсолутна смисла. Така рационално би било, помалку развиените да го прифатат „Принципот на разлика“. Со цел да го утврдиме одговорот на Rawls на второто прашање, треба подлабоко да навлеземе во неговата теорија.

Не смееме да заборавиме дека Rawls тврди дека неговите два принципа на праведност се она што двете страни од договорот анонимно би го избрале во почетната позиција на еднаквост – и така, тоа би претставувало рационален избор за нивните имагинарни лица во „Првичната позиција“, зад „превезот на игнорантноста“ како што е претходно нагласено. Бидејќи се претпоставува дека го занемаруваат сопствениот контингент на околности (како што нагласивме претходно), тие ќе изберат принципи на правда од значајно гледиште, а тоа се, само оние принципи кои не застапуваат една социо-економска група наспроти друга. Па така, страните од договорот ќе ја увидат рационалноста на првите; обезбедувајќи им на оние кои се најзагрозени да достигнат подобра позиција од онаа што тие би биле во рамките на која било друга шема (договор); и вторите, обезбедувајќи им на оние кои имаат способности за раководење и преземање да сметаат дека можат да ги реализираат нивните потенцијали и да бидат за тоа дополнително наградени.

Сега сме во можност подобро да ја определиме позицијата на Равлсовиот одговор на второто прашање: зошто најразвиените групи застануваат на точка **D** од графиконот во однос на „Принципите на разлика“? Зошто би било ирационално за нив да бараат позелени пасишта за оние кои се наоѓаат лево од **D**? Равлсовиот одговор вклучува уште еден значаен концепт; поточно, „Добро организирано општество“ (види Rawls 1972: 4-5,453фф.) Добро организирано општество е општество кое ги истакнува интересите на сите свои членови и е регулирано од општата концепција за правда, односно концепцијата за правда заради која постои свеста и договор помеѓу различните социо-економски групи. Се разбира, најнапредните социо-економски групи можеа да напредуваат ако тие не ги избраа Равлсовите два принципа (особено „Принципот на разлика“). Ако се чини едноставно да се увиди како помалку напредните групи можат да бидат задоволни со исходот на нивниот избор зад „превезот на игнорантноста“, се поставува прашањето дали и најразвиените групи имаат причина да бидат задоволни? Равлсовиот одговор е: тие знаат дека поголемиот дел од нивното богатство не е нарушено, особено од страна на помалку способните групи, а помалку способните групи знаат дека на нив се гледа како на оние кои заслужуваат подобар статус. Воздржувајќи се од тоа што тие можеле да имаат во рамките на (да кажеме) lasser-faire капиталистичкиот систем, тие ја имаат сигурноста да живеат во договорно, добро организирано

општество. Но, исто така, знаат дека нивната жртва не е доволно голема, бидејќи им е дозволено преку „Принципите на разлика“ да задржат значајно голем дел од богатството што гарантира одржување на продуктивните напори.

Сумаризирано, Rawls ни дава концепт за социјална правда која бара да се постигне рамнотежа помеѓу *пазарната економија* и *централизираната економија*. Основната идеја е дека еднаквоста е секогаш преферирана, освен ако се покаже дека нееднаквоста (во која било смисла) може да претставува предност за сите. Нееднаквоста на слободата не претставува предност за секого, така што еднаквата слобода содржи рационален избор и е содржана во првиот принцип. Што ни покажува „Принципот на разлика“? Rawls тврди, дека централното ниво на дозволената нееднаквост во богатството е предност за секого, и затоа е рационално да се избере „Принципот на разлика“. „Принципот на разлика“ може да биде постигнат преку едноставно поставување на еднаков систем на оданочување на вистинско ниво; доволен да обезбеди максимум бенефиции за помалку способните социо-економски групи, но не толку многу за најразвиените групи да ја изгубат иницијативата која води кон создавање на капитал. Ако би требало да ги сумираме теориите во една фраза, таа би гласела: договорен социјално заштитен капитализам.

Равлсовата работа содржи различен вид на критички дебати (види на пример, Barry, 1972; Daniel, 1975; Wolf,1977; Sandel, 1982; Pogge, 1989). Помеѓу прашањата кои се поставуваат се и следниве: дали Равлсовата верзија за социјален договор (со неговите договорни страни во „Првична позиција“ и поставени зад „превезот на игнорантноста“) е навистина неопходна, и не можеше ли тој да ги одбрани двата принципа на правда, без да се повикува на неа. Се поставува прашањето дали можеби Равлсовата теорија потфрлува, бидејќи се обидува да гарантира еднаква слобода без во исто време да гарантира она што претходно го нарековме „еднаква вредност на слободата“ – и покрај тврдењето на Rawls дека нееднаквата вредност на слободата е компензирана од делувањето на „Принципот на разлика“?

## *Либертарна алтернатива*

Повторно се навраќаме на чисто либертарната теорија за социјална правда на Robert Nozick, која тој ја нарекува „теорија на придобивки“[1], која е образложена и дефинирана во неговата книга Анархија, Држава и Утопија (1974). Нозиковата појдовна точка е големиот нагласок на индивидуалните

[1] Theory of entitlements

права засновани на слобода, и вклучување на ова значење како поддршка на лимитираната власт, или она што тој го нарекува „минимум држава". Сè што државата прави за заштита на индивидуалната слобода е апсолутно нелегитимно. Најзабележително, нелегитимно е за државата да се грижи за некаков вид на концепција за правда во рамките на која се редистрибуира богатството – секаква редистрибуција го нарушува правото на оние од кои тоа се одзема.

Нозиковата теорија на придобивки" се разликува од опонентските на два начина: (1) преку разликувањето помеѓу конструираните и неконструираните принципи на правда, и (2) по пат на понатамошна дистинкција, помеѓу историските и не историските принципи на правда. Да го разгледаме првиот. Конструираните принципи на дистрибутивна правда би биле, на пример, „на секого според неговите потреби", „на секого според неговото IQ". Сè има форма на „на секого според неговото X", што според Nozick е конструиран принцип на дистрибуција, каде X означува некои „природни димензии, измерена сума на природни димензии или лексикографско наведување на природната димензија" (1974: 156).

Целта, за Nozick, е дека сите такви принципи се насочени кон некои сакани модели на дистрибуција кои ги вклучуваат социјалните вредности како што се еднаквоста, потребата, важноста и така натаму. Неговата концепција, тврди Nozick, е немоделирана – нема преферирано модел на дистрибуција, но повеќе треба да се води сметка како постојната дистрибуција се остварува. Тоа нè води кон вториот принцип. Според Nozick, најважниот модел на принципи не се историски, принципи за „престанок" на државата; додека неговиот немоделиран принцип е историскиот. Важно е да се забележи дека е можно да се има модел на историски принципи – пример, „секому според нивните морални вредности (утврдено според минати дејствија)". Nozick тврди дека нееднаквоста лежи во предлогот дека „Теоријата на придобивки" е не-моделиран историски концепт.

За Nozick, правото на слобода е суверено право, и последователно, аналогно на тоа, суверена вредност; а слободата, како што вели тој, е обврзана да ги наруши моделите. Вие само можете да го одржите моделот на дистрибуција преку постојана интервенција со цел да се променат резултатите од индивидуалните слободни избори на луѓето. Замислете дека започнуваме со некаква моделирана дистрибуција D1 (да претпоставиме, рамноправна дистрибуција). Да претпоставиме дека луѓето се спремни да платат со цел да видат славен фудбалер во акција, и овој фудбалер се спротивстави на менаџерите на тимот заради одреден процент од картите (да речеме, 10 проценти) кои сака да му припаднат нему. Фудбалерот ќе заработи многу, но оние кои сакаат да го видат наместо да платат 90 денари ќе треба да платат 100 денари за карта. Нив-

ната ситуација не е забележително влошена со тоа што издвојуваат 10 денари повеќе со цел да го видат саканиот фудбалер во акција. Слободниот избор направен од страна на илјадници индивидуи успева да постигне промена на дистрибуцијата од D1 кон нешто друго. Ако луѓето на тој начин се одлучиле да ги дадат своите пари на фудбалерот, кој има право да ги одземе, се прашува Nozick,? (Овој Нозиков пример е поедноставен со цел да биде разбирлив.)

Ќе прифатиме или адаптираме уште еден од Нозиковите примери. Замислете социјалистичко општество каде нивото на плати е детерминирано од страна на државата и сите (најголем број) имаат ист приход. Да замислиме дека Роберт сака да работи по истекот на работното време, време кое државата не го плаќа, но тој работи приватно, и неговата работа е успешна. Да претпоставиме дека други ќе започнат да го прават истото, и последователно една цела приватна „прекувремена" економија ќе почне да се развива. Некои индивидуи можеби ќе се одлучат во целост да го напуштат социјалистичкиот начин на работа и да преминат во новооформениот приватен сектор. Што е тоа, што може да го запре овој развој? Единствен начин ќе биде државата да го забрани. „Социјалистичкото општество ќе мора да го забрани капиталистичкиот начин на работа помеѓу полнолетните граѓани". (Nozick, 1974:163). Понатаму, Nozick тврди дека таа ќе мора постојано да го запазува својот авторитет:

> Принципот за „престанок" на државата или принципот на дистрибуцијата на модели на правда не може континуирано да биде реализиран без постојано мешање во човечките животи. Секој посакуван, фаворизиран модел ќе биде трансформиран во еден непосакуван од страна на принципите, со тоа што луѓето одбират да дејствуваат на различни начини; на пример луѓето разменуваат добра и услуги со другите луѓе или даваат нешта на другите, направените трансфери се насочени кон постигнување на саканите модели на дистрибуција. Со цел да се одржи моделот некој мора или постојано да делува така што луѓето ќе бидат спречени да извршат трансфери по сопствена желба, или постојано (или периодично) да земаат од некои средства на поединци со цел истите да ги прераспределат на други. (1974:163)

Од сето ова може да се изведе заклучок дека плаќањето на давачки за социјално заштитни бенефиции надвор од основното оданочување, или било што друго што доведува до редистрибуција на богатството од оние кои поседуваат повеќе кон оние на кои им недостасува, доведува до стриктно нарушување; правата на оданочените се нарушени „Оданочувањето на приходите остварени со работа се еднакви на присилна работа" (Nozik, 1974:169). Единствено легитимен данок на приход по пат на оданочување е со цел минимално финансирање на државата – држава која ја гарантира слободата, штити од насилство, ги обезбедува и регулира договорите итн.

Понатаму Нозиковата идеја е многу блиска на онаа на F. A. Hayek (види Hayek 1960). Всушност Nozick го цитира Hayek во однос на воведувањето на разликата помеѓу моделирани и не моделирани принципи на правда (Nozick; 1974: 158). Во што се гледа разликата кај Nozick, и зошто тој се смета за толку значаен од страна на политичките филозофи? Не, тој не е ценет заради неговите заклучоци, туку заради аргументите со кој тој ги брани. Иако не можеме подлабоко да ги елаборираме сепак вреди да се споменат три карактеристики. Прво, Nozick употребува мудар аргумент со цел да ја оправда минималната држава. Второ, тој многу цврсто ги нагласува индивидуалните права и нивното значење со поголема детерминација на неговите аргументи. Трето, основата на која тој го поставува историското право на сопственост (за кое Nozick го користи терминот „поседи“) содржи обид да се утврдат правата кои ги поседуваме врз претходно неутврдени добра, природни богатства итн.

Способностите на првото, лежат во начинот на кој тој тврди дека минимум држава може да настане без да нарушува нечии права, од пред-политичките општества (или „природна држава“) преку невидливата рака; т.е., без средства од видот на социјален договор. Без оглед на моралниот авторитет, државата ќе црпи директно од „природните права“, поточно, оние пред-политички права ( според одредена традиција) кои ние ги поседуваме со фактот дека сме луѓе. Оттука, оправдано минимум државата во најмала мерка ќе ги изразува и заштитува овие природни права.

Тоа води до втората карактеристика: значењето на индивидуални права. Индивидуалните права ја определуваат рамката во која се прават „социјални избори“. Ако ги запрашаме граѓаните да ги рангираат **А,Б,В** и **Г** според степенот на преференција, само по себе, нема да биде одбрана најпреферираната алтернатива, но во највисоко рангираната алтернатива се содржани индивидуалните права. Во суштина, ако тие се рангирани по пат на мнозинско гласање во овој случај Г, А, В, и Б и ако Г, А и В би го нарушиле правото на барем еден граѓанин тогаш Б треба да биде прифатено без оглед на тоа што е најмалку барана алтернатива за време на гласањето. „Правата не се определени од позицијата на алтернативни или релативни позиции на две можности во социјалниот поредок. Тие делуваат врз социјалниот поредок со цел да го наметнат изборот кој може да се постигне.

Разгледувајќи ја третата точка, согледуваме дека постојат три принципи кои ја градат Нозиковата Теорија за правда: принцип на правда во сопственост, принцип на правда во трансфер и принцип на ратификација на претходна неправда. Принципот на правда во сопственост определува дали иницијалното поседување – поточно, поседување на нешто што претходно не се имало, како на пример некој природен извор во некоја смисла е – праведно. Принципот на правда во трансферот ги детерминира условите под кои првиот

сопственик на посед може истиот да го префрли на друг сопственик. Nozick ја дефинира врската меѓу овие два принципи на следниов начин:

Ако светот е во потполност праведен, следната индуктивна дефиниција целосно ги опфаќа принципите на право на сопственост .

1. Лице кое ќе оствари сопственост согласно принципот на право на поседување, поседува право врз таа сопственост.
2. Лице кое ќе оствари сопственост согласно со принципот на право на трансфер, од некој друг кој имал право на таа сопственост, поседува право врз таа сопственост.
3. Никој нема право на сопственост освен со апликација на 1 и 2. (1974: 151)

Заклучокот од ова е дека можете да го остварите правото на сопственост преку серија на легитимни трансфери по пат на озаконување на купеното, и тогаш вашата сопственост е легитимна. Но, што ако не можете да го остварите тоа? Nozick одговара согласно третиот принцип: принципот на ратификација на претходна неправда. Постојат два начина на кој неправдата може да се појави: секој од првичните поседи или еден или повеќе од последователните трансфери можеби биле незаконски.

Јасно е дека ќе се појават проблеми во однос на ова. Колку далеку во минатото може да се навратиме со цел да ја утврдиме законитоста на поседување? И ако успееме да се навратиме на првиот сопственик, како може да ја утврдиме нивната законитост? Кој одлучува (да не заборавиме, дека во случајов сè уште не постои авторитетот на државата)? Што е законски прв посед во ситуација кога нема правила, закони, инсититуции и така натаму?

## *Резиме и заклучоци*

Да го сумаризираме ова поглавје. Започнавме со прашањето за дефиниција: дали „правдата“ или „социјалната правда“ можат да бидат дефинирани? Утврдувајќи дека не постои единствена дефиниција како дефиницијата за триаголникот, но повеќе хипотетички дефиниции, ние ја истражувавме улогата на идејата за социјална правда како „прва вредност на социјалните институции“. Во следните делови, увидовме колку е наивно да се гледа на слободата и еднаквоста како есенцијално спротивни идеи. Потоа се насочивме кон разгледување на радикално различните начини на разбирање на слободата и радикално различните значења за правдата кои овие значења за слободата ги содржат. Но, далеку најголем дел отпадна на разгледување на Равлсовата и

Нозиковата теорија на правдата. Затоа да изведеме заклучок со конечен осврт кон овие две теории.

Равлсовата теорија на правда е во голема мерка влијателна, и во различни периоди беше претпочитана од страна на бројни централни и лево од центарот ориентирани политички групации (вклучувајќи ги во Британија, Лабористичката и Либерал-демократската Партија). Политичките групаци кои не ја подржуваат се: Марксистите и Либералите. Она што најповеќе ги привлекува политичките групации е, (1) прифаќањето на идејата за рационален избор помеѓу различните концепти за правда, (2) претпоставката во прилог на еднаквост, освен ако одредени видови на нееднаквост можат да бидат оправдани во интерес на сите, и сепак (3) начините според кои подобрите елементи на капиталистичкиот систем се зачувани.

Нозиковата теорија започнува од различни основи: светост на индивидуалната слобода, со посебен акцент на правото да се оствари и размени имотот. Тоа е фундаментално право на кое се заснива легитимноста на државата – и, во друга смисла, авторитетот на оваа (минимум) држава се проширува до степен на зачувување на фундаменталните права. Да се разгледува слободата сериозно, според Nozick, е некомпатибилно со било која теорија на правда, која сака да наметне некој модел на дистрибуција/редистрибуција на богатството: слободата, вели Nozick, ги нарушува моделите (1974:160). Ако Нозик е во право кога тврди дека луѓето имале право на сопственост пред државните активности или интервенција, тогаш секој обид од страна на државата (или кој било друг) да се редистрибуира она што легитимно се поседува мора да е незаконско, или поточно, државата нема никакво право да се меша во социјално-заштитните активности. Навистина е едноставно да се увиди како Нозиковата теорија може да биде прифатена на либерален начин, вклучувајќи и некој елементи од Конзервативната партија во Британија.

Како заклучок може да се запрашаме: какви се импликациите врз социјалната заштита на овие две концепции на правда? Да почнеме од Равлсовата теорија. Јасно, круцијален дел од Равлсовата теорија е претпоставка во прилог на еднаквоста, освен во ситуации кога нееднаквоста е во прилог на сите (или поточно, најмалку соодветна), и оваа претпоставка е вклучена во „Принципот на разлика". Овие принципи не утврдуваат како се врши трансферот на средства со цел да се постигне благосостојба на најмалку способните. Делувањето на „Принципот на разлика" ќе се оствари на структурално ниво; поточно, делување помеѓу социо-економските сектори, а не помеѓу индивидуите. Деталите ќе се однесуваат на формално правната процедура и администрација, во согласност со основната перцепција на „Принципот на разлика". Обезбедувањето на благосостојбата, во ситуации кога

е неопходна ќе биде составен дел од општиот контекст на редистрибуција на богатството, едноставно ќе биде дел од прецизираната администрација.

Според Нозиковата теорија, спротивно, единствено легитимни трошоци на државата се средства добиени преку општо оданочување, за финансирање на минимум држава (заштита на граѓанските слободи, казнување на криминалните престапници итн). Обезбедувањето на социјална заштита, ако воопшто постои, оттука е израз на слободен избор на оној кој ја обезбедува. Ако вие одберете да им помогнете на оние кои се во потреба, тоа можете да го направите. Никој не ве спречува. Всушност, многумина ќе бидат задоволни, а оние кои се ваши корисници ќе ви бидат благодарни. Но, ако државата се обиде да ве оданочи со цел да им помогне на оние во потреба, државата во таа ситуација ќе ви ги наруши правата.

Со цел да се илустрираат овие дефиниции понатаму, да разгледаме некои поединечни импликации на социјалната политика. На пример, на кои основи треба да биде алоцирана медицинската заштита? Nozick би го избрал зборот „алоцирана". Со негови зборови:

> Не постои централна дистрибуција, ниту индивидуа или група овластена да ги контролира ресурсите, заеднички одлучувајќи како тие да се распределат. Она што секој поединец го добива е резулат на некој вид на размена или подарок.(1974:149)

Во делот во кој се говори против тезата дека медицинската заштита треба да биде алоцирана врз основа на потреба, а не врз основа на можноста да се плати, Nozick ги споредува докторите со бербери. Ние не се буниме, вели тој, кога берберот ги продава своите услуги на они кои за нив се спремни да платат, и не се сложуваме со оние кои не сакаат да платат за услугата. Зошто, прашува тој, немаме ист став кон докторите? Државата или „општеството" нема повеќе право на монопол или приближно на монопол врз дистрибуцијата на услугите на докторите отколку на берберите. Да се нагласи неговата поента тој го зема примерот за половите и се прашува дали „нивните услуги" треба да бидат „алоцирани на оние на кои им треба најмногу?" (1974:234). Да се принудат градинрите да работат под исто такви услови ќе биде исто како да се реализира полусопственииштво врз нив, и во суштина да се наруши нивното право. И истото се однесува, тврди Nozick, и за докторите.

Како овој пример ќе биде резгледан од стрна на Равлсовата теорија? Основниот принцип е изразен од страна на Rawls: „Социјалните ресурси мораат да бидат препуштени на владата со цел да се обезбеди општа благосостојба и да се направи трансфер на примањата неопходен заради задоволување на „принципот на разлики" (1972:278).

Резултатот од овој различен пристап во однос на здравствените сервиси треба да биде јасен. Во рамките на Нозиковата концепција за правда, пазарот треба да владее во целост, државата ќе интервенира само со цел да ги обезбеди природните права на граѓаните, додека од аспект на Равлсовата теорија, државата и нејзините агенции делуваат според принципите на редистрибуција (Принципот на разлика) со цел да се алоцира медицински средства така да се постигнат максимални бенифиции за најмалку способните, како што беше објаснето претходно во ова поглавје.

Двата концепта за правда се максимално различни. Јасно, ако идејата за обезбедување на социјална заштита од страна на државата е лудост, тогаш одредени аргументи против Нозиковата концепција за правда мораат да следат – внимавајте, аргументи: а не емоционални реакции и реторички избувнувања. Но, што може да се смета за аргумент, како може да постојат разумни дебати, а не да речеме рутинизирани политички реторики и употреба на слогани, кои укажуваат на овие разлики?

Наспорти овие разлики, двете теории делат заеднички елементи: пред сѐ слободата. Улогата на слободата е јасно видлива во случај на Nozick, и се темели на концепцијата на природно право кое може да се сретне и во делата на Хобс и Лок. Но лесно е да се заборави, кога еднаш ќе се вклучиме во „Принципот на разлики“ и неговата интеретација, дека и Rowls укажува на примарноста на слободата. „Принципот на разлика“, да се потсетиме, е трет во „лексичкиот ред“, на прво место се наоѓа првиот принцип (еднаква слобода), потоа следи вториот дел од вториот принцип (еднаквост на можности), и дури потоа следи „принципот на разлика“, во рамките на двата составни дела. Дебатата оттука, на крајот се сведува на радикалната разлика во интерпретацијата на слободата (разгледувана во делот за слобода и правда). Rawls ќе тврди дека неговата интерпретација на слободата е сѐ уште цврсто во либерални рамки, но потребно е да се додаде со цел да се обезбеди нејзина реализација (поврзано со Принципот на разлики). Нозик, од друга страна ќе тврди дека Равлсовите дополнувања ја нарушуваат токму слободата која тој тврди дека ја дефинира.

(Превод од англиски – *Светлана Трбојевиќ*)

*Mike Wilson*

# ГРАЃАНСТВО И БЛАГОСОСТОЈБА

Како продолжение на дискусијата за „правда“ од претходната глава ќе навлеземе во еден многу комплексен концепт во рамките на социјалната политика: концептот на **граѓанство**. Прашањата и дебатите околу граѓанството во книга посветена на анализа на социјалната политика ја доведува во прашање анализата не само на граѓанството, но и на благосостојбата. Сепак, секаква дискусија за значењето на современата апликативност на концептот на граѓанство и благосостојбата – и нивната врска – мора да биде претпазлива! Зошто пак ова? Повеќето од одговорите се наоѓаат во многу конфликтното подрачје на овој концепт. Оттука, дискусиите за граѓанството се во центарот на политичките дебати. „Граѓанството, без оглед на тоа какво е неговото значење, е културна придобивка *која може да биде загубена или уништена*. Ова значење за предизвикот и контингенцијата зависни од балансот на социјалните, економските и политичките сили, исто се нагласени во различни публикации (на пример, Barbalet, 1988;Turner, 1993; Plant 1988).

Слични забелешки постојат кога говориме за благосостојбата. Благосостојбата (во контекст на социјалната заштита) најчесто асоцира на мерки преземени со цел да се алоцираат вишоците на пазарниот капитализам. Исто така, и покрај запознаеноста со терминот држава на благосостојба, не постои неопходна врска меѓу благосостојбата и државното обезбедување иако, особено во дваесетиот век ова тежнееше да биде доминантен начин на заштита (Roche,1992). Уште една претпазливост мора да се истакне во смисла на либералниот и демократскиот контекст во кој државната заштита е најчесто разгледувана. Примерите на Бизмарковата Германија и Сталинистичката Русија покажуваат дека овој контекст не е *sine qua non* на државната заштита. (Roche, 1992)

Овој текст, се осврнува токму на овие дилеми и дебати, започнувајќи со класичниот социјален третман на граѓанството на Т.Н. Marshal, продолжувајќи со Тачеровата реакција против концептот на „социјално граѓанство“. Во

продолжение следи и обработка на проблематичните прашања за теоретичарите на граѓанството, како: дали растот на сиромаштијата и невработеноста, комбинирана со расната и половата исклученост, претставуваат закана за концепцијата на граѓанството.

## *Граѓанство и благосостојба - T. H. Marshal*

Ако дебатите за дефинирање на граѓанството и благосостојбата се нешто покомплексни од тоа што изгледаат на прв поглед, тогаш очекувањата не се големи за разбирање на односот помеѓу граѓанството и благосостојбата. На едно ниво овој песимизам е погрешно поставен. Увидовме дека современата варијанта на „Новото право“ на современиот Конзервативизам има јасен, во голема мерка негативен поглед кон односот помеѓу граѓанството и благосостојбата. Ова се разбира, е нешто што се судрува со социјалдемократскиот консензус кој постоеше во трите декади по Втората светска војна. Така веројатно не е изненадување некој од *влијателните* авторите на тој консензус да бидат препрочитани , преанализирани, и до одреден степен, препроценувани.

T.H. Marshall, особено неговото дело „Граѓанство и социјална класа“ издадено во 1949 година – повторно се појави во фокусот на дискусиите, особено оние околу граѓанството, кои се појавија со зголемен интензитет во последните години. (Tarner, 1993). Во суштина, за Marshall, државата на благосостојба ги има разрешено сите последователни конфликти помеѓу капиталистичката пазарната економија и демократијата. Постојаната еволуција на граѓанството преку неговите цивилни фази (индивидуални слободи, слобода на говор) и политички фази (слобода на гласање и политичка партиципација) од осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век, сега се комплетирани во конечната верзија со потполно значење. (Marshall,1992; cf. Steenbergen, 1994). Оттука институционализацијата на социјалните форми на граѓанството во државата на благосостојба, кои се реализираат преку мерки како што се заштитата во случај на невработеност, здравствена и образовна заштита, постигнаа значајна социјална поставеност. Постоечките социјални нееднаквости на класниот систем, кои се јавија како резултат на капитализмот, го намалија своето негативно влијание врз индивидуалните шанси. Соодветно „скротена“, новата форма на социјализиран капитализам ќе ја зголеми посветеноста на индивидуите кон системот. Намалувањето на класите сега е заменето со класна фузија (Marshall, 1992).

Ваквиот Маршалов оптимизам повеќекратно беше критикуван од марксистите, (Ginsburg, 1979; Gough, 1979) поради игнорирање на реалното

постоење на класите, патријахалната и расистичка моќ: а и од страна на демократите (George and Wilding, 1984) заради игнорирање на реалноста за креирање на социјална политика и соодветно на тоа условната природа на кој било вид на социјално граѓанство. Како и да е, и наспроти критицизмот, сепак Маршаловиот придонес има некакво значење во однос на истражувањето на Комисијата за граѓанството (1990), кој гласеше „најважните права за мнозинството Британски државјани" се „социјалните права – правата на минимален животен стандард, здравствена заштита, правото на работа и правото на образование". За комисијата ова укажа на издржливоста на она што Dahrendorf го опиша како верување застапено во почетокот на дваесетиот век дека „цивилните и политички права не значат ништо ако не се поткрепени со одредена социјална сигурност која им овозможува на луѓето да ги искористат овие права".

## *Тачеровиот ефект?*

Укажувајќи на значењето на оваа традиција и притоа имајќи ги во предвид резултатите од истражувањата кои покажаа дека вредностите на социјалната солидарност – вклучувајќи ја и социјалната заштита – не беа потценети од Тачеровиот експеримент (Jowell и Airey, 1985; Marquand, 1992), се поставува прашањето зошто постои впечатокот дека последните 15 години, се окарактеризирани со Тачеровото гледиште според кое „не постои такво нешто како општеството?" Од една страна, се разбира, одговорот се увидува релативно директно. Осумдесетите не беа години на Тачерова хегемонија, но години на криза на опозицијата. Тачер ја заштити својата политичка сила, дури и преку изборната поддршка од Конзервативната партија која беше во процес на постојано опаѓање од 1979 година. Како што нагласи Marquand, декадата од осумдесетите не е декада на триумф на тачеризмот, тоа е приказна на ослабнат Лабуризам. Лабуристите неможеа да ја пренесат раширената и несистематична симпатија за широките социјалдемократски вредности во гласови за Лабористите на денот на гласањето. (1992: 192-3).

Во потрага по објаснувањето зошто е ова така, Marquand (1992) оди понатаму и ја објаснува централната тема во ова поглавје – граѓанството. Поточно, тој се фокусира на падовите на политичкото граѓанство и тоа што тој го гледа како ударен ефект за социјалното граѓанство. Ова не е нова тема. Навистина, во 1985 година – R.W. Johnson, осврнувајќи се на „традиционалната слабост на левоориентираното раководство во Британија", го цитира Вилсоновото гледиште според кое „Поставување на такви прашања кои се однесуваат на напуштањето на државните училишта, реформата на Парламентот,

води кон неуспех да се обезбеди поотворена влада" како рефлексија на „долговремениот неуспех на левоорентираните во Британија да изведат демократска револуција која бара поголема предност и надеж за социјалистичка трансформација" (Johnson, 1985: 270). Скоро една декада подоцна Will Huton (1994) повторно ги нагласи овие теми, во статијата која се однесуваше на односот на пишаниот устав и работникот како граѓанин. Тој нагласи дека „без заштитено политичко граѓанство, социјално и економско граѓанството не постои".

## *Наследство од осумдесетите – социјална исклученост, „новата сиромаштија" и субкласите*

Во повеќе наврати, овие анализи укажаа на непотполноста на Маршаловите анализи. Виговското[1] верување во линеарната прогресија на граѓанството, и кратковидост во однос на големиот политички план се теми за кои сè уште треба да се преговара пред да се постигне соодветна поддршка на условите за социјално граѓанство. Сепак, тоа не ни дава за право да бидеме премногу строги кон делото на Marshall. Како што беше претходно нагласено, тој беше – како и сите политички и социјални теоретичари – човек на своето време. Не можеше да се очекува дека тој ќе го предвиди предизвикот на непосредната социјална заштита во поствоениот период, особено кога тој пишуваше на почетокот на декадата, во рамките на која Конзервативната партија ја прифати повоената состојба и која гледаше како растат трошоците за социјална заштита до највисока стапка за време на трите последователни влади на Конзервативната партија. (1982).

Слично, од него не се очекуваше да го предвиди подвојувањето на старата работничка класа и појавата на нови поделби во врска со депривацијата, за време на последните две декади на столетието. Ваквите поделби предизвикаа повоениот консензус за социјална зашита, заснован на работен – и семеен – систем на социјална сигурност, да стане несоодветен. Некои од овие поделби – пр. самохраните мајки, подолговремена невработеност, бездомништвото, малцинските етнички заедници – заедно со „традиционално" отуѓените групи на пр., старите лица и хендикепираните, во голема мерка станаа жртви на „ексклузивните општества" (Lister, 1990.) Овие сегменти на популацијата, маргинализирани од страна на одреден социјален или економски тренд, имаат препознатливо име „субкласи". Овој опис може да доведе до погрешен заклучок. Еден автор дури смета дека овој опис е толку двосмислен, па потребно е да

[1] Британска политичка партија која подоцна прераснува во Либерална Партија.

биде корегиран како на пример со терминот „граѓани од втор ред“ (Hill, 1994; Steengergen, 1994). Без оглед на описот, сиромаштијата и последиците од неа како што се социјалната и политичка изолација доведуваат до „забележителна ерозија на граѓанските права“ (Hill, 1994: 4).

Таквата ерозија не беше предвидена од страна на Marshall. Донекаде тој не поседуваше чуствителност за половите права во своите анализи за граѓанството (Vottomore, 1992), и тој исто така не можеше да ги предвиди промените во семејната структура и преструктуирањето на пазарите на трудот, кои придонесоа за зголемувањето на бројот на самохраните мајки, засега еден од централните народни ѓаволи во постојната подкласна демонологија. (Murray, 1994). Овие жени се жртви од два аспекти. Прво, традиционалната исклученост од патријахално доминантниот пазар на трудот, значи континуирана економска маргинализација (Cram and Richardson, 1992; Adriaansens, 1994). Второ, таквата маргинализација е зацврстена со одржувањето на патријахалниот систем на плати, притоа укажувајќи на неадекватноста на Беверицовиот оптимизам според кој се смета дека во суштина машката доминација, полновременото работење, работната сила и семејната структура, преку националните шеми на осигурителни придонеси, како и заштитата на семејствата против секаков вид на каприц на пазарот на трудот, ќе исчезне. Понатаму, растот на она што требаше да биде резидуална, дискретна, шема на национална помош, денес се претвори во огромна програма за поддршка на приходите, при што многу самохрани мајки се заробени во (наместо ослободени од) постоечката сиромаштија преку социјално-сигурносниот систем. (Alcock, 1993; Adriaansens, 1994).

Таквите структурални фактори – особено исклучувањето од пазарот на трудот се однесуваат на старите лица. Нивното традиционално поврзување со сиромаштијата на животните циклуси е добро документирана, исто како и нивниот неодамнешен компаративен напредок преку шемите на државните и пензиите во зависност од професијата (Pampel and Williamson, 1989; Alcock, 1993; Walker, 1993). „Новината“ која се однесува на старите лица, во однос на сиромаштијата и последователно социјалната исклученост е демографскиот бум, кој укажува дека старите лица, кој го претставуваат неактивниот сегмент од популацијата, заземаат сè поголема пропорција во вкупното население (Henwood, 1992; Hill, 1993). Соодветно, стеснувањето на работната сила претставува помал избор со кој се финансира одржувањето на приходите и социјалната грижа на старите лица. Кога сето ова ќе се поврзе со евентуалната циклична реакција на старите лица кои не ги уживале релативно високо платените, полновремени и сигурни кариери на одреден број стари лица, несигурната иднина па дури и пооскудниот социјален живот во однос на поголемиот број стари лица, може да се очекува.

Реакциите на општеството на моменталната и можната идна исклученост на старите лица од партиципацијата во граѓанството, често е централна тема во дебатите за граѓанските права. Ова претставува тест за степенот до кој силите на пазарот можат да ги модификуваат заедницата или граѓанско-ориентираните политики. Оттука, како што нагласува Midwinter (1992), „зајакнувањето на старите е основно за партиципативно-базираната култура во заедницата". Па сепак, напредокот на „улогата на старите лица како граѓани-партиципиенти" станува се „попозната и поприфатена" (Midwinter, 1992) од кога и да е. Деиндексацијата на државните пензии од приходите (Walker, 1993:285), зголемениот нагласок на приватните пензии како одговор на демографскиот бум од дваесеттиот век и зголемената ерозија на стекнатото богатство преку приватизацијата на трошоците за резиденцијална грижа, претставува значајна закана за економската основа на граѓанството (Jones, 1992). Така за старите лица – особено за женските стари лица (Groves, 1992) – постои зголемена сличност во социјалната исклученост, доколку продолжат да опстојуваат сегашните услови. Она што Маршал го нарече „потполно членство во заедницата" постигнато од социјален аспект преку „правото на мала економска социјална заштита и сигурност, правото во потполност да се подели социјалното наследство и да се живее цивилизиран живот според постојните стандарди во општеството" (Marshall, 1992: 8) станува сурова халуцинација за овие луѓе. Останува да се види дали идните генерации на стари лица ќе продолжат со групната тактика на притисок која потенцира зголемување на самопроценувањето преку одредени групи на стари лица. (MacQueen, 1993).

## *Реакции на социјалната исклученост*

Прашањето дали државата може и треба да преземе акции за реинтеграција или повторно вклучување на отуѓените групи, само посебе е предмет на многу контроверзности. (Cannan et al. 1992). За теоретичарите на „Новото право", да се преземе таква активност е опасен социјален инжинеринг и можност да доведе до исчезнување на слободата наспроти нејзино зајакнување. Така, освен обезбедувањето на основните слободи – слободата на говор, религијата, здружувањето, еднаквоста пред законот и така натаму – државата треба едноставно да го има одговорот. На тој начин луѓето не се физички спречени да постапуваат согласно својата волја. Дали ќе успеат или не, не зависи од граѓанството, што само ја помрачува јаснотијата на пазарно ориентираните односи помеѓу индивидуите. Оттука, во фамозната фраза на Keith Jozef – една од водечките креатори на „Новото право" – изјавува дека „сиромаштијата не е неслобода" (Joseph and Sumption, 1979: 49). Државното интервенирање во

воспоставувањето на лажни социјални права нема – според уште еден креатор на „Новото право“, Powell – да воспостави правда само посебе, туку ќе придонесе за подигнување на човековите потреби во права (Philips, 1977). Потребите најдобро е да се остават на автоматските движења на пазарот. Социјалните последици (исто како и лошото време) се несакани последици на природниот систем (види Plant, 1984).

Сличните сомневања за државната вклученост во социјалното граѓанство – заради различни причини – се изразени на другиот крај на политичкиот спектрум. Марксистичкиот скептицизам за концептот на граѓанството иако (во практиката) имплицитно исклучува многу луѓе, но вклучувајќи ги самохраните мајки, подолготрајно невработените луѓе и така натаму е поврзан со погледот на социјалната држава како обезбедувач и легитиматор на социјалната поделба како што е класната, патријахалната и поделбата на расно-социјалните односи (Ginsburg, 1992). Ова не е за изненадување, бидејќи објаснувањето на материјалистите за историјата покажува дека легалните и политичките супраструктури лежат на економската структура. Во капитализмот ова значи, во суштина, државна акција заснована според потребите на капиталистите (George and Wilding, 1985). Слична хармонија на гледишта постои и во однос на улогата на волонтеризмот, иако и десницата и левицата сакаат да развијат алтернативи за воочената принуда и неефикасна распределба на социјални сервиси од страна на државната бирократија. Со цел да се рехабилитира граѓанството за сопствени цели, портпаролот на Тачеровата програма сакаше да го опише „активниот граѓанин“ со квази викторијански термини. Таквиот граѓанин ќе се однесува согласно мотивите кои ги увидуваат напорите на индивидуите како далеку посоодветни од кое било колективно наложено решение, од алтруистички и мотиви за социјална одговорност. Така, активниот граѓанин, за Hurd во 1988, претставува рефлексија на мешавина од самопомош и волонтеризам. Ова, според некои критичари, е дел од проектот на Тачеровата идеологија за враќање на државата преку редефинирање на индивидуална одговорност кон остатокот на општеството, како и обидот за намалување на одговорноста на државата за судбината на индиивидуите (Cram and Richardson, 1992).

Улогата на волонтеризмот во овој проект, за кратко, беше пореметена со социјално-заштитната плуралистичка дебата во осумдесетите. Многу од лево ориентираните партии беа поврзани со овој развој, и беа ориентирани кон алтернативите во рамките на заедницата, за разлика од традиционално државнобирократизираните социјално заштитни сервиси. Сепак, во осумдесеттите, лево ориентираните партии станаа сомнителни во однос на социјално заштитниот плурализам. Последователно, анти-бирократскиот начин на поставеност на политиката во сферата на социјалната заштита води кон замени со дебата која

се однесува на улогата на новите социјални движења (кон што ќе се осврнеме подоцна).

Концентрацијата на екстремите од политичкиот спектрум не треба да нè отстранат од разгледувањето на големата борба на модерниот либерален колективизам и социјално демократски консензус, во нивните обиди да се одбранат од нападот на Тачеризмот. Особен отпор се јави во однос на гледиштето за граѓаните како „економски граѓани", при што вклученоста на граѓаните (на пр. во пристапот на потрошувачите во однос на Граѓанската повелба) е мерена преку реформите наспроти правата (Hill, 1994). Поточно, се повторуваат обидите да се воспостават јасни филозофски и социјално-научни принципи на потреби како основа на политиката за социјална сигурност (Townsend, 1979; Mack and Lansley, 1985). Поточно, овие автори, се обидуваат да ги избришат желбите, со цел да се искористат политиките за одржување на приходите како прв чекор кон реинтеграција на социјално исклучените во рамките на постојното општество. Таквите однесувања ги осликуваат Маршаловите погледи за потребата од можности за целосна партиципација во општеството, како еден неизбежен предуслов за социјалното граѓанство.

Како и да е, може да се каже дека одржувањето на приходите/ политиката на социјална сигурност, не е доволна сама по себе за реинтеграција на индивидуите во општеството. Навистина, во последните децении, зголемувањето на степенот на учество на работниците може да биде најзначаен интегративен фактор во општествата каде традиционалните институции на социјална интеграција – како што се Црквата и локалните заедници – еродираа. Социјална партиципација се смета како централна во однос на секое сериозно разгледување на граѓанството (Adriaansens, 1994). Изјавите дека е неопходно да се постигне повисок степен на партиципација на работниците – заради, намалувањето на невработеноста и стапка на примања доволна за одржување на граѓаните во традиционално индустрионализираните држави – останува проблем. (Oppenheim 1990; Low Pay Unit, 1992; Panorama,1994). Сличен проблем се јавува и во однос на можноста да се делува на признавањето – и од страна на политичарите и научниците – дека начинот на кој социјално-заштитните институции ја остваруваат моќта, (Marquand, 1992; Blair, 1994:215), е круцијална, бидејќи – како што сметаат бројни критичари, искуството стекнато преку граѓанска интеракција со социјално-заштитните институции често претставува „дезориентиран, оддалечен и надмен деспотизам" (Marquand, 1992: 215), кој „само некој кој всушност не е примател на социјална заштита од страна на државата може да се осмели да го нарече . . . инстанца на активен граѓански алтруизам. (Ignatieff, 1991: 234). Marquand смета дека најголем дел од одговорот се наоѓа во британскиот неуспех да се изгради моќна и разнообразна култура на политичко граѓанство – неисцрпната основа за контрола на институциите

во социјалното граѓанство. Заради недстигот од таква „граѓанска култура" Британците (или во најмала рака Англичаните) „не беа, и никогаш не биле, граѓани на државата, со права и обврски кои се поврзани со граѓанството, тие биле предмет на монархот" (Marquand, 1992: 215). Овој пристап може да се сретне во барем еден од Тарнеровите (1993) четири идеали на типичните форми на граѓанство; и тоа во, пасивна, или повисоко развиена форма.

## *Заклучок: Нова програма за граѓанството?*

Дали пасивната традиција на граѓанството може да прерасне во попартиципативна култура, во услови кога институциите на социјално граѓанство стануваат се почесто предмет на јавна контрола, останува да се види. Маркvandовиот практичен пример – на „пациенти во чекалната на докторот, родителите надовор од училишното игралиште, луѓе кои чекаат да пристапат до службата за здравствена заштита" (1992:215) го добиваат она што тие сметаат дека е третман кој ги задоволува нивните потреби – а остануваат не услужени во смисла на детална операционализација. Понатаму, ниту една од децентрализираните, партиципативни форми на државна интервенција не настојуваше да ги опфати овие социјално заштитни сервиси.

Сепак, можеби како што нагласува Marquand, британската држава го игнорираше прифаќањето на гледиштето на „Новото право" за проектот за социјално граѓанство, и прифати излез (типичен механизам на пазарот) на добивање услуга од друго место. Но, Marquand нагласува дека таквиот пристап е само привремен и е во согласност со феноменот перпетумобиле, феномен на современото општество, кој се движи од приватизам во осумдесеттите до „привремен и несигурен колективизам", одразувајќи ја реакцијата на шеесеттите и раните седумдесети на приватизмот од педесеттите (Marquand, 1992: 214, 220).

Стигматизирањето на корисници на социјална заштита (особено самохраните мајки ) ја продолжува традицијата од Законот за сиромашните во смисла на помала пристапност (Ditch, 1992: 38). Сепак, сè позачестени се алтернативни пристапи. На макро ниво, Европската унија (ЕУ) се смета како гарант на одредени аспекти на социјалното граѓанство кое не е прифатено од страна на Британската конзервативна влада (Alcock, 1993). На микро ниво ЕУ е нестрплива – преку програмите против сиромаштијата и против социјална исклученост, – да ги поттикне социјално исклучените самите да ја отстранат немоќта со нивна неопходна партиципација и вклучување во активности на локално ниво (Cannan et al., 1992).

Паралелно со таквиот развој се јавуваат и многу тематско, „општествени“ движења, особено повеќе димензионални дебати и акции околу прашањата за животната средина. Ова се рефлектира во поразнолично, помалку хомогено општество од вредносно-кохерентното општество во Маршаловиот период (Bottomore, 1992). Она што алтернативно беше наречено појавување на пост-фројдовско општество (Cochrane and Anderson, 1989) продолжи да коинцидира со зголемено отуѓување од „официјалниот“ политички систем и поголема посветеност кон другите форми на нестандардно граѓанство, ориентирано на заемна подршка, помош и вклученост. Така, дискусиите за правата и обврските, традиционално фокусирани на државата, станаа нагласено зајакнати со она што се нарекува „цивилно општество“ (види Roche, 1992: 40).

Водечките активисти во таквиот развој се младите, кои се во првите редови на она што се нарекуваат нови социјални движења (Cochrane and Anderson 1989). Така, за еден таков активист, „хомосексуалците, поборниците за заштита на животните, бездомниците и др., бараат нови политички вредности и социјална правда“. Ова, е постигнато преку „заедничко застапување, воспоставувајќи заемни односи, помеѓу Третиот свет, и со проширување на дебатата која преминува во една заедничка цел“ (Vidal, 1994). Ова не е само дел од „отпорот во заедницата кон нечувствителните промени“ или на „структурната хиерархиска сила како резултат на доминацијата од страна на мажите и одлуки направени без консултација“. Попозитивно, се смета дека тоа е дел од огромниот пораст во „DIY културата“ преку која „луѓето се организираат на корпоративен начин“ (Vidal,1994). Таквите мрежи на самопомош се дел од локалниот и глобален феномен поврзан со партиципиентите, потврдувајќи дека средината не може да биде одвоена од социјалните прашања, како што здравствените прашања не можат да бидат одвоени од транспортот, ниту загрозените луѓе од начинот на кој индустријализираните нации трошат (Видал, 1994).

Овие манифестации на слабо поврзани примери на заемна соработка се дел од она што Roche (1992) го нарече нов феномен на пренасочување на обврските. Граѓанство не е дефинирано преку поврзување со официјалната „државна“ сфера, ниту преку „правата“ насочени против оваа сфера. Спротивно, неговите основни укажувања се однесуваат на заемни очекувања и обврска кон нечии членови – не само во рамките на нечија непосредна група, но исто така и во придружните групи, во рамките на пошироките социјални движења во кои овие групи придонесуваат.

Оваа „коалиција на виножитото“ може да биде исмејана како утописка (Johnson, 1985), но мотивацијата останува цврста и јасна, во времето на зголемено отуѓување од политичкиот систем, и сè уште може да создаде алтернативна програма. Ваквата програма, како и формирањето на кохерентна вред-

носна рамка за новиот стил на живеење на нејзините поддржувачи, исто така може да делува како силно надворешно влијание на постојната политичка програма, настојувајќи да се развијат алтернативи на „зависниот индивидуализам и потребата да се заработат пари“ (Barton, 1994), толку карактеристични за последните две декади на дваесеттиот век.

Оттука, реинтеграцијата на социјално исклучените во постојното општество неопходно не зависи од државата. Во многу ситуации, некои од нив не изразуваат желба за реинтеграција, но спротивно на тоа, сакаат преку формата на групен притисок, да делуваат на промена на постојното општество – преку формите на соработка и самопомош. Иронично, од многу причини, прва помеѓу овие перспективи е една од високо ценетите социјални вредности на „Новото право“. Наспроти тоа, традиционалните бирократски форми на обезбедување на социјална заштита беа критикувани заради дијаметрално спротивни причини. Ова не враќа назад на почетокот на ова поглавје – контраверзниот концепт на граѓанството. Во рамките на „Новото право“ останува да се види дали во секој период индивидуалистичкиот консумеризам, традиционалниот торијански волунтаризам, социјалната демократија, па дури и новите перспективи на социјалните движења, делуваат како водечки сили на граѓанството.

Може да се предвиди продолжена социјална ерозија на индивидуалистичкиот и консулментскиот пристап во однос на граѓанството и неговиот однос со благосостојбата. Сепак, претставува проблем да се замени таквиот пристап, како и замената на благосостојбата со граѓанството. Во последните седумнаесет години, поствоениот социјал-демократски консензус беше сериозно предизвикан. Традиционално “слободните“ претпоставки за граѓанството се последователно нарушени во својата основа. Можевме да видиме дека консензусот не беше во целина уништен, но јасно е дека тој не може да го добие својот првобитен облик. Новата Маршалова „кохеренција“ не е сè уште развиена, но е предмет на големи дебати. Многу од новите „официјално“ реформаторски програми изгледа дека се насочени кон обновување на (главно) политичкото граѓанство преку уставни реформи, зајакнати преку делувањето на регионални и локални влади и привиден „комунитаризам“. Ова обезбедува дополнителна сила на политичкото граѓанство, во контекст на DIY, но дали потребната поддршка ќе биде добиена (на пр. во однос на јавната одговорност за социјалната заштита и социјално заштитните институции), останува да се види.

(Превод од англиски – *Светлана Трбојевиќ*)

*Alan Pratt*

# УНИВЕРЗАЛИЗАМ ИЛИ СЕЛЕКТИВИЗАМ?

## *Обезбедување на сервиси во модерната социјална држава*

Кога политичките одлуки се насочени кон целосно или делумно отстранување на ограничениот број на алокации од пазарните операции, во услови на самостојно опкружување, владите се соочуваат со нови видови на проблеми. Ако пристапот до приходите не го детерминира пристапот на популацијата до образованието, здравствената заштита, надокнадата на приходите и други добра чија дистрибуција, на еден или друг начин, е содржана во суштината на поголем број социјални држави, тогаш се поставува прашањето која е таа детерминанта? Попрецизно, кој критериум го користат владите? Кој добива, што добива и зошто?

Ова поглавје ги проучува концептите на универзализмот и селективизмот како и нивните хибриди како што е позитивната дискриминација. Настојува да го утврди нивното прецизно, позитивно и негативно значење во однос на различните карактеристики (како што се трошоците, ефективноста во пресретнување на политички цели, влијание на пазарната партиципација, стигматизација и така натаму.) Во рамките на ова поглавје, вниманието е насочено кон историографијата на дебатите кои се однесуваа на реконструкцијата на „државата на благосостојба“ во четириесеттите години. Од раните педесетти, се забележува затишје на дебатите, иако истите беа отфлени како „најпогрешни помеѓу вообичаените дихотомии“, како конфликт помеѓу идеолошките духови. (Pinker, 1971). Сепак, она што на едно ниво е техничка дискусија за тоа како најдобро да се алоцираат недоволните средства, исто така е рефлексија на конфликтот помеѓу ривалските визии за добро општество, како доказ за периодичниот израз на непријателството помеѓу оние политички економии, кога долгото и поврзано пропаѓање на Британската економија е во фокусот на најчесто, поврзани кризи во државните финансии и размената на странските пазари.

*Главни цели на ова поглавје се:*

1. Да се развие јасно разбирање за значењето на универзализмот и селективизмот;
2. Да се испитаат тврдењата на протагонистите за нивните респективни и релативни достигнувања;
3. Да се биде запознат со промените во академските дебати; и
4. Да се лоцираат овие интелектуални размени во реалниот свет на британската економија и политика од четириесетите години наваka.

## *Концепт и дефиниции*

Поаѓајќи од тоа дека во однос на овие контраверзни концепти периодично се појавуваат аргументирани несогласувања помеѓу нивните поддржувачи, изненадува фактот дека литературата не нуди многу валидни или долготрајни обиди за нивно дефинирање со некаков степен на прецизност. Можеби сепак, дефинирањето е непотребно заради тоа што нивното значење е толку познато.

Еден од пристапите при дефинирањето на проблемот е истиот да се игнорира во целина, да се каже дека во суштина не може да постојат универзални или селективни сервиси, бидејќи тие различно се користат и финансираат (така здравите луѓе нема да го користат Националниот здравствен сервис, оние кои немаат мали деца нема да примаат Детски додаток или Семејни кредити, секој плаќа различна сума на данок во зависност од висината на примањата и видот на трошоците). Детскиот додаток е наменет за родител/и со едно или повеќе малолетни деца. Проблемот со кој се соочува владата во однос на признавањето на правото за дополнителни приходи за семејствата со малолетни деца е кои програми и техники за алокација најдобро можат да се употребат со цел да се помогне на државата во извршувањето на нејзината одговорност за помош на семејствата во грижата за идните генерации. Според дефиницијата, семејствата без деца не добиваат Детски додаток наменет за помош на семејства со малолетни деца. Дискусијата дека оваа посебна програма е селективна, а не универзална, е бизарна и скоро намерно ги занемарува основните практични и филозофски проблеми неопходно поврзани со прашањата за алокација на намалените јавни ресурси.

Увидувајќи го значењето и придонесот на Richard Titmuss за развојот на Социјалната политика ќе го разработиме неговото дело со цел да се постигне почетно појаснување. Иако, најчесто се смета за најголем претставник на универзализмот и постојан критичар на селективноста, неговата позиција во

суштина е комплексна (За подетална анализа на Титмусовото дело види Reisman, 1977.) Засега, доволно е да се разгледа значењето на поимите. Titmuss (1996) во една од неговите најзначајни колекции на есеи, нуди гледиште за универзализмот кое се протега над едноставната дефиниција и идентификува многу од темите клучни за расправата. Проценувајќи дека *универзализмот* беше принцип вклопен во законодавството како што се: Актот за едукација (1944), Акт за национално осигурување (1946), Акт за семеен додаток (1945) и Националниот акт за здравствени сервиси (1946), тој вели:

> Една фундаментално историска причина за прифаќањето на овој принцип е целта да се направат сервиси пристапни и расположливи за целата популација на таков начин што нема да доведе до губење на статусот, дигнитетот или самопочитта на корисниците. Не треба да постои чувство на инфериорност, сиромаштво, срам или стигма при користењето на сервисите обезбедени од страна на државата; никакво жигосување дека некој станал „државен товар“. Заради тоа потребен е нагласокот сите граѓани да ги користат или да не ги користат социјалните права и услугите кои се достапни во заедницата во однос на одредени потреби кои приватниот сектор и семејството ќе се во можност или не сакаат универзално да ги обезбедат. Ако овие сервиси не се обезбедени за сите или не се пристапни за сите, или се само за оние кои можат да си ги дозволат тоа, таквите услови ќе доведат до инфериорност или стигматизација. (Titmuss, 1976: 129)

Спротивно, селективноста, може да подразбира многу различни нешта, за најголем број на критичари на „социјално заштитниот статизам“, нагласувајќи ги индивидуалните испитувања на потребите, ресурсите како индикатори за идентификација на сиромашните лица за кои треба да се обезбедат различни услуги или парични бенефиции или ослободување или намалување на давачките (Titmuss, 1996: 115).

Можеби еден од најјасните обиди за дефинирање на универзализмот и селективизмот може да се сретне во краткиот есеј на Collard (1971) во полемиката која произлезе од Групата за решавање на проблемот на сиромаштво помеѓу децата. Collard смета дека во однос на потребите, основни индикатори за алокациите не треба да бидат приходите, но релативно објективни критериуми како што се потребите за медицинска грижа, трудничко боледување, грижа за мали деца и така натаму. „Тоа значи дека секој вид на бенефиција треба да биде остварена, ако е исполенет основниот критериум, без оглед на примањата. „ (1971: 38). Селективистите тврдат дека овој релативно едноставен пристап заснован на потребите ги троши ресурсите и мора да биде воспоставен еден поефикасен метод, пред се заради јасни цели. Оттука селективизмот „се обидува да наметне двоен критериум за бесплатните бенефиции: од една стра-

на импулсивен критериум во однос на различни видови ситуации, претходно споменати, и од друга страна критериумот на ниски примања. Само оние луѓе кои ги задоволуваат двата критериума всушност ќе ги уживаат бенефициите“ (Collard, 1971: 38).

Дејвисовото испитување на школските оброци претставува ригорозно и моќно испитување на теоријата и практиката на селективизмот, предизвикувајќи ги универзалистите во однос на резидуалниот модел на социјална заштита, на што ќе се осврнеме подоцна. Можеби нема да биде неразумно да се очекува Davies да понуди дефиниција за термините, исто како Collard и Titmuss. Тој не го прави тоа, најверојатно како рефлексија на претходните опсервации за значењето на значајни алокативни системи за кој очигледно никој не треба да го троши времето во одбрана на нечија позиција. Понатаму образложува:

> Во суштина селективистите сметаат дека оданочувањето треба да се применува пошироко како инструмент за алокација на средства во социјалната политика; но ползата остварена од алоцираните средства е осудена од страна на општеството, во услови кога нивни корисници се најранливите сегменти на пазарот, затоа сиромашните мора да бидат поштедени од дополнителни трошоци. Бидејќи, сиромаштијата е причина за ранливоста на консулментите, логично е да се примени проверка на средствата за остварување на правото за ослободување од давачките. (Davies, with Redding, 1978: 7)

Дејвисовиот концепт за универзализмот и неговото прецизно значење, нема да бидат објаснети. Во суштина, тоа е исто како на Collard: универзалните сервиси се возможни врз основа на едноставни, непосредни критериуми.

## *Селективизам*

Навидум, аргументите за селективизмот се привлечни и стабилни. Реалноста на светот е опишана и дефинирана со непостоењето на доволни ресурси за кој во суштина постојат бесконечни барања. Ефикасно и праведно е да се конструира државна политика на начин на кој овие недоволни ресурси би биле распределени на оние луѓе кои можат да имаат најмногу корист од нивното консумирање. Владата треба да ја определи соодветната големина на средствата кои се на располагање, да ги идентификува лицата чии потреби се најголеми, да испланира услужни програми кои ќе обезбедат праведна дистрибуција на бенефиците за луѓето на кои им се најпотребни. Понатаму овој пример е

разработен подетално со малку попрецизни термини, но суштината останува иста: *погрешно е различни потреби еднакво да се третираат.*

Селективноста е застапувана од повеќе претставници, како Harris (1963, 1965), Seldon и Gray (1967). Davies (1978) застапува една од најригорозните, кохерентни и објективни тези, според која ставот на селективистите се заснива на клучни претпоставки кои треба да бидат разбрани пред соодветна евалуација на анализата. Така:

1. Добрата и услугите чии алокации се во сржта на модерната социјална држава, како што е здравствената заштита, правата за остварување на приход, домување, образование и она што се нарекуваат персонални социјални услуги, не се разликуваат по својот карактер и природа на добрата и сервисите најчесто дистрибуирани преку пазарните механизми (облека, артикли и така натаму). За разлика од одбраната, правото и редот, тие во суштина не се „јавни добра"; и оттука непостојат „бесплатни" принципи за алокација и консумирање, па соодветна е нивна дистрибуција преку пазарните механизми. Понатаму, овие пазари треба да бидат природни и автономни, да произлезат од спонтани асоцијации, наместо од „***квази-пазарите***".
2. Механизмот на цени во рамките на пазарот својата примарна задача ја исполнува делувајќи како ефикасен сигнализациски модел за подобро информирање на корисниците и обезбедувачите на услуги.
3. Побарувачката не е екстремно осетлива, оттука ако цената е на ниво кое не ги рефлектира вистинските трошоци на производство во општеството кое обезбедува комодитет, ќе настане алокација на неефикасни ресурси.
4. Потрошувачите се однесуваат на рационален начин и донесуваат рационални судови за трошоците и бенифициите. Овој рационален заклучок веројатно е најфундаментален за човечкото однесување кое лежи во основата на неолибералната перспектива и во овој контекст интересно е да се забележат заклучоците од неодамнешните истражувања во САД кои обезбедуваат солидни емпириски податоци кои предизвикуваат сомнеж за оваа основна концепција на неокласичната политичка економија (Hutton, 1995).
5. Davis нуди интересно дополнување на изворната селективистичка филозофија и смета дека „во суштината на селективимот е претпоставката дека корисниците се соочуваат со прилики и поттикнувања кои тие ги прифаќаат, со цел најдобро да ги искористат можностите" (1978:9). Импликацијата на ставот за културните пречки за прифаќање на можностите, вклучувајќи го и зголемувањето на бенефициите, е погодна

само во однос на мала целна група од популација. „Оттука не е неопходно, ниту исправно да се наложи избор на политички инструменти за задоволување на потребите на оние чија култура создава потешкотии" (1978:9). Всушност, се верува дека нивната култура влиаје на доживувањето на сиромаштијата, па затоа основна политичка цел треба да биде модификација на истата.

Имајќи ги во предвид овие заклучоци можат да се изведат основните карактеристики на селективноста:

1. Наплатата треба да се употреби како техника за алокација на средствата за социјалната провизија. Но, кога овие „сервиси" еднаш ќе станат дел од државната интервенција нивната дистрибуција треба да има карактер на „вредносни" добра. „Нивните корисници се најранливите слоеви на пазарот и затоа тие треба да бидат ослободени од наплатата" (Davies, 1978). Бидејќи чувствителноста на корисниците произлегува од сиромаштијата, логично е именувањето на „слободните" бенефиции или ослободувањето од трошоци, да биде детерминирано со употреба на механизмот за проверка на доходот и имотот како критериум за користење (втор критериум на претходно спомената Колардова дефиниција за селективност).
2. Обезбедувањето на сервиси треба да ги рефлектира трошоците на општеството кое ги обезбедува и поттикнува потенцијалните корисници да се однесуваат рационално, со цел да се обезбедат поефикасни алокации на намалените социјални ресурси.
3. Делувањата на пазарот обезбедуваат поттик и средина во која обезбедувачите на услуги ќе делуваат ефикасно. Тие не можат да делуваат во услови кога алокациите се обезбедуваат преку административни и политички процеси.
4. Тврдењата изведени од анализа на мислења, покажуваат дека не постои генерален консензус во прилог на универзализмот. Едно такво истражување укажува дека постојат скоро двапати повеќе луѓе кои се за селективните бенефиции наспроти универзалните (Houghton, 1967).

## *Универзализам*

Универзалистите за разлика од селективистите ја разгледуваат дистрибуцијата на намалените ресурси од различна перспектива и користат различен збир на концепти и јазик. Наспроти тврдењата за ефикасност на трошоците

и пазарната доминација тие се застапуваат за колективност во која граѓаните и нивните семејства, се најчести жртви на рапидните промени со кои се карактеризира модерното индустриско општество во зголемената интегративна глобална економија. Економските промени создаваат од една страна губитници, а од друга победници, а последователно еден од централните проблеми со кој се соочуваме е ултимативното прашање за цената на овој прогрес. Факт е „дека за многу од корисниците консумираните услуги во суштина не се во основа бенефиции или додатоци за благосостојбата; тие претставуваат парцијална компензација за повредите, за социјалните трошоци и социјалната несигурност кои се резултат на рапидните промени и индустријализацијата на општеството" (Titmuss, 1976: 133).

Станува се потешко да се идентификуваат агенциите одговорни за овие нарушувања на благосостојбата и затоа, изгледа е невозможно да се бараат правата преку судовите. Затоа потребно е да се утврдат потенцијалите на универзалните и селективните социјални сервиси за пресретнување на проблемите при „утврдувањето на различните причини и дифузија на нарушените услугите". За Titmuss одговорот е релативно јасен: „Недискриминирачките универзални сервиси се јавуваат како последицата на неидентификувани причини. Ако нарушувањата се јавуваат заради неискоритеност на сервисите (да се користи економскиот концепт за „отпад") произлегува дека социјалната заштита е неискористена/излишна" (1976: 133; придодаден нагласок).

Универзалистите не се сложуваат со ниту една претпоставка на „селективистите". Оттука:

1. Суштината на социјалната провизија во однос на природата на добрата е таква што нивната дистрибуција преку пазарните механизми е несоодветна. Искуството од користењето на здравствена заштита, образованието, одржување на приходите, домување и пристапот до нив е толку важен при детерминирањето на природата и квалитетот на животно искуство, па затоа неможе да се дозволи алокациите да ги насочуваат ресурсите на пазарите. Постои колективна одговорност и заеднички интерес со цел да се обезбеди гаранција на одредено ниво на консумирање, детерминирана од политички и административни одлуки. Социјалните сервиси тогаш соодветно се сметаат како вредносни добра.
2. Од разновидни психолоши и организациони причини, можноста индивидуите да се стекнат со право на она што за нив е вредносно добро е по ограничено од што се мисли. Според Titmuss, селективистите ги преценија „потенцијалите на сиромашните, самите, да го разберат и да се соочат со ad hoc општеството во подем" (Titmuss, 1976).

3. Примањето на услугите врз основа на утврдување на средства може да се смета како симбол на судирот помеѓу етиката на социјалната политика (опишана од страна Boulding како „политика насочена кон оние институции кои создаваат интеграција и го обесхрабруваат отуѓувањето" (1967:7) и работна етика, конфликт кој, според Davies, значи дека „лошата репутација" за утврдување на средствата е во одредени ситуации моќна, постојана и непроменлива" (1978:11). Добивањето на услугите врз основа на утврдените средства неопходно вклучува губење на самодовербата и последователна стигматизација од другите „бидејќи создава конфликт помеѓу работната етика и обезбедувањето на бенефиции за кои потенцијалниот клиент смета дека тој, или клиентите за кој тој се застапува имаат потреби" (Davies, 1978:11).

## *Од принцип до пракса*

Во досегашната наша дискусија беа утврдувани општите принципи. Сега ќе се задржиме на вклопувањето на програмските филозофии во практиката. Што ни говори искуството и што можеме да научиме од имплементацијата на политиките во реалноста?

Бидејќи универзалните сервиси се создадени преку апликација на релативно објективни целни критериуми (болест или невработеност, или присуство на малолетни деца во семејството), не е премногу тешко да се увиди административната стуктура за распределбата на соодветни сервиси, без оглед дали се тоа парични трансфери, образование или друго значајно за целната група. Сите податоци укажуваат дека стапките на реални корисници во однос на предвидените се високи, а административните трошоци се ниски. Последователно, противниците на универзализмот во однос на социјалната провизија ги застапуваат тезите за финансиските чинења и неискористеноста на обезбедените сервиси од страна на оние на кои (под претпоставка) и не им се потребни. Овие мислења по природа се субјективни и рефлектираат политички преференци и вредносни судови. Во контекст на ова факт е дека Британската социјална политика, во последните 17 години, во голема мерка е селективна по својата природа и изгледа соодветно е да се концентрира на селективизмот во акција. Понатаму, треба да се забележи дека по основањето на Институтот за економски прашања (Велика Британија) во 1957, интелектуалната основа беше поставена од селективистички теоретичари.

Основните елементи на критиката на социјалната заштита добиена врз основа на утврдување на средствата егзистираше подолго време и во предвид

го имаше следното: стигма; стапката на реални корисници во однос на предвидените, административни трошоци; создавање на линии на сиромаштово и конечно, влијанието на економските промени. На сите овие поединечно ќе се задржиме.

## *Стигма*

Стигмата беше дефинирана како „губење на самопочитта и персоналниот дигнитет, чувство на вина, срам, личен неуспех. Значи чувството на второкласен граѓанин е резултат на дискриминација“ (Reisman, 1977: 45).

Titmuss веруваше дека стигмата е вродена карактеристика на селективната социјална провизија, карактеристика која во голема мерка ја извојува моралната битка за универзализмот. Да се тврди дека бенефициите добиени врз основа на утврдените средства претставуваат признавање на неуспехот, на неадекватност, на сиромаштво; потврдува дека клиентите не се способни да се справат со конкуренцијата на пазарна економија. И покрај несогледливите психолошки оштетувања кои влијаат на луѓето, универзалистите го сметаат како догматичност, а стигмата ја сметаат како разложувач на стапката на реални корисници во однос на предвидените при користење социјално заштитните права. Така стапките на фактички корисници се ниски, без сомнение многу ниски во некои случаи, но попроблематично е значењето на стигмата како фактор во овој случај.

## *Стапка на реални корисници во однос на предвидените*

Бенефициите остварени преку утврдување на средства секогаш се карактеризираат со ниска стапка на реални корисници во однос на предвидените. Иако големината на фактичката популација која бара одредени бенефиции варира, ретко се користат 50 % од бенефициите. При определувањето на буџетот Владите секогаш поаѓаат од фактот дека бенефициите нема да бидат користени од цела релевантна група. Во 1971 година во Британија беше воведена програмата Додаток за семејни приходи (ДСП), при што Владата предвиде финансиската поддршка за истата според проценетата стапка на реални корисници. Информирањето за одредени програми кои можат да се остварат по пат на проценка на средствата, може да доведе до зголемена информираност за остварување на бенефициите и ако рекламирањето и другите облици

на зголемување на информираноста на јавноста се интензивни и сè спроведуваат во одреден временски период, стапките на реални корисници можат да се зголемат.

Таквите кампањи се скапи и очигледно со нив административните и оперативните трошоци се зголемуваат и затоа не можат да траат бесконечно. Според предвидувањата на Collard се покажува дека маргиналните трошоци за зголемената стапка на ефикасност се зголемуваат со порастот на ефикасноста; притоа релативно лесно е да се зголеми стапката на ефикасност од 10 проценти на 20 проценти, но многу е тешко да се зголеми од 80 проценти на 90 проценти (Collard, 1971). Различни Влади се обидуваа да најдат решение за овој многу реален проблем иницирајќи поедноставување на бирократизираниот и комплексен процес за остварување на бенефиции. Најзначајно е значителното поедноставување на она што се нарекува *пасошен систем*. Во суштина, ова значи дека кога индивидуите аплицираат за остварување на одредени бенефиции, и истите им се доделени, со тоа автоматски им се обезбедува користење на редица други бенефиции без дополнителни проверки на средствата. Таквите процедури ја зголемуваат општата стапка на реални корисници.

Во Британија, повеќе од милион луѓе, или 20 проценти од оние кои имаат право на користење на бенефиците за Подршка на приходите, не го остваруваат правото. Според финалниот извештај на Комисијата за социјална правда „бенефициите остварени со принципот на утврдување на средствата, не можат да ја спречат сиромаштијата, и исто така неефикасно се распределени“ (Commission on Social Justice, 1994).

## *Административни трошоци*

Сепак, пасош шемите доведоа до поедноставување, а социјално заштитниот систем за којшто е карактеристично утврдувањето на средствата значи дека индивидуите бараат права за одредени бенефиции преку индивидуални апликации кои треба да бидат проценети и евалуирани како индивидуални барања од страна на бирократијата (службениците). Не постои друг начин. Многу селективни сервиси потврдуваат дека овие бенефиции се поскапи за администрирање во однос на нивните универзални еквиваленти. Како илустрација ќе употребиме еден едноставен современ пример. При секоја исплатена 1 фунта за Поддржувањето на приходот приближно 11 пени отпаѓаат на администрацијата, запрепастувачки се податоците од Социјалниот фонд каде 45 пени од 1 фунта на бенефиции се трошат на администрација. Наспроти тоа, за

секоја фунта од Детските бенефиции две пени се трошат на административни трошоци, а во однос на трошоците за пензионирање од 1 фунта нешто повеќе од еден пени (Commission on Social Justice, 1994). Од една страна водечките селективисти, до одреден степен во самоодбрана, сметаат дека се способни да го намалат стравот во однос на карактеристичните административни трошоци (Seldon, 1967), од друга Титмус објаснува дека таквото однесување е невообичаена и застрашувачка административна наивност (Titmuss, 1976). Очигледно, едноставната потреба за идентификација на најпотребните и за распределба соодветни нивоа на средства за нив на крајот од краиштата не мора да биде толку едноставна. *Сигурно е дека административните трошоци за бенефициите остварени преку утврдување на средствата се високи.* Загриженоста за реалната административна комплексност и трошоци, заедно со ниските стапки на реални корисници, доведува до потреба да се изнајде систем за распределба, којшто прецизно и селективно ќе ги пресретне потребите без придружни проблеми. Оваа потреба обично се фокусира на вредноста на некои од овие шеми на Негативни такси на примањата (НТП) кои можат да се однесуваат на целокупната популација и да се користат или за зголемување на приходите од даноците или за исплаќање на бенефициите на целосено интегрираниот даночно/бенефициски систем. Бројот на овие шеми се зголеми во изминатиот период и иако тие се разликуваат по своите карактеристики, тие ги разгледуваат разликите помеѓу примањата и даночниот праг врз основа на индивидуална проценка: иако примањата се под даночниот праг, се користи негативното оданочување на примањата со цел да се исплати индивидуата, без оглед колкав е процентот за оваа разлика која видот на Негативно оданочување на примањата го дозволува.

Поддршката на оваа техника го прошири политичкиот и интелектуален спектрум, иако во основа подршката во голема мера доаѓа од страна на десницата наспроти сите останати. Навистина, во доцните шеесетти и во раните седумдесетти моделот на Негативно оданочување на примањата се преферираше како решение од страна на Конзервативната партија за решавање на проблемот со семејното сиромаштво. Заложбата на партијата траеше до 1973 година кога Конзервативната влада го воведе Зелениот лист со предлози за Шемата на даночен кредит кој, иако во суштина не е Негативно оданочување на примањата, сепак беше многу сличен. Иако оспоруван од страна на Лабуристичката партија и академиците како Townsend и Atkinson, Шемата на даночен кредит се прифати од страна на лево ориентираните академици како David Piachaud, еден од најрадикалните застапници за одржување на примањата во периодот на Бевериџовиот извештај во 1942 година, и тоа на некој начин претставуваше крај на селективно-универзалната дебатата. Без оглед на тврде-

њата на Piachaud, ШДК беше уништена од страна на Лабуристичката влада во февруари 1974 година, која од своја страна го воведе системот на Детски бенефиции. Неодамнешните истражувања на Негативното оданочнување на примањата укажуваат дека постојат различни административни проблеми кои е многу тешко и скапо да се разрешат. (Commission for Social Justice, 1994).

## *Стапки на сиромаштво и нивоа на сиромаштво*

Концептот на рационални, индивидуални примања кои го зголемуваат задоволството а не проблемите е фундаментален за либералната политичка економија. Оттука, и иронијата за начинот на кој нивните противници ја користат оваа идеја да ја омаловажат селективната социјална заштита. Критичарите на универзалните бенефиции нагласија дека заштитна карактеристика на високото ниво на маргинални даночни стапки остварени преку финансиските барања за квалитетна универзална социјална заштита и намалување на овие маргинални даночни стапки, особено на даноците на приход, беа камен темалник на економската политика од 1979 година.

Дистрибуционите последици кои произлегуваат од социјалната држава станаа појасни, истражувачите почнаа сериозно да го разгледуваат влијанието на поклопувањето помеѓу бенифициите и оданочувањето на луѓето на дното на скалата на дистрибуција на примањата. Многу брзо се покажа дека зголемувањето на примањата за слабо платените работници може, заради зголемената обврска за повисоко оданочување и осигурителните давачки, заедно со губење на правото на бенифициите поврзани со висината на примањата, да доведе до маргинална стапка на данок над 100 проценти (види Lees (1972), Field and Piachaud (1982), Bradshaw и Wakeman (1972) и Meacher (1972). Ако некој претпостави дека рационалната економска пресметка не е привилегија за благосостојба и дека високите маргинални даночни стапки имаат определени импликации врз однесувањето на пазарот на трудот, тогаш селективноста во однос на утврдувањето на средствата е забележително ослабена. Во моментот скоро половина милион од најсиромашните лица во Британија, во суштина, плаќаат маргинални даночни стапки, повеќе од 70 проценти и живеат на многу големо „ниво на сиромаштво", а се случува семејствата подолго време да останат со ниски примања. Постои тврдење дека во 1994 година заради односот на стапките на бенефициите и даноци, положбата на семејствата со две малолетни деца кои плаќаат неделна кирија од 60 фунти не може да биде подобрена ако тие заработуваат 10.000 фунти годишно наспроти остварување на Поддршка

за примањата. Нивните годишни примања треба да се зголемат на 14.000 фунти пред тие да се ослободат од бенефициите остварени преку утврдување на средствата (Commission on Social Justice, 1994). Постои вистинска можност со овие договори значаен дел од популацијата да стане перманентно зависна од социјално заштитните бенефиции остварени со проверка на средствата во однос на вкупните или дел од нивните примања: *нивното осиромашување произлегува од системот.*

## *Влијанието на економските и социјални промени*

Промените во семејната структура, пазарот на трудот и во поширока смисла економијата, придонесоа утврдувањето на средствата во голема мерка да биде комплексно и ирелевантно. Пред сè, поради фактот дека бенефициите остварени со утврдување на средствата засновано на проценка на семејните примања, ретко влијаат на вклучување или отстранување од пазарот на трудот на партнерот на корисникот. Бенефициониот систем особено влиаје на активирањето на мажените жени на пазарот на трудот (McLaughlin, 1994). Понатаму, особена потешкотија претставуваат вонбрачните заедници, во голема мерка утврдувањето на средствата неповолно влијаат на зацврстување на врската, бидејќи партнерите се принудени некогаш да живеат заедно, а некогаш одделно. Бенефициите остварени со утврдување на средствата ја зголемуваат несигурноста: тие претпоставуваат стабилна заработувачка од вработеноста во услови кога пазарот на трудот станува се повеќе и повеќе дерегулиран и генерираат нестабилна и непредвидлива заработувачка. Спротивно на тоа, жената која знае дека има гарантирано право на Детски бенефиции, таа е посигурна при напуштање на насилен партнер. Влезот на пазарот на трудот е се по непривлечен, ако при вработување се издвојат барем мали средства за Детските бенефиции. Овој комплексен, конфузен и несигурен свет е суров за најранливите и маргинални групи на општеството. Членовите на малцинските етнички заедници често се изложени на непредвидливите промени на системот за кој, и покрај некои неодамнешни унапредувања на положбата на малцинските етнички групи, сè уште примарна потреба е обезбедувањето на информации за луѓето чии мајчин јазик не е англискиот (Commission on Social Justice, 1994).

Опсервацијата и заклучоците од ова поглавје се сумаризирани и презентирани во табелата подолу.

**Универзализам и селективизам:**
**сумаризација на нивните карактеристики**

| Карактеристики | Универзализам | Селективизам |
|---|---|---|
| Ефективност | Високи/многу високи стапки на реални корисници | Различни (најчесто ниски) стапки на реалните корисници |
| Пресретнување на јавни цели | Расфрлање на ресурсите (бенефициите одат кај оние кои немаат потреба од нив) | Ефективно користење на ресурсите |
| Административна цена | Ниски административни трошоци | Високи административни трошоци |
| Државна импликација на трошоците | Релативно барање за јавни давачки | Намалување на притисокот на јавна потрошувачка |
| Социјални тошоци и социјални бнефиции | 1. Без стигматизација | 1. Разбирлива наклоност кон стигматизација |
| | 2. Промовирање на социјална интеграција | 2. Социјални разлики |
| | 3. Рамноправен | 3. Праведен |
| Импликации на пазарот на трудот | Промоција на работна иницијатива | Висока стапка на маргинално оданочување теоретски ја нарушува работната иницијатива (замка на сиромаштво) |

Уште од самиот почеток, во четириесеттите години, десно ориентираните политичари беа критички насочени кон институционалниот карактер на штотуку воспоставената социјална држава. Критиката на конзервативистите произлегуваше од ставот дека: „Социјалистите ги даваат истите бенефиции за сите, без оглед дали е или не е потребна помош, и без оглед дали средствата на државата се адекватни. Конзервативистите пак, веруваат дека најпрво треба да им се помогне на оние кои се во потреба“ (Conzervative Political Centre, 1950:9).

Овој општ заклучок подетално беше елабориран во една брошура изготвена од Macleod и Powell во 1952 година.

„Социјалните сервиси: потребите и средствата се перманентна критика на постојниот модел на социјална заштита во Британија. Се отфрла тврдењето дека Британската социјална држава во суштина беше универзална и се застапува за рационален и постојан пристап до ресурсите за алокација на селективна основа. Може да се заклучи дека редистрибуцијата беше основна карактеристика на социјалната заштита. Основна претпоставка е дека сервисите треба да се обезбедат врз основа на утврдување на потребите, инаку „процесот е неефикасна и бесцелна употреба на ресурсите, кои не успеваат да ги подобрат животните услови на луѓето, па дури доведуваат и до нивно влошување, до степен на загуби кои произлегуваат од административниот процес“ (Macleod и Powell, 1952, ревидирано од Powell, 1954:9)

Сепак, внатрешната кохерентност и интелектуалната крутост на Macleod и Powell не успеа да добие значајна поддршка од партиското раководство чии „официјален“ курс и понатаму ја поддржуваше повоената социјално заштитна конструкција. Неподготвеноста на Конзервативистите да ја променат оваа конструкција по нивното враќање на власт во 1951 година не само што ги изненади Лабуристите, кои искрено веруваа дека потполната вработеност и проширената социјалната држава ќе бидат укинати. Но, тие продолжија со економскиот просперитет и идеолошкиот консензус карактеристичен за педесеттите и раните шеесетти години (види Lowe, 1990, 1993; Sullivan, 1992).

Повторното „воочување“ на сиромаштијата во текот на овој „период на изобилство“ е резултат на една подетална евалуација на успехот на Кејнсијанско-Беверидовата држава на благосостојба во пресретнување на широките потреби. Titmuss (1962), Abel Smith и Townsend (1965) побараа утврдување на степенот до кој постојните социјално заштитни институции обезбедуваат редистрибуција на значајна сума на вертикален приход, а грешките кои тие ги идентификуваа набрзина се инфилтрираа во пошироката политичка дебата. Повторно доаѓање на власт на Лабуристите во 1964 година беше придружено

со долг и исцрпен преглед на нивните социјално политички заложби, што претставуваше нов пристап кон финансиската криза која доведе во 1967 до девалвација на стерлингот. Лабуристичката/универзална и Конзервативистичката/селективна дихотомоја, иако никогаш не била толку јасна и едноставна, стана дури потешко поднослива во 1960 години, а во Лабуристичката партија пресвртот беше нај очигледен. Значајни сегменти во партијата сметаа дека помош треба да се даде на лицата во најголема потреба, особено ако можат да се издвојат прифатливи механизми на прераспределба. Хоугхтоновата (1967) дебата за негативната такса на приходите е добар пример за ова.

Овој конфликт се манифестираше во рамките на политиката за обликување на приходите за семејна поддршка. Општото зголемување во универзалните Семејни додатоци беа премногу големи за Државниот фонд кој очајнички се обидуваше да ги одржи јавните трошоци под контрола, од друга страна синдикатите, нивната лоби група во Парламентот го спречи обидот на Jim Callaghan (тогашен министер за финансии), да ја воведе шемата за дополнување на семејните примања, која подоцна беше воведена од страна на Конзервативната Влада. Како компромис беше прифатен „clawback" механизмот, со кој на семејствата со малолетни деца им беше намален данокот на приход и на тој начин се неутрализираа трошоците од зголемувањата на Семејните давачки. Калагановиот наследник Roy Jenkins ја опиша оваа шема како „цивилизирана и прифатлива" селективна фома (Praat, 1976).

Овој пресврт кон селективноста Townsend (1972) ја објаснува врз три основи – зголемената доминација на економската политика врз социјалната; напуштање на социјална еднаквост како национална цел; и сведување на широката скала на планирање на сегментна импровизација. Но, без оглед на вистинитоста на оваа анализа, неоспорно е постоењето на интелектуални и политички промени. Економскиот неуспех и големите кризи на странските пазари во 1967 година го предизвикаа научниот интерес. Од 1967 година навамy забележителна е промена во работата на лево-ориентираните теоретичари од областа на социјалната политика, за што сведочи и развојот на Титмусовата мисла како еден од најзначајните теоретичари на институционалниот модел на социјалната држава, увидувајќи дека една од клучните компоненти, располагањето со високиот квалитет на универзални сервиси, и посветеноста кон социјалната правда се соочуваат со намелени ресурси. Неговиот одговор на овие дилеми е креативен.

> Предизвикот со кој се соочуваме не е во изборот помеѓу универзалните и селективните социјални сервиси. Вистинскиот предизвик е во одговорот на прашањето: каква инфраструктура на универзални сервиси е потребна со цел да се обезбедат вредности и можности врз кој можат да се развијат социјално прифатливи сервиси насочени кон позитивна

дискриминација и минимален ризик за стигматизација на лицата чии потреби се најголеми. (Titmuss, 1976:135)

Ставот на Titmuss за не-стигматизирачка позитивна дискриминација веројатно е една од најцитираните во севкупната академска литература од областа на социјалната политика. Нејзиното значење мошне брзо е воочено од Титмусовиот неолиберален еквивалент, Arthur Seldon. По саркастичната забелешка за Титмусовата голема поддршка на универзализмот во минатото (Titmuss, 1950), Seldon развива безмилосна и нагласена критика која може да се увиди во следниот цитат:

> Академските застапници на неквалификуваниот универзализам во принцип се во интелектуална дилема од која не можат да се извлечат освен со признавање на грешката. Ако селективизмот, на крајот, е сепак морално прифатлив, не постои морална причина да се инсистира на неекономични универзални бенефиции. Економските услови, интелектуалните аргументи и на крајот признавањето дека генерализираните бенефиции се несоодветни, го дискредитираа универзализмот. Ниту пак треба да се настојува да се воздигаат двата принципа, претходно нагласени како морално спротивни, а сега здружени во административен „брак од интерес“. (1967: 50)

Увидувањето на потребата за анализа на Титмусовите настојувања за алокација на ресурсите на групи, категории и територии од страна на Seldon е мудрост, што подоцна ќе биде демонстрирано од страна на истражувачите на позитивните дискриминациони програми како што е Програмата за подрачја на образовни приоритети. Позитивната дискриминација морално отстапува од универзализмот и не успева да им помогне на поединците во потреба. Анализата направена од страна на Seldon можеше да се примени и на Пинкеровото истражување на позитивната дискриминација како излез од бесконечната дебата помеѓу застапниците на универзализмот и селективизмот реална според принципите, но нереална во праксата, исто како битката помеѓу колективистичките и индивидуалистичките доктрини од деветнаесеттиот век, кои во голема мерка беа креација и изум на интелектуалното малцинство“ (Пинкер, 1971: 108).

Импликациите на јавните трошоци врз високиот квалитет на универзалната социјална заштита и проблемите поврзани со селективноста при утврдување на средствата и понатаму постојат во рамките на социјалната политика за што говори и троволуменскиот труд Green Paper за Реформите на социјалната сигурност (DHSS, 1985a), една од најзначајните публикации издадени во таа декада изготвена од страна на Државниот фонд на Британија. Брз основа на ставот „дека реформите не смеат да ги зголемат трошоците за социјална сигурност, без оглед на универзалноста на утврдената потреба“ (Social Security Consortium, 1986:3), трудот нуди решение за концептот на **насочување**, идеја

кој коинцидира со истакнатиот став „ресурсите по ефикасно да бидат насочени во области каде заради ниските примања на семејствата со деца, потребите се поголеми“ (DHSS, 1985b: 2).

Ако насочувањето како принцип има за цел да обезбеди дополнителна помош за лицата кои имаат најголеми потреби, се поставува прашањето како тоа да се изведе? Каква основа постои за алокација? Дали може да се употреби соодветен политички инструмент со цел да се спроведе намерата во акција? Податоците за насочувањето кое се употребува од 1985 година укажува дека негативниот одговор на секој од овие прашања е оправдан. Селективноста остварена по пат на утврдување на средствата сè уште е средство со кое се операционализира насочувањето.

> Во обид да се рационализира постојаната некохерентност на бенефициите остварени по пат на утврдување на средствата, во исто време се намалуваат детските бенефиции и националните осигурителни шеми. Но, рационализацијата не може да се справи со комплексните проблемите од ендемски карактер во однос на утврдување на средствата; ниската стапка на реални корисници; стапката на сиромаштво. (Social Security Consortium, 1986:3)

Титмус укажува на потребата за развој на нестигматизирачка позитивна дискриминација претходно употребена од страна на Williams (1992) при примена на постмодернистичката теорија во анализите на социјалната политика. Постмодернизмот ги доведува во прашање униформноста и универзализмот, а Williams смета дека „прифаќањето на пристапот на работа од локално ниво нагоре“ во однос на полот, расата, инвалидитетот, староста и сексуалноста укажуваат на „лажниот“ универзализам во поствоената социјана држава – горе наведеното се однесува на степенот до кој социјалната политика е, и продолжува да се темели на потребите и нормите на мажите, белите, способните, и хетеросексуалците од стабилни нуклеарни семејства“ (ibid.: 206). Таа (Williams) смета дека постмодернизмот може да помогне во закрепнувањето на идејата за позитивната дискриминација (разбрана како форма на селективност), развивајќи ја преку значењето за *разновидноста* која „предлага посубјективен и самодетерминирачки пристап во однос на потребите“ (ибид.: 206). На овој начин дебатата универзализам/селективизам се поставува на друга основа, селективноста е заменета со идејата за разнообразност, што овозможува луѓето да си ги изразат своите потреби. Williams го поставува прашањето, „кои сме ние за да имаме универзална социјално заштитна провизија, со која се пресретнуваат потребите на сите луѓе, кои од своја страна се разликуваат и не се униформни, со што се менува дефиницијата за разликите,

а не структурирана диференцијација на општеството во целина“ (ibid.: 209). Таа предлага промена на Титмусовиот класичен став: „можеби вистинскиот предизвик се наоѓа во прашањето како владата на локално, национално и интернационално ниво ги утврдува универзалните потреби и обезбедува провизија за различните социјално заштитни потреби“ (ibid.:209).

Намалените ресурси се ослободени од депресивна реалност во светот, а Вилијамсовиот либералистички став за самоартикулација на потребите не треба да претставува проблем, но и без оглед на постигнувањата на постмодернистичката теорија, не доведува до исчезнување на недостатокот: сепак изборите сè уште треба да бидат направени, а трошоците за можностите се релевантни.

Не сме ниту близу до решавањето на проблемите. Титмусовите и Пинкеровите ставови можат да се сретнат во делата на Комисијата за социјална правда, дело кое, во суштина, се осврнува на филозофските и политички прашања. Вработените во комисијата ги обвинија политичарите и критичарите за честото правење на избор помеѓу „универзалните“ и „насочените“ (селективните) бенефиции“ (Commission on Social Justice, 1993). Овој „едноставен дуализам“ , за Комисијата беше несоодветен и при опишување на постојниот комплексен систем и при изнаоѓање на нови решенија. Според нив решението е лесно бидејќи двата термини се злоупотребени до тој степен што треба да се напуштат во целина и да се заменат со различен класификационен систем. Во иднина, бенефициите треба да бидат категоризирани како „дополнување“ (врз основа на Национално осигурителни контрибуции); „утврдувањето на средствата“ врз основа на утврдување на примањата и заштедите); или „категориски“ (доделени на одредена група на луѓе без утврдување на средствата и контрибуциите). Заклучокот на комисијата во однос на прашањето немаат никакво посебно значење. „Ова едноставно не е прашање на терминологија: изборот пред нас не е само помеѓу утврдување на средствата и бенефиции добиени без нивно утврдување, но комплексност помеѓу широк избор на различни видови на провизија“ (1993: 6).

## *Резиме и заклучоци*

Во ова поглавје ние ги разгледавме најважните непазарни пристапи во однос на алокацијата на бројните сервиси, пристапи за кој воопштено постои согласност дека се витални во детерминирањето на квалитетот на живеењето во урабаноиндустријализираното општество. Универзализмот, селективизмот,

и во нешто помал степен позитивната дискриминација се дефинирани како концепти, кои имаат свои јаки и свои слаби страни испитани во теоријата и практиката, лоцирани во интелектуалниот и политички контекст на Британија од 1945 година, и се анализирани во поставувањето на општеството чија економска и социјална структура се променува со забрзана рапидност и збунувачка стапка. Какви воопштени заклучоци можат да бидат извлечени од ова поглавје?

Прво, ова е значајна дебата чија вредност не треба да биде намалена од бесцелни расправии помеѓу спротивставените тврдења за „социјалната правда и кохезијата" од една страна и „давањето на голема помош на оние чии потреби се најголеми" од друга страна. Едноставно онакви какви што се овие позиции се од мала полза при откривањето на она што во реалноста е комплексен проблем на јавната државна политика. Секој од пристапите се рефлектира во различни теоретски модели на социјална заштита, поседувајќи конфликтни погледи за тоа кои се најрелевантните и највалидни механизми за алокација во виталната сфера на ресурсите. Дали тоа е државата или пазарот? Во оваа смисла, дебатата за универзалноста–селективноста, исто така може да биде сметана како една од димензиите на долготрајните, погрешни правци во политичката мисла на западните држави: односот помеѓу политиките од јавен интерес и цивилното општество, помеѓу пазарот и државата.

Второ, погрешно е да се верува дека постои јасна и едноставна политичка дихотомија помеѓу Конзервативизмот/селективноста и Лабуризмот/универзалноста. Повеќе не постои таква поставеност на односите, иако во минатото, особено непосредно во повоените години, лево од центарот политичките мислења настојуваа да бидат повеќе наклонети кон универзализмот а десно од центарот кон селективизмот.

Трето, обете филозофии, и системи на распределба поврзани со нив, имаат значајни слабости. Додека универзалните бенефиции го намалуваат работниот поттик и сè поуспешни во досегање на релевантната целна популација, не постои одбивање на фактот дека тие бараат голема посветеност кон јавните трошоци и, како што Титмус признава, по нивната природа тие се бесцелно потрошени.

Спротивно, иако селективните бенефиции се поекономични во однос на трошење на намалените ресурси, сепак предизвикуваат многу проблеми на реалните корисници: стигматизацијата, дестимулацијата и административни трошоци. Исто така може да се утврди дека овие проблеми неможат да се разоткријат без оглед на тоа колку се мудри и колку во иднина можат да станат корисни инструменти на политиката.

Четврто, како „перфектно" решение, треба да се прифати дека нешто слично како компромис ќе продолжи во догледна иднина – компромис кој нема

да се раководи од теоретски идеолошки типови и оттука континуирано ќе биде верификувано од идеологии од сите мислења.

Петто и последно, поента која не се однесува директно на содржината на дебатата, но повеќе на прашањата за општата интелектуална процедура. Може да биде аргументирано дека овие прашања кои ги разгледувавме во ова поглавје, кои на прв момент изгледа дека се едноставни и непроблематични, наскоро откриваат дека се сложени и противречни по својата природа. Како такви тие можат да бидат моќно охрабрување за студентите секогаш да одат над воочливите факти и да се истражува стимулативната реалност на содржината.

(Превод од англиски: *Светлана Трбојевиќ*)

*Toni Novak*

# СИРОМАШТВО И „СУБКЛАСИ“

Ова поглавје настојува да утврди како одделни сегменти на сиромашни почнуваат да бидат идентификувани како „субкласи“. Се обидува да покаже дека овој концепт не е неутрален, но содржи заклучоци за претпоставените причини на сиромаштво кои можат да доведат до заострување на официјалните политики и третмани. Постои потреба да се разгледаат причините за сиромаштија и различните пристапи врз основа на кои се дефинира „проблемот“. Социјалната конструкција на сиромаштвото укажува кој го дефинира – нивната „раса“, пол и класа – и последователно чиј интерес различните дефиниции за сиромаштво застапуваат.

Сиромаштвото во Британија во последните две декади на дваесеттиот век не се има променето во голема мерка, но за жал станува сѐ посурово. Бројот на лица врз кои влијаат стресовите и соочувањето со сиромаштијата драстично се зголемува, додека сиромашните, во материјална смисла, стануваат се посиромашни (Oppenheim, 1993). Најголем дел од примањата на лицата кои работат, заостануваат зад нивото на порастот на економскиот прогрес, повеќето од вработувањата сѐ почесто се случајни, хонорарни и ниско платени. Примањата на невработените, од 1980, исплаќани преку социјална сигурност и други социјално заштитни бенефиции беа предмет на прогресивни и постојани намалувања, паѓајќи на најниското ниво на сиромаштија, а правилата за остварување на правото и однесувањата на службениците станаа сѐ потесни и по груби (Andrews and Jacobs, 1990). Како што нееднаквостите – во и вон работа – се прошириja, Британија стана се повеќе поларизирано општество. Неодамнешните истражувања укажуваат дека помеѓу 1979 година и 1993 најсиромашната четвртина на популација смета дека нивните приходи се апсолутно замрзнати, додека најбогатата десеттина смета дека нивните приходи пораснале за 60 проценти. (The Guardian, 8 December 1994).

Во суштина, од 80-ти те, се зголемува настојувањето одредени делови на сиромашните да бидат окарактеризирани како одделни и воочливи субкласи. Оваа промена е фокусирана најдиректно на младите, самохраните мајки, на зголемениот број на подолговремено невработени, и на оние сиромашни за

кои е утврдено дека го нарушуваат законот. Сето ова е се со цел, импликативно ако не и намерно, да се идентификува една поголема група на сиромашни, причините за тоа да се бараат во индивидуалниот животен стил и однесување, и да се изгради имиџ на така наречени „субкласи" како закана за социјалната благосостојба која ги оправдува намалувањата на бенефициите и казните насочени кон нив.

Идеата и доказите за постоење на „субкласите" се теоретски слаби и емпириски непотврдени, но сепак тие се користат од страна на социјалните научници, владите и креаторите на јавното мислење за пренасочување на вниманието од процесите кои доведоа до поделби и сиромаштво во општеството и промени во однесувањето и претпоставената способност на сиромашните. Конструкција за ставот кој го имаме кон сиромаштијата има значајни импликации. Neil Ascherson, како резултат на изјавата на премиерот на Англија дека социјалниот колапс ја иницира потребата „малку повеќе да се осудува а помалку да се разбира", во „*Independent on Sunday*" – 1993, објаснува:

> Ние минуваме низ еден период на монструозно вештачка медиска конфузија – стории кои се пренагласени и исполнети со „проблеми" кои се стремат да ги откријат овие или оние проблеми во нашето општество. Умешност во таквиот грч на провоцирана анксиозност е да се гледа во спротивна насока. Кој всушност сака Британската јавност да разбира помалку, а да осудува повеќе? Кој всушнос нè охрабрува да ги демонизираме деловите од нашето општество како да се населени од вонземјани? Зошто е потребен овој спектакл? Дали е тоа заради големиот Британски проект од 90-тите – конструкцијта на субкласите. Најголем дел од подготвителната работа е веќе завршен. Невработеноста ја надмина бројката од три милиони, социјалните давачки се намалени, нееднаквоста е драстично зголемена, а имагинативните програми за создавање на сиромаштво се на патот да бидат остварени. Она што останува, во втората фаза, е да се преструктуира цела третина од дното од Британското општество, усвојувајќи го ставот дека сиромаштвото, комбинирано со инертноста и суровоста, е неговата природна и невозможна состојба.

## *Пораст на сиромаштијата*

Во последните две декади, Британското општество доживеа бројни промени во различни фундаментални правци (види, Ball et al., 1989; Hudson and Williams, 1989). Многу од овие промени се воведени од владите и преку бројни политики што од 1979 даваат акцент на индивидуализмот и самоинтересот, доминација на пазарната економија во однос на колективната одговорност и

акција, и доведуваат до воочено проширување на нееднаквостите како неопходен поттик за економски раст. Другите промени се помалку поврзани со владината контрола, иако често се спроведуваат со исти цели. Економските промени поврзани со порастот на зголемената интернационална светска економија придонесоа економиите на земјите како што е Британија, радикално да се трансформираат и во суштина го променија моделот на полновремено, најчесто вработување на машката популација, и го намалија порастот на стандардот на работничката класа карактеристични за 35 годишниот период по Втората светска сојна. Вработувањето повеќе не е гаранција за избегнување на сиромаштвото; за што говори и податокот дека во 1989 година скоро една третина од најсиромашните домаќинства имаа барем еден полновремено или хонорарно вработен член. Кога ќе се земат во предвид и другите причини за сиромаштво, кои се во пораст, значи дека 16.5 милиони луѓе, или 29 проценти од популацијата, живејеа под или на маргините на тесно дефинираната линија на сиромаштво (Oppengeim, 1993: 47).

Социјалните промени не се одвиваа со исто темпо со кои се случуваа економските. Многу домаќинства решението на финансиските проблеми го најдоа во два вработени члена; но, во исто време жените ја доведоа во прашање нивната традиционално препишана улога на зависни домаќинки. Подоцни, пократки бракови, зголемено заедничко живеење, развод, разделба и пораст на самохраните и други видови на домаќинства радикално ја трансформираа природата на семејниот и општествениот живот. Овие промени зголемија одреден број на можности, но предизвикаа и голем број на проблеми; и ниту еден не е дистрибуиран еднакво помеѓу популацијата.

## *Невработеност*

Во економската терминологија, една од најдраматичните причини за зголемување на сиромаштијата беше враќањето кон масовната невработеност како карактеристика на Британската економија. Масовната невработеност не само што драстично ги намали примањата на оние кои го загубија вработувањето, и на оние кои зависат од нив, но исто така имаше моќен ефект врз преговарачката моќ, и висината на платите, на многумина вработени, особено на оние ниско платените. Ова беше практикувано во поголемиот дел од првата половина на дваесеттиот век, а политичките последици од невработеноста доведоа, последователно, владите по Втората светска војна да прокламираат „потполна вработеност“.

За време на долгиот повоен бум, невработеноста никогаш не се искачи над неколку стотици илјади. Достигнувајќи и задржувајќи се на скоро еден

милион при првиот голем предизвик на овој бум во средината на 1975, невработеноста се зголеми рапидно за време на економската криза во Британија која се појави како резултат на монетаранала политика на Тачеровата администрација за време на осумдесеттите. Во текот на целата декада регистрираната невработеност никогаш не спадна под 2.5 милиони, а седум од десет години во просек беше над 3 милиони.

Со исклучок на релативно краткиот и во голема мерка шпекулативен бум во средината на 80-тите од кој најмногу полза имаа богатите, масовната невработеност продолжи да биде хронична карактеристика на Британската индустија и економија. Географски ги погоди старите индустриски области, индустријата за јаглен, бродоградба, а големите сектори за манифактура беа затворени, перманентно или релоцирани во други делови од светот. Тоа принуди голем број од вработените, често цели семејства, да се преселат во потрага за вработување, зголемувајќи ја конкуренцијата за секаков вид на расположиво вработување. Со масовната невработеност, порасна и долговремената невработеност, на преку еден милион невработени во средината на 1990 кои не биле вработени повеќе од една година, а многу почесто и подолго.

Невработеноста не е ретка, и нејзините ефекти влијаат на животниот стандард на сиромашните. Можноста да се изгуби, или никогаш да не се најде вработување им задава повеќекратно грижи на мануелните работници, малцинските етнички групи, (кои најчесто бараат мануелни работи) и на младите. Во 1985, на пример кога невработеноста во просек беше 10 проценти од вкупната работна сила, 23 проценти од мануелните работници, 29 проценти од малцинските етинички работници и 35 проценти од оние на возраст помеѓу 18-24 години беа невработени најмалку еднаш во текот на годината (Central Statistical Office, 1985). Младите исто така го носат товарот на догловремена-невработеност: во 1993 година една петтина на возраст од 25 год., а една половина на возраст под 34 години, беа невработени.

За поголем дел од Британците, потпирањето на платената работа е главното средство за постигање на економска сигурност и избегнувањето на лошите ефекти од сиромаштијата, иако (како што ќе бидеме во можност да видиме) за еден поголем број на вработени дури и полновременото работење не доведува до сигурност. За невработените, единствена алтернатива е поддршката од државата и нејзините системи на бенефиции. Во Британија овој ситем се остварува преку две форми: Бенефиции за невработеност (сега преименувано во Додатоци за оние кои бараат вработување), кое се исплаќа на лицата кои претходно биле вработени и имаат историја на контрибуирање, и повеќе условениот ситем наречен Помош во приходите кои се исплаќа на невработени и лица кои не се полновремено вработени, а чии приходи се под минимум нивото на егзистенција. Како што се зголемува невработеноста по

доцните 1970, вредноста на Бенифициите за невработеност се намалува. Во 1980 владата објави дека во иднина ќе се зголемат сите бенефиции, но само во согласност со зголемување на цените, а не во согласност со општиот пораст на примањата и животниот стандард. Настанатата промена во 1982 година на надополнувањата на примањата поврзани со Бенефициите за невработеност и промените од 1984 во однос на додатоците за малолетни деца, предизвикаа вредноста на Бенефициите за невработеност да опадне од 47 проценти од нето просечните примања за самци во 1978 година до 18 проценти во 1988 година, а за семејства со две деца од 66 проценти на 34 проценти (Deakin and Wilkinson, 1989: 13).

Како што невработеноста се искусува сè почесто, и во подолги временски интервали, така дел од зголемениот бројот на невработени не успева да се квалификува за да го искористат правото за користење на Бенефициите за невработеност: во 1961 година помалку од една четвртина од многу помал број на невработени лица можеше да се повика на бенефициите добиени врз основа на утврдените средства; до 1981 година ова порасна до скоро една половина, или 1992 скоро две третини од невработените можеа да го остварат правото за користење на Поддршка на приходите (Central Statistical Office, 1994). Слични намалувања во релативната вредност и на пристапноста кон Поддршка на приходите за невработени во поголема мерка, ја зголемија сиромаштијата на оние кои не беа вработени. Во 1986, на пример, падот на Поддршка на приходите остварена преку утврдување на средствата за невработените на возраст од 16 и 17 години беше скратена додека невработените лица на возраст од 18-25 години можеа да користат помала стапка на Поддршка на примањата во однос на другите возрасни корисници (види Andrews и Jacobs, 1990). Како резултат на ова се појави зголемена концентрација на сиромаштвото помеѓу невработените: во 1979 година невработените лица се вбројуваа во 1 од 6 најсиромашни од популацијата; во 1989 година тие беа скоро 1 од 3, додека 70 проценти од невработените имаа примања кои се помали од половина од националниот просек (Oppenheim, 1993: 47).

## *Ниски примања*

Невработеноста, како и да е не е единствен фактор за зголемената стапка и суровост на сиромаштијата. Како што конкуренцијата за вработување се зголемува – особено за оние со помала стручност, ниско-платени, понесигурни работни места се на располагање на најголем дел од невработените – така што примањата и работните услови за поголем дел од работната сила опаѓаат. Работодавците и малите и големите, се одзваа на променетата економска и

политичка клима со реструктуирање на нивните барање во однос на работниците. Полновремените и перманенти работни места беа намалени, и заменети со зголемен број на хонорарни, привремени и случајни работници (Ball et al., 1989). До 1990 г. цела една третина од работниците беа вработени на оваа основа. Таквата промена на курсот исто така имаше расен и полов ефект: полновремените работни места за мажите често се променија со привремени вработувања на жените, што последователно влијаеше врз вработувањето – па во 1991 година 88 проценти од сите хонорарни работници и 55 проценти од привремените работници беа жени, што последователено влијаеше на остварување на пониски примања и послаби работни услови. Слично, просечните полновремени плати за работниците црнци беа само 82 проценти во однос на оние кои ги примаа белците, тие исто така се соочува со дополнителни потешкотии на сменска работа и работа во ноќна смена. (Oppenheim, 1993: 60).

За време на 1980-те серија на владини политики, вклучувајќи ги измените на Актот за заштита на вработувањето, Резолуцијата за фер плати и др. излгледа дека го поддржаа трендот и аргументот дека намалувањето на платите ќе го зголеми степенот на вработеност. Резултатот од ова доведе до зголемување на бројот на ниско платените работници и пораст на поларизацијата помеѓу највисоко и најниско платените. До крајот на 1980, скоро 6 милиони полновремени работници (37 проценти од полновремените возрасни работници) во Британија заработуваа помалку од прифатениот животен стандард од страна на Советот на Европа, додека положбата на најмалку платените споредено со просечните примања беше помала од положбата на најслабо платените пред сто години (Low Pay Unite, 1990).

## *Промена на семејствата*

Без оглед дали се вработени или не, искуството на сиромашните од доцните седумдесетти наваму покажува дека бројот се зголемува и сиромаштијата се проширува. Оваа ситуација е проследена со социјални и културни промени во кои одредени слоеви на сиромашни се изложени на ранливост. Од нив најголем и најзначаен беше порастот на самохрани домаќинства. Промените во формулацијата и структурата на домаќинствата беше една од најзначајните во однос на социјалниот развој кој настана во Британија пред крајот на дваесеттиот век. Еднаш доминантниот модел на вечни бракови, заснован на сопрузи и татковци кои се вработени со зависни жени и мајки кои се грижат за децата и домот, отстапи место на еден пофлуиден и различен модел на семејни односи. Основниот дел од оваа промена може да се увиди во многу фактори, помеѓу

кои најзначајните се однесуваат на зголемената партиципација на жените на пазарот на работна сила, така што до 1994 година за првпат во историјата жените беа повеќе застапени во однос на мажите како платени работници (иако сè уште не се изедначени со мажите во однос на примањата и условите), а зголемувањето на феминистичката свест арбитрарно го предизвика машкиот авторитет и насилство како претпоставена предодреденост за зависноста на жената. Ова се одрази со зголемена стапка на разводи (најголем дел од нив иницирани од страна на жената), коишто помеѓу 1971 до 1991 се зголемија за два пати, а опаѓањето на браковите во популацијата, во истиот период опаднаа за 16 проценти (Central Statistical Office, 1994). Една од последиците на овие промени беше во зголемениот број од родители – најголем дел од нив жени – кои останаа самостојно да се грижат за своите деца.

„Семејството" беше секогаш централен проблем на социјалната политика, користено како средство за поддршка на системот на плати и репродукција на работната сила, како и институција во која се остварува машкиот авторитет. Во оваа улога „семејството" секогаш подразбираше маж кој заработува, зависна жена и деца, а социјалните политики секогаш беа конструирани согласно оваа претпоставка, наспроти фактот што во зголемена мерка оваа семејна форма се сретнува само кај мал дел од домаќинствата. Порастот на семејствата со самохрани родители многу јасно ја предизвикува оваа претпоставка, а сепак социјлните политики воопштено не успеаја да обезбедат провизија која ќе се совпаѓа со овој развој. За мнозинството на самохрани родители, самохраното родителство значи сиромаштво. Дури и кога самохрана мајка може да се вработи, бројните облици на дискриминација со кој се соочуваат жените на пазарот на труд, укажуваат дека најголем дел од нив не можат да заработат доволно за да обезбедат адекватен животен стандард; најчесто повообичаено, недостатокот на облици на детска заштита и недостатокот на партнер за поддршка значи дека најголем дел од самохраните родители мора да зависат од бенефициите кој ги обезбедува државата. Заради намалувањето на нивоата на поддршка семејствата се соочуваат со опаѓање на животниот стандард.

## *Создавањето на „субкласите"*

Значењето на општественото мислење во однос на сиромаштијата и сиромаштвото се огледа во начинот на неговото објаснување и разбирање од една страна и од друга страна во однос на преземање на соодветни владини активности. Зголемувањето на јазот помеѓу богатите и сиромашните во Британија за време на осумдесеттите и деведесеттите укажува дека овој проблем

е во особено акутна форма. Земено во целина, Британија е една од најбогатите општества во светот. Фактот дека една третина од нејзината популација живее во несоодветни услови на лишеност, запоставеност и сиромаштво – при што едни стануваат се побогати додека други се посиромашни – го поставува прашањето за правда, и просперитет. Ваквите нееднаквости можат само да бидат одржани, а потенцијално експлозивните последици од сиромаштијата се минимизирани, додека вистинските причини за сиромаштво се скриени и заменети со различни конструкции за сиромаштвото.

Важно е да се запомни дека сиромашните секогаш биле маргинализирани и стигматизирани. Вистина е дека различните слики, стравови и преокупации генерирани за сиромашните – од страна на политичарите, владини претставници или медиумите – се променија во последните 100 години и тоа повеќе во еден потесен круг кој укажува на сиромашните како лица кои не се спремни да работат, промискуозни, на кој им недостасува независност и кои се на работ на криминалитет (Macnicol, 1987; Novak, 1988; Dean, 1991). Но, истовремено забележително е дека јачината и суровоста на оваа навреда, и државните политики кои ја придружуваат, станаа предмет на флуктуација. Зависно од економската ситуација, бројот на сиромашни и политичката борба, сиромашните се третирани можеби во најдобар случај со потсмев и сожалување, а во најлош случај со грубост, лутина и бруталност.

Од 1970, недостатокот на прилив на љубезност која се рефлектираше во проширување на социјалната држава во повоената ера мошне остро и одлучно се сврти против сиромашните, и паралелно со зголемувањето на бројот на сиромашните, се зголемуваше и интензитетот на напади врз нив. Поаѓајќи од намалувањето на бенефициите, платите и работната сигурност, нападот се зајакна со идеолошка кампања која ги отсликува сиромашните (или значаен дел од сиромашните) како така наречени „субкласи“. Во оваа конструкција „субкласите“ се сметаат како квалитетно различни во однос на другите сиромашни луѓе и од останатиот дел на општеството. Charles Murray, десно ориентиран американски социјален научник, го става ова во сржта на неговата анализа. Согласно со демонологијата на десницата од 1960, период во кој за првпат се почувствува ослабување/деклинација на напредниот капитализам, тој го идентификува овој период како создавање на „интелектуала реформација“ за начинот на кој луѓето гледаа на сиромаштијата, во рамките на кој:

> Сиромашните беа хомогенизирани. Ни беше кажано дека единствената разлика помеѓу сиромашните луѓе и сите останати, е во тоа што тие имаат помалку пари. И уште позначајно, сите сиромашни се слични. Сиромашни луѓе, *сите* сиромашни луѓе, еднакво беа жртви. (Murray, 1990:2)

Токму против ова сфаќање – дека сиромашните се како и сите други – она што ги прави различни од другите е само недостатокот од пари – токму против ова е насочено значењето на „субкласите“. Од гледиште на „субкласа“ на нив треба да се гледа како на квалитетно различни и динстинктивни.

Murray беше еден од првите кои го популаризираат користењето на терминот во Британија. Повикувајќи се на имиџот кој најпрвин се разви во Соединетите Држави каде, од шеесеттите, значењето на „субкласите“ во поголема мерка беше употребено за карактеризирање (и објаснување) на ситуацијата со која особено се соочуваат сиромашните Американци – црнци, Murray беше платен од страна на Sandey Times да ја посети Британија и притоа го изготви извештајот за „Појавата на британските „субкласи“, издадена во ноемврискиот весник од 1989 година. Тој забележува: „ Пристигнав во Британија во почетокот на годината, како посетител кој доаѓа од област заразена со чума и дојдов да видам дали болеста се раширила“ (Murray, 1990:3). Неговиот заклучок, ако не и неговиот доказ, беше кристално јасен:

> Во Британија се зголемува популацијата на работно способно население, здрави лица кои живеат во свет различен од оној на останатите Британци, кои ги одгледуваат своите деца за да живеат во тој свет и чии вредности ги контаминираат средините во кои тие пребиваат“. (Murray, 1990:4)

Од тогаш, значењето на „субкласите“ се зголемува – помеѓу бројните социјални научници, политичари, во весниците, медиумските извештаи – заедно со описот и објаснувањето на условите на сиромаштијата во Британија и она што се идентификува како поврзаност со порастот на социјално заштитната зависност, распадот на „семејството“, невработеноста, беззаконието, безредието и социјалните немири. Она што овие согледувања го имаат за заедничко е фактот дека нешто ново се случува помеѓу сиромашните во Британија, и дека со појавата на така наречената „субкласа“ којашто квалитативно е различна од останатиот дел од популацијата притоа имаме и појава на новите социјални проблеми кои нема да исчезнат со зголемување на просперитетот или враќањето кон потполна вработеност. Како што парламентарецот од Лабуристичката партија Frank Field истакнува:

> Голем број на млади луѓе се надвор од пазарот на трудот, тие имаат свој свет, делумно со помош на дрогата, делумно преку криминалот, делумно преку социјалната заштита, и тие не се подготвени да се вратат на Британскиот Ltd. во смисла на она што ние им нудиме. Таа група се разликува од најголемиот дел од невработените, од кои најголемиот дел

сакаат да се вратат на работа, скоро по секоја цена". (BBC Radio 4, „Analysis", 3 December 1992)

Слично, според Charles Murray, долговремена невработеност е „сигурен доказ за појава на субкласите, голем број на здрави млади лица, не сакаат да прифатат вработувања со ниски примања" (Murray, 1990: 17). На сличен начин, зголемувањето на кражбите и провалите, потоа брзите возења во сиромашните квартови во 80-тите кога младите момчиња крадеа и злоупотребуваа скапи автомобили, заедно со многу други изразувања на социјалниот и урбан немир, доведоа до зголемено осудување на активностите на сиромашните како конституенти на новиот феномен на закани. Според Charles Pollard, шефот на полицијата од Thames Valley:

> [Тие] се одвоени од општеството на различни начини, особено се индиферентни во однос на чувствата и потребите на другите, количеството на криминал кој тие го починуваат сосема се разликува во однос на минатото, а нивната определба да се преземе системот сосема се разликува во однос на минатото. Тие се спремни да го претвораат криминално правниот систем во целосна неказнивост.". (BBC Radio 4, „Analysis", 3 December 1992)

Уште во 1983 година управникот на Метрополитен полицијата изјави „она што повеќето аналитичари го нарекуваат „субкласа" – класа која се наоѓа во рамките на работничката класа" може да се увиди „ кај младото невработено црнечко население. Тие се изедначуваат во голема мерка со криминалците од периодот на Дикенсијанскиот Лондон" (Цитиран од Campbell, 1993: 108). Со таква перспектива, уредувањето на „субкласите", а особено на оние од црнечки заедници идентификувани како нејзини претставници, не можат според него, да имаат „чувство за индивидуалните слободи" (ibid.) Спротивно, демонизирањето на „субкласите" како одвоена класа – како нешто надвор од рамките на „нормалните" правила и вредности – бара суспензија на нормалните правила на однесување, а особено на спогодбеното однесување. Тука следи, насилство и милитаризација од страна на полициските сили креирани на тој начин да ги одржат таканаречените „субкласи" под контрола.

Моралната паника во однос на криминогените „субкласи" единствено беше засенета со невообичаената појава на морална осуда во периодот од раните 90-ти – на Конференцијата на Конзервативната партија, од страна на владините министри, и во забележителни кругови на медиите – за растечкиот феномен на самохраното родителство. За мнозина застапници на „субкласите" самохраното родителство, а особено зголемувањето на бројот на самохраните вонбрачни мајки (наспроти разведените и раздвоените жени) – е основа на

овој нов претпоставен феномен. Според Murray, зголемувањето на вонбрачните раѓања е „најдобриот претскажувач на создавањето на субкласите“ (1990:4), заради недостаток на машки авторитет во рамките на самохраните домаќинства произлегуваат најголем број од овие карактеристики – неуспехот да се почитува авторитет, кршење на законот, одбивање на работната етика – се содржани во карактеристиките на „субкласното“ однесување. Тврдењето дека сиромашните самохрани родители или долговремено невработените имаат различни вредности и живеат врз основа на различни стандарди во однос на останатата популација, дека не се во можност да ги контолираат своите деца или да им обезбедат соодветна пријатна средина, или дека тие ја одбиваат работната етика и преферираат живот со бенифиции не се потврдува со истражувањата (see Brown, 1990; Smith, 1992; Gallie, 1994; Payne and Payne, 1994). Не само што е емпириски непотврдено, но овој концепт на „субкласа“ во себе е теоретски нелогичен. Дури и како дескриптивен концепт „субкласата“, како што тврди Hartley Dean, е безнадежно непрецезен. Спојува различни групи на луѓе и ситуации – анализирајќи ги и во академска и поширока смисла, младите немажени мајки, стари пензионери, отуѓени црнечки заедници, разведени и раздвоени мајки, долговремено невработени лица, дилери на дрога, организирани криминалци – како да делат заедничка положба и можат да бидат покриени со заедничко објаснување. Овој недостаток на прецизност придонесува „субкласа“ да е многу еластичен термин, и токму оваа еластичност го прави во исто време моќно, ако не и едноставно, средство за објаснување на социјалните проблеми и овозможува да се користи како етикета и стигматизација на растечките групи на популацијата.

Во оваа смисла никогаш не е јасно од кои причини одредени поединци стануваат членови на „субкаласите“. Според Murray, „Субкласата не се однесува на степенот на сиромаштво, но на видот на сиромаштво... (тие се) разликуваат по нивното однесување“ (1990:1), сепак однесувањето, на сиромашните вонбрачни мајки не се разликува од однесувањето на вонбрачни мајки од останатата популацијата. Во 1976 самохраните мајки сочинуваа до 10 проценти од сите семејства со деца; до 1991 настана зголемување до 19 проценти. Ова како да е сè уште далеку од имиџот на самохраните тинејџерки претставен од застапниците на таканаречената „субкласа“; 80 % од самохраните родители се на возраст од 25 години и повеќе, а три четвртини претходно биле во брак, но сега се вдовици, разведени или раздвоени. Додека постои забележителен раст на бројот на вонбрачните раѓања, тешко може да се заклучи дека ова е резултат на порастот на „субкласите“. За време на првата половина на дваесеттиот век, бројот на вонбрачни раѓања се движеше приближно 5 % од вкупните раѓања, во 1971 година беше 8 %, во 1981 г. 14 %, а до 1992 година достигна 32 % (Central Statistical Office, 1994). Сега, една тре-

тина од вкупните раѓања отпаѓа на вонбрачните раѓања што влијае врз промените на социјалните и културните вредности и норми што се проширува врз целата популација. Да се увиди дека ова е нешто што се случува само помеѓу сиромашните, како заразен продукт со абнормални вредности на „субкласите", претставува искривување на социјалната реалност од разумот.

Концептот на „субкласите" е неразумен дури и во буквална смисла. Тој не може да се задржи. Нема ограничување за него. Ако самохраните родители ја сочинуваат, барем делумно, „подкласата", тогаш голем број на луѓе од средната калса – да не ги спомнуваме оние од кралското семејство – мораат да бидат сметани за нивни членови. Слично, ако криминалноста, па дури и зависноста од државата, се зема како темел на тврдењето, тогаш со право во предвид треба да се земаат илјадници богати луѓе. Ако за идентификација се земаат карактеристиките како – самохрано родителство, криминалитет, долговремена невработеност, зависност од државата – со цел да се дефинираат „субкласите" тогаш тоа сигурно ќе вклучува поголем дел од популацијата.

Од ова може да се заклучи дека во дискусиите за „проблемот на субкласите" се појавува динстинктна и постојана класна основа. Криминалните активности сами по себе не определуваат некоја личност да се смета за дел од таканаречената „субкласа", туку криминалните активности помеѓу сиромашните. Вистина е дека таквата активност веројатно е повидлива и се користи повеќе во соседствата во кои живеат сиромашните, но криминалот на богатите добива подруго внимание, иако земено во соодносот и во однос на трошоците на заедницата предизвикани од вкупните измами и други незаконски дејствија извршени од страна на економски и политички моќни поединци, во голема мерка е поголем од активностите на ситните провалници или оние кои го измамуваат системот на социјална заштита. Еднакво, ставот дека долговремената невработеност ги деморализира – или почесто е причинета од деморализација на – таканаречените „субкласи" неуспева да најде еднаков концепт за осуда на неактивните богаташи.

Навистина, сиромаштијата е онаа која од прави невработените или самохраните родители проблем, а не обратно, додека пак зависноста на сиромашните од системот на социјална сигурност е оној кој го сочинува најголемиот дел од проблемот за создавање на „субкласите". Сепак вреди да се напомене дека на зависноста само по себе не се гледа како на „проблем": дали ако самохраните мајки треба да почнат да зависат од мажот или младите невработени од своите семејства, според мислењето на владината политика проблемот ќе исчезне. Ниту пак е едноставен проблемот на зависност од државата: илјадници бивши членови на парламентот, службеници, судии од повисоките судови и други и по престанување на нивната служба продолжуваат да примаат високи

државни пензии без страв дека ќе доживеат деморализаторски ефект. Како што најчесто се случува, сиромашните – и само сиромашните – се оние на кои се гледа како на лица во најголема опасност во однос на деморализацискиот ефект на зависност од државните бенефиции.

## *Поширока агенда*

Во време кога вниманието е фокусирано на самохраните мајки, криминалот или невработеноста, агендата за конструкцијата на „субкласата“ произлегува од пошироките стравови и преокупации идентификувани од политичката десница. Според Hartley Dean (1991), нејасната и генерализирана дефиниција на „субкласата“ можеби може да биде објаснета не само преку тоа што се подразбира под „субкласа“, туку и преку вредностите и институциите кои тие ги загрозуваат. Моќта на концептот според тоа произлегува не од способноста со некаква прецизност или точност да се дефинира на кого се однесува или не се однесува, туку од неговата способност да разбуди донекаде бесформна и неквантифицирана закана за вредностите на бракот и „семејството“, правото и поредокот, и на вредностите и редот на пазарот на труд.

Самиот факт дека „семејството“ се распаѓа, како и да е, покрива еден дел на други претпоставки и вредности. Ова повеќе се однесува не на формите на промена на семејниот живот во последните години од дваесеттиот век, но наместо тоа на опаѓањето на бројот на семејствата со два родитела и оние во кои таткото е столб на семејството. Според ставот на Sunday Times (кој главно се темели на Муреовите претходни трудови): „вонбрачноста создава субкласа од патријахални причини кои немаат ништо со моралноста или светоста на бракот: бидејќи за заедниците успешно да функционираат потребно е семејствата да бидат потполни (да имаат татко)“ (The Sunday Times, 28 February 1993)

Патријахалноста е под закана, предизвикана од една страна од порастот на независноста на жените, а од друга со драматичните промени на пазарот на трудот кој многу млади мажи ги турна од традиционалната насока на платен труд како важна карактеристика на машкиот идентитет.

Се позабележително станува насилството на мажите, на улиците и фудбалските стадиони, или попрецизно во рамките на претпоставено пријатната семејна средина, откривајќи ја длабоката криза која ја доведува во прашање „нормалноста“ на семејниот живот и легитимноста на машкиот авторитет. Соочени со таквата ситуација, како најчест одговор се јавува одрекување на она што се случува, и наместо тоа вината се насочува врз самохраните мајки.

Кризата на патријахалноста еднакво се рефлектира и во кризата на капиталистичката економија која најмалку од средината на седумдесетитте години не е во можност да обезбеди сигурно и адекватно платено вработување за сите. Одговорот на владата во однос на ова прашање се состои во поттикнување – во голема мерка преку казнени мерки насочени против оние кои не се вработени – на несигурната хонорарна и ниско платена работа со надолна спирала која бара дури поголеми казнени мерки против невработените со цел да успее. Кога се соочуваме со последиците од таквата политика во облик на пораст на криминалот, отуѓување на младите навработени лица и социјалното безредие, одговорот се состои во тоа таквото безредие да биде опишано како безумна активност на криминализираната „субкласа“.

Стравот од распадот на механизмите на социјална контрола, се насочи на така наречената субкласа, и најакутно се увидува во ставовите за претпоставено однесување и ставови кои ќе се прошират и влијаат врз другите. Оттука, субкласата според Муреовите зборови станува „болест“ создадена како казна преку која сиромашните треба да бидат контролирани.

## *Заклучок*

Дали „субкласата“ е емпириски возможна или теоретски кохерентна во суштина и не е значајно. Концептот на „субкласата“ не се однесува на постојната социјална реалност, туку на социјалната конструкција: тоа е обид да се опишат сиромашните – или во најмала рака поедини групи на сиромашни – на одреден начин. Станува збор за констукција на заклучоци и начинот на кој се гледа на сиромашните пред сѐ како на различни од нас, и ги поставува како нов и посебен „социјален проблем“.

Како најнепосредна последица од ова се јавува постојана ерозија на социјалните бенефиции, и наоѓање на постојано оправдување за тоа. Намалувањето на бенефициите се оправдува со тврдењето дека на тој начин се поткопува „културата на зависност“ во која се претпоставува дека живеат „субкласите“ и се смета како причина за нивната сиромаштија. Демонстрирајќи го начинот според кој еластичноста на концептот се користи да влијае на поголемите групи на сиромашни, правата на бездомниците и други групи во однос на приоритетите за сместување беа укинати во 1994 год., врз основа на тврдењето дека на пример – тинејџерките намерно остануваа бремени со цел да се стекнат со правото за домување. Исто така, настана промена во однос на пеналната политика, која својата рехабилитациона функција ја замени со контрола и лимитирање.

Оваа промена во пеналната политика го објаснува третирањето на „субкласите“ и оправдувањата за напуштањето на социјалдемократската форма на социјална држава кој доминираше во обезбедувањето на социјални бенефиции во Британија (и насекаде) цели три декади по Втората Светска Војна. Оваа социјал демократска форма ја истакна потребата да се инкорпорираат сиромашните во постојните структури и институции на општеството; беше изградена на верувањето дека стигматизираните девијанти и анти-социјални лица можат да бидат рехабилитирани, и дека причината за нивното однесување може да се разберат, можат да се развијат политики кои барем би ги подобриле ако не и превенирале, проблемите. Опишувањето на сиромашните како „субкласа“ го отфрла овој пристап. Ставот одредени групи да бидат идентификувани како суштествено зло, кои имаат абнормални вредности спротивни на остатокот на општеството, дава за право да се цитираат зборовите на премиерот на Англија искажани во 1993 „да се осудува малку повеќе, а да се разбира помалку“. Конструирањето на „субкласата“ како објаснување за порастот на британската сиромаштија во таа смисла се употребува со две цели да го пренасочи вниманието од суштинските причини за длабоко вкоренетите социјални проблеми обвинувајќи ги сиромашните, и да се обезбеди овластување за посилна, покорективна и поредуцирана социјална држава.

### *Забелешки:*

1. Murray и самиот напиша: „Во концепцијата за вонбрачни раѓања е содржана генерациска катастрофа. Вонбрачноста произведува подкалса од една практична причина која нема ништо заедничко со моралноста или светоста на бракот. Особено, заедниците имаат потреби од семејството. На заедниците им се потребни татковци“ (1990:2).

(Превод од англиски – *Светлана Трбојевиќ*)

# РЕЧНИК НА ПОИМИ ОД СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**Бенефиции (benefits)*** – општ израз кој ги опфаќа сите парични и непарични давања во состав на социјалната политика.

**Бенефиции поврзани со висината на приходот (earnings related benefits)** * – бенефиции чија висина зависи од претходната заработувачка на поединецот, така што оние кои во минатото имале поголеми примања добиваат и поголеми надоместоци. Висината на овие бенефиции може значајно да се разликува зависно од тоа дали се поаѓа од просечните приходи, највисоките приходи или приходите од последните месеци.

**Бенефиции поврзани со проверка на приходот (income tested benefits)** * – бенефиции кои се исплаќаат само на оние поединци (семејства) чиј што доход е понизок од определената (зацртана) висина.

**Бенефиции поврзани со проверка на приходот и способностите (means tested benefits)*** – бенефиции кои се исплаќаат само на оние поединци или семејства чијшто доход или вредност на вкупниот имот е понизок од определената (зацртана) висина. Овој поим значи опфаќа проверка на доходот и/или вкупниот имот.

**Бенефиции во случај на невработеност (unemployment benefits)*** – парична бенифиција која се исплаќа на лица кои ја изгубиле работата. Различни земји поставуваат различни критериуми за добивање на овие надоместоци. Најчесто, овие лица треба да го исполнуваат условот според кој неминовно е тие пред губењето на работата да биле во работен однос одреден број месеци и активно да барале нова работа.

**Глобализација (globalisation)** – развој на економска, политичка, социјална или културна меѓузависност во светски рамки, каде што случувањата и одлуките во еден дел од светот имаат повратно влијание во голем број други локалитети.

**Граѓанство (citizenship)*** – социолошки концепт кој има значајна улога во разбирањето на развојот на социјалната политика. Од социолошко гледиште, граѓанството не е формална категорија, и затоа треба да се разликува од правно – политичкиот концепт на граѓански статус. Постојат неколку концепции за граѓанството: либерална, социјалнодемократска и радикална. Најпознат концепт за

граѓанството развива Т.Н. Marshall. Неговиот поим за граѓанство опфаќа три компоненти: граѓански права (еднаквост пред законот), политичка права (право на глас, политичко органзирање) и социјални права (право на минимален доход, право на одредени услуги). Овие права се појавуваат како темел на општествената солидарност во модерните општества.

**Изедначени бенефици (flat rate benefits)*** – надоместоци кои се исплаќаат како единствен месечен износ (иако тие можат да бидат и повисоки за семејства со поголем број на членови) и кои не зависат од претходната заработувачка. Така, сите семејства од одреден тип или величина добиваат надоместоци во иста висина. (Спротивно од бенефиции поврзани со висината на приходот)

**Линија на сиромаштија (poverty line)*** – вообичаено се дефинира како висина на доход според која доколку поединците (или семејствата) се наоѓаат под таа линија ги сметаме за сиромашни . Постојат бројни начини за определување на линијата на сиромаштија. На пример, таа може да биде определена според реалните животни трошоци или може да биде определена релативно, како 50% од просечниот доход.

**Квази пазари (quasi markets)** – Термин кој се користи за да се диференцираат внатрешните пазари во рамките на јавниот сектор од конвеционалните пазари.

**Корпоратизам (corporatism)** – Термин кој се употребува за опис на голем број современи општества, или трендови во рамките на современите општества, кои ја истакнуваат својата „корпоративна" природа. Најчесто се базира врз „три - партизам", односно договори меѓу државата, капиталот и трудот, каде што државата игра централна улога во формирањето на националната социјална и економска дирекција на политиката.

**Насочување (targeting)*** – Политика на насочување на бенифициите кон специфична група или повеќе такви специфични групации. Насочувањето вклучува хоризонтална ефикасност, која подразбира способност на системот да обезбеди социјална заштита на сите лица кои имаат потреба од одредени надоместоци, и вертикална ефикасност, која се однесува на способноста на системот да ги исклучи од добивање на надоместоци оние групации, коишто немаат потреба од нив.

**Социјален дампинг (social dumping)** – состојба која настанува како резултат на дислокација на фирмите (посебно оние транснационални корпорации), од земја со високи даночни стапки и високи социјални бенефиции во земји со помали „социјални чинења"

**Социјална држава (welfare state)*** – држава која презема одговорност за темелна материјална добросостојба и сигурност за своите граѓани

(оваа одговорност не може да се пренесе на приватни корпорации или локални заедници). Социјалната држава ги штити граѓаните од одредени ризици, од кои најзначајни се: старост, сиромаштија, инвалидност, невработеност и болест. Најраниот облик на социјална држава се појавува во Германија кон крајот на 19 век, во облик на национален систем за социјално осигурување. Сепак, растежот на социјалната држава се случува во првите децении по Втората светска војна. Постојат различни облици на социјални држави. Поголемиот дел од западните и скандинавските земји имаат сеопфатни социјални држави, додека САД и Јапонија имаат најслабо развиени социјални држави меѓу развиените економски земји.

**Социјална исклученост (social exclusion)*** – сè уште недоволно презициран поим кој има повеќестепено значење. Забележува зголемена употреба од почетокот на 90-тите во земјите на ЕУ. Се смета дека концептот на исклученост е поширок од поимот сиромаштија, т.е дека освен сиромаштијата вклучува и депривација која е последица на слабеењето на солидарноста и врската помеѓу поединецот и општеството. Во земјите на ЕУ социјалната исклученост се дефинира како неуспешност за остварување интеграција во еден или повеќе општествени системи (демократско – правен, работно-пазарен, системите за социјална помош како и семејниот систем и системот на локална заедница).

**Социјална мрежа на сигурност (social safety net)*** – Во потесна смисла на зборот, терминот ги опфаќа надоместоците за социјална помош. Во најширока смисла, овој поим ги покрива сите трансфери во системите за социјална сигурност. Во земјите во транзиција, овој поим често означува итни мерки донесени поради реформите на социјалните системи. Исто така, често се употребуваат и поимите: примарна (first-tier) и секундарна (second-tier) сигурносна мрежа. Во примарната сигурносна мрежа би влегле надоместоците на социјалното осигурување (пензиите, надоместоците за невработени), универзалните надоместоци (надоместоци за деца), како и одредени потрошувачки субвенции, додека секундарната сигурносна мрежа ја сочинуваат надоместоци за социјална помош, како и надоместоци наменети за преквалификација и професионално усовршување.

**Социјален плурализам (welfare mix/welfare pluralism)*** – подразбира диверзификација на секторите и актерите кои учествуваат во социјалната политика. Овој модел е поврзан со идејата т.н социјален триаголник, каде системот на социјална политика се разгледува како резултат на делувањата на три сектори: владин или државен сектор, приватен профитен сектор и непрофитниот сектор.

**Социјални права (social rights)*** – недоволно прецизен и формализиран збир на права, во однос на граѓанските и политичките права. Социјалните права треба да им овозможат на индивидуите оддржување на одреден степен или стил на живеење, како и поседување на ресурси неопходни за цивилизиран начин на живот. Тие главно, можат да се сведат на два вида барања: право на минимална економска сигурност и право на полноправно учество во општествениот живот. Постои разлика меѓу т.н. тврди социјални права (права од системот за социјално осигурување) кои се јасно законски формулирани и заштитени и тн. меки социјални права, кои се помалку законски заштитени и значително зависат од политичките и економските промени. Дијапазонот на социјалните права може во голема мерка да се разликува во различни општества.

**Социјален туризам (social tourism)** – преместување на индивидуи или групи од еден во друг геогрсфски регион, заради обезбедување на одредена социјална бенефиција или обезбедување на повисоки социјални надоместоци.

**Супранационален (supranational)** – термин кој ја означува улогата на одредени организации или инстанци кои делуваат на ниво повисоко од националното.

**Субкласи (underclass)** – Концепт кој се употребува да ги отслика оние припадници на општествениот слој кои според својот стил на живот и карактеристики се наоѓаат под „нормалната" класна структура и како резултат на тоа живеат надвор од општествените рамки и општествениот морален кодекс.

**Транснационален (transnational)** – термин кој ја означува улогата на оние организации или форми кои имаат влијание како на национално така и на пошироко меѓународно ниво.

**Универзални бенефици (universal benefits)*** – надоместоци кои се доделуваат на основа на критериумот на припадност на одредена групација, без проверка на приходот. На пример, критериум за добивање на семеен надоместок е семејството да има деца на одредена возраст (без разлика на висината на приходот).

* Извор: Англеско-Хрватски Појмовник, Ревија социјалне политике, год.6, бр. 2, стр. 207-213, Загреб 1999.

# *Социјална работа*

*Мариа Доневска*

# КОН НОВИТЕ ЗНАЕЊА ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА – КОМЕНТАРИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЛОЖЕНИТЕ ТЕКСТОВИ

## Вовед

Во овој дел од хрестоматијата одбравме три вида содржини кои според наша оценка имаат големо значење во усовршувањето на знаењата на социјалните работници и воопшто социјалните служби во нашата земја. Тоа се :

- психолошка анализа на социјалните проблеми кои во постоечката научна македонска литература немаат доволна елаборација,
- темелна анализа на една од фазите во социјалната работа, заедно со техниките кои се присутни во неа.
- избор на техники кои се применуваат во индивидуалната и групната социјална работа.

Сосем мал текст се однесува на мрежа на социјалните контакти.

Од фазите во социјалниот третман посебно место ѝ посветуваме на анамнезата или анализата, која според некои научници е дел на дијагнозата, додека според други претставува посебна единица. Од техниките кои се применуваат во социјална работа со поединец одбравме: договор – со сите допирни аспекти кои го прошируваат знаењето за договор и техники применувани во групна социјална работа.

Од социјалните проблеми презентирано е насилството врз жени, коешто не само во нашата земја, претствува загрижувачка социјална појава.

## 1. Методските пристапи во разрешување на социјалните проблеми

Во последните години се појавија многу опции, различни пристапи и мислења во однос на разрешување на социјалните проблеми. Во државните

институции проблемите се третираат на традиционален начин според постапки, засновани на научните знаења и разработени во прописите на соодветни закони. Новите пристапи кои се резултат на најсовремените сознанија од научните дисциплини како што се психологија, социологија, педагогија се применуваат во поголемите Центри за социјална работа, поради соодветна екипираност. Во невладините институции чии активности многу често имаат социјален карактер, забележуваме еден тренд за потрага на неконвенционални решенија.

За социјалната работа, користењето на нови пристапи и модели е интересен предизвик, но треба да констатираме дека понекогаш се случува, неконтролирана примена на нови сознанија. Целата работа наликува на експериментална ситуација која може да има некористени последици -бидејќи се работи за луѓе.

Социјалната работа е всушност секогаш операционализација на стремежи и стратегии на социјалната политика додека пристапот во решавање на одредени проблеми зависи од класичниот метод во социјална работа : дали се работи за случај, група или локална заедница.

Сепак, најпознатите модели во работата според трите методи се медицинскиот и стратешкиот, во чии рамки има различни пристапи : системски, психосоцијален, структурален, проблемски и други. Има и други класификации, каде што горе посочените пристапи се нарекуваат модели. (спореди Доневска М,1999,141-143)

Лично сметаме дека социјалните работници како и другите профили вработени во социјалната дејност, во практиката се водат со теории врз кои се засновани различни модели како и со своето сопствено индивидуално искуство, што всушност дава некој неповторлив сопствен стил и пристап кон работата. Важно е дали извршената дејност е пропратена со свесна рефлексија и дали самиот вработен настојува да врши внатрешна евалуација (самооцена) врз својата работа.

Истражувања и согледувања во социјалната практика ширум светот укажуваат, дека во осумдесеттите години во глобалните активности во социјалната работа се забележуваат некои нови акценти.

Пред сè пошироко се користат *техники и инструменти кои претставуваат операционализација на различни теории и модели.* Тоа означува дека во социјална работа се напушта класичниот пристап, најчесто кабинетска работа со поединец, и се пристапува кон воведување на нови форми и методи. Во тој поглед се забележува организирање на едукативни и советодавни активности, напуштање на фронтални начини на комуникација, преферирање на работа во работилници со употреба на групни техники. Тој тренд посебно е присутен

во третмани спрема болни од зависности, во разрешување на проблеми во и за семејство, во активности со децата и младите.

Втор тренд се однесува на *селективни интервенции кои се емпириски основани.* Интервенција означува „предизвикување на промена, преземање на економски, социјални, психолошки и педагошки мерки за санирање, ублажување или решавање на проблемите кои се јавуваат кај поединецот, групата или локалната заедница“ (Доневска М,1999,с.52). Станува збор за индивидуални, групни и локални акции со интервенирање во одредени фази на социјалната работа. Селективните интервенции можат да бидат присутни во превентивна и куративна работа и се однесуваат за тие содржини, кои во досегашните активности се покажале доста успешни. На превентивен план мошне забележителни се различни интервенции кои се однесуваат за увид во биопсихосоцијалниот развој на децата (програми за едукација на Роми, обука за основни навики и вештини, превентивни акции во спречување на болести на зависности и слично) Во куративна смисла, сведоци сме на така наречена недимензионирана интервенција (психопедагошки третман), кој е присутен во фаза на добро извршена терапија (индиректен, директен и комплексен третман) за секој социјален случај и посебно во специјализирани програми за деца опфатени со посебни проекти, на пример: деца на улица – улични деца, мајки чии деца се уживатели на опојни дроги, деца кои имаат проблеми во училиште и слично.

Во однос на пошироката популација, најдобар пример за селективна интервенција е задоволување на материјалните потреби на населението. Станува збор за социјална помош на населението дозирана според одредени критериуми спрема семејствата. Актуелно со таа помош во Македонија се опфатени над 65 000 семејства.

Во класичната социјална работа, селективната интервенција може да се однесува на промена во животната ситуација на странката (помош во наоѓање работа, стан и друго)

Третата ориенетација е насочена кон *зголемување на снаодливост кај клиентот,* со помал акцент на разрешување на неговите внатрешни проблеми. Овој би се рекло бихејвиорален пристап, е заснован на стратешкиот модел во социјалната работа, но истовремено не ги нагласува толку психолошките аспекти на случајот. Се настојува клиентот сам да го најде решението за својот проблем и случајот се решава заеднички со клиентот, а не наместо него.

Социјалната работа традиционално има своите подрачја како што се социјална заштита, здравство, образование и воспитување, услуги во однос на семејството и децата, постпенални услуги, активности во стопнството и во локалната заедница. Денеска, социјалната работа се проширува на нови

подрачја, а во постоечките здогледува нови проблеми и ситуации кои се важни за интервенција. Тоа се посебни активности спрема малцински групи на населението, спрема жени (*ошшука насилсшво*), спрема стари луѓе (на креативен а не само згрижувачки начин), спрема невработени и сиромашни. Во книгата предлагаме интересен превод, кој се однесува на насилството врз жени, но не треба да се заборави дека постојано се појавуваат и други социјални проблеми кои изникнуваат како резултат на социјалниот развој.

## 3. *Ешайи или фази во социјалнаша рабоша*

Во социјалната работа според медицинскиот и според стратешкиот модел се забележува сличност во поглед на разликување на нејзините фази. Освен тоа може да се каже дека праксеолошкиот (практичен) карактер на социјалната работа ја поистоветува со методолошка процедура присутна во истражувањата, посебно во акцискиот пристап.

Во работата со поединец и во работата во локална заедница, фазите се идентични. Најчесто се посочуваат :

- откривање на проблем (идентификација, детекција)
- анамнеза (анализа на документи, увид )
- дијагноза (почетна, крајна со учество на тим )
- планирање и програмирање за решавање на проблемот (донесување план за работа)
- акција (социјален третман или терапија)
- евалуација (контрола, оценка )

И. Видановиќ во својата книга: *Појеgинац и йороgица ( 1996 : 43-71)* ги елаборира трите главни фази:

- почетна или подготвително-организациона
- фаза на социјална дијагноза
- фаза на третман

При ова елаборирање, авторот фазата на прибирање на податоци (анамнеза), ја вклучува во дијагноза. Во изборот на податоци се посочени вербални изјаснувања на клиенти, невербалното однесување на клиентот, формулари кои ги пополнува клиентот, информации добиени од социјалната средина (колатерални извори), тестови, скали, увид во куќа, сопствено гледиште од страна на социјалниот работник (интуиција).

Ѓ. Стакич и М. Милованович ( 1991) во социјалната работа со поединец разликуваат :

– откривање на случај
– социјална дијагноза
– планирање и програмирање
– третман
– евалуација

Skidmore R.A., Thackeray M.G. (1996) во работата со случај разликуваат четири етапи: распознавање (study), оценка (assessment), интервенција (intervention) и завршна етапа (termination), при што мошне јасно потенцираат дека фазите можат да се одвиваат паралелно а само со тек на време посилно или послабо се обележува одредена фаза.

За време на распознавањето на случај според горе наведените автори битни се следниве елементи:
– презентација на проблем од страна на клиентот
– ангажирање на клиентот сам да го реши проблемот
– гледање на проблем од аспект < *овде и сега* >

За време на оценката или дијагнозата од големо значење е да се запамети дека фазата е динамична и менлива. Треба да се потенцира дека главната цел на дијагнозата не е категоризација на лицата и средување на нивните проблеми. Посебно треба да се напомене постоење на претпазливост во случај кога улогата на средување на нечија животна ситуација може да биде лошо сфатена и ќе ја воведе статичката слика таму каде што е барана еластичност.

За фазата на терапија, според бројни автори важно е да се забележи дека социјалниот работник не може да се ограничи до пратење на случај, и токму во оваа фаза тој мора да биде многу ефикасен, мора да прави постојани забелешки во однос на динамиката на случајот, да подготвува писма, да комуницира со други агенции, институции, со цел да му помогне на клиентот.

Споменатите автори за разлика од други, му придават големо значење на завршувањето на случајот. Се смета дека начинот на завршување на случајот треба да се планира а самиот социјален работник и клиент мораат да бидаат свесни за тоа.

Како што се гледа од горе посочените анализи во сите примери методологијата на интеракции со клиентот е иста, односно се јавуваат само повеќе или помалку фази во работата со нив.

Многу интересни сличности помеѓу истражувачката постапка и социјалната практика сретнуваме во книга на A J. Kahn (според M. Martinov-

ic,1984:14), кој ги споредува етапите во практиката во социјалната работа со етапите во истражувањето:

| Практика | Истражување |
|---|---|
| 1. Откривање на проблем | 1. Избор на проблем |
| 2. Идентификација на принципи кои треба да се почитуваат | 2. Идентификација на претпоставки |
| 3. Идентификација на начини на примена на различни теории | 3. Идентификација на теоретски пристапи |
| 4. Акумулација на податоци | 4 Акумулација на податоци |
| 5. Дијагноза на податоци | 5 Анализа – објаснување |
| 6. Третман – акција | 6. Предвидување |
| 7. Контрола и оценка на работата | 7. Верификација и евалуација |

Всушност и анализата на етапи на социјална работа во локалната заедница ни открива иста методологија. Активностите во заедницата течат преку анализа на постоечка ситуација, дијагноза, планирање на акција и самата акција, евалуација и генерализација. Поради тоа можеме да констатираме дека во социјалната практика фазите преку кои се решава случајот се целисходни и плански.

## *3. Техники во групната социјална работа*

Основна теоретска база за групна социјална работа е секако социјалната психологија. Постои богата литература која се однесува на функционирањето на мала група а исто така постојано се збогатува стручната и научната литература за групна социјална работа-посебно за услови на функционирање на групи, интеракциите, улоги на терапевтот и котерапевтот. Одредена празнина се забележува во елаборација на разновидни техники и пристапи кои се употребуваат за време на групни третмани.

Токму во презентирана статија имаме интересен опис на техники во групна работа и тоа: *вежбање улоги, програмирање, групно рефлективно разгледување, интерпретација и feedback.*

Можеме да посочиме и други техники кои се помалку елаборирани во научната литература. Сепак, секогаш треба да се запрашаме која е целта на употребата на техниките? Знаеме дека постојат различни групни модели, кои се основна замисла пред да формираме групи (санационен, функционален модел, итн.) а исто така луѓе кои ја сочинуваат групата ги обединува и одреден социјален проблем (самохрани мајки, родители кои имаат проблеми со деца, воспитно запуштени деца, малолетни престапници, алкохоличари и низа други). Основниот столб на одредени техники е еден, постои иста постапка во нивно изведување, но самата содржина на техниката секогаш мора да одговара на целта која сака да ја постигне терапевтот во групата. Поради тоа пред употребата на одредена техника која секогаш служи за активирање на учесници и потенцирање на способности на секој од нив во терапија, треба добро да се подготвиме. На пример при изборот на техника на *музикотерапијата* треба да знаеме со кого ќе ја применуваме, или со млади или со постари, образовани или неписмени лица, лица кои имале или немале контакт со музиката. Така на пример не е пожелно да се слуша посложена класична музика туку треба да се презентира хит-класика која на некој начин постои во меморијата на секој човек, благодарејќи пред сè на медиумите.

Кога применуваме техника на *конфронтација на ставовите* која на поттикнувачки начин ги воведува членовите на групата во дискусија на теми кои се битни според терапевтот, терапевтот подготвува неколку реченици, најдобро познати цитати од литература или мисли, фрази, оформени идеи. Изборот на речениците секогаш треба да одговара на проблемите со кои живееат членовите на групата а исто така со одредени ситуации кои се предмет на конфликти или неусогласувања помеѓу нив. Ако нашата група ја сочинуваат деца кои имаат конфликти со возрасните соодветни реченици за дискусија се: *„возрасните секогаш се во право“* или *„секогаш треба да се зборува вистината“* и други слични.

## 4. Нови начини на работење во социјална работа (*дали се работи за примена на техники или за вештини во социјалната работа?*)

Се разбира дека главната функција и воедно форма на социјална работа е помагањето. Тој збор укажува на мошне широк дијапазон на активности. Сепак најчесто се однесува на ургентни ситуации како што е акутна помош, може да означува постојана грижа (во социјалните институции), а исто така и

подолготрајна помош (доделување на материјална помош, помош во натура). Зборот помош означува и интервенција во социјалното однесување на единката кога истото не е адекватно (социјализација, ресоцијализација).

Помошта се упатува на некој начин и во моментот кога се реализира превентивната функција на социјалната работа.

Сите видови помагање можат да се реализираат почитувајќи ги притоа различните теории, пристапи, методи, техники дури и идеологии (од аспект на верски побуди на пример).

Ефикасното помагање е резултат на знаења, способности, вештини, ентузијазам, афинитет – кои се надополнуваат и во идеална смисла претставуваат модел на работење.

Според некои гледишта успехот и постигнувањето на резултати во работата со странки се смета дека е сепак резултат на познавање на разновидни техники и нивна адекватна примена. Искуство на многубројни социјални работници го потврдува тоа. Слично е и во образованието каде повеќето од авторите го потенцираат значењето на познавање на методите и техниките. Според T.N. Postlethwaite (1980) ефектите во образовниот процес зависат пред се од квалитетот на наставата, како и од позанавањата на соодветните методи, техники и вештини од страна на наставникот.

Дали можеме да зборуваме за посебни социјални (социоаголошки) техники во работата со странки (при работата со поединец), бидејќи убедени сме, како што и повеќепати е нагласено, дека социјалниот работник во својата работа е одговорен за социјалните димензии на настанатата ситуација кај клиентот?

Во општествената практика тешко е да се прават одредени поделби на техниките, бидејќи сите се употребуваат во различни ситуации и се обликуваат во различни форми во зависност од крајната цел. Сепак можеме да зборуваме за одредени техники кои се својствени посебно на социјалниот работник за разлика од психологот или педагогот. Тоа е сигурно техниката на увид, (презентирана во хрестоматијата), техника на договор, екомапа, генограм применуван со посебна цел, како и одреден вид на интервју.

Од друга гледна точка, согласно со тезата дека социјалниот работник мора да ги согледува социјалните димензии на социјалните проблеми, како неопходни во работата на социјалниот работник се наметнуваат разновидни вештини. Значењето на вештините во социјалната работа е поврзано и со ос-

тварување на професионалниот идентитет на самата научна и стручна гранка, како што е социјалната работа.

Американското здружение на социјални работници (NASW), кое постојано укажува на почитување на етичките и професионалните стандарди на нашата професија, веќе во 1982 година предложи список на вештини во социјалната работа (Nocun A, Szmagalski J,1996)

Тоа, според Застров се:

- слушањето на другите со цел и со разбирање
- собирање на информации и избор на тие кои се релевантни за подготвување на историја на случај и поставување дијагноза
- остварување на професионални односи
- набљудување и интерпретација на вербални и невербални однесувања
- искористување на психолошките теории и методи на дијагностицирање
- ангажирање на единки и групи за решавање на своите проблеми
- зајакнување
- воведување на нови решенија во однос на странките
- донесување на решенија по завршување на терапевтскиот процес
- изведување на сопствени истражувања и нивна интерпретација
- медијација и преговарање
- воспоставување на меѓуинституционални контакти
- интерпретација и комуницирање со јавни институции и средства за масовно комуницирање

Истиот документ прецизира конечни вештини во социјалната практика, дури ги нарекува – надарености.Тоа се:

- изразито успешно зборување и пишување
- подучување
- соодветно реагирање во кризните ситуации
- пример во професионални односи
- интерпретација на сложени психосоцијални појави
- добро организирање на активности
- потрага по средства за социјални случаи и друго.

Прашањето дали познавањето на техники (технолошка опција) или поседувањето вештини во социјална работа дава чист одговор на тоа што е најбитно во социјалната практика, не е едноставно. Сметаме дека неоходна е комплементарност на еден и друг пристап, во склоп со низа други фактори како што се етички норми, ентузијазам, лични особини и друго.

# *Литература*


Доневска М., (1999) Теоретските основи на социјалната работа,Скопје

Martinovic M., ( 1988) Znastvene osnove socijalnog rada, Zagreb

Nocun A., Szmagalski J., (1996) Podstawowe umiejetnosci w pracy socjalnej i ich ksztalcenie, Interart, Warszawa

Postlethwaite T.,H., La reussite et lechaec scolare, *Perspectives*,1980, nr 3

Skidmore R.A., Thackeray M.G. (1996) Wprowadzenie do pracy socjalnej

Стакич Ѓ., Милованович М., ( 1991) Методе социјалног рада,Београд

Видановиќ И., (1996) Појединац и породица, Београд

*Wolfgang Köhn*

# АНАМНЕЗА

*Анамнеза*: (гр.) ha anamnasis: сеќавање; (лат.) recordari, recordor: се сеќава, размислува за нешто, се двоуми, расудува. Општо: предисторијата на нешто, посебно на некоја болест или пореметување. Во куративната педагогија под анамнеза се подразбира збир од сите информации за животот на една личност коишто ќе бидат собрани. Од нив се создава една слика за личноста на детето во својот развој и живот со своите старатели, слика на животната историја, на социјалните услови, постигнувања и доживувања.

Во овој преглед ќе се зборува за следните аспекти:

- куративната педагошка *анамнеза*
  - – како дијалошки процес (82)
  - – како интегрален елемент на Хпм (84)
  - – како помош во потрагата по идентитетот (84)
  - – како градење на односи и преносна ситуација (85)
  - – во контекст на клинички форми на разговор (86)
- Содржина на куративната педагошка анамнеза (88)
- Начини за зголемување на успешноста на анамнезата (88)
- Предлог за зголемување на бројот на податоци кај анамнезата (89)
- Сопствена анамнеза на куративниот педагог како развоен инструмент (93)
- Заклучок

## *Куративна педагошка анамнеза како дијалошки процес*

Анамнезата треба на куративниот педагог да му даде детални информации за животната историја и животниот пат, за развојниот тек и за периодот кога се појавуваат симптомите, воспитните односи на детето, се до нај-

раните почетоци на сеќавањето. Од ова сознание, како заднина на актуелната ситуација, видот на конфликтите и проблемите станува препознатлив и би можеле да се изнајдат соодветни куративни педагошки почетни точки за постапување со детето и за воспитно советување на родителите.

Анамнезата не претставува збир на податоци коишто куративниот педагог ги меморира како компјутер. Тој содржи еден поинаков поглед на надворешните и внатрешните животни услови, на *доживувањата* и *односот* на детето и старателите. Овие соопштенија кои изгледаат како да се чисто информативни, го известуваат куративниот педагог дека сѐ повеќе се доближуваат кон *Темата на едно заедничко прашање,* во кое се бара подлабокото значење на вистинскиот однос на нештата.

Во оваа потрага се откриваат корените на симптомот и се покажува сликата на детето за само за него, но и за куративниот педагог како придружба, при што животниот свет од почетокот се до конкретниот момент се прикажува се пошарен и почувствителен.

Со помош на куративните педагози, детето може во својата анамнеза уште еднаш да се соочи со целиот оджевеан живот. Притоа ситуациите повторно се „одигруваат", повторно се „сликаат", „градат", „формираат", „обликуваат". Така се доаѓа до една *дијалошка ситуација,* во која куративниот педагог во потрагата по наводниот однос на нештата и по подлабокото значење *поцелосно* допира, пружа и разгледува некои аспекти во доживувањата и однесувањето на детето, кои инаку не можат да се видат. Ова соединување и проширување ја зголемува промената на перспективата, т.е. дека од променетата интерпретација на конкретното доживување и однос, се создаваат нови состави, нови погледи, нови сознанија и нови патишта. Преку ваквата обработка на анамнезата можно е катарзичко[1] дејство. „Целиот процес на анамнеза, заедничкото расветлување на досегашното постоење, му дозволува на минатото да стапи во просторијата на заедничкото доживување, во која од мртвиот капитал може да се добие жив капитал, од претходниот живот може да настане историјата на еден човек. Иднината, досега само проекција од минатото, се отвора како поле на можности. Таа колку што го плаши пациентот, толку тој неа ја посакува." (HERZOG-DRUCK 1984, 255)

---

[1] *Katharsis:* (гр.) прочистување. Поимот е позајмен од Поетиката од Аристотел и го опишува дејството на трагедијата врз гледачот. Во неа тој може да ја препознае подлабоката смисла на животот, да се идентификува и да се ослободи од некои штетни влијанија во својот живот. Психоанализата (Breuer, Freud) го презема терминот за доживувањето на (потиснатите) чувства, и преку него човекот истовремено се прочистува од афектите и од невротичните симптоми и постигнува душевно лечење.

## *Куративната педагошка анамнеза како интегрален елемент на куративните педагошки мерки*

Во една куративна педагошка мерка, анамнезата не претставува еден одреден дел на почетокот на мерката, туку таа се смета за интегрален составен дел на ->наодот и во постојаниот напредок за еден важен елемент на ->постапувањето и ->советувањето. Притоа куративниот педагог ги средува сите информации, било да се тоа сеќавања или пак информации добиени од друга страна, како на пример збир на веќе познати случки, ситуации *секогаш повторно нови* за анамнезата и ги регистрира. Новата психичка реалност гледана со нови очи и врзана за чувствата, значи видот на субјективното доживување, а не „историската актуелност" ( ЕРИКСОН 1966 ) се одразува притоа врз детето. Сцените од игри, слики, сништа, досетки и сл., се во анамнестичките информации обратно наместени, така што надворешниот живот и внатрешното доживување на детето се претставени поразлично во секој момент од постапувањето со нив.

## *Анамнезата како помош во потрагата по идентитет*

Анамнезата, секој куративен педагошки момент на постапување, како и „само-подготовката" за лековито педагошко постапување, во кои на пример детето во текот на неделата слика слики, пишува приказни, бара предмети, комуницира со луѓе, му овозможуваат на детето сè повеќе да се препознава самиот себе во нивната психодинамика и да се пронајде во нивниот идентитет. Додека се подготвува за моментот на куративна педагошка постапка, и куративниот педагог се пронаоѓа себеси во егзистенцијалната динамика на својот сопствен идентитет во кореспонденција со оној на детето. Тој испитува кои емоции, отпори, стравови ги чувствува кај себе, со кои надежи живее, кои се неговите најголеми желби и каква помош дозволува и му е потребна. Од ова доживување на делумната идентификација со детето, тој ги донесува соодветните размислувања во врска со неа.

## *Куративната педагошка анамнеза како формирање на врски и како преносна ситуација*

Сфаќањето на анамнезата врши големо влијание на чистата информација на родителите, детето, младиот човек, како и на куративниот педагог, така што тој во секоја нова средба со еден клиент ќе биде прашуван на поинаков начин и во него ќе бидат споени новите и некогашните видови на „одговорот". (спореди со HERZOG-DURCK 1984). Ова е едно од поважните искуства коишто ги направил куративниот педагог во едно темелно службено -> сопствено

искуство и -> супервизија. Така, одговарањето на следниве или слични прашања ќе биде во согласност со доживувањето и односот на куративниот педагог, и ќе произлегува од неговото сопствено искуство:

- Дали се очекува од детето и од родителите еден амнестички разговор?
- Дали амнестичкиот разговор се смета како тешка обврска или дури и како обвинување?
- Дали позитивните или негативни предискуства во претходните амнестички разговори го одредуваат ставот (спонтана подготвеност за искажување на своето мислење; очекувана скепса)?
- *Дали пречи, односно дали бара пренесувањето на* ***куративниот*** *педагог (ж), на* куративните *педагози односно на нивното меѓусебно пренесување на анамнестичкиот разговор?*

„Во секој случај испитувачот треба во секоја форма на клинички разговор – анамнеза, експлорација, интервју, да биде свесен дека сопствените несвесни психички дадености можат да влијаат врз неговиот однос и став кон пациентот. Објективноста во клиничкиот разговор е секогаш можна само до еден ограничен степен на близина.“ (SCHRAML 1969, 52)

Од куративните педагози се бара посебна моќ за памтење на анамнестичките податоци. За време на куративната педагошка постапка не смее ниедна од добиените информации да се заборави, да се изгуби од вид. Куративниот педагог добива еден преглед на психодинамиката дури тогаш кога ги има сите информации.

Во спротивно ќе мора повторно да се обиде да ги извлече од детето или младиот човек. Секој „недостаток на информација во моментот“ на веќе понудени случки на животниот пат, ќе биде сфатено од детето како недостаток на доверба („Нели ми верува?“), како недоволна љубов („Толку ли сум му неважен, што не памти што веќе сум му кажал?“).

Куративниот педагог треба секогаш да биде свесен дека во еден анамнестички разговор не смее да собира факти по секоја цена. Нему му е поважно да добие една слика во психодинамиката на детето како негова блиска околина. Фактите честопати можат да се дознаат и преку формулар. Но доколку се напушти областа на фактите, тогаш куративниот педагог нема повеќе да прибележува. Соматичните и социолошките податоци, текот на школувањето и сл. секогаш може да се прибележат. Но: *односите помеѓу луѓето, доживувања, искуства не би требало да се внесуваат во анамнестичката ситуација.* Тие и припаѓаат на онаа област, за која не може и не смее да се „држи цврсто“, туку мора едноставно да се разбере.

## *Анамнезата во контекст на клинички форми на разговор*

Куративниот педагог е свесен дека младиот човек, родителите на детето, како и тој самиот внесува свесни или несвесни ставови во разговорот. Овие

ставови ќе бидат под влијание како на личните предискуства на клиентите, така и под влијание на прединформациите, односно под влијание од страна на куративниот педагог. Конечно содејствуваат несвесните феномени, пред сè пренесувањето на куративниот педагог. Според тоа се формира сцената на разговорот. За куративниот педагог подобро да се ориентира, тој според теоретската заднина изработува една форма на разговор, која се разликува според целта (интенцијата) и според степенот на активноста:

**Поделба на клиничките форми на разговор**

| Форма на разговорот | цел на разговорот | активност на испитувачот | Посакувана активност на Испитуваниот | степен на слобода |
|---|---|---|---|---|
| Соматична анамнеза | Соматични податоци | силна | Во вид на поставување прашања | стандардизиран или полу-стандардизиран |
| Социолошка анамнеза | Социолошки податоци | силна | Во вид на поставување прашања | стандадизирано или полу-стандардизиран |
| Биографска или развојно историска анамнеза | Биографски податоци | средина | со одговарање и самоиницијативно | полу-стандардизиран -> слободно |
| Истржување на нештото | Конкретни податоци за доживувањето и однесувањето | променлива | променлива | реагирачки -> слободно |
| Психијатриско или психолошко истражување на личноста | нормални психички или психопатолошки видови на доживувања и однесувања | променлива провоцирачка | променлива | реагирачки -> слободно |
| Клиничко интервју | Содржини на доживувања мотивации, социјални односи | слаба | силна | слободна |
| Аналитичко интервју | Способности на анализата (способности за пренесување,интроспекција | слаба но флексибилна | силно изразена соработка | -> слободна друштвена |

(според Schraml, W, J.: Исечок од клиничката психологија 1969, 51)

## *Содржини на куративната педагошка анамнеза*

Една куративна педагошка анамнеза служи:

- за ориентација преку биографските податоци за животот на детето;
- за ориентација преку развојот на детето и преку неговото социјално-културно милје;
- за дознавање на настанувањето и развојот на причините и симптоматиката (и во нејзиното симболично значење);
- за дознавање на состојбата на детето, неговата состојба во доживувањето и однесувањето, неговите проблеми, неговата подготвеност за соработка;
- за одредување на претпоставена дијагноза или понатамошна хипотетичка дијагноза.

Мора да бидат опфатени:

- соматични податоци: бременост, пораѓање, болести/престојувања во болници, време на одвоеност од семејството;
- биографски податоци: родители, браќа и сестри, градинка, запишување на училиште, школување;
- развојно-психолошки податоци: отстапување од споредбените податоци, однесување во кризни моменти;
- податоци за симптоматиката: прва појава; од кого била забележана? Реакција на детето и старателите; размислувања за симптомот на однесувањето, симптомот на доживувањето при првото појавување на симптомот во кризни моменти и причина на симптомот;
- психодинамика: сè додека може таа да се разбере од анамнезата;
- видови на доживување и однесување: интереси, склоности, јакост и слабост, социјална околина со другите деца, млади и возрасни

## *Начини за зголемување на успешноста на анамнезата*

Една куративна педагошка анамнеза може да се спроведе:

- преку анамнестички разговор за една или повеќе средби;
- преку пополнување на прашалник како анамнестичка шема;
- преку пишување на животниот тек;
- преку цртање на животниот тек: за секоја година или половина година по еден цртеж; како животен пат на еден голем лист;
- преку пишување и сликање од 5 посебно одредени позиции како на пример: светли, убави моменти, како и негативни, полни со пречки, неубави, напнати или понижувачки настани и доживувања;
- преку избор на 10 слики од семејниот албум од кои би се „создала" една приказна.

Кутативниот педагог ги внесува добиените информации во животната листа, т.е во ->развојната листа (лист 1.2 од актот), со што тој може многу брзо повторно да се идентификува и во однос на контекстот на психосексуалните доживувања и однесувања на детето или младиот човек, денес како и некогаш.

Постојат голем број истражувачки прашалници за дознавање на анамнестичките податоци кои се пратени на старателите како прашалници или кои во разговор можат да послужат како основа за дознавање на поважни податоци од животот. Секој куративен педагог заедно со колегите треба според поставената задача или според целта на групата да размисли која можност за избор и употреба и во која форма би довела најбрзо до ефективно зголемување на податоците. Предлог за дознавање на поважните анамнестички податоци се следниве прашања. Овие прашања можат да се преработат во прашалници и да се испратат на родителите и старателите. Како ориентација во анамнестичкиот разговор може куративниот педагог, во зависност од ситуацијата, да почне со анамнезата на следниов начин:

## *Предлог за анамнестичко добивање на податоците*

„За да можеме во разговорот со Вас и Вашето дете добро и разумно да се подготвиме за заедничката работа, Ве молиме да одговорите на следниве прашања кои се однесуваат на Вашиот живот и на развојната историја на Вашето дете."

1. Како се вика Вашето дете и како (и кој) го вика нагалено? Кога е родено? Каде живее Вашето дете? (Од кога) оди во градинка, детски дом, на училиште? Во кое училиште оди и кое одделение е? Што прави во своето слободно време? Дали е член на некое здружение или група? Дали припаѓате на некоја црква или верска заедница? Дали го практикувате Вашето религиозно убедување?

2. Кои недостатоци, начини на однесување, пореметувања на Вашето дете беа причина да побарате куративна педагошка помош?

3. Кој Ве посоветува да побарате куративна педагошка помош?

4. Каде и како живее Вашето дете: Со браќа и сестри, мајка и татко? Опишете ги уште еднаш поблиските околности: склучување брак, разделување, разведување; преселување; живеело ли детето секогаш кај Вас? Каде, кога и кај кого живеело? Од кога до кога?

5. Дали посетува Вашето дете градинка, детски дом, група за предучилишна возраст, целодневен престој? Дали со задоволство ја посетува таа институција? Дали знаете како се однесува таму, што сака и што не сака да прави?

Какво училиште посетува Вашето дете и во кое одделение оди? Какви успеси постигнува на училиште?

6. Кој има(л) воспитно влијание врз детето? Дали живее таа личност во Вашиот дом?

7. Дали има детето своја сопствена соба? Со кого заедно спие во собата?

8. Дали се променило нешто во Вашето семејство или во Вашата околина откако го забележавте недостатокот/начинот на однесување/пореметувањето? Која случка ја поврзувате со појавата на необичниот начин на однесување или пореметување?

„Би сакал(а) Вас и Вашето дете добро да Ве запознаам, за да можам да Ви помогнам. Затоа многу ме интересира како се одвивал Вашиот живот во Вашето семејство заедно со Вашето дете."

9. Леунство (просечно до 6 месеци)

– Како течеше бременоста?

– Како помина породувањето?

– Како беше смирувано Вашето дете? Колку долго?

– Како пиеше? Дали силно цицаше и шмукаше, гризеше? Дали беше плашливо, дали слабо пиеше?

– Дали во тие први недели сте се сетиле на нешто што Ви се чинело важно? Дали Вашето дете мбеше мирно или пак полно со живот, дали многу врескаше? Дали воопшто не му се слушало гласот и цело време спиело?

10. Рано детство (1.–3./4. година од животот)

– Со колку месеци можеше да седи, стои, трча?

– Со колку месеци се насмевнуваше?

– Со колку месеци кажа „мама", „тато"?

– Со колку месеци покажа страв од непознати личности?

– Со колку месеци кажуваше реченици од два или три збора?

– На која возраст престана да употребува пелени?

– Дали подоцна повторно почна да оди по нужда дење или ноќе?

11. Возраст на тврдоглавост

– Дали со 3 до 4 години или порано клоцало силно или воопшто не клоцало? Дали намерно паѓало на подот, претало, врескало, удирало силно со нога по подот?

– Дали покажувало подоцна вакви начини на однесување?

12. Предучилишна возраст

– Дали одело Вашето дете во градинка? Од кога до кога?

– Како си играше: постојано, различно; најчесто само; со други деца?

– Што кажуваше воспитувачот за играњето и однесувањето на Вашето дете?

– Дали имаше Вашето дете омилена играчка?

13. Училишна возраст (од 1.–4. одделение)

– Кога беше Вашето дете запишано на училиште?

– Во кое одделение оди сега?

– Дали морате да му помагате на Вашето дете во неговите училишни обврски?

– Дали имате да изјавите нешто посебно во однос на училиштето, училишните обврски?

– Кој е омилениот предмет на Вашето дете?

– Дали има омилен учител, учителка?

14. Училишна возраст (од 5.– 8. одделение)

– Дали се промени Вашето дете во натамошното школување?

– Дали брзо склопи пријателство со соучениците и соученичките?

– Како реагираше Вашето дете на своите телесни и умствени промени? Како реагираше на месечниот циклус и на првата ерекција и ејакулација?

– Дали изјавува Вашето дете желба за некоја професија?

– Дали е Вашето дете член на некоја група на млади или на некое спортско здружение?

Од овој момент куративниот педагог сам го спроведува -> истражувањето, бидејќи младиот човек може сам за себе да зборува и научил или учи во својата возраст повеќе да размислува за себе, да стане посвесен за својата внатрешна и надворешна состојба, да биде способен сам да донесува одредени решенија, самостојно да бара совет и помош и на тој начин да постигне поголема зрелост.

„Има сигурно и други прашања. На некои и подоцна ќе се сетите, ако размислите подобро. Ние повторно ќе се сретнеме на одредено време за да ги размениме нашите искуства од дружењето со Вашето дете.

За многу работи и самиот/самата ќе го прашувам Вашето дете, Вашата ќерка, Вашиот син. За некои работи Вашето дете ќе даде поинакви одговори од Вас. Тоа е секогаш така, бидејќи секој човек различно ги доживува случките од својот живот. Некои работи кои радуваат некого, го прават другиот тажен. Така што и двајцата би го раскажале истиот настан различно.

Еден дел од нашата соработка со Вас и со Вашето дете ќе се состои токму во тоа да ги дознаеме различните начини на доживување, со што и Вие би можеле меѓусебно се подобро да се слагате.

Предуслов за љубовта е доброто разбирање. Вие сте загрижени за Вашата ќерка, за Вашиот син, бидејќи некогаш не разбирате што кажуваат или што прават. Затоа и дојдовте кај нас.

Би сакал(а) заедно со Вас подобро да го разберам Вашето дете, за да можам и на вам и на Вашето дете да Ви помогнам. Тоа е можно само со Ваша помош, бидејќи Вие многу сте размислувале и најдобро се познавате себеси и Вашето дете.

Заедно ќе можеме сигурно многу повеќе да дознаеме околу тоа какви проблеми има Вашето дете во својот живот. Тоа сигурно ќе ви олесни и ќе Ви помогне, да го пронајдеме вистинскиот заеднички начин...“

## *Сопствена анамнеза на куративниот педагог како развоен инструмент*

И куративниот педагог, кој се нафаќа на истражување на анамнезата како инструмент за запознавање и разбирање на детето и родителите во нивната врска и воспитни односи, мора да биде свесен дека и тој како човек постојано се развива. Во текот на своето студирање и школување преку сопствени искуства и преку искуства поврзани со неговата професија научил дека едно дете, една млада личност, може да води и следи во неговиот живот, колку што тоа/таа самото/самата ќе дозволи.

Истовремене тој се придржува кон воспитните совети од родителите и старателите:

Куративниот педагог може одговорно да го рефлектира интимниот напредок со старателите само откако ќе научи одговорно да размислува за сопствените врски и воспитни односи. Затоа е неопходно поголемо заложување во професијата. Секој куративен педагог треба за време на своите студии, своето школување и подоцна за време на својата дејност во професијата да научи со помош на сопствените искуства, ->искуствата поврзани со неговата професија и со -> супервизија, на ист начин да размислува и да се справува со проблемите во својот живот. Затоа куративниот педагог сака и самиот да знае нешто за неговиот сопствен развој, за својот живот. Така и ние често ги прелистуваме нашите фотоалбуми за да се потсетиме на некои случки, патувања и сл. Честопати некои ситуации ги разбираме поинаку, на нов начин. Кој, како куративен педагог го отслика или опише својот животен тек, има можност уште еднаш да размислува за своето минато, некои ситуации поинаку да ги разбере или да пронајде нови можни решенија за одредени проблеми. Куративниот педагог треба во својот животен тек да задржи сѐ што било од значење за развојот на неговиот живот. Затоа тој слика или пишува сѐ на што спонтано ќе се сети, дури и она што во моментот му се чини неважно. Следните насоки и прашања би можеле да го поттикнат куративниот педагог поопширно

да размислува за својот живот; тие се истовремено и поттик за куративна педагошка работа со младите и младите возрасни:

1. Раскажете 4-5 настани или ситуации кои се за Вас од големо значење. Опишете ги евентуално овие случки, ситуации колку што можете подобро и на начин на кој што сакате.

2. Како би ја опишале атмосферата во Вашето семејство, можете евентуално да ја отсликате истата кога сте биле на возраст од 5, 10, 15, 20 години?

Како би го претставиле или опишале односот на родителите помеѓу себе, кон Вас и Вашите браќа и сестри?

Дали постоеле, дали постојат „посебности" во Вашето семејство?

3. Како гледате сега на времето поминато на училиште и на подоцнежно школување?

Дали сте задоволни со текот на Вашето школување, со Вашето училишно и понатамошно образование?

4. На кои работи се сеќавате до Вашата 10./12. година?

Кои личности добро или лошо влијаеле на Вас во овој период?

5. Како го оценувате Вашиот полов развој?

Од кого, каде и кога Ви беше се „објаснето"? Можете ли сега да се прифатите таков каков што сте, како маж или како жена? Што е тоа што Ви пречи?

Дали се сеќавате на некои ситуации, на кои не би сакале повеќе да размислувате?

6. Каков е Вашиот однос со другиот пол?

7. Можете ли да се сетите на Вашата омилена приказна, игра, песна од времето кога сте биле дете, млад?

Која е Ваша омилена песна, приказна, игра-сега?

Ваквите и слични прашања можат секој куративен педагог да го поттикнат преку своите ->сопствени искуства, преку искуствата од професијата и преку ->супервизија да се сврти кон себе, и на тој начин да помогне при саморефлексијата на другите луѓе.

## *Заклучок*

Куративното педагошко истражување на анамнезата е инструмент за дијалошко, куративно педагошко обликување на односите. Тоа се спроведува на различни начини и со помош на различни методи (игра, говор, симбол, слика) преку боење, цртање, чкрткање, градење, обликување и делување за време

на процесот на куративната педагошка мерка за -> наодот, -> постапката и -> советувањето на детето и неговите старатели. Збирката податоци не служи само за објективно дознавање на појавата на воспитните потешкотии, туку истовремено и за субјективно препознавање и сфаќање на податоците од животот и индивидуалниот животниот тек и од таму произлезените животни проблеми. Затоа куративниот педагог ќе се потруди да не дејствува преку шематски систем на прашања и одговори, туку во состојбата на ***анамнеза*** да ја искористи силната врска кон родителите и младите, со што преку употреба на чувства и доверба да даде сигурност и да ја зголеми подготвеноста за понатамошна соработка. Притоа родителите нема да бидат под еден вид „терапија", во улога на пациент, туку ќе ги прифати како партнери и воспитувачи на нивните деца, кои (од одредени причини) патат поради пречките во развојот кај нивните деца. Куративниот педагог со помош на делумна идентификација ќе навлезе во стравот и чувството на вина, во стравувањата и давањето отпор и ќе им помогне да сфатат дека треба да побараат подлабоки психолошки сознанија. Притоа тој ќе ги набљудува сценските збиднувања и ќе се стреми кон разрешување на семејната динамика.

(Превод од германски – *Марија Томова*)

*Wolfgang Köhn*

# ХИПОТЕТИЧКА ДИЈАГНОЗА

*Опис на поимот:*

Хипотетичката дијагноза е собирање на поврзаности, кои произлегуваат од надворешните набљудувани случувања, чие конечно разјаснување сѐ уште се очекува. Таа му овозможува на куративниот педагог во согласност со искуството да препознае, да разликува, да основа, да разјасни и да разбере одмерени, теоретско докажани и (ако е можно) скоро емпириски објаснувања, коишто сепак не се од сите страни испитани, а се однесуваат на постоењето, посебно на начинот на доживување на нештата и однесувањето на луѓето со пречки во развојот во нивните врски. Таа се потпира врз сознанијата добиени од -> наодот, од процесот на -> постапувањето и -> советувањето и произлегува од целината и од анализата на состојбата на „ЈАС", од сите податоци кои се на располагање. Таа ја контролира употребата на куративните педагошки ->методи за постапување и ефективното советување на родителите и старателите, со што состојбата на „потреба" би достигнала цели ориентирани според една човекова куративна педагошка слика. Хипотетичката дијагноза се опишува како процесна дијагноза за контрола (евалуација) на куративната педагошка мерка.

Во овој преглед ќе се зборува за следниве аспекти:

- Предразмислувања за процесот на куративното педагошко поставување на дијагноза (403)
- Проблемите при утврдувањето на дијагнозата врз основа на различни претходни мерки и модели (406)
- Куративната педагошка дијагноза од истражувачки аспекти (409)
- Одредување на целите за утврдување на дијагнозата (412)
- Куративната педагошка дијагноза во контекст на интердисциплинарните гледишта (416)

- Прашања за утврдување на куративната педагошка дијагноза (421)
- Целта на утврдувањето на куративната педагошка дијагноза (425)
- Структурните елементи на куративната педагошка дијагноза (432)
- Односот со дијагнозите при куративната педагошка постапка (434)
- Заклучок (439)

*Предразмислувања за процесот на куративното педагошко поставување на дијагноза*

Преку процесот на поставување на дијагноза куративниот педагог се обидува да достигне систематично и втемелено разбирање на личноста и животниот тек на човекот со пречки во развојот и неговиот старател.

Тој се обидува да ја објасни и разбере *воспитната реалност, „постоењето и потребата“* во случај на поставените пречки во развојот или социјална заостанатост. Куративните педагошки прашања во денешно време се водат од три аспекти:

1. Антрополошки: „Што е човекот?“
2. Теолошки: „Што треба да биде човекот?“
3. Методолошки: „Како може притоа воспитувањето под отежнати услови (= куративна педагогија) да му помогне на човекот?“

(спореди: BOHM 1982, 402)

Овие основни прашања можат според воспитно-научно ориентираната појава (спореди: BLEIDICK 1987, 83), која му штети и на куративниот педагошко-дијагностички напредок, да бидат рефлектирани од три истражувачки аспекти:

## 1. Нормативен или прескриптивен аспект

Тука се работи за одредување на основата, на повеќе или помалку скриените или свесни претходни одлуки, кои се сретнуваат врз основа на имплицитни или експлицитни штетни вредности или норми ( антропологија). Повеќе се работи за прашањето на *потребата, сакањето, целта (теологија),* на пример: „Според која човечка слика треба да се воспитува човекот?“ Куративниот педагог ќе размисли кои се неговите мотивации: Зошто го одбрав овој факултет, оваа професија, зошто воопшто сакам да се трудам околу воспитувањето на луѓе со пречки во развојот, психосоцијално пореметени деца, млади и на нивните семејства? Кои вредности и норми ги следам, кон кои цели се стремам?

Овие претходни одлуки влијаат на процесот на дијагнозата, бидејќи во секоја куративна педагошка дијагноза се работи – како во воспитувањето – за нескладноста помеѓу вредноста на *потребата и* вредноста на *ЈАС. Бидејќи* човекот, детето, младата личност не се такви какви што треба да бидат, со помош на дијагнозата треба да се открие какви се, за да може да се водат кон тоа какви треба да бидат.

Поинаку речено: Состојбата на *потреба* е основата на куративната педагошка постапка и во поставувањето на куративната педагошка дијагноза. Ние како педагози имаме *однапред* една претстава за тоа каков треба да биде човекот. Во спротивно секое воспитување би било излишно. Во секој случај, оваа претстава во развојот на една *лична и* ***куративна*** *педагошка слика за човекот* треба да се развива и легитимира преку сериозни размислувања (на пример во куративната педагошка антропологија и професионалната етика, во теологијата и филозофијата, во искуствата добиени од професијата и ->супервизија). Дури тогаш ќе може куративниот педагог да донесе *лични заклучоци за куративната педагошка слика за човекот, во кои и тој се јавува како човек со својот живот и постоење.* Во спротивно не може да одреди цели кон кои би се стремел со луѓето со пречки во развојот и затоа до таму не може да најде прооден пат ниту за себе ниту за луѓето кои му се доверени, туку и двајцата ќе бидат во заблуда. Тоа значи дека: Без одредување на штетните вредности, воспитувањето и развојот под тешки услови (=куративна педагогија) би биле потполно непотребни. Исто така и секое утврдување на дијагнозата во куративен педагошки контекст би била целосно произволно, случајно и според тоа безначајно и бесмислено.

За да се изврши секое поставување на дијагноза врз основа на претходно одредени податоци, преку значајни теории, потребно е тие да се знаат и да се одлучи за или против.

Уште еднаш поинаку формулирано: Целите на куративните педагошки мерки (хпм) *не* можат да се одредат од дијагнозата, т.е од сфаќањето на состојбата на ЈАС на човекот со пречки во развојот или психосоцијално заостанатиот човек, *туку* од *сликата на човекот со пречки во развојот,* која веќе постои. Куративната педагошка слика на човекот е основа, сооднос и цел на секоја куративна педагошка мерка и притоа и на секое куративно педагошко поставување на дијагноза. „Патем“ таа ќе се менува, дополнува, одново ќе се разгледува и обликува врз основа на рефлектирани искуства на човекот со пречки во развојот како и на куративниот педагог како придружник. Притоа и хипотетичката дијагноза се сфаќа како *процесна дијагноза* секогаш одново препишана и одново да се запознае како *инструмент за испитување на постигнатата состојба на ЈАС,* колку е оддалечена од *претходно одредената состојба на потреба.* Како што може со помош на компас да се одреди

одредено место или правецот на избраната цел, така со помош на хипотетичката дијагноза може да се открие неусогласеноста помеѓу состојбите на ЈАС и потребата, и да се движи кон заедничката цел, којашто ја намалува оваа неусогласеност.

## 2. *Емпириски описен аспект*

Во хипотетичката дијагноза се работи за одредување, опишување и евалуација на воспитната реалност, значи на состојбата на ЈАС. *Не* се работи за одредување на воспитните цели, туку за мерење на промените на растојанието помеѓу состојбите на ЈАС и потребата. Се работи за целосен опис на ***постоењето*** ( на состојбата на хендикепираност, социјална заостанатост или психосоцијална пореметеност и сл.) во постоењето на детето или младиот човек во неговите воспитни односи, т.е. опис на односите во семејството, во неговата околина, во светот што го опкружува, во современиот свет. Се работи за заклучоци, факти за однесувањето кои може да се набљудуваат и мерат. Таков е примерот со социјалните фактори, неутралните услови за учење, начинот на воспитување и сл. Сознанието кое може најточно да се определи, на пример емоционалните услови или условите за учење во коишто детето или младиот човек живее заедно со своите старатели, е предуслов за развој на нови начини на куративен педагошки напредок и за нивна повторна дијагностичка контрола и вреднување. Значи, хипотетичката дијагноза ја овозможува дополнителната контрола и оценување на досегашниот напредок во процесот на постапување и советување, а не одредувањето на состојбата на *потреба.*

## 3. *Практичен или методолошко-технички аспект*

Хипотетичката дијагноза се одредува со помош на различни методи и практични средства. Тука спаѓаат, на пример ->анамнезата, ->експлорацијата (истражување), сите методи за набљудување и употребата на одредени техники на набљудување, соодветната постапка и вметнувањето на материјал за тестирање како и контрола (евалуација) на процесот на дијагнозата, постапувањето и советувањето преку ->тимски разговор, ->договор за некој случај и ->супервизија.

Лесно може да се забележи дека овие три аспекта се неразделни. Тие претставуваат потребни принципи за објаснување на куративната педагошко-дијагностичка постапка, кои можат да се видат во последно време во

меѓусебната врска. Така на пример практичните дијагностички методи зависат од тоа од која куративна педагошка слика на човекот и од кои теории (=вредносни мерки) на куративниот педагог во процесот на дијагностицирање произлегува и какви сознанија има за состојбата на ЈАС на оштетените воспитни услови.

Понатамошна меѓусебна зависност е прикажана преку тоа што куративниот педагог *уште од самиот почеток за време на наодот (одредување на дијагнозата) мора да ја рефлектира реалноста на можностите за постапка.* И најдобрата хипотетичка дијагноза не може да биде корисна доколку куративниот педагог не ги земе во обѕир изворите и вистинските граници кои мора да се видат од дадените лични, историски, друштвени и стручни дадености во куративниот педагошки ->наод, ->постапка и ->советување. Тука веќе се одредува (вметнува) едно преиспитување на куративната педагошка ->надлежност.

### *Проблемите при одредувањето на дијагнозата врз основа на различни претходни мерки и модели*

При развојот на хипотетичката дијагноза, куративниот педагог се залага за сознанијата на меѓусебната врска, кои како такви се наоѓаат во потесната смисла на проблематиката на одредувањето на дијагнозата. Тие произлегуваат од последиците од поставувањето на дијагнозата за куративна педагошка ->постапка и ->советување и преку тоа за куративно педагошко однесување во општеството. На секоја дијагноза, како што веќе рековме, влијае сликата на човекот, погледот на светот, културата и современите збиднувања во кои живее дијагностичарот; на неа влијае субјективноста на истражувачот и неговите лични логички заклучоци при оценувањето на оштетениот и заостанатиот човек во неговите животни сфаќања; на неа влијаат научните струења и погледи, на кои им подлегнува куративниот педагог во својата постапка на поставување на дијагноза. Ориентирањето на одредени мерки и на различни модели на размислување и постапување влијае на процесот на дијагностицирање, а трајно и на резултатот од овој процес.

## *1. Аспекти на еден индивидуално-теоретски модел*

Доколку куративниот педагог како дијагностичар се ориентира повеќе на индивидуално-теоретски модели, пречките во развојот би ги сфатил како

едно индивидуално обележје или доопишување, кое не се повикува на општествените импликации (врски). При ориентирањето тој би се насочил кон еден „медицински модел“ во куративното педагошко одредување на дијагнозата и постапка, кон промените на состојбата во клиентот, бидејќи симптомите, како на пример необично однесување при „болни“ состојби во внатрешноста на личноста, можат да бидат опишани и како „психички болни“.

Тука постои опасноста, куративниот педагог во придружба на една „поправна дијагностика“ да се насочи кон помош од општеството за исполнување, која очекува безпрекорно функционирање на човекот во институциите како што се семејството, училиштето и работното место и која се стреми кон „подобри односи“ во дадените услови, без да ги земе во обѕир овие надворешни услови во кои е можно да дојде до појава на пречките во развојот на детето или младиот човек.

## 2. Аспекти на еден општествено научен модел

Доколку куративниот педагог би се ориентирал кон општествени модели, во кои симптомите, како на пример необичното однесување, би се набљудувале од страна на надворешните услови и променетите дејства помеѓу детето/младиот човек и „претставниците на општеството“, тогаш куративното педагошко одредување на дијагнозата и постапката врз основа на истражувањата на променетите дејства помеѓу детето/младиот човек и семејството, градинката, училиштето, старосната група, социјалната класаи сл., би се насочиле кон промените на состојбата надвор од личноста, кои би се усвоиле како причини за појавата на пречките во развојот. Тука постои опасноста куративниот педагог премногу да се ориентира на надворешните услови, а премалку да ги земе во обѕир искуствата и внатрешната психа на детето/младиот човек во однос на неговата индивидуална генеза (потекло) и развојна состојба.

## 3. Аспекти на еден интеракционен модел

При земање во обѕир еден интеракционен модел, куративниот педагог би можел пречките во развојот да ги интерпретира како социјални очекувања, кои доведуваат до еден ваков меродавен опис на човекот, на пример за правилно да се прифати хомеостазата на еден внатрешно оштетен (семеен) систем.

## *4. Аспекти на еден системско-теоретски модел*

При поголем системско-теоретски напредок, би можел да ја прифати причинската структура на социјалните системи, во кои тој работи, а не е поврзана со него. Притоа самиот би бил активен во поправилно држење на сопствените позиции во социјалата и школството и би ги поддржал специфичните описи на пречки (на пример едно посебно училиште е од големо значење за децата кои имаат голема потреба од таков вид на училиште, бидејќи училиштето како систем би можело да биде непотребно; или пак едно советодавно место содржи една долга листа на чекање на луѓе на кои им е потребна нега, за статистички да се демонстрира нивната способност и за да се сокрие редуцирањето на капацитети). Вака гледано, судбината на детето или младиот човек, како и општествените услови за појава на пречки во развојот, воопшто не се земаат во обѕир.

Во спротивно, куративниот педагог би истакнал општествено-критичен, еманципаторски поглед, дека постоењето на заостанатост на социјално-економски услови во едно општество е зависно, дека би морале да се надминат по политички пат.

Меѓутоа тој би можел да падне во опасност, да не забележи, дека оваа општествено создадена заостанатост веќе станала субјектна структура за дотичната личност, која структура -и покрај општествените промени – не би можела лесно да се отстрани, без притоа личноста истовремено да се заборави или ограничи.

### *Куративната педагошка дијагноза од аспект на истражување*

Куративниот педагог се смета себеси за мандатар, за адвокат на човекот со пречки во развојот и се обидува да се интегрира и рехабилитира во најниските општествени класи на луѓе, за да внесе и гарантира достоинствен живот и во оштетени или заостанати услови.

Притоа куративната педагошка работа може да биде на различни нивоа и куративната педагошка дијагноза да се разгледува од два аспекта (спореди KLEBER 1976, 19):

а) Во рамките на т.н. *номотермичко* (=законско) истражување, можно е преку испитување на групи да се соберат сите информации, кои преку проби можат квантитативно да прикажат една дескриптивна и последователна статистика, како на пример за „состојбата на заостанатост“, за „животните услови

на хендикепираните луѓе" или пак профил на занимање за куративни педагози. Тука можат да се вбројат и на пример тестпсихолошките искажувања за интелегенцијата на т.н. деца и млади кои се „заостанати во учењето" во рамките на посебна педагошка дијагностика. Тука би спаѓале и податоците за епидемиологијата, што значи податоци за настанувањето и подготовката на поважните куративни педагошки оштетувања, заостанатост, пречки и заболувања како и нивното класифицирање и постапка. Притоа куративниот педагог ќе знае дека давањето првенство на овој аспект (како и за сликата за оштетеност и заостанатост во општеството) само преку споредба со една одредена популација води до сведочење, при што постои опасноста да дојде до неплодна (неуспешна) селекција и класификација.

б) Куративното педагошко истражување може од индивидуелно-педагошки аспект *идеографски* (=единечно опишано) да ги собере сите податоци, кои ја изразуваат квалитативната поединечност на доживеаното и односот токму на овие деца/младинци. Вака поставената дијагностика би се обидела целосно да го опфати хендикепираниот младинец, хендикепираното дете во својата индивидуелна единственост, без да се грижи за квантитативната споредба. Во спротивно, статистичката сигурност на дијагностичките сознанија не би била или би била само во ретки случаи можна, а необичните обележја би можеле да се интерпретираат само под претпоставка. Така, таа би била поставена врз основа на заклучоци, постапни или работни хипотези, бидејќи една постапка не би можела да биде целосно докажана врз основа на медицински или тестпсихолошки податоци. На овој начин би можел индивидуално педагошкиот аспект да се развива дијагностички, т.е. хипотетичката дијагноза би служела од постапка до постапка во контролата на упехот на куративниот педагошки напредок.

Притоа, куративната педагошка дијагностика би се ориентирала на потврдување или одрекнување на одредени веројатности (=хипотези).

Како средство за проверка би се развиле нови дијагностички, куративно педагошки, истражувачки методи, а ->опишувањето на случаи, ->тимскиот разговор и ->супервизијата би можеле концептуелно да се подобрат.

Според PAWLIK (1976, 36), за двата спомената аспекти се опишани пет целни нивоа, во кои сами или во комбинација се бара понатамошен теоретски или методски развој на *психо*дијагностичкото истражување. Овие нивоа изгледа дека го опфаќаат и *куративно педагошко*-дијагностичкото истражување, особено би се спротивставиле на плурализмот при поставувањето на прашања и методите на специјалните и комплексни барања и значења (вредности) во куративната педагогија.

| | |
|---|---|
| 1. Теорија на мерење | -> математичко-статистички модели за (психо-)дијагностички податоци |
| 2. Технологија на наоди | -> услови, содржини и инструменти на (психо-)дијагностичкото истражување |
| 3. Процесна теорија на дијагностиката | -> нормативни решавачко теоретски модели на кругот на делување на одреден фактор во дијагностиката и постапката |
| 4. Теорија и технологија на постапка | -> Теории, стратегии и методи на употребената (психолошка) интервенција |
| 5. Теорија на личноста | -> Теории на фактите и дејствувања на индивидуалните разлики во доживувањето и однесувањето при постапките |

( Табела според PAWLIK1976, 36;)

На ниеден од овие пет додатни цели не може да му се даде приоритет и истражувањето во теорија и пракса на куративната педагошка дијагностика би било повеќе или помалку поделено на претпоставки и ограничувања во сите пет нивоа. Шемата во куративната педагошко-дијагностичка пракса би можела да се замени и со испитна листа за оценување на секој дијагностички метод поединечно или пак со една единствена дијагностичка интервенција, при што тие би биле поделени според целните нивоа:

1. Кои (мерно) теоретски претпоставки се присутни во овој метод/ интервенција?

2. Под кои услови се применуваат методите/интервенциите?

3. Кои дијагностички процесни теории го докажуваат вметнувањето на овие методи/интервенции?

4. Кои концепции на постапката не го дозволуваат напредокот?

5. Кои теории за личноста (на пример длабоко или научени психолошки), т.е. кои теории им штетат на причините и дејствата на поединечните разлики

во доживувањето и односот и кои теории му штетат на начинот на дејствување на куративните педагошки мерки?

Споменативе прашања би биле поставени на куративниот педагог за диференцирано да се претстави и докаже неговата постапка.

### *Поставување на цели за одредување на дијагнозата*

Од рефлексијата на различните дијагностички целни нивоа може да се види, дека на дијагнозите се влијае преку инструментални и вредносни мерки и теории. Тие делуваат и на поставувањето на специфични дијагностички цели. Во дијагностиката поставувањето на цели се опишува формулирано во четири пара, на кои им штетат различни теоретски зафати. Следнава табела прави преглед и претставува четири алтернативни димензии на психодијагностичкото поставување на целите (PAWLIK 1976, 23), кои куративниот педагог ги диференцира во својата сопствена дијагностичка постапка и кои би требал да ги поврзе.

⇒ *Статусната дијагностика* има за цел да одреди една состојба на ЈАС, при што целта би постигнала голема стабилност; таа се движи во правец на селективни стратегии. Куративниот педагог би требало при „утврдувањето" на состојбата на ЈАС да внимава, таа да не се окарактеризира како ненормална состојба, туку сегашниот прием на моментот да се претстави како релативно променлива слика на состојбата. Притоа тој ќе се заинтересира за дијагностиката на процесот.

⇒ *Процесната дијагностика* би сакала да ги одреди промените во различни случаи, кои играат улога во текот на психичкиот развој или куративната педагошка постапка. Процесната дијагностика може во потесна смисла *дијагностички* да се насочи кон одредување на начинот и големината на истовремени промени во доживувањето или односот, или *прогнозирачки* да се насочи кон претходните изјави со веројатност за очекуваните промени во доживувањето или односот, на пример да се потпре на веројатниот успех при учењето или постапката.

Статусно-дијагностичките методи се исто така предуслов за стратегиите за промени, како на пример поставувањето на куративни педагошко/терапевтски индикации, како метод на процесната дијагностика, на пример во контролата на различни ефекти на постапката во зависност од предтерапевтските податоци за личноста.

| Димензија | Дијагностичко поставување на целта |
| --- | --- |
| 1. Статусна дијагностика | Состојба на ЈАС (дијагностичка или прогнозирана) |
| Процесна дијагностика | мерење на промените |
| 2. Дијагностика ориентирана на норми | Индивидуални разлики |
| дијагностика ориентирана на критетиуми | Индивидуална позиција релативна на еден критериум на однесување |
| 3. Тестови | проби за однесувањето -> вредност на особеноста |
| инвентаризирање | проби за однесувањето (хиерархија) |
| 4. Дијагностиката како мерење | почитување на особеноста |
| дијагностиката како информација за постапката | одредување на екстремните вредности на решавањето и постапката |

Четири алтернативни димензии на [психо] дијагностичкото поставување на целите според PAWLIK 1976, 23

⇒ Дијагнозата *ориентирана на норми* има за цел да ги искаже и прикаже поединечните резултати од истражувањето во поглед на статистички вредности (на пример тест-норми) со поделба на резултатите од тестот во една група, за да се пронајдат индивидуални разлики. Куративниот педагог треба да внимава при ставањето и нормирањето на еден младинец со пречки во развојот во една група, да не се изгубат од вид неговите индивидуални и специ-

фични поединости како личност, по кои (на пример во доживувањето на неговата симптоматика или заостанатост) се разликува од другите. Во центарот за куративна педагошка дијагностика детето со своите можности е субјектот, а не нормите на општествените институции за успех, на кои секогаш мора „оптимално" и "функционално" да се прилагоди.

⇒ Дијагностика *ориентирана на критериуми* се стреми поединечната личност да ја испита во поглед на една поставена цел на доживување и однос, на пример педагошка цел или цел на терапија, т.н. „критериум", и испитаното доживување прецизно да го изрази и интерпретира. Секоја куративна педагошка мерка, секоја промена на условите во постапката и секоја терапевтска мерка е насочена како интервенција за една одредена цел на доживување или однос, и притоа може да се пронајде ефективноста на напредокот и може да се заклучи колку личноста може да се доближи до овој критериум.

⇒ *Тестовите* се стремат при истите услови за тест да се исфилтрира пробата на однесување од репертоарот на однесување на личноста, на пример, дали едно дете се плаши. Притоа куративниот педагог го има во обѕир дејствувањето на неговата личност и на ситуацијата на тест, кои влијаат на позитивниот или негативниот резултат на тестот и кои можат да доведат до погрешна проценка. Многу често се случува куративната педагошка клиентела да го одбие тестот, во зависност од степенот на нивната оштетеност или заостанатост.

⇒ *Инвентирањето* има за цел колку што е можно побрзо да ги собере елементите преку прашања за означениот извадок од регистарот на однесување на една личност, на пример од што се се плаши едно плашливо дете. Потоа куративниот педагог внесува намерно или според контекстот различни методи на набљудување или опфаќање во различни услови или различни ситуации. Притоа ќе сфати дека, на пример, збирот од проби не може да го опфати квалитетот, туку квантитетот на настани и со тоа да ги дополни неговите напори.

⇒ Дијагностиката *како мерење* има за цел да ги препознае личностите според избрани обележја, на пример едно „хиперкинетичко" дете. Куративниот педагог при вакви дијагностички описи на обележјата ќе биде свесен за опасноста за етикетирање. Тој всушност ќе го искористи дијагностичкиот опис за студиите на една одредена „слика на болеста", сепак поединечно субјективните можности на детето кои од друга страна можат да доведат до барање на очекуваните обележја.

⇒ Дијагностиката *како информација за и околу постапката* никогаш не е единствената цел, туку еден составен дел на *текот на постапката,* која повеќекратно ги поврзува информативно бараните постапки (=*дијагностика*

во потесна смисла) и ги опфаќа постапките во променети состојби (=*постапките* како збир). Оваа дијагностички поставена цел е непроменлива во секој куративен педагошки процес на постапување и советување и преку дополнување со други дијагностички поставени цели го контролира текот на куративната педагошка мерка.

Куративниот педагог може да разликува со помош на алтернативната димензија на дијагностичкото поставување на целите.

1. кои пригодни начини за напредување се појавуваат во постапката со *ова* дете или младинец и во советувањето на *овие* родители и старатели (прашање според индикацијата);

2. Како може да се испита ефективноста на куративната педагошка мерка (во потесна смисла постапката и советувањето) со помош на куративната педагошка дијагностика (контрола на постапката).

### *Куративната педагошка дијагноза во контекст на интердисциплинарни гледишта*

Врз основа на комплексноста на дијагностичките процеси, би требал куративниот педагог својата хипотетичка дијагноза да ја претстави во тим. Притоа би требал да се обиде да ја поткрепи интердисциплинарната дијагноза и да докаже дека ги зема во обѕир медицинските, психолошките и социолошките сознанија и дека го дополнил (комплетирал) неговиот куративен педагошки поглед.

*1.* **Медицински** ***ориентираната дијагноза*** го става куративниот педагог во ситуација да ги препознае причините за соматичните и психосоматичните пречки и воспитната проблематика која е предмет на дискусија. Врз основа на различни медицински правци, тој донесува важни заклучоци за можностите на детето или младиот човек и воспитувачите.

Сознанијата и набљудувањето на медицинските дијагнози му овозможуваат на куративниот педагог да ги рефлектира објективните податоци за заостанатоста, оштетеноста, пречките или болеста, дадени во болничката слика, заедно со детето/младиот човек како и со неговите старатели и одделните стручни лица.

Му овозможуваат да добие целосна слика на личноста во неговиот воспитен однос и дотичното делување на субјективно ниво, и според тоа заедно со старателите да се обработат воспитни мерки под овие отежнати услови.

2. **Психолошки** ***ориентираната дијагноза*** го става куративниот педагог во ситуација да ги опфати необичните однесувања на човекот со пречки во развојот, како во областа на способноста, така и во нивната поврзаност со околината, и на субјективно ниво да го префрли во куративниот педагошки однос кон збунетиот човек. Важни области, коишто можат да се одделат со помош на психолошката дијагностика, се:

*Психомоторика*: Сите форми на движење кои му се на располагање на детето/младиот човек, кои можат да се совладаат преку вежбање и модификација на односот, како на пример груба и фина моторика, координација во движење. Куративниот педагог ќе ги рефлектира сите посредни и непосредни постапки и комуникативниот напредок во нивното значење за воспитните односи.

*Перцепција*: Сетилна способност на детето/младиот човек во неговото присуство, како и во забележувањето, прифаќањето, чувањето, примањето на една претстава во свеста (декодирање, средување, меморирање, значење). Куративниот педагог ќе праша како детето/младиот човек ги прифаќа објектите и самиот себеси, и во односот кон објектите (на пример, чувствителноста на телото, искуство на пријатност, љубов во место и време). Какво влијание има перцептуалната способност на ова дете/млада личност за неговата психомоторска, говорна, когнитивна и афективна комуникација и соработка?

*Когниција*: Способноста на детето/младиот човек да ги сфати врските, значењата, редот и смисловната поврзаност и да ги претстави (споредување, апстрахирање, комбинирање – и од страна на свеста – донесување на важни одлуки, донесување на заклучоци, секако земајќи ја во обѕир развојната старост). Куративниот педагог ќе набљудува колку детето/младиот човек може да ги почувствува и прифати односите и врските, коишто се дадени непосредно и се присутни за време на постапката.

*Говор:* Способност на детето или младата личност да препознава, разбере, интерпретира знаци и симболи (мимики, гестови, фигури, слики, звукот во говорна, сликана или пишана форма), да рефлектира на мислата (замисленото) и на тоа да одговори.

Куративниот педагог ќе праша во кој однос се наоѓаат јазичните и говорни пречки со воспитните односи (на пример кај елективно мутирање или пелтечење) и колку треба да се промени системот на комуникација на куративен педагошки начин.

*Афективност*: Заклучок за емоционалното доживување, за чувственото и душевно доживување, чувствен говор. Кууративниот педагог ќе праша колку е детето, младиот човек во состојба, во зависност од чувствата и расположението, да се отвори и што треба куративно педагошки да направи за да се постигне таа отвореност, којашто му овозможува на детето/младинецот да стане повеќе свесен за своите и за туѓите чувства, да трепери со нив и постепено и според можностите да може да споделува.

***Социјализирање:*** Способност за остварување на човечките потреби за контакти (друштво), како и способност детето/младиот човек општествено да се вклопи. Куративниот педагог ќе праша, колку е кај детето, младиот човек развиен стремежот да ги забележи и почувствува своите и туѓите потреби, при што тој би се затворил во едно Ти, би ја почитувал Твојата желба и истовремено би бил чувствителен за Твоите потреби. Може ли детето, младиот човек да се одбрани во чинот на предавањето и да прифати дека едно Ти го одбива?

Преку рефлексија и дополнување на психолошката дијагноза може куративниот педагог да се произнесе за еднодимензионалната шема Зошто?-Затоа!; и да ги дообјасни врските на дејствувањето (Како?...). Одземањето на длабоко психолошките рефлексиски и интерпретациски рамки му го овозможува на куративниот педагог препознавањето на индивидуелните психодинамични и интерперсонални социјални зависности. Така куративниот педагог може подобро да ја разбере смислата, значењето на оштетените воспитни односи за детето, младиот човек и неговите старатели. За ова разбирање може да развие соодветни методи на давање на помош, постапување и извлекување.

3. *Социјално-психолошко и социолошко* ориентираната дијагноза го става куративниот педагог во ситуација да ги рефлектира друштвените и социјалните услови во нивното делување на оштетеното, заостанатото, попреченото, болното дете, на младиот човек и неговите старатели. Тука куративниот педагог ќе се залага за соработка со други социјални занимања, пред сѐ со воспитувачи, социјални работници, социјалпедагози, учители.

Семејството укажува на индивидуелните особености на општественозначајните обележја (на пример семејство со едно дете; семејство со еден родител; изолација; непријателство со децата; стил на воспитување; ритам на животот условен преку медиумите; училишна припадност; социјално законско решение; невработеност; работна дејност како и домашната област и во оваа врска

едно променето разбирање на улогите на маж и жена), коишто куративниот педагог мора да ги рефлектира во нивните делувања врз статусот на оштетениот, заостанатиот, попречениот, болниот човек, за да може да развие реални можности на постапка и помош во соработката со социјалните служби.

Градинката и училиштето мораат да се рефлектираат од страна на куративниот педагог врз основа на нивната форма на организација и на поставените образовно-воспитни цели. Тие се често противречни на вредностите коишто детето, младиот човек ги добива во родителскиот дом или во група на врсници. Одредената припадност на некој слој, статусот на странец и други важни фактори треба да се рефлектираат од страна на куративниот педагог во нивното делување на детето, младиот човек и во поглед на барањата (за успех) од институциите и родителите.

Групата на врсници е според животната и развојна возраст од огромно значење за развојот на ЈАС кај детето, младиот човек. Куративниот педагог ќе ги рефлектира колективните искуства на детето/младиот човек во нивното централно значење за субјективната сопствена слика и за чувсвото за самовредност. Истовремено со различните социјалните партнери (хетерогенитетот, хетеросексуалноста, хомосексуалноста), формирањето на слободни простории, развој на интересите и доживувањето, непосредни афекти и емоции, од големо значење за социјалниот однос е и групата на врсници. Куративниот педагог ќе праша колку оштетеното, заостанатото, попреченото, болното дете, млад човек би можел во овие рамки да се развива, каква помош би морало да им се пружи куративно педагошки за повторно поврзување.

Државата, општеството се големите полиња на (социјално-) политичкото делување за оштетеното дете, младиот човек и неговите старатели. Законите за казна, заштита, осигурување, нега, здравствените закони и сл. влијаат на однесувањето и стремежите на детето/младиот човек и на неговите старатели, како и на директниот воспитен процес. Претставите доживеани во јавноста и нивната неусогласеност со законските одредби и соодветните можности за помош и постапка, куративниот педагог ќе ги рефлектира во нивното делување на детето, на младиот човек. Исто така треба сериозно да се сфатат модните појави, политичките трендови, организациите за помош, како и формалните и неформалните пропаганди во поглед на слики на кои детето, младиот човек се угледува и кои го водат, и треба да се испита нивното значење за човекот и куративната педагошка слика на човекот (на пример правата на човекот со пречки во развојот; олимписки профил за успех на заостанати и сл.).

Кyративниот педагог во контекст на социолошко дијагностицирани услови за детето, младиот човек ќе се претстави така проѕирно, прифатливо и на располагање така што детето ќе го смета куративниот педагог за „а-социјален", што значи дека куративниот педагог нема да биде согласен со одморот од предрасуди кај детето или младиот човек во нивните обични, општи размери на искуство и вреднување. Куративниот педагог мора да биде трезвен и мора да му биде јасна сопствената состојба и состојбата на постоење на детето, за да може заедно со детето или младиот човек, еден за другиот, во зависност од хоризонтот на разбирање, да ја постигнат јасно и целосно дефинираната состојба на ***потреба.*** (-> одрекување на договор).

## *Прашања за одредување на куративната педагошка дијагноза*

Дијагнозите,од кој било вид, се секогаш продукт на различни прашалници. Тие ги одредуваат начините за напредок и критериумите, така што е невозможно да се формулира една општоважечка дијагноза. Ниеден дијагностички обид, во емпириски „објективните" начини за напредок, не е ослободен од претпоставки, тоа значи без предзнаења и предрасуди, на пример преку штетната теорија за личноста на една психодијагностика или општи премиси. Одговорот ќе зависи од видот на прашањето, на пример:

1. Дијагнозата како одговор на прашања според ***етиологијата*** (=причини) за пречките во развојот, на пример ***олигофренија*** (=малоумност) врз основа на ***енцефаломалација*** (=последица на трауматично или токсичко пореметување на мозокот);
2. Дијагноза како одговор на прашањето за сликата на состојбата на еден човек со пречки во развојот, на пример аутизам;
3. Дијагноза како одговор на прашањето за развојниот тек, на пример ретардираност или акцелерација;
4. Дијагноза врз основа на прашања за социјално-културното милје, на пример лозинка за чување.

Уште потешко е кога детето или младиот човек ги покажува оштетувањата, заостанатоста или пречките, кои се појавуваат во комбинација со различни фактори, при што причините делуваат во ист правец и/или во ефект можат да влијаат. Затоа куративниот педагог се обидува да го опфати и запознае човекот со пречки во развојот во неговите животни текови преку различни прашања колку што може подобро. Излезна точка притоа се *општите хеил педагошки прашања* кои во нивното значење се специфицирани за развојот на хипотетичката дијагноза:

– КОЈ е оштетениот, заостанатиот, болниот човек?

1. ***Езистенцијална дијагноза*** = оринтирана на присуството и постоењето

Куративниот педагог ја опишува (1) како "Кој" тој го дефинира оштетениот, заостанатиот човек; (2) како „Кој" како се дефинира оштетениот, заостанатиот човек самиот себеси; (3) како „Кој" како се дефинира куративниот педагог кон оштетениот, заостанатиот човек. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Од која слика на човекот ќе тргнам јас како куративен педагог?*

– КАКОВ проблем имаме?

2. ***Феноменолошка дијагноза*** = ориентирана на слики на појави, состојби и симптоми

Куративниот педагог ја опишува проблематиката колку што може пообјективно, прецизно и опфатно, без прерано вреднување и оценување. Набљудуваните факти мораат строго да се одделат од чистите претпоставки (или искажувања од трета личност) во однос на основниот принцип:

Дескрипцијата оди пред интерпретацијата. Ова води кон одговор на прашањето:

*Што морам јас како куративен педагог да направам?*

– КАДЕ лежи проблемот?

3. *Тополошка дијагноза* = ориентирана на областите на способноста и функционирањето.

Куративниот педагог се обидува да претстави кои интра – и интериндивидуални, лични области на способности се сретнуваат во проблемот. Ова води кон одговор на прашањето:

*Што морам да барам?*

4. ***Ситуативна, социјална дијагноза*** = ориентирана социолошки, еколошки на полето на ситуативните услови

Куративниот педагог донесува заклучоци во кои ситуативни, пред сè социјални услови на миљето, околината и животната средина е сместен проблемот.

Ова води кон одговор на прашањето:

*Под кои ситуативни услови морам јас како куративен педагог да делувам?*

– КОГА се појавува проблемот?

5. ***Хронолошка дијагноза*** = ориентирана на животната и развојната возраст

Куративниот педагог го опишува човекот од аспект на неговата развојна состојба, т.е. врз основа на отстапување од нормите при развојот. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Кога морам да почнам?*

6. ***Историска дијагноза*** = ориентирана на епохалните, современите дадености:

Куративниот педагог на интерпретаторската заднина на проблемот го додава современите услови, како на пример: војна, економска криза, невработеност страв од атомски бомби, уништување на околината и сл. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Во кој момент ќе сторам нешто јас како куративен педагог?*

- ЗОШТО, ПОРАДИ ШТО доаѓа до проблем, како делува?

7. ***Етиолошка дијагноза*** = насочена кон причинските односи, смисловните врски и тековните закономерности

Куративниот педагог прашува за причината за проблемот, за индивидуалната смисла за деловите на проблемот („Кој добива или губи нешто преку некого поради некоја причина?“); прашува за видот и начинот како се одвивала проблемската ситуација од поглед на секој поединец вклучен во проблемот. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Врз основа на која причина, мотивација, во конвергенција ко кои мислења и цели би дејствувал јас како куративен педагог?*

Куративната педагошка дијагностика е насочена кон развојните можности на детето/младиот човек и неговите воспитувачи и затоа секогаш содржи конкретни воспитни начини на постапување. Затоа се поставуваат следниве дијагностички прашања:

КАДЕ и КОН ШТО треба да водат куративните педагошки мерки?

8. ***Телеолошка дијагноза*** = насочена кон воспитниот и образовен план

Куративниот педагог дава опис врз основа на смисловни и вредносни премиси, норми и барања на значење, перспективи, поставување на цели и издејствување, како и одредување на местото на целта според приоритети – блиски, далечни и делумни цели. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Врз основа на кои смисловни и вредносни сознанија, кои норми и барања на значење, кои перспективи и поставување на цели работам јас како* ***куративен педагог?***

КАКО и СО ШТО можат да се постигнат овие цели?

9. ***Методска дијагноза*** = начин на постапка оринтиран на поставувањето на цели и на средствата кои се на располагање

Куративниот педагог прашува кои методи и средства, кога и како треба да се употребат во проблемот за постигнување на спомenатите цели. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Кои методи, техники, индивидуални можности за постигнување на целите и дознавање на причините ќе ги употребам, за да можам да одговорам на една конкретна, куративно педагошки релевантна воспитна задача?*

– СО КОГО ќе се сретнам непосредно во поставувањето на задачата?

10. ***Дијалошка дијагноза*** = насочена кон одредената личност, на нејзиното објективно и субјективно наоѓање

Куративниот педагог ги рефлектира меѓучовечките, партнерски форми на врски и меѓусебни игри врз основа на (преносната) врска, како што се близината, далечината, изолацијата, оттуѓувањето и сл. Ова води кон одговорот на прашањето:

*Како јас како куративен педагог да ги обликувам врските кои се наоѓаат во и помеѓу нас?*

Сите прашања треба во нивната зависност една од друга, во процесот на куративната педагошка мерка вклучени како збир, како и во поглед на различки стадиуми на процесот во текот на -> наодот, -> постапката и -> советувањето.

## *Целта на куративото педагошко одредување на дијагнозата*

При одредувањето на ***хипотетичката дијагноза*** за куративниот педагог се појавува проблемот целиот податочен материјал, кој го добил врз основа на наодот и кој што може различно да се вреднува, да го поврзе и смести во својата анамнестичка, ситуативна, психичка, соматична и социјална искажувачка содржина, така што неговото детално познавање во поглед на хендикепираното дете, млад човек и неговите воспитувачи, како и нарушените

воспитни односи би можел да го види и разбере како „целина“, а не само како изолирани делови, како што вели реченицата: „Целината е повеќе од збирот на нејзините делови“ (ARISTOTEL). Притоа е потребно различните величини како што се свесното и несвесното; доживувањето и односот; субјективноста и објективноста; индивидуалноста и социјалноста; духот и телото да се сведат на еден заеднички именител, кој овозможува хендикепираното дете, млада личност да достигне друго ниво во своите воспитни односи, да достигне други нивоа во сите аспекти.

Процесот на куративната педагошка мерка како куративен педагошки начин за одредување на дијагнозата си го овозможува терминот на таквиот заеднички именител на новото ниво – *чувствителност*. Чувствителноста може да се разбере на следниов начин:

(1) Според HEIDEGGER чувствителноста е основа на себенаоѓањето на човекот: Неговата отфрленост во покажувањето накај овој свет во сите променливи навлаки, неговото „постоење-во-светот“. Ова постоење-во-светот се разбира како „фундаментална егзистенција“ тоа значи дека не се разбира како близина на објектите човек и свет, и не во просторна смисла на „постоењето-внатре“ на човекот во светот, а уште помалку како однос на „субјект човек“ и „објект свет“.

Чувствителноста треба да се сфати како непроменлива човечка „отфрленост во постоењето“. Бидејќи човекот како единствено живо битие може да се расправа со *себе* и со своето постоење и делумно да се разбере, се појавува кај него грижата дека „загриженоста“ поради неговото постоење може да се изрази во работите во секојдневниот живот. Човекот се грижи за начинот на наложеното постоење, т.е. за неговото човекување, кое што го добил како задача. Како бидување, кое најпрво треба да се оствари, човековото постоење е „нацрт“. Оттаму произлегува и основната причина за страв, неможност за неговото постоење-во-светот, се до страв од сопственото непостоење во доживувањето на тага, потреба и смрт, за оштетеност и заостанатост како последица на човековото постоење.

(2) Се прават обиди терминот на „чувствителноста“ за куративната педагошка постапка да се конкретизира без да дојде до негово нивелирање. Може да се опише како претпоставка за соодветното куративно педагошко водење на човекот, бидејќи во суштината на „моделот на чувствителност“ можат да бидат поврзани различни аспекти. Имено, може да биде поврзана една „долга, генетска, анализа за текот на времето со делумна, ситуативна, анализа на состојбата. Притоа „чувствителноста“ може да биде опфатена како функција на анамнестички, соматогени, психосоцијални и ситуативни фактори на влијанија и на нивната меѓусебна зависност како високо комплексни облас-

ти. Не е доволно да се опфати само еден сектор, на пример соматичниот – кога тој би бил уште така вистински – и со него изолирано да се „постапува“... Дури откако ќе биде позната вкупната променлива на димензиите на „чувствителност“, може да се рече дека се познати суштинските потреби на пациентот. Ние имаме и една операционална дефиниција на вистинскиот лекарски и терапевтски однос...“ (EINSIEDEL 1976, 7)

(3) Употребата на опишаните дијагностички модели на чувствителност претпоставуваат дека куративниот педагог во -> наодот, ->постапката ->советувањето при одредувањето на својата хипотетичка дијагноза извел, употребил своја куративна педагошка ->*компетенција за егзистенцијални и дијалошки прашања*:

КОЈ е овој човек во неговото постоење и присуство?

Како КОГО го гледаат?

Како КОГО си изгледа самиот себеси?

Овие прашања се поставуваат како за оштетениот и заостанатиот човек така и за куративниот педагог како *егзистенцијално прашање*.

КОИ се личностите поврзани со воспитниот процес во нивните меѓучовечки односи?

Како КОИ се доживуваат себеси и како КОИ се однесуваат во односот кон заостанатото дете/млад човек?

Како КОГО се доживува куративниот педагог како дијагностичар во неговиот однос кон детето/младиот човек и неговите старатели и

како КОЈ се однесува према нив; истотака;

Како КОГО го доживуваат куративниот педагог и како КОГО го среќаваат?

Овие прашања се поставуваат на сите соучесници – пред сè на куративниот педагог како дијагностичар – како *дијалошко прашање*.

(4) Чувствителноста како „постоење – во – светот“ во егзистенцијалните и дијалошки прашања, со специфична насоченост на процесот на осознавање за дознавање на дијагностичките податоци, ги содржи и следниве прашања за куративниот педагог:

КАКОВ проблем имаме пред нас = прашање за чувствителноста од аспект на симптоматиката;

КАДЕ лежи проблемот = прашање за чувствителноста во нејзините свесни, несвесни последици во доживувањето и односот внатре во личноста и меѓу личностите и околината;

КОГА се појавува проблемот = прашање за постојната и моменталната чувствителност;

ЗОШТО и ПОРАДИ ШТО доаѓа до проблемот = прашање за причинската и смисловна чувствителност.

(5) Чувствителноста како постоење – во – светот се поставува егзистенцијално и дијалошки како од специфичното дијагностичко сознание, како прашање за „само – себе – откажување“ и за „твое – откажување“ во грижата за развојот и комплетирањето на човековата егзистенција; во рамките на куративното педагошко воспитување и постапка.

КОН ШТО и КАДЕ = прашање за чувствителноста од аспект на сечовечкото современие и сечовечката одговорност, на пример во изборот и употребата на одредени методи на тестирање и ->постапни методи и одредени куративни педагошки медиуми на вметнувањето. Уште во процесот на одредување на наодот и при одредувањето на хипотетичката дијагноза се забележува целната перспектива на една куративна педагошка постапка.

Терминот „чувствителност“, *разбран како синтеза на различни дијагностички и педагошко – терапевтски гледишта,* кои произлегуваат од куративниот педагошки -> наод и од обработката на хипотетичката дијагноза во ->постапката и ->советувањето, може да му помогне на куративниот педагог да го совлада истовременото постоење на спротивставените тенденции и целни стремежи на човековото постоење во куративна педагошка дијангостика и сè повеќе и повеќе да го разбере човекот со пречки во развојот во неделивата целина на неговото постоење и присуство. Антиномии и поларитети, кои се појавуваат преку едностран поглед на телото наспроти душата, на подлогата наспроти околината, на свесното наспроти несвесното; на доживувањето наспроти односот, можат да се поврзат на овој начин да .

Притоа му се овозможува на куративниот педагог, спротивните позиции, како што е „објаснувањето на една состојба на Јас“ наспроти „стремењето кон една состојба на потреба“; и/или „метрички резултати од тест“ наспроти „проектски резултати од тест“; и/или: „стекнати вредносни“ сознанија наспроти „интерпретирани теоретско зависни“; и/или да се поврзат и вреднуваат „субјективно значински“ наспроти „објективно мерни“ сознанија. При оваа дијагностичка постапка куративниот педагог не зазема „пресечна позиција“ или не склучува компромис помеѓу аспекти коишто тој ги исклучува, туку го следи дијалектичкиот метод за синтеза на спротивностите. При тоа ги преиспитува и именува противречните или поларните позиции во нивната *важност за чувствителноста* на оштетениот човек во неговото постоење и присуство, позиции кои се важни во неговите попречени воспитни односи.

(6) Анализата на чувствителноста кај човек со пречки во развојот конечно нема да може да успее, доколку куративниот педагог не се ориентира

на сознанијата од научните искуства според моделот на природонаучните науки на набљудување и објаснување. Нему му се потребни повеќе сознанија и искуство во врска со психолошко-херменевтската постапка.

„Додека во природонаучните протоколи се доволни неколку податоци, повлечени во една линија, овозможуваат еден сигурен исказ, во случај на психоаналитичко претставување на болеста се поставуваат сите поединечни феномени во еден сосема обемен и широк контекст. Поединечните феномени добиваат во вредност дури во вакви врски, а стануваат потребни во момент на разговор токму за целокупните вкупни односи, или попрецизно речено: Кога ќе се одреди нивното индивидуално-конкретно значење во еден вкупен однос кого што го нарекуваме <<животна историја на пациентот>>." (ЛОРЕНЗЕР 1977, 111)

Ова што е овде кажано за психоанализата може за длабоко психолошки ориентираниот куративен педагог да значи: Тој го разбира поединечниот феномен како момент на една индивидуална, вистинска, животно-историска, смисловна врска. На тој начин станува *сфатлив* и – бидејќи е „проширен" и „едностран" – *разбирлив*. И само во таа мера, во која се поставуваат одделните сцени во индивидуалната конкретна смисловна врска на вкупната животна ситуација, кога современата сцена станува сфатлива и разбирлива во нејзината „*смисловна*" значинска врска.

Така, таа е во рамките на херменевтскиот круг од поединечна и животно-историска врска разбирлива и објаснива, бидејќи поединечните сцени ги расветлуваат истовремено вкупната врска на смисловната целина, чувствителноста, „постоењето-во-светот" *на овој* човек во својата историска, општествена, лична ситуација.

Куративниот педагог го набљудува животниот пат на детето/младиот човек со пречки во развојот со поглед на неговото недоразбирање со околината, особено со неговите воспитувачи и *симболички* на одмерен начин ги (ре)-продуцира овие недоразбирања заедно со детето, со младиот човек. На тој начин можат краховите помеѓи внатрешно-психичкото доживување во односот јавно да се појави во конкретната, посредничка, општествена пракса. Во сцените на меѓучовечки мустри на врски, осознаени од куративниот педагог и детето, или младиот човек, (повторно) се препознаваат меѓучовечките интеракции, кои што секогаш се манифестирале во оштетените воспитни односи и во односите во врските и го криеле (само-)остварувањето на човековото присуство во постоењето. На оваа длабоко херменевтска заднина на разбирање, феномените, како што се т.н. необични однесувања, кои начини на однесува-

ња се опишуваат како „пречки", „необичност", „ненормалност" или како „занесување", како интернализирани симболички форми на интеракција, како стратегии за преживување, кои до денес не го изгубиле своето значење, сепак не можат соодветно да бидат заменети со други, помошни форми на однесување. Така гледано, објективните и субјективните постапки во рамките на социјалните структури не можат да се редуцираат на фактичко-мерни податоци, туку даваат смисла само во еден специјален контекст и само преку откривањето на промената во односот.

На овој начин куративниот педагог смисловно, разбрано и рефлектирано се впушта во врска со оштетениот, заостанатиот човек и му успева заедничкиот поглед на деловите и целината, не како една „природно-законска" каузалност, туку како *рефлексивна врска:*

„Овој вид на врска не можеме да го поистоветиме со причините, коишто можат да се остварат со помош на средства. Не се работи за една категорија на врска, којашто му одговара на кругот на функционирање на инструменталната постапка, како на пример правилното држење на состојбата на системот под променливи екстерни услови. Се работи за една врска, како се отсликува преку комуникативната постапка и се артикулира како животно историско искуство: таа се конституира во рамките на воспитни процеси (...) Во еден воспитен процес учиме за светот само толку, колку што самите можеме да дознаеме од учениот субјект. Оваа дијалектика од сознавање на светот и на самите нас е искуство на рефлексијата." (HABERMAS 1971, 301)

Длабоко психолошки ориентираниот куративен педагог не се задоволува за својата хипотетичка дијагноза со дедуктивно водење на „состојбите" на детето или младиот човек со пречки во развојот, на пример мерено на „нормалната состојба". Тој се обидува, со помош на длабоко херменевтската рефлексија да го препознае непосредното, практично случување, *за разлика од реалните врски кон преодните врски,* помеѓу себе и детето или младиот човек, од ова сознание да може да разбере и од обете во *ова случување на врска* одговорно да ја промени ситуацијата со детето, младиот човек. Тој прашува: Што ми вели, кажува детето, младиот човек и што ќе се случи во врската меѓу него и мене?

На овој начин може длабоко психолошки ориентираниот куративен педагог во длабоко херменевтскиот процес да добие осигурано сознание за врската на социјализацијата и структурата на субјектот на детето или младиот човек. Во ова сознание може да ги вметне и претходно собраните податоци за -> наодот за да го поврзе дедуктивно добиеното сознание со својата куративна педагошка интенција и да го употреби во понатамошната ->постапка и -> советување.

„Формалните составни делови или величини кои што влијаат на дијагнозата (како продукт) или на една дијагностика (како процес) остануваат – независно од нивните содржини и поставени цели – и понатаму исти.“ (КОВI 1990, 22) Тука спаѓаат:

*Наод:*

– Примање на контактот;
– Прв разговор;
– Распрашување на личоста (експлорација); .
– Распрашувања на трети личности (експлорација);
– Предисторија (анамнеза);
– Набљудување;
– Испитување (тестови);
– Претпоставка за дијагнозата со поврзување на медицински, психолошки и социјално-психолошки, социолошки податоци

*Постапка:*

– Набљудување на постапниот процес
– Објаснување на реалните и преносните врски
– Хипотетички дијагнози (процесни дијагнози) како инструмент за контрола
– Контроли преку случајно договарање, случаен опис, супервизија
– Контрола преку постисторија (катамнеза) или поверување

*Советување:*

– Работа со родителите како воспитно советување и советување на родителите во меѓусебна зависност на процесот на постапка со детето или младиот човек

Во куративните педагошки мерки (КПМ) се поставуваат дијагнозите (=објаснување и одредување на причините за ситуацијата) како што се наодот, постапката и советувањето (помош за подигнување на елементите кои се сметаат за штетни) како кружни процеси, при што промените на состојбата влијаат на процесната дијагноза и од нивна страна повратно наодот, постапката и советувањето. Структурните елементи и изградбата на куративната педагошка дијагноза во рамките на хпм можат да се скицираат на следниов начин:


НАОД
ПРИФАЌАЊЕ НА КОНТАКТ
РЕФЛЕКСИЈА НА СЛУЧАЈОТ-СИМПТОМ-СИМБОЛ
ПРЕТПОСТАВКА ЗА
ХИПОТЕТИЧКИТЕ ДИЈАГНОЗИ
КОЈ(ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНО)
ШТО
КАКО
КОГА
ЗОШТО, ПОРАДИ ШТО
ПРВ РАЗГОВОР
АНАМНЕЗА
ЕКСПЛОРАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА
ЧУВСТВИТЕЛНОСТ
ЕКСПЛОРАЦИЈА НА ТРИТЕ ЛИЧНОСТИ
КОН ШТО, КАДЕ
КАКО, СО ШТО
КОЈ(ДИЈАЛОШКИ)
НАБЉУДУВАЊЕ
ТЕСТОВИ
ЦЕЛИ И ПРОЦЕСОТ НА
НА ПОСТАПКАТА И СОВЕТУВАЊЕ
КОНТРОЛИ ПРЕКУ ПРОЦЕСНИ ДИЈАГНОЗА
РАЗГОВОРИ ЗА СЛУЧАЈОТ, СУПЕРВИЗИЈА;
ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И КАТАМНЕЗАТА

## *Односот со дијагнозите во куративната педагошка постапка*

### *1. Хипотетичката дијагноза во воспитното планирање и планирањето на постапката*

Дијагностичкото достигнување на положбата на ЈАС на чувствителноста на детето или младиот човек и неговите старатели, значи *психолошкото* прашање „Како да се сфати едно дете, еден млад човек?“ го постигнува значењето на *куративната педагошка* постапка, само кога притоа би се прашало: „Каква педагошко-терапевтска помош може и мора да се проба?“, за да се добие точна куративна педагошка човечка слика на положбата на *потреба* за детето, младиот човек и старателите. Во човековиот живот не е можно да се сака „сѐ“ да се постигне. Тоа важи и за куративни педагошки напори, при кои за планирањето на воспитувањето и постапката од голема помош би можеле да бидат размислувањата на Paul MOOR (1994, 99).

„При поставувањето на *воспитниот план* треба да се направи разлика помеѓу:

– генералната потребна воспитна цел,

– индивидуално можната воспитна цел,

– моментално неопходната воспитна цел.

Воспитниот план се ориентира на општоважечките педагошки потреби. Тие многу тешко можат да се задоволат.

Индивидуалното *можно* може да се препознае кога преку поставувањето (се мисли на поставувањето на дијагнозата; забелешка на авторот), преку објаснето дадените услови на внатрешната и надворешната ситуација на детето ќе се насочи кон педагошките потреби.

Моментално неопходно е тоа што мора веднаш да се направи и преку тоа да се стапне на патот на индивидуалното *можно*.“

Следејќи ги овие три тенденции на целта, куративниот педагог ќе праша на пример:

„Што му е потребно на едно дете за да се развие, за да ги оствари *неговите* можности и за да се ослободи од *неговите* потешкотии?

Што може едно семејство да му пружи на детето во одредени случаи?

Што знае постојното семејство, а што не?

Колку е во можност да му понуди на *ова* дете што му е токму во тој момент потребно?

Што може еден дом во одредени случаи да пружи во однос на задачата за обликување на личноста...“ итн. (MOOR, 244)

*2. Чекори во курaтивниот педагошки дијагностички процес*

За да се објаснат овие и други куративни педагошки прашања и за да може да се развие одредена воспитна и терапевтска помош, мораат да се следат овие пет чекори кон дијагностичкото објаснување:

1. Собирање и средување на информацискиот материјал;
2. Проверка на описните изјави и дијагнози;
3. Обид за интерпретација ориентирана на процесот и поврзување;
4. Преработка на постапните хипотези и одредување на соодветна помош;
5. Контрола на мерките и нивното дејствување.

Овие чекори се поединечно опишани од КОВІ 1990 (163) и можат прегледно да се соберат и средат во актите.

*1. Собирање и средување на информацискиот материјал*

1.1 Собирање на излезни информации: собирање на постоечки набљудувачки, описни и интерпретативни упатства и информации, поставување на прашања, добро внимание, извештаи, резултати од испитувања и дијагнози.

1.2. Средување и поврзување на излезните информации:

1.2.1. Поврзување на *описните изјави* и сфаќање (доловување) на одредени тежишта (суштински точки) (акцентирање)

1.2.2 Доловување на дијагнозата (дијагнозите) и на *интерактивните хипотези* со нивните акценти

*2. Преиспитување на описните изјави и на дијагнозите преку споредба и дополнување на причинскиот материјал – препознавање на развојните појави и на развојните можности*

2.1. Одделно опфаќање на актуелната ситуација преку дополнителни слободни и (или) систематски набљудувања на однесувањето во различни животни и работни услови (збир од повеќеслојни и дополнителни факти), на пример во случај на привремени и планирани воспитни обиди. Сфаќање на дополнителните, прецизни и воспитно релевантните податоци за развојната и животна историја.

2.2 Ако се можни педагошки акцентирани *експлоративни разговори* со хендикепираниот (претстави, интереси, желби, маки и сл.)

2.3 Испитување на поважни (претходни) старатели (родители, негователи, учители, социјални работници и сл.) околу нејаснотиите во претходната и моменталната животна и воспитна стварност.

2.4 *Истражувања*: Дополнителни или повторни психодијагностички, лекарски, специјалистички објаснувања

2.5 Спротивставување на излезни информации и ново собраниот описен и дијагностички материјал за споредба

Истакнување на позитивни факти и појави.

*3. Обид за интерпретација ориентирана на процесот и поврзување*

3.1 Претставување и интерпретација на актуелната ситуација преку оценување и акцентирање на факторите, диспозициите и врските (особено позитивните) кои се однесуваат на односот.

3.2 Претставување и интерпретација на етиолошките фактори и врски: оценување на „детерминантите" од животната историја, коишто имаат во заостанатоста или пречките решавачки, причински и стабилизирачки карактер или пак го овозможиле формирањето на сликата, на пример.

3.3 *Целосен опис и интерпретација:* Оценување на состојбата на ЈАС и ЈАС – ситуацијата. Истакнување на позитивните лични, развојни и ситуативни обележја како и на појавите и развојните можности.

*4. Обработка на педагошки и (или) психолошки постапни хипотези и одредување на соодветната помош.*

Оценување на воспитните и педагошки – терапевтски
– „генерални потреби"
– на „индивидуелно (и ситуативно) можно"
– и на „моментално неопходното" (P.Moor).

Планирање и спроведување на итните воспитни и (или) терапевтски обиди.

*5. Контрола на реализираните мерки и нивните дејствувања, процесно ориентираното дополнување и прилагодување на описните и интер-*

*претативнит хипотези како и на мерките за помош и поставувањето на целите*

Оваа точка значи, дека причинската и дијагностичката обработка во праксата мораат да бидат една постојано осцилирачка и напредна постапка „помеѓу" точките 1-5; еден процес, кој се протега преку целиот тек на куративниот педагошки стремеж.

### 3. *„Разбирањето" како цел на куративното педагошко одредување на дијагнозата*

Чекорите во дијагностичкиот процес покажуваат дека не се работи за тоа куративниот педагог да научи една психолошка дијагноза. Тука станува збор за *педагошка дијагностика* на детето или младиот човек при што *се земаат во обѕир* психолошките и други (на пример медицински) дијагностички резултати. При тоа куративниот педагог треба да сфати дека се работи за *препознавањето и разбирањето на чувствителноста* на детето или младиот човек со пречки во развојот. Paul Moor многу јасно се произнесе за куративно педагошкото право и неговата примарна обврска во куративната педагошка постапка:

„Значајните педагошки факти не може да се совладаат преку научна прецизност на истражувачките методи. Само таму каде што вистински ќе го стретнам другиот како тој, кој што сум всушност јас, чувствувам нешто од таа стварност за која станува збор во воспитувањето. Како што во природните науки се работи врз објективноста на методот, кој ја крие довербата на вистината, така тука се работи за објективноста на лично повиканиот набљудувач, којшто сака да го гледа детето такво какво што е. Во зависност од искуството, *тоа е најтешката и најдолготрајната задача на **куративниот** педагог, да го насочи ученикот од едно исклучително природонаучно ориентирано размислување кон опасниот чекор на личната средба со другите луѓе.*

Не може однапред да знае, дали е подготвен за тоа уште при првата постапка. Колку повеќе е тој објективен човек, толку подалеку ќе може да допре во личната средба. Но во стварноста никогаш не е така; тој се наоѓа секогаш само на патот кон тоа. Затоа, за достигнување (=дијагноза, дијагностика; забелешка на авторот) на педагошките значајни душевни факти постои само еден пат: во секое опфаќање на детето, да се опфати и тој самиот – да не се исклучи влијанието на наблудувачот од резултатот од набљудувањето, како што е случајот во природните науки, туку директно вклучување, препознавање и земање во обѕир на сè. – *Образованието (на **куративниот** педагог; забелешка на авторот) има за задача да управува со ученикот при*

*секоја употреба на тест, клиничко истражување или пак шема со прашања и за набљудување, за да може да го запознае тоа дете колку што може повеќе, исто како да се работи за негово самоспознание.* Разбирањето на детето не може да се добие со употреба на дијагностички помошни средства. Дијагностичките методи го отфрлаат материјалот со факти. Нивното значење води кон разбирање. Ова значење се добива со помош на психолошко познавање, кое намерно или ненамерно му штети на општото значење на човековото постоење...

*Многуте можности за разбирање, кои се нудат преку денес постоечките психолошки правци и школи, мораат да бидат разгледани и од аспект на нивната потреба*, и мора да се пронајде една слика на онаа внатрешна градба на човекот, којашто му овозможува да може да се соочи со животните задачи и да не ги запоставува животните содржини. Ако се обработи оваа слика на конкретен начин, со што се занимава воспитувањето постојано, тогаш може да му се прочита, што во конкретни случаи делува штетно. Од тука може да се разбере како изгледа можната воспитна цел, којашто е моментално неопходна и кој пат води оттука до таму, тоа значи: може да се добијат живите моменти од воспитниот план.“

(MOOR 1994, 277; истакнати места од страна на авторот.)

## Заклучок

Хипотетичката дијагноза е привремен прием на поврзаности, коишто произлегуваат од надворешно набљудуваните случувања и чии конечни објаснувања сè уште се очекуваат. Целта на куративната педагошка дијагноза и дијагностика е достигнувањето и разбирањето на чувствителноста на човекот со пречки во развојот. Оваа цел секогаш би можела да биде опфатена само со опасниот чекор за средба со друг човек со помош на различни претходни сознанија и научни модели на човек. Бидејќи самото одредување на целта многу влијае врз дијагностичкиот процес, потребно е да се овозможи куративната педагошка дијагноза во контекст на интердисциплинарни гледишта преку комплетни егзистенцијални и дијалошки прашања. Изградбата на хипотетичката дијагноза е во своите структурни елементи така обликувана, што на ефективната употреба на дијагностичките резултати за куративното педагошко воспитно планирање и планирање на постапката им нуди процесен дијагностички напредок. Од тоа произлегува дека може куративната педагошка дијагноза да биде донесена за разни истражувачки цели и да биде корисна воопшто за работата со деца, млади луѓе со пречки во развојот и нивните старатели.

(Превод од германски – *Марија Томова*)

# ДОГОВОР ЗА РАБОТА – КОНТРАКТ

## *Вовед*

Ангажирањето, собирањето податоци и проценката кулуминираат во формулирање на експлицитен договор за работа; од тој момент апликантот станува странка. Во праксата сите фази во процесот на решавање проблем се одвиваат симултано. Експлицитниот ***договор за работа*** ќе ги води последователните активности на ***интервенција***, но, како што искрснуваат нови проценки или преиспитувања, вие и клиентот соодветно на тоа ќе го модифицирате договорот за работа.

Овде ќе ги разгледаме трите аспекти на договорот за работа: проблемот за работа, договорените цели, и соодветните планови на активност. Исто така, ќе се дискутира и за вашето учество во планот на активности во поглед на петте интервенциони улоги: оспособувач, учител, социјален брокер, медијатор и застапник.

## *Аспекти на договорот за работа*

*Терминологија.* Во претходните поглавја на оваа книга (на пример, Compton (163) Galaway, 1989), го користевме терминот *контракт*. Сепак, и покрај широката употреба на терминот контракт (Bassin, 1993; Goulding, 1990; Maluccio и Marlow, 1974; Shulman 1992; Wickham 1993), концептот „контрактинг" произведе некои контроверзии (Croxton, 1988; Davis, 1985; Hoshino, 1989; Miller, 1990; Rojek и Collins, 1987, 1988). Критиките тврдат дека концептот „контрактинг" е погрешен во праксата на социјалната работа. Поради помоќната позиција на социјалниот работник, апликантите не се во можност да преговараат за она што им е потребно, ниту пак можат да издејствуваат социјалниот работник да биде тој кој ќе биде одговорен; уште повеќе, овој концепт не ја изразува прецизно сложеноста на работата со некои странки. Од друга страна, некои автори сугерираат дека „контрактингот" ја поттикнува етичката пракса со тоа што ги прави целите експлицитни и со тоа што признава дека апликантите имаат можности кои им стојат на располагање (Bloom и Fischer,

1982; Ivanoff, Robinson и Blythe, 1987; Tufty, 1990). Wood (1978) го поврзува непостоењето на експлицитен договор со негативните резултати во работата.

Ние веруваме дека проблемите околу „контрактингот" се оправдани, но тие се адресираат преку концептот на партнерство кој го нагласивме. Поделбата на моќта помеѓу социјалниот работник и апликантот е нешто многу поразлично од поимот на контрактинг заради промена на однесувањето, кој понекогаш се практикува во поправните институции и училиштата, во кои на младите им се кажува што мораат да направат и се информираат за последиците доколку неуспеат во тоа, без никакво преговарање. Иако контрактингот ја парцијализира работата со странките, парцијализацијата долго време е дел од социјалната работа и помага да се мотивираат странките, и тоа така што работата се дели на серии кои можат да се остварат, со тоа овозможувајќи мали успеси.

Признавајќи го критицизмот од колегите, сепак, овде ќе говориме како за *договор за работа*; овој термин го изразува заедништвото на процесот и ги избегнува легалистичните импликации кои произлегуваат од терминот *контракт*. *Планот на активности* е дел од договорот за работа во кој се опишуваат специфичните активности кои треба да се преземат за да се остварат целите. Меѓу сродните термини во литературата се среќаваат: план на интервенција, план на терапија и план на третман.

*Заедништво.* Го нагласивме партнерството или заедништвото помеѓу социјалниот работник и апликантот во сите фази на процесот на решавање проблем – ангажманот, собирањето податоци и проценката. Сепак, во договорот за работа концептот на партнерство е целосно развиен и експлицитен. Договорот за работа е експлицитен договор помеѓу социјалниот работник и странката во врска со целните проблеми, задачите и стратегиите за интервенција во социјалната работа, и улогите и задачите на учесниците. Неговите главни карактеристики се заемен договор, различно учество во процесот на интервенција, реципрочна одговорност и експлицитност. Во праксата овие карактеристики се тесно меѓусебно поврзани (Maluccio и Marlow, 1974).

Сепак, концептот на партнерство не значи дека вие и странката ќе придонесувате со исто знаење, разбирање, чувства и активности. Вашите придонеси се различни, но се од подеднаква важност.

Како што забележавме, во фазата на ***ангажирање*** се прави почетен или експлоративен договор, чија цел е олеснување на собирањето податоци. Разликите помеѓу експлоративниот договор и работниот договор се објаснети во Приказот 1.

| Приказ 1 Составни делови на договорот за работа во социјалната работа | |
|---|---|
| Работниот договор во суштина е согласност меѓу најмалку две лица и треба да го опфати следното:<br><br>1. Целите и задачите (што) кон кои треба да работи секоја страна. Овие цели треба да бидат специфични, дискретни, и, секогаш кога е тоа можно, забележителни.<br><br>2. Специфичните одговорности на секоја страна од договорот во поглед на правата и обврските.<br><br>3. Техниките или средствата (како) кои ќе се користат за постигнување на целите.<br>4. Административните процедури кои ќе се применат – каде, кога ќе се состанат, и т.н.<br><br>Овие четири составни делови ја покриваат основата на договорот и треба да се експлицитни и детализирани, за секоја страна од договорот јада сно знае што од неа се очекува. | Би можеле да се специфицираат најмалку два вида договори: *експлоративен и работен*.<br><br>1. Експлоративниот договор претставува заложба, од двете страни, за истражување и преговарање околку условите за еден работен договор. Во оваа фаза не постојат други заложби.<br><br>2. Работниот договор може и не мора да произлезе од експлоративниот договор; ова ќе зависи од преговарањето кое ќе се изврши.<br><br>Оттука, би можел да се специфицира следниот редослед:<br><br>1. Прифаќање на *експлоративен* договор.<br>2. Формулирање на *работен* договор.<br>3. Преглед и оценка на она што е постигнато од работниот договор.<br>4. Повторно преговарање кое ќе резултира во нов работен договор или прекин на работата. Ова е во суштина повторување на првата фаза. |
| Извор: Joe Hudson, Professor, Faculty of Social Welfare, University of Calgary, Calgary, Canada. | |

*Преговарање.* Договорот за работа бара учество, одлучување, планирање и заложба и од страна на апликантите и од страна на социјалните работници. Ваша одговорност е да ја почитувате индивидуалноста на апли-

кантот и да ги максимизирате можностите за самоодлучување на апликантот во процесот на постигнување договор за работа. Вие треба да му обезбедите на апликантот можности за разумно одлучување во врска со себе и ситуацијата, преку дискусии, преговарања, избор помеѓу расположливи алтернативи или развивање нови алтернативи. Преговарањето околу договорот за работа бара одговор на следниве прашања:

1. Дали проблемот на кој ќе се работи е сè уште оној истиот кој бил почетно идентификуван?
2. Зошто проблемот сè уште постои и покрај претходните обиди да се реши?
3. Кое е посакуваното решение? Посебно, од кои цели треба да се раководи планот на активности?
4. Како ќе се постигне ова решение?

Запаметете дека апликант може да биде индивидуа, семејство, група или организација и дека можеби ќе бидете во интеракција со апликантите во повеќе различни средини.

При преговарањето околу договорот за работа меѓу вас и вашата странка ќе се јави спротивставување на разликите – во перцепцијата, мислењето, гледиштата – што мора да се разреши (Murdach, 1982; Seabry, 1979). Не треба да се обидувате да го избегнете конфликтот. Тоа е контрапродуктивно и резултира во лоши договори кои не се израз на еден искрен договор околу целите (Seabury, 1979). Ваша задача треба да биде разоткривање на разликите, а потоа преговарање околу нив. Дури и ако конфликтот не може да се реши и не се постигне договор, барем ниту малку време или енергија нема да бидат потрошени на лош договор. Договорот меѓу вас и апликантот да не се продолжи со работа поради признаените разлики или конфликти, е само по себе договор.

Доколку сакаде да бидете корисни, мора да изнајдете заедничка основа со апликантот во врска со дефинирањето на проблемот, целите и планот на активности. Ова ќе вклучи преговарање и општо земено, ќе бара истрајност. Социјалните работници кои само по еден единствен контакт со апликантот го известуваат супервизорот дека го затвораат случајот бидејќи не може да се постигне договор, не ја разбираат природата на преговарањето.

## *Проблем за работа*

Создавањето договор за работа вклучува заедничко проценување и одлучување. Во фазата на ангажирање вие и апликантот сте дошле до едно

почетно дефинирање на проблемот, сте ги воспоставиле првичните цели, сте собрале некои податоци и сте извршиле одредено проучување на идентификуваниот проблем и цели. Врз таа основа, вие и апликантот сега морате да го дефинирате проблемот за работа, што може да се направи во врска со него, и како ќе го направите тоа. Ова ќе вклучи средување и организирање на расположливите информации, интуиции и знаења во една шема која го објаснува проблемот и предлага одреден број можни решенија. Овој процес вклучува 2 компоненти: „анализа на ситуацијата со цел да се утврдат главните фактори кои делуваат во нејзини рамки“ и „идентификација на оние фактори кои изгледаат како најкритични, дефинирање на нивните меѓусебни врски и избор на оние на кои ќе се работи“ (Bartlett, 1970). И вие и апликантот ќе треба добро и независно да размислите за собирањето и средувањето на информациите и за проценката на нивното значење; за вас, ова е професионална обврска.

Проблемот за работа – проблемот дефиниран од страна на вас и апликантот врз основа на комплетирана проценка – може да биде ист со првично презентираниот проблем, може да биде негова натамошна спецификација или реобликуван, или да биде сосема друг проблем. Во зависност од околностите, проблемот за работа може да биде дефиниран како проблем кој постои во апликантот, надвор од него, или како резултат на интеракцијата помеѓу апликантот и средината. Целта за промени може но и не мора да биде апликантот.

Во идеален случај, дефинирањето на проблемот ќе понуди ефективно решение и ќе биде изразено во форма на проблемски исказ (Reid, 1992). Еве една корисна листа за проблемските искази:

1. Дали исказот опишува нешто од постоечката ситуација на клиентот што е извор на непријатност, а што апликантот сака да се промени? Дали е исказот специфичен или експлицитен? Еден широк општ исказ, на пример „Том има лош успех на училиште“ – не е корисен. Еден многу поспецифичен исказ е: „Том е неуспешен по математика“ или „Том бил отсутен од училиште 25 од последните 60 дена“.

2. Дали апликантот е во центарот на проблемскиот исказ? Ако не е, тоа е проблем на некој друг. На пример, планот за работа за апликантот не може да се поткрепи со проблемски исказ каков што е: „Наставникот по математика има превисок стандард на оценување“ или „Наставничкиот кадар во училиштето не го сака Том“. Корисен исказ би бил: „Том се соочува со ненаклонетост од страна на наставниците“ или „Математичките способности на Том не ги задоволуваат стандардите за полагање во неговиот клас“. Кој и да е од последниве два исказа би овозможиле *план на активности* за промена на однесувањето на Том, промена на математичките стандарди или промена на односот на наставниците кон Том.

3. Дали вие и апликантот располагате со потенцијал, сила и средства за разрешување или ублажување на проблемот? Нема корист од формулирање проблеми за кои не постои можност за решавање.

4. Дали исказот повеќе го опишува проблемот за работа отколку решението? Проблемскиот исказ треба да сугерира можни решенија, но сам по себе не може да биде исказ на посакуваното решение. Избегнувајте ги исказите кои содржат цели какви што се: „На Том му е потребно да го положи тестот по матматика" или „На Том му е потребно да ја подобри редовноста во училиште".

## *Цели и решенија*

Кои се посакуваните цели на заедничката работа? Кое е соодветното решение на проблемот? За да се одговорат овие прашања, вие ќе ја усвоите истата постапка како и при дефинирање на проблемот за работа. Ваша прва одговорност е со помош на вештините на интервјуирање да се откријат ставовите на апликантот за посакуваните решенија. Тогаш можете да ги споделите и вашите ставови за посакуваните цели со апликантот. Ако двата става не се складни, за оваа разлика мора да се преговара, исто како што се преговарало и за неподударните сфаќања за проблемот. Ако вие и апликантот не дојдете до заемно согласни решенија, нема смисла да се продолжи понатаму, бидејќи би работеле во различни насоки.

Некои професионалци веруваат дека моделот на решавање проблем има вредност само за апликантите кои се способни за високо рационално однесување. Но, секое човечко суштество нешто сака, она што се сака може да се претвори во желба, а желбата понатаму во цел. За многу апликанти обезбедувањето на основните потреби за опстанок е единствена цел која вреди да се постави. Во тој случај, вие и апликантот можете да се договорите дека обезбедувањето на овие основни нешта, е прва и најважна цел.[1] Некои практичари имаат строги критериуми за тоа кои цели се вредни за социјалната работа. Според нас, сепак, она што е најважно е апликантите да се активно вклучени во размислувањето за целите и дека целите треба да се поврзани со нивните желби. Ако почувствувате дека малите конкретни цели се неважни и дека задоволувањето на конкретните потреби на апатични, повлечени, депресиви или бесни луѓе не бара заемно дефинирање на проблемот и поставување на

[1] Ова може исто така да повлече залагање за промени во средината што се движи спротивно од тенденцијата во социјалната работа да се дефинираат проблемите и целите во согласност со личните квалитети на апликантот (Rosen, 1993).

цели, вие треба да ги проверите вашите претпоставки за тоа што е смислена професионална интеракција.

Истражувањата на резултатите од праксата на социјалната работа покажуваат дека неуспесите често се поврзуваат со различноста на намерите на социјалниот работник и апликантот (Goldberg и Stanley, 1985; Lerner, 1972; Mayer и Timms, 1969; Polansky, Bergman и De Saix, 1973). Лицата кои очекуваат од институцијата да им обезбеди одреден вид помош насочена кон одреден вид решение, ќе бидат збунети ако им понудите нешто што не го разбираат и што не биле свесни дека го сакаат. Во вакви ситуации, апликантите често ја напуштаат институцијата фрустрирани и разочарани.

Ангажирањето вклучува идентификување на решенија кои апликантите ги посакуваат за проблемите со кои се соочуваат. Преку проценка, овие решенија се разгледуваат – а, ако е соодветно, и други можни решенија – и се разгледува нивната остарливост. Планот за работа ги вклучува вашите заеднички одлуки во врска со посакуваните цели или решенија. За решенијата на кои работите – без оглед дали се тоа почетни желби, почетни желби формулирани или ревидирани, или некои сосема други – преговарате и заеднички се договарате вие и апликантот (Berg и Miller, 1992; Cowger, 1994; Berg & de Jong, 1996).

Во една квалитативна студија на првичниот контакт на социјалните работници со апликантите, Thomas Kenemore (1987) наоѓа дека на социјалните работници често им било потребно да преговараат за услугите кои се нудат, но честопати во таа ситуација се чувствувале непријатно поради недостатокот на експлицитна практична теорија во врска со преговарањето околу преференциите на апликантот.

При поставувањето на целите, како и при дефинирањето на проблемот, вие ќе барате заедничка основа со апликантот. Ваша задача, како социјален работник, е да изнајдете заедничка цел кон која ќе бидат насочени напорите за промени, ваши и на апликантот. Кога веќе сте ја утврдиле целта која е релевантна за апликантот и согласна со вашите професионални обврски, почнете оттаму, дури и ако постојат и други цели кои ви изгледаат како поважни или дури и поитни. Во текот на вашето заедничко работење ќе искрснуваат и можности за дефинирање на други цели.

Целите треба да се карактеризираат со: специфичност и остварливост. Да ги разгледаме овие две карактеристики. Прво, целите треба да бидат доволно специфични и конкретни за да можат да се измерат. Навистина, експлицитноста е критериум за сите делови од планот за работа – проблемскиот исказ, целите и планот на активности (Lundy, 1993). Воспоставувањето на мерливи цели е неопходно за интегрирање на праксата на социјалната работа со

истражувањето и евалуацијата (Greene, 1989). Тоа им овозможува на апликантот и социјалниот работник да одредат дали целите се постигнати и дава основа за одговорност во професијата. Широко поставените цели – какви што се помош на лицето да се чувствува подобро, зголемување на можностите за социјални искуства, или подобрување на односите родител-дете – се безначајни и не ја пружаат помошта која ја бараат апликантите (Epstein, 1980; Berg и Miller, 1992; Reid, 1992).

Второ, треба да постои разумна шанса за постигнување на целите. Остварливоста на целта ќе зависи од степенот на интереси и способности на апликантот, а воедно и од расположливите ресурси; за овие фактори понекогаш се зборува како за мотивација, потенцијал и можност (Ripple и Alexander, 1956). Зголемувањето на мотивацијата, потенцијалот или можноста во одредена област може само по себе да се избере како цел во некои околности.

Феминистичките движења и некои научници ја имат увидено користа од избор на мали цели, кои релативно лесно можат да се достигнат, отколку обемни цели, кои можеби ќе бидат тешко остварливи и ќе го обесхрабрат апликантот (Rossell, 1989; Berg и Miller, 1992). Краткорочните цели кои можат да бидат остварени во рок од неколку недели – или дури неколку дена – веројатно е дека ќе бидат поконкретни и поостварливи отколку долгорочните цели, кои обично се поставуваат во воопштени термини. Оттука, ви сугерираме да се насочите кон краткорочните непосредни цели. По успешните искуства, вие и вашата странка секогаш можете да правите нови договори за работа, со нови цели. Приказот 2 дава листа на критериуми за добро-формулирани цели.

| Приказ 2 **Добро формулирани цели** | |
|---|---|
| 1. Целите му припаѓаат на клиентот и се изразени на негов јазик.<br>2. Целите се мали. Малите цели полесно се постигнуваат отколку големите.<br>3. Целите се конкретни, специфични и поврзани со однесувањето.<br>4. Целите повеќе бараат присуство, отколку отсуство. | 5. Целта е подобро да има почеток отколку крај.<br>6. Целите се реалистични во контекст на животот на странката.<br>7. На целите странката гледа како на нешто што вклучува напорна работа. |
| Извор: J. K. Berg & S. D. Miller. Working with the problem drinker: A solution focused approach. New York: W. W. Norton (1992). | |

## *План на активности*

Планот на активности ги изложува деталните чекори кои вие и апликантот ќе ги направите заради придвижување од проблемот за работа кон решенија. Постапката со која вие и апликантот го одредувате планот на активности наликува на онаа усвоена при дефинирање на проблемот и при доаѓањето до целите. Најпрво ќе откриете што апликантот би сакал да направи за да се дојде до решението и што апликантот очекува од вас да направите. Вие мора исто така и да воспоставите сопствени предвидувања за она што би направиле за да ги постигнете целите и што би направил апликантот. Доколку постојат какви и да се разлики во овие предвидувања, за нив мора да се преговара и да се разрешат.

Принципот на еквифиналитет сугерира дека постојат многу патишта кон која било посакувана крајна состојба. Честа грешка во социјалната работа е што се нуди одреден план на активности без да се разгледаат алтернативите со апликантот. Кога се нуди планот на активности пребрзо, на апликантите им се негира можноста да планираат и работат кон решавањето на сопствените проблеми, и оттука, им се негира и можноста да ги изразат своите силни страни.

Развивањето на планот за работа треба да вклучува систематски преглед на силните страни на апликантот. Направете листа на тие силни страни и дискутирајте со апликантот како би можеле да ги искористите истите за постигнување на секоја поединечна цел. Се разбира, силните страни ги вклучуваат личните ресурси со кои располага апликантот, како и ресурсите со кои располага семејството, пријателите и соседите, и културните ресурси.

**Временски ограничувања.** Ви сугерираме да одредите термин за спроведување на секоја активност од планот за работа. Врз таа основа, вие и апликантот можете да оцените дали планот е реализиран како што е предвидено. Роковите најчесто ги мотивираат луѓето. Reid и Epstein (1972) ова го нарекуваат ефект на постепено постигнување на целта; Кога се приближуваат роковите се зголемуваат и напорите на луѓето. Помислете на вашето сопствено искуство околу завршувањето на поставените работни задачи. Дали работата би била завршена без постоење на рокови?

**Работа со групи.** Иако повеќето од нашите илустрации се однесуваат на индивидуални странки, вие исто така ќе развивате планови за работа и при работењето со семејства (Anderson и Stewart, 1984; Fox, 1987; McClendon и Kadis, 1990; Schulman, 1992) и други групи (Preston-Shoot, 1989; Wickham, 1993). Групната динамика воведува некои дополнителни усложнувања. Семејството и груп-

ните членови можат да имаат различни сфаќања за проблемите, решенијата и плановите на активност. Работејќи како *медијатор*, вие ќе ѝ помагате на групата или семејството да ги надмине овие разлики за да може да се преговара околу договорот за работа. Некои членови на групата или семејството можат да имаат скриени планови кои го попречуваат создавањето на договорот за работа.

**Фокусирање кон резултатите.** Donald Campbell (1975) прави разлика меѓу 2 вида институционални службеници. Крутите службеници се толку окупирани со одредена програма или збир активности што не можат да се прилагодат или променат. Експерименталните службеници, од друга страна, се одани на остварувањето на целите и задачите на институцијата; тие се спремни за промени, за прилагодување и за поместување на програмите и активностите, доколку е тоа неопходно за да се остварат целите и задачите на нивната институција.

Постојат и крути практичари – социјални работници кои повеќе се фокусираат кон специфични активности или услуги, отколку кон постигнување на целите. Тие претендираат секој проблем и цел да го гледаат од аспект на некој специфичен пристап кон интеракцијата, какви што се застапувањето, семејното советување или дванаесетте програмски чекори од третманот на зависници. Ние мора да сме способни да мислиме и на алтернативни насоки на активност доколку сакаме и нашите странки да го прават тоа. Понатаму, доколку успееме да генерираме поголем број на можни решенија за проблемот, најверојатно ќе генерираме решенија со повисок квалитет (D"Zurilla, 1986; Heidrich и Denny, 1994; Nezu и D"Zurilla, 1981). За да избегнете да станете крут практичар, следете ги следниве упатства:

1. Бидете отворени кон планот на активност кој го преферира апликантот.
2. Внимателно разгледајте ги алтернативните планови на активност за постигнување на која било цел.
3. Внимателно разгледајте ги доказите од истражувањето кои ги поткрепуваат интервенциите или активностите кои ги фаворизирате или преферирате, а кои би сакале да ги вклучите во плановите на активност.
4. Бидете отворени кон плановите на активност кои бараат интервенција вон обемот на вашиот интерес или способности. Во вакви ситуации, почетниот план на активности ќе вклучи и чекори за изнаоѓање на таквите способности во рамките на заедницата.

**Ограничувања на активноста на социјалниот работник.** При преговарањето околу планот за работа мора да сте свесни за 4 важни ограничувања на вашата активност: време, способност, етика и функција на институцијата.

*Време.* Не можете одговорно да се обврзете на активности кои го надминуваат времето кое го имате на располагање; во спротивно, странката основано ќе очекува од вас да го направите она што сте рекле дека ќе го направите. Разгледајте го следниот случај. Еден социјален работник сместува едно 14 годишно момче во хранителско семејство. Знаејќи дека младите можат да имаат некои почетни проблеми во прилагодувањето, социјалниот работник укажува дека ќе се среќава со момчето еднаш неделно за со него да разговара за проблемите. Поради преоптовареност со случаи, сепак, социјалниот работник не бил во можност да го посети момчето четири недели по сместувањето, а момчето, разочарано и луто, ги одбива обидите на социјалниот работник да се вклучи. Момчето бега и подоцна е институционализиран. Ако овој социјален работник склучил реалистичен договор – да се гледа со момчето еднаш месечно наместо еднаш неделно – странката и социјалниот работник веројатно би можеле да ја одржат комуникацијата и да се ангажираат на поуспешно решавање на проблемот. Не мешајте го интензитетот на услугите со квалитетот на услугите. Услугата што ја нудите е со слаб квалитет тогаш кога се обврзувате на нешто што не можете да го остварите; спротивно на ова, честите контакти меѓу социјалниот работник и странката не мора неопходно да значат услуга со висок квалитет. Морате да си го планирате времето за да не се обврзувате нереално.

*Способност.* Не треба да стапувате во договори за работа кои бараат активности кои ги надминуваат вашите способности. Кога странката бара да се поседува некоја специјализирана способност која вие не ја поседувате – како што е брачното советување или преговарање во услови на голема бирократија – планот на активности за кој се преговарало ќе вклучува учество на соодветен експерт или специјалист.

*Етика.* Ќе избегнувате вклучување во планови за интервенција кои ве обврзуваат неетички да се однесувате. На пример, економската криза на апликантот би можела да се намали со помош на кражба, но очигледно е дека нема да биде соодветно ако вие учествувате во таква активност. Исто така, веројатно и не би се сложиле со план кој вклучува експлоатирање на други или расна, етничка или полова дискриминација.

*Институција.* Социјалните институции обично се организираат околу специфични функции (Wilensky и Lebeaux, 1958) кои поставуваат ограничувања на договорите меѓу социјалниот работник и странката (Murdach, 1982). Вие стоите пред можноста широко да ја протолкувате функцијата на институцијата, барајќи исклучоци од ограничувањата на институцијата, и работејќи во

рамките на вашата институција на обезбедување поширока дефиниција на нејзините функции, но, се додека функциите на институцијата ги санкционира заедницата, морате да ги имате во предвид овие ограничувања кога се обврзувате кон странките.

## *Писмени договори*

Договорот за работа, вклучувајќи го и планот на активности, можат да бидат во усна или писмена форма. Писмените договори имаат неколку очигледни предности. Како што забележува Barker (1987), писмените договори, иако малку користени во социјалната работа, се ефективни средства за разјаснување на целите и заемните очекувања. Тие помагаат да се откријат нејаснотиите и подобри специфичноста на планот, така намалувајќи ја веројатноста од недоразбирања и потпомагајќи ја евалуацијата (Wicoxon, 1991). Писмените договори се поефективни во поглед на постигнување на целите, отколку усните договори (Klein, Fein и Genevo, 1984; Tolson, 1988). Ставањето на договорите во писмена форма исто така ќе овозможи корисна основа за учење, особено во вашите првични обиди за формулирање договори.

Друго нешто што е важно е дека социјалниот работник, како и странките, поверојатно ќе се залагаат за обврските кои се јасно изразени во еден писмен договор. Според наше мислење, странките мора да се способни да издејствуваат социјалните работници да се оние кои ќе бидат одговорни. Професијата бара постоење ефективни канали преку кои странките можат да поднесуваат жалби против социјалните работници кои не ги спровеле компетентно своите обврски. Можностите вклучуваат жалби до институцијата, потрошувачките служби кои работат и на посредувањето социјален работник – странка, и жалби поднесени против социјалните работници за професионален неуспех. Неуспехот на еден социјален работник да го следи договорениот план на интервенција претставува професионален неуспех.

(Превод од англиски – *Сузана Борнарова*)

*Urania Glassman/Len Kates*

# ТЕХНИКИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ЦЕЛ

Постигнувањето цел е втората од двојните цели на хуманистичката групна работа. ***Техниките за постигнување на цел*** кои ги користи терапевтот се наменети да им се помогне на членовите на групата да се фокусираат на проблемите, ситуациите и интерперсоналните односи кои ги довеле до членство во групата.

Врските кои се засновани на хуманистички вредности и демократски норми ја даваат основната рамка за осврт при самоизразувањето во групата и во важните ситуации надвор од групата. Целта се постигнува во експериментален контекст, раководена од принципите на надворешност (Papell и Rothman, 1980б). Членовите на групата и други за нив релевантни лица ги изнесуваат потребите и интеракциите во и надвор од групните состаноци. Терапевтот, со тоа што помога да се формира една група која ќе биде во врска со потребите и интересите на нејзините членови, им помага на членовите да ги одредат, одржат и менуваат средствата кои ќе се користат за работа на и преку нивните потреби.

Терапевтот знае дека ефективните процеси поврзани со целта ќе варираат во својот интензитет, траење и фреквенција. Тие се разликуваат во поглед на тоа колку пријатно се чувствуваат членовите кога работат заедно, и нивната способност продуктивно да ги искористат демократските норми. Процесите поврзани со постигнувањето цел варираат зависно од темата која преовладува во одредена фаза и од надворешните настани.

Додека во средната фаза се јавуваат некои почетнички однесувања, особено во ситуации кога членовите на групата го губат своето трпение додека работат на нови форми на самоизразување, тие најчесто не ја одвраќаат или скренуваат насоченоста на членовите кон целта. Членовите се способни да одржуваат корисни и помошни форми на кохезија, мотивација и енергија. Кога членовите ги признаваат знаењето и способностите, силите и слабостите на терапевтот, тие не се навраќаат кон прашањата на субјективен авторитет во врска со него или неа.

Во време кога во групата се покренуваат теми на разговор какви што се „Ова повеќе не е добро", и особено за време на „Ние сме во ред и способни", членовите го скренуваат вниманието кон продлабочување и повнимателна работа на нивната цел. Сега терапевтот почесто прибегнува кон примена на техники со кои им се помага на членовите да ја остварат својата цел. Како што се интензивира нивната заедничка работа, членовите исто така ги инкорпорираат и користат овие техники. Кога ова се случува, терапевтот се приклучува кон групниот процес.

Shulman (1984) и Yalom (1975), во врска со средната фаза во групата, говорат за зголемениот интерперсонален интензитет и продуктивност на членовите, како и за зголемените и сè поинтензивни барања кои му се поставуваат на терапевтот. Терапевтот мора да биде свесен дека кога групата се чувствува „во ред и способно", може да се оддаде кон давање ригидна помош, или да се повлече, наместо да ги признае слабостите и да остане вклучен во работата. Терапевтот мора активно да им помага на членовите во управувањето со нивниот сопствен курс. Истовремено, социјалниот работник може да доживее непријатност поради загубената контрола, како и чувство на лутина или исклученост кога ќе увиди дека меѓу членовите се развиваат интимност и заедништво. Levine (1979) го пишува следново:

> Терапевтот не може повеќе да одржува политичка контрола над групата или да нуди професионални мислења кои нема да бидат ставени под знак прашање или на кои нема да им се спротивставаат групните членови... Додека терапевтот можеби ќе продолжи со увиди и мислења како и емпатија, голема е опасноста од натпревар на терапевтот со членовите на групата... Терапевтот кој е оправдано сигурен во својот професионален идентитет ќе биде во можност да ја цени групната помош на членовите на групата, а при тоа сè уште да го дава својот професионален удел во дискусиите. Онаа насоченост „сега и овде" за време на фазата на заедништво на групата го обезбедува главниот извор за развој и промени за членовите. (стр. 200)

Партиципацијата која се остварува преку давање помош за постигнување на целта, бара од терапевтот постојано да ги преиспитува своите интеракции и емоционалното самоизразување. Кога се постигнува целта, не само однесувањата на членовите туку и на терапевтите се поцврсто поврзани и очигледни. Терапевтот мора да биде емоционално зрел, да биде способен да не се однесува презаштитнички или преодбранбено, оттука, да служи како модел (за членовите) за учество и промени. Терапевтот во улога на член ја прифаќа непријатноста и погрешните сфаќања кои ја прават комуникација-

та преку емпатија она што е – тешка но и задоволувачка. Ваквите ставови и гледишта помагаат да се спречи појавата социјалните одбранбени механизми какви што се стереотипиите, „жртвеното јагне“ и стигматизацијата – кои се поврзани со чувствата на инфериорност и супериорност – да станат дел од групното милје.

Постојат 12 специфични техники за постигнување цел. Од нив, ќе се дискутира за следниве – *вежбање улоги, програмирање, групно рефлективно разгледување, интерпретација* и *feedback.*

Секоја од овие техники е поврзана со интеракциите при постигнување на целта. За разјаснување, види ја Табелата подоле.

Врска помеѓу техниките и интеракциите со кои се постигнува целта

| ***Техника*** | ***Интеракции*** |
|---|---|
| Вежбање улоги | Изразување на однесувања со кои се зајакнуваат улогите |
| Програмирање | Креирање активности во милјето<br>Изразување на однесувања<br>со кои се зајакнуваат улогите |
| Групно рефлективно<br>Разгледување | Идентификување теми на кои ќе се работи<br>Идентификување на чувства кои помагаат<br>при работата на промените<br>Идентификување на проекциите<br>и самоостварувачките предвидувања |
| Интерпретација | Идентификување на прашањата<br>и структурите на групниот процес со кои<br>ќе се расветли групната самосвест<br>Идентификување на проекциите и<br>самоостварувачките предвидувања |
| Феедбацк | Поттикнување на размената на перцепции<br>и чувства во врска со меѓусебните<br>однесувања |

## *Вежбање улоги*

Некои одигрувања на улоги можат да бидат вродени реакции на членовите на одредени нивни ситуации и во одредени нивни ситуации. Други одигрувања на улоги можат да бидат преполнети со конфликт и неизвесност, што е причина за нестабилните и несреќни врски кои ги остварува индивидуата. Промената бара стекнување и учење на нови шеми на интеракција и емоционално изразување, без оглед дали ќе се укинуваат старите реакции или ќе се развиваат нови. Стравот од непознатото честопати е поврзан со отпор кон улогите на интеракција и самоизразување за задоволување на очекувањата.

Намерата на вежбањето улоги е да им се помогне на членовите да ги променат дисфункционалните однесувања и да развиваат нови средства додека се во групата, но и во други важни врски кои ги остваруваат. Вежбањето улоги терапевтот може да го обавува на неколку начини. На еден од нив, терапевтот ја ангажира групата или некој член да замислува и да зборува за чувства и постапки кои ги претпоставува за некоја ситуација која доаѓа. Групната колективна имагинација е насочена кон детали со цел да се развијат стратегии и емотивни реакции со кои им се прошируваат можностите кои им стојат на располагање на членовите. Како што членовите на групата ги разгледуваат последиците од емоциите и интеракциите, терапевтот и понатаму ги поттикнува нивните напори.

Во еден друг пристап, терапевтот одредува фабули кои би можеле да се одвиваат во периодите меѓу групните состаноци за да им помогне на членовите на групата да пробаат нови однесувања за улогите. Од членовите се бара да испробаат некои делови кои обично не ги одигруваат во значајни врски или ситуации во кои се наоѓаат.

Уште еден пристап вклучува едно поформализирано вежбање улоги – тоа е играњето улоги. Од ситуациите за кои се дискутирало и за кои колективно (или индивидуално) постоел интерес на состаноците, терапевтот бара од групата да создаде ситуација за играње улоги заснована на предвидени настани. Се избираат играчите на улоги, им се назначуваат карактери, а терапевтот бара од играчите да направат круг внатре во групата – структура на „аквариум". Играчите се поттикнуваат брзо да почнат, и покрај очекуваниот срам и отпор кој го чувствуваат. Се воспоставува експериментална атмосфера која не се оценува, во времетраење од пет до петнаесет минути. Терапевтот ги прекинува играчите и ги вклучува оние кои не учествуваат активно во играњето улоги во дискусија за забелешките и чувствата во врска со споделувањето на реакциите. Постои можност за повратен одговор во врска со важните однесувања и чувства кои се јавиле за време на настанот.

*Илустрација*

Една група зависници од дрога во програма за институционален третман говори за правилата на програмата кои им оневозможуваат да одржуваат одредени контакти со луѓето од надвор, освен кога им е дадена формална дозвола. Делиа се жали, „Јас сакам да му се јавам на сопругот кој моментно посетува друга програма; Ми рекоа дека не можам, се додека не сум спремна за планот за ослободување од дрога, кој ќе вклучува брачна и семејна терапија". Фред ѝ вели дека знае дека таа и нејзиниот сопруг се дрогирале заедно и дека не би имало смисла во тој момент да разговара со него. Тој исто така вели дека не ѝ верува дека поинаку ќе постапува: „Ти ќе зборуваш со него, и веднаш ќе смислиш како да не зафркнеш. Знам, сум бил во таква ситуација". Лила прекинува, но не гледа ништо лошо во тоа што Делиа сака да му се јави на сопругот само за да зборува со него за своите деца. Џеф ги потсетува останатите дека „бидејќи мајката на Делиа се грижи за нејзините деца, за нив не мора да се донесуваат никакви одлуки од овде." Делиа и вели на групата дека нејзината мајка сака растури бракот: „Таа вели дека ниту еден од нас нема волја да престане да зема кокаин кога сме заедно".

Терапевтот, Фаит, прашува, „Има ли вистина во тоа?". Делиа одговара, „Ние се збогативме во музичкиот бизнис; таму дрогата е животен стил". Лери и Џеф разговараат за времињата кога биле дилери на дрога, и како „дрогата со сигурност е животен стил на луѓето кои си плетат мрежи едни околу други". Лери и вели на Делиа, „Да бидеш во затвор – тоа е полошо од понижување. Таму гледав како си го уништувам животот. Ти имаш голем проблем бидејќи ти и сопругот заработувате за живот во средина полна со искушенија за враќање кон кокаинот. Кога јас земав кокаин, никој не можеше да смета на мене".

Терапевтот прашува, „Лери, постои ли некој кој ти би сакал да смета на тебе во моментов?" Лери одговара, „Мојата свршеница која ми помогна да дојдам до оваа програма; Не сакам да ја загубам бидејќи таа е мојата иднина." Терапевтот вели, „Она што сега го кажа Лери нè навраќа на тебе Делиа, што преземаш ти за работите околу кои треба нешто да се направи за да може на тебе повторно да се смета – тоа е големо прашање." Делиа малку зборува за тоа како нејзините деца не можат да сметаат на неа, иако остава впечаток дека таа им е секогаш на располагање. Фред ја потсетува, „Не, па мајка ти е таа која секогаш те вадеше од затвор со кауција заедно со твоите деца!" Следи повеќе дискусија за тоа како таа важна врска меѓу нив е жртвувана.

Терапевтот тогаш ја прашува Делиа „Би размислила ли за тоа кои се неколкуте најтешки чекори кои мораш да ги направиш за да се опоравиш?". По малку молчење таа вели „Морам да почнам отворено да зборувам со Ричард

за тоа што се случуваше со нас како брачен пар, и како родители. Морам да му кажам како дозволив да бидам намамена од гламурот и лажниот сјај". Фред прашува „Ќе можеш ли да му го кажеш тоа на Ричи"? Делиа вели дека се плаши да му каже, се плаши дека тој нема да го прифати тоа. Терапевтот ја прашува Делиа „А некои други тешки чекори?" Делиа одговара „Да, моите деца. Се плашам за нив. Мајка ми е во право. Ричард и јас не си помагаме еден друг. Не им помагаме ни на децата." Терапевтот прашува „Можеш ли да го промениш тоа? Како ти и Ричард заедно би го промениле тоа?" Делиа одговара дека ќе мора да разговараат за тоа. Терапевтот ги поканува и другите членови да придонесат во дискусијата. „Што мислите дека би ѝ помогнало на Делиа откако ќе му каже на Ричард што чувствува?" Лери вели дека таа ќе мора да се придржува до тоа: „Не можеш да бидеш кукавица и да го правиш и кажуваш она што мислиш дека сака да го чуе." Фред се вклучува „Ете затоа не сакаат да му се јавиш на Ричард; сѐ уште си зависна од него".

Терапевтот вели „Можеби ти Делиа, и ти Фред, би можеле да изведете играње улоги за тоа како Делиа би можела да реагира, дури и кога Ричард не би сакал отпрвин да слуша. Понекогаш помага да се одигра чинот најпрво, а сите ние би можеле да гледаме што се случува. Секако, Фред си има своја замисла за она што се случува меѓу Делиа и Ричи. Тогаш ти би можела да научиш нешто околу тоа кога си слаба и ранлива пред Ричард, а кога не си. Останатите од групата исто така би можеле да ги понудат своите реакции и мислења. Сакате ли да се обидете?" Сите се сложуваат. Терапевтот му вели на Фред „Запомни, Ричард исто така посетува програма за лекување. Тие веројатно веќе и работат на неговиот случај исто така, па затоа не го одигрувај премногу ригидно". Терапевтот и дава инструкции на остатокот од групата да забележува кога Делиа го слуша Ричи а кога не, и да забележува кога Делиа не му го кажува она што го чувствува.

За време на играњето улоги Делиа му вели на својот „сопруг" дека знае дека ќе биде тешко, но и дека мораат да се сложат да поработат на нивниот меѓусебен однос за да можат да бидат добри родители. Таа му вели „Мајка ми беше премногу добродушна; ние ја користевме за да ја избегнеме одговорноста, да излегуваме постојано, да се забавуваме и да се однесуваме како да немаме дете".

По околу 10 минути, терапевтот им вели на играчите „Сега може да прекинете", пофалувајќи го нивниот напор. Тој бара од членовите на групата да ги споделат со нив реакциите. Повеќе членови забележуваат дека Делиа отворено му пристапила на „Ричи", така што изгледало дека тој се изненадил, иако тоа било внимателно направено. Еден од членовите истакнува дека Делиа премногу брзо истапила да го напаѓа Ричард што не е присутен за децата, што него го исклучило, оставајќи и ја родителската одговорност на неа. Општо

земено, членовите сметаат дека кога таа се одлучила да му објасни што чувствува, подоро била сфатена.

Терапевтот ја прашува Делиа како и кога почувствувала дека е одговорна за себе. Таа дискутира повторно за потребата да биде искрена, за тоа дека не била искрена, дека никогаш не му кажала колку и е важно да биде зрел родител. Следи дискусија. Терапевтот на крајот вели „Изгледа дека кога навистина ќе почнеш да зборуваш со Ричи има многу работи на кои и двајцата ќе треба да почнете да работите. Што мислиш за тоа?

## *Дискусија*

Терапевтот забележува неколку важни настани. Прво, со помош на групата, членката на групата е ставена во тешка позиција во врска со нејзиниот договор со сопругот да продолжи да зема дрога. Треба да се работи на нејзиниот отпор да го прифати постоењето на тој договор. Со тоа што ѝ се овозможува шанса да разгледува можни насоки за во иднина и да вежба нови однесувања, терапевтот ѝ помага да ја утврди опасноста од нејзината средба со сопругот во тој момент. Исто така, се утврдуваат и идните насоки за нивните заеднички активности. Кога ѝ нуди на членката на групата можност да експериментира во играњето улоги, терапевтот не ѝ дозволува на групата да биде премногу спротивставена, на тој начин овозможувајќи им на членовите да развијат емпатичен (како и симпатетичен) интерактивен начин да ѝ помогнат на Делиа. Недвоумењето околу потребата да му се јави на сопругот ја тера Делиа да размислува за нејзината улога како родител. Ова терапевтот го прави кога, фокусирајќи се на потребата на Лори некој на него да може да се потпре, незабележително го свртува вниманието на Делиа кон нејзината улога како родител, и како возрасна ќерка.

Тогаш, а и потоа со играњето улоги, Делиа почнува да увидува дека ја избегнува родителската одговорност со тоа што ја користи својата мајка за да се ослободи од одговорноста. Како што се расплетува играњето улоги, станува очигледно дека Делиа сака да ги преземе своите родителски обврски и посакува да има сила да го натера и сопругот тоа да го направи заедно со неа. Вежбањето во групата понатаму експериментално придонесува Делиа сè повеќе да увидува дека има многу работи кои треба да ги направи во врска со нејзините односи и емоционално изразување во нејзиниот брак. Дали да се прекине тој брак или не е предвремено размислување, и на него директно не се работи. Проблемот е таа како возрасна жена, независно од тоа дали е зрела во овој брак или во некоја друга интимна врска.

Овде вежбањето улоги е обликувано околу функционалната цел на групата. Тоа останува вон вообичаената култура типична за уживателите на

дрога бидејќи има за цел да открие нови начини на функционирање без дрога во заедницата и во односите со други луѓе.

## *Програмирање*
## *(Middleman, 1968/1981a, 1983; Vinter, 1985, Whittaker, 1985)*

***Програмирањe***то е најпотполно активна, интерактивна и најекспериментална техника од сите други. Може да се одвива меѓу самите членови на групата или меѓу некои други релевантни лица, како внатре така и надвор од средината за состанување. Програмирањето е техника која е идеален пример за хуманистичката групна надворешност (Papell и Rothman, 1980б) бидејќи ги доведува членовите на групата во врска со надворешната средина. Додека некои групи влегуваат во програмирање пред разрешување на своите нормативни кризи – групи на деца бидејќи во нив е нагласена експерименталната димензија уште од почетокот, и групи чија основна цел е насоченоста кон акција или активност – програмирањето најчесто се одвива по некое значително разрешување на нормативните кризи. Во тој момент, терапевтот и членовите на групата повеќе се фокусираат кон потребите на членовите во реалното групно искуство.

Преку планирањето и учеството во една програма, членовите искусуваат и учат како самите да се актуелизираат, како да ги остварат своите цели и да ги зајакнат своите потенцијали во сопствените природни и формални миљеа, со лица кои за нив се релевантни, но и со некои други лица. Психосоцијалната програма е основа за докажување и подобрување. Целиот процес на програмирање се фокусира и ги изразува актуелните искуства кои ги зближуваат членовите на групата. Програмата ги открива и оживува целите и задачите на групата, како и актуелните форми на интеракција и самоизразување на групните членови.

Програмскиот настан кој го избираат членовите на групата е централен начин на кој групата како целина може да им излезе во пресрет на потребите на нејзините членови да бидат поактивни во рамките на социјалната средина. Групните програми највеќе придонесуваат овој вид на професионално водена група – да претставува единство на социјална работа. Преку програмата, членовите го искусуваат опсегот на можности кој им стои на располагање за експериментирање со нови однесувања, повеќе отколку што тоа би било можно во рамките на границите кои ги поставува вообичаениот процес на состанување (Seitz, 1985). Членовите на групата можат да искусат моќ и зголемени реакции на улогите, како и нови улоги.

Терапевтот користи пет меѓусебно поврзани постапки при спроведувањето на техниката на програмирање. Тие се: (1) иницирање, (2) дискутирање за опциите, (3) задачи и средства, (4) програмски настан, и (5) евалуација.

*1. Иницирање.* Терапевтот воведува една или повеќе програмски идеи, или одговара/реагира на проблемските иницијативи од групата. Се поттикнуваат можностите кај членовите на групата да ги анализираат истите. Терапевтот исто така ги информира членовите дека спроведувањето на програмата ја зајакнува гордоста и надмоќта на групата преку колективното групно искуство, при тоа обезбедувајќи единствена арена за специјализирани промени и експериментирање на секој член.

*2. Дискутирање за опциите.* Терапевтот ги мотивира членовите да разгледаат неколку програмски опции, понудувајќи ги притоа и сопствените идеи кога е тоа неопходно. Терапевтот им помага на членовите да ја анализираат комплексноста на еден програмски настан – напор кој ќе го вложи секој кој учествува. Некои програми можат да бидат едноставни, кои бараат мала претходна подготовка; други, посложени, ќе бараат високо ниво на групна организација и подготовка. Некои програми се наменети единствено за самите членови на групата; други се наменети за одреден број лица кои се релевантни за членовите на групата, а пак трети вклучуваат поширок круг на учесници. Вниманието и одлучувањето на членовите е насочено кон начините на кои со потенцијалните програмски напори би можеле да се задоволат специфичните групни потреби. Терапевтот им помага на членовите на изберат програма и да развијат спремност за преземање одговорност за програмските задачи и учество.

*3. Задачи и средства.* Откако членовите го имаат избрано програмскиот настан, терапевтот ги насочува своите напори кон осмислување на задачите на планирање и реализација. Терапевтот можеби ќе биде првиот кој ќе треба да направи листа, доделувајќи им ги задачите на членовите: за средствата кои ќе се користат во програмата можеби ќе биде потребно собирање и складирање. Ќе треба да се утврдат и временските периоди за собирањето. Треба да се обезбедат и согласности. Сите телефонски броеви ќе треба повторно да се потврдат. Терапевтот се грижи да биде воспоставена комуникација вон состаноците. Тој ги поттикнува членовите доброволно да се пријавуваат и да ја прифатат одговорноста за спроведување на задачите. Преку процесот на доделување задачи и нивно доброволно прифаќање, терапевтот исто така им помага на членовите да изнајдат начини за искористување на силните страни и развивање нови способности.

Членовите ќе сакаат да знаат дали терапевтот ќе биде присутен за време на програмата; за ова директно ќе треба да одлучи групата. За учеството на терапевтот ќе одлучи самиот терапевт и членовите согласно политиката на

установата, потребите на групата и професионалните пречки во врска со играњето улоги. Додека во некои средини можеби не е правилно да се присуствува на настани кои ги спроведува групата, учеството на еден настан со сигурност не треба да се исклучи проформа. Терапевтот, учествувајќи во програмата, им отстапува на членовите различни степени на контрола.

Без оглед на тоа дали терапевтот е присутен за време на програмата или не, резултатите од неговите напори и дисциплиниран пристап ќе бидат очигледни за време на траењето на програмскиот настан.

*4. Програмски настан.* Кога програмскиот настан им е препуштен на членовите, ќе се јави вознемиреност и отпор. Можеби ќе биде неопходно терапевтот да го покрене почетокот на програмата. Во некои групи, поради чувствата и способностите, од терапевтот може да се бара да заземе многу активна улога во отпочнувањето на програмата, давањето поддршка на напорите на членовите, се додека работите не тргнат кон подобро.

За време на програмата, терапевтот ги охрабрува и прифаќа напорите на членовите, посебно забележувајќи ги оние учесници кои се држат настрана или кои не се снаоѓаат добро. Целта е соодветно придвижување кон она што лежи во основата; во текот на настанот, терапевтот не претставува примарна социјална и емоционална врска за членовите. Терапевтот циркулира низ програмата, служејќи како модел за членовите на групата, на активен и ангажиран учесник. Исто така, терапевтот може одвреме навреме да се вклучи со цел да помогне да се реализираат задачите, и да води белешки за почетоците и завршетоците на настаните во рамките на програмата.

*5. Евалуација.* Кога програмскиот настан ќе заврши, обично на наредниот состанок терапевтот ја ангажира групата околу разгледување на тоа искуство. Дискусијата се насочува кон тоа дали програмата ги задоволила потребите на членовите на групата и другите учесници. Терапевтот може воедно и да покрене дискусија за тоа дали задачите биле или не биле остварени и дали некои други средства би го подобриле настанот. Терапевтот ѝ дозволува на групата да се гордее со она што го постигнала и да ги прифати своите неуспеси. Тогаш се размислува за иднината, со тоа што терапевтот ѝ помага на групата да разгледува нови идеи во врска со идните опции и планови.

## *Илустрација*

На овој групен состанок, Сали, Ден, Џош, Хариет, Бернадет, Клаудиа, Фред, Ли и Џорџ се во процес на планирање на забава. Тие се среќаваат скоро една година со терапевтот Том. Неколкумина од членовите на групата дискутираат за тешките лични и социјални искуства од периодот на нивната младост, во кои спаѓа и дрогата и бегањето од училиште. Некои други говорат за

потребата од повеќе пријателства и социјални врски. Многумина признаваат дека нивниот социјален живот се карактеризирал со пушење марихуана, премногу алкохол, и атмосфера на луди забави на кои присутните вистински не се познаваат. Неколкумина пак изразуваат загриженост за спремноста комотно да се дружат со луѓе кои не ги познаваат. Терапевтот Том, чувствителен во однос на нивните стравови и свесен за нивната склоност да ги интелектуализираат и избегнуваат искуствата, во сето ова гледа програмска опција. Том ги поттикнува да направат забава во која тие ќе бидат во улога на млади кои штотуку стануваат возрасни; тие воодушевено ја прифаќаат идејата.

Членовите сакаат ова да биде забава во опуштена атмосфера, на која луѓето вистински зборуваат меѓу себе и се запознаваат. Тие одлучија да изберат тема за забавата – се планира да се прославува почетокот на летото. Некои членови на групата и нивни другари посетувале средно училиште, стручна обука и настава на колеџ, а крајот на семестарот изгледа како добар момент за прослава. Групата го избира менито. Секој ќе донесе храна. Џош (кој посетувал часови по компјутерска графика), прекрасно ги дизајнира писмените покани, а од секој член се бара да покани по 5 свои пријатели. Фред и неговиот цимер Алекс доброволно ја отстапуваат својата куќа за забавата. Клауида, Сели и Ден пак му помогнаа на Фред да ја спреми куќата. Мебелот е тргнат, ставени се маси, а обезбеденена е и музика.

Кога терапевтот доаѓа на забавата, таа е веќе одпоодамна почната. Има многу нови луѓе, а неколкумина од членовите на групата го пречекуваат со храна и пијалок, водејќи го наоколу за да запознае некои од нивните пријатели, роднини и колеги. Терапевтот по имињата забележува дека некои од нив се личности за кои се зборувало во групата. Клаудиа би сакала Том да го запознае нејзиниот свршеник, кого таа го има опишувано како скептичен во врска со нејзиното членство во групата; Том навистина забележува дека нејзиниот свршеник е на одреден начин формален со него.

Сали може да се забележи во еден агол како многу сериозно разговара со еден маж. Дејв коментира пред терапевтот „Изгледа дека Сали и мојот пријател Пит се сложуваат". Потоа Дејв продолжува „Ова е одлична забава. Атмосферата е одлична. Веќе разговарав со неколку многу фини луѓе. Ја забележа ли онаа прекрасна жена онаму? Таа му е сестра на Фред. Но морам да внимавам што правам со сестрата на еден член на групата, нели? Не можам да ѝ се додворувам како што можев некогаш„. Том се смее и прашува „Зборуваше ли со неа, Дејв?" Дејв вели дека дознал оти учела во правно училиште и дека поради тоа „таа е преголем мозок за мене". Терапевтот коментира „Ама ајде Дејв, не биди толкава кукавица".

Групата имаше направено мал подиум за танцување во едниот агол од подрумот. Бернадет му се доближува на Том и го прашува дали би танцувал со

неа. Тој прифаќа. Додека танцуваат, Том забележува дека неколкумина од членовите на групата го забележуваат тоа. Тие се смеат и се шегуваат „танцуваш скоро исто толку добро колку и ние“.

По извесно време, Том им вели на Калудиа, Фред и Дејв „Јас навистина морам да одам. Имам некои планови за подоцна“ Клаудиа му дава знак на Џорџ кој брзо му се доближува на Том и вели „Почекај барем пет минути, сакам да ја изнесеме тортата, во ред?“ Том се сложува „Добро, само пет минути“.

Додека Фред ја изнесува тортата, Клаудиа моли за внимание од групата. Луѓето извикуваат, „Говор, говор!“ Клаудиа вели „Среќни сме што ги собравме сите наши пријатели заедно да ја прославиме нашата прекрасна група, крајот на една тешка година на часови и домашни задачи и почетокот на летото“. Се слушаат многу извици на „ура“. Тогаш Џорџ почнува да зборува за тоа колку многу групата ги цени напорите на Том и тоа што „нè трпи и нè охрабрува“. Том го потврдува и своето задоволство од членовите и ја уважува можноста за собирање на пријателите велејќи „Сега ќе си заминам, пред некој да ве уапси“!“ Сите се смеат; Том си заминува со извиците „Ќе се видиме в четврток навечер“.

На состанокот во четврток навечер сите се присутни. Терапевтот почнува, „Ајде да ги разгледаме настаните и случките од забавата“. Сите живо дискутираат, изразувајќи ентузијазам во врска со забавата, храната, музиката и тоа што Том успеал да присуствува. Фред, забележувајќи дека Клаудиа е молчалива и се обраќа. Таа им вели на членовите на групата дека нејзиниот свршеник ги разочарал нејзините пријатели, и дека била толку бесна и повредена „поради неговото неразбирање што ја раскинав свршувачката“! Членовите на групата се изненадени не добила поддршка од него. „Тој само сака да зависам од него, и од никој друг. Тоа не е ништо ново, како што веќе знаете.“ Бернадет ѝ вели „Знаев дека тоа ќе се случи“. Клаудиа признава дека таа исто така знаела, но се надевала дека некако ќе го разрешат проблемот. Таа изразува разочараност од самата себе. После подолготрајна дискусија со Клаудиа во која и се укажува поддршка, членовите и терапевтот повторно се навраќаат кон забавата.

Терапевтот бара од членовите да размислат за тоа како се чувствувале на забавата. Некои зборуваат за запознавањето нови луѓе и за леснотијата со која тоа го правеле. Терапевтот ги потсетува: „Вие така ја испланиравте забавата“. Дејв се шегува со Сали околу нејзината заинтересираност за неговиот пријател Пит. Таа се насмевнува и вели: „Ох! Тој е навистина фин. Но, нема да кажам ништо друго зошто и не сакам да знам.“ Том прашува: „Како би го решиле овој проблем во групава, ако Сали сака да зборува за неа и Пит, а Дејв е негов пријател“? Сали потврдува дека се чувствува непријатно. Дејв вели „Што и да кажеш, Пит нема да дознае. А и јас нема да зборувам со него за

тебе“. Сали вели, „Благодарам, тоа е тешко да се направи; го ценам тоа од тебе.“

По малку молчење Сали продолжува: „Она што беше најдобро е можноста да бидам „јас“ во друштво со други во една топла и срдечна атмосфера. Сега, засега тоа е се што имам да кажам. Тоа е најдобриот дел“. Следи разговор околу шансата што им ја пружила забавата да се чувствуваат пријатно. Џорџ признава дека ова му било прв пат да не се опијани на некоја забава. Терапевтот прашува „Како се чувствуваше поради тоа?“ а Џорџ признава „беше нешто ново и поразлично, но се навикнувам – доста добро“.

Терапевтот прашува „Некои други чувства?“ Дејв се вклучува, „Добро човече, бев нервозен да разговарам со сестра му на Фред. И не само што е убава, туку е и „мозок“. Членовите на групата почнуваат да зборуваат за тоа дека би сакале да се внимателни кога влегуваат во врски со некој од кругот на нивните семејства и пријатели. Терапевтот зачудено „А зарем тоа не е така кога влегуваме во која било врска?“

## *Дискусија*

Забавата на групата млади возрасни илустрира една програмска изведба. Таа е делумно резултат на примената на иницирање од страна на терапевтот, дискусијата за можностите и за задачите и средствата во еден делумно насочен, слободен, но сепак професионално воден процес. Тој е отпочнат неколку недели претходно, кога членовите зборуваат за нивната желба да го прослават крајот на годината на поразличен начин во споредба со тоа како претходно прославувале некој настан.

Еден клучен аспект на програмирањето е неговиот тек ускладен со органските психосоцијални потреби и интеракции на групните членови. Иако оваа техника изгледа како да постои само за да го потсети терапевтот на неопходните активности, таа не е создадена да ги зароби членовите на групата во фиксиран план и процес. Всушност, програмирањето може да почне спонтано. Мора да биде поттикнато од терапевтот кој во оваа ситуација им помага на членовите да го изберат вистинскиот момент.

Раскинувањето на свршувачката кај една од членките на групата е поттикнато од учењето кое се одвива преку искуствениот приод создаден со програмата. Ова прекинување на една така важна врска ќе бара натамошно анализирање од страна на членката на групата. Еден друг член открива нова способност да биде она што е со спротивниот пол во амбиентот кој го создава програмата. Трет член го покренува прашањето за тоа како луѓето се поврзуваат со други луѓе кои ги запознаваат. Конечно, учењето како да се биде отворен во улогата на член ја тестира групната зрелост. Преку идните нас-

тани на членовите ќе им бидат обезбедени натамошни можности за социјално и лично зајакнување. Терапевтот нуди поддршка во овој процес, фокусирајќи се кон специфични проблеми од настанот за членовите на групата или некои други релевантни за нив лица.

Терапевтот избира да го посети овој настан само на кратко, и да се однесува согласно професионалната улога на релаксиран и опуштен начин. Тој се запознава со другарите на членовите на групата и ја прифаќа поканата за танцување со еден од членовите на групата. Да се прифати танц е дел од амбиентот; ако не се прифати може да се сфати како знак за одбивање. Тој сепак ја воспоставува и заштитува професионалната граница помеѓу него и членовите со тоа што си заминува порано од забавата, укажувајќи им дека има други планови кои не ги вклучуваат членовите на групата. Ова членовите на групата го прифаќаат и лесно го прилагодуваат распоредот со цел да го вклучат и него во изнесувањето на тортата.

## *Групно рефлективно разгледување (Hollis, 1972)*

***Групно рефлективно разгледување*** се користи да им се помогне на членовите при разгледување на неодамнешни настани кои се поврзани со нивната цел. Оваа техника (која Hollis, 1972 ја опишува како драгоцена во работата со поединец) се користи во групната работа како средство за пренасочување и преформулирање при создавањето нови идеи, ставови и перцепции.

Терапевтот бара од членовите да се присетат на аспектите, контекстите и ефектите од одреден настан. Вниманието се насочува кон секвенцирање на настанот и на чувствата, интеракциите и моментите на избор. Ова им помага на членовите да ги реконструираат постапките, чувствата и мислите. Се прави напор фокусот на дискусијата повеќе да се задржи на деталите, отколку на нејасните генералии. Членовите можат да разликуваат корисни од некорисни примери. Терапевтот се прашува како моменталната свест се одразува врз членовите додека тие реагираат и ги изнесуваат на виделина мислите, интуициите и фактите.

### *Илустрација*

Една група жени кои се хомосексуалки зборуваат за тоа како некои од нив доживеале проблеми поради тоа што им кажале на колегите за своите сексуални преференции. Воедно се разгледуваат и предностите и недостатоците од чувањето во тајност на таквите информации. Лола почнува да зборува

за нејзината работа во банка и за нејзиното пријателство со друга жена која била менаџер во банката. Таа вели дека откако ѝ кажала за својот живот и сегашната врска со својот љубовник, таа престанала да оди на ручек со неа. Од останатите членови на групата одекнуваат чувства дека и ним им се случиле вакви „снобови".

Терапевтот, Енис, и вели на Лола: „Почекај, ајде да се вратиме на настаните за време на ручекот. Каде бевте, како почна се?" Лола одговара „Отидовме во кафе-барот, а потоа планиравме набрзина да разгледаме некои од бутиците во близина." Терапевтот прашува како се покренала темата за нејзината сексуална наклонетост. Лола ѝ објаснува на групата дека била преокупирана и нестрплива да ѝ каже на оваа жена за себе. Таа сакала да се чувствува помалку заштитена и попријателски настроена кон неа, сметајќи дека кон тоа ќе придонесе тоа што ќе ѝ каже. Некои членови ја прекинуваат, „Не, луѓето не сакаат тоа да го чујат". Терапевтот вели: „Продолжи Лола, кажи ни како почна да зборуваш". Лола опишува како и кажала: „Знаеш, јас сум хомосексуалка", започнувајќи нашироко да зборува за нејзината сегашна врска. „Не сакав да ме сфати погрешно, како да сум заинтересирана за неа. Но, мислам дека сепак така ме сфати." „Почекај малку", ја прекинува терапевтот, „Од каде знаеш?" „Не сум сигурна", одговара Лола.

Потоа Диана прашува како на тоа реагирала колешката. Лола не може точно да се присети, велејќи: „Таа не кажа многу". Терапевтот ја прашува: „Што мислиш дека се случуваше со неа тогаш?" Лола вели дека не знае. Терапевтот повторно прашува: „Што направи ти тогаш?" Лола одговара, „Почнав да зборувам за мојот љубовник". Терапевтот ја прашува „А што мислиш дека тогаш се случуваше со неа?" Лола вели „Мора да ја исплашив". Терапевтот ја прашува групата: „Како реагирате на ова што ни го кажува Лола?" Вивиен одговара дека Лола е вознемирена и премногу и пребрзо зборува. Пеги смета дека нејзината колешка најверојатно сакала да оди на шопинг, а не да слуша за љубовниот живот на Лола – без разлика дали е со жена или со маж. „Јас мислам дека ти воопшто не си ја проверила нејзината реакција" – и вели Диана.

Терапевтот ја прашува Лола: „Што мислиш за ова што ти го кажа Диана?" Таа одговара: „Ја сфаќам. Јас не ја прашав што мисли, ниту пак и дадов можност да реагира. Само многу зборував." Енис прашува: „Како се чувствуваш сега?" Лола признава дека е загрижена и дека одвај чека да се ослободи од ова. Терапевтот ја прашува, дали овие чувства се слични на оние кои ги имала за време на ручекот. Лола вели „Да, слични се." Диана додава „А ти беше ли тешко да не слушаш, но ние те прекинувавме. Секој не може тоа да ти го направи".

Терапевтот истакнува дека она што ѝ се случило на Лола најверојатно важи и за групата: „Понекогаш едноставно не сте сигурни дека ве отфрлуваат

поради тоа што сте хомосексуалки или поради други причини". Членовите на групата почнуваат да зборуваат за тоа како да се разјасни овој проблем.

### *Дискусија*

Оваа техника е наменета за справување со реални ситуации во кои се наоѓале групните членови. Терапевтот знае дека членот на групата запаѓа нашироко во збркана оддишка на своите чувства, што нема да биде корисно за неа. Покрај тоа, опстанокот на сите членови е тесно испреплетен со нивната способност за создавање поволни точки од кои ќе можат да ги оценуваат ситуациите додека се наоѓаат во нив. Терапевтот, прекинувајќи го членот на групата додека си дава оддишка, го успорува процесот и го претвора во процес на рефлексија. Со ова, и на другите членови им се дава поттик да се вклучуваат, успорувајќи ја приказната, и давајќи си и себеси и на членот на групата можност за размислување. Така се обезбедува можност за размислување околу стапување во интеракции на нов начин.

Терапевтот ги прекинува членовите на групата, пренасочувајќи ги неколкупати. Прашувајќи ја Лола што според неа се случувало со другата жена, тој ја пренасочува Лола кон развивање емпатична свест и за другите. Нејзиниот одговор „Не сум сигурна" понатаму укажува на нејзината преокупираност само со себе, што им дава поттик на другите од групата да го насочат вниманието на Лола кон оваа нејзина карактеристика. Евентуално, со помошта од страна на сите присутни, членот на групата навистина почнува да мисли дека можеби ја надгласала својата колешка во оваа ситуација, и дека ја има истата таква тенденција да биде главна и во групата.

## ***Интерпретација***

***Интерпретацијата*** се користи за проширување на свеста за латентните содржини и скриените планови кои произлегуваат од односите меѓу членовите и други релевантни лица надвор од групата.

Терапевтот преку „читање меѓу редови" допира и над она што е манифестно изразено, со цел да ги изнесе аспектите од нивоата на латентност до свеста. Терапевтот оди и под површните презентации до точка во која членовите можат да доживеат нова смисла за перцепција. Терапевтот не оди предалеку во групната свест; ова се прави од причина да се избегне одбрамнбениот став кој може да се заземе поради прегазување на сфаќањата, чувствата и одбранбените граници на членовите на групата.

Интерпретацијата се прави кога терапевтот ќе оцени дека членот на групата е спремен да извлече поука од разгледувањето на некои специфични однесувања со покомплетен увид во нив. Ова може да се направи кога членот на групата континуирано покажува дисфункционално и незадоволително однесување, создавајќи камена препрека пред напорите на терапевтот насочени кон промени, или кога членот сериозно ги преиспитува неговите мотивации.

Терапевтот ја користи интерпретацијата за да дојде до скриените значења на однесувањето кое има емпатички ефекти и изразување на чувствата во врска со скриените намери, стравови и очекувања. Овие перцепции се поврзани со стереотипите, очекувањата за самоостварување, претставите за други лица, карактеристични за семејството на членот на групата.

Терапевтот може да ја користи интерпретацијата заедно со вежбањето улоги, аспектите на програмирањето – особено во периодот на евалуација – или заедно со групното рефлективно разгледување. Иако намера на терапевтот не е интерпретацијата веднаш да ја смени формата на изразување на членот на групата, често процесот на промени отпочнува поради поддршката и дискусијата кои членовите си ги даваат едни на други. Интерпретацијата се јавува најчесто, и во најкорисен облик, кога членовите ги изразуваат различните (Garland, Jones, и Kolodny, 1973) начини на кои стапуваат во интеракција и различните емоционални изразувања.

## *Илустрација*

На еднонеделниот состанок во колибата каде што престојуваат групно за 15-девојќи на 18-годишна возраст кои не се во можност да живеат со своите семејства, терапевтот веднаш изнесува на површина една сериозна ситуација. Службата која се грижи за нив е многу вознемирена поради тоа што девојките спијат заедно. Таа служба размислува да го подели членството во различни простории бидејќи ова однесување се смета како неправилно, и како предзнак за хомосексуално однесување. Терапевтот, Кит, укажува дека тој не е пратеник од службата, дека луѓето од општината знаат дека тој ќе го покрене ова прашање, и дека му е дадено осигурување дека може да работи со групата без во тоа да го попречува општината. Тие исто така јасно ставиле до знаење дека независно од тоа што ќе се случи службата најверојатно ќе ги премести девојчињата.

Реакцијата е емоционално разорувачка. Тишината е заглушувачка. Девојките се гледаат меѓу себе; терапевтот забележува дека на добар дел од нив им се чита лутина и омраза во очите. Тој вели: „Ова мора да ве вознемирува. Мора да ве излудува и да ве тера да посакате да ја убиете Г-ѓа Танер“. Бум! Настапуваат викотници и врисоци. Ова малку трае, пропратено и со солзи и

удари по маса. По смирувањето, терапевтот прашува: „Како би постапиле за да го спречите ова?" Повторно настапуваат лутина и солзи. Терапевтот вели: „Вие не зборувате за она што се случува, за тоа што мислите за тоа, што чувствувате. Единствениот начин на кој можете да спречите тоа да се случи, ако можете, е да сфатите што се случува. Да сфатите значи да навлезете подлабоко, да ги разгледате сите аспекти, состојбата во која се наоѓаат луѓето, и она за што можеби тие и не се свесни. Можеби дури тогаш ќе можете да биде успешни. Џолин...?"

Џолин одговара: „Ја мразам г-ѓа Тарнер. Таа е одвратна, секогаш доаѓа и „душка" наоколу, кажувајќи им на газдите на резиденцијата што ни е дозволено а што не". Консуело се вклучува: „Заради неа ќе си одам одовде; таа едноставно не сака да ја чуе вистината. Јас тука не можам ништо да направам". Терапевтот вели „Значи, таа ве напаѓа, а вие сте нејзини жртви. Токму вака ме наместивте и мене кога почнавме да се состануваме пред повеќе месеци. Јас требаше ова да го контролирам, а вие да бидете зависни, се сеќавате?" Има неколку потврдни климања, а Алис тогаш почнува да се жали. Ивет ја држи за рака и ја прегрнува. Алис шепоти: „Друг дом... од 2 дом-семејства во друго. А, кога ќе ја замолам мама да се видиме таа ми вели дека нема време. Никој нема време". Терапевтот е свесен за врската помеѓу одбивното однесување на Г-ѓа Тарнер и мајките на девојчињата. Но тој одлучува да не навлегува по тоа прашање бидејќи смета дека би било премногу несоодветно да се разгледува во тој момент.

Некој вели: „Стара кучка! Читавме статија од едно психолошко списание за терапија на адолесценти во која некој социјален работник и психијатар им даваат бебешки шишиња на несредени лица за да се здобијат со нега и љубов. Па така и ние одлучивме да си ги поделиме. Тоа е божја вистина Кит". „Прашање е како ќе и го објасниме ова на службата": возвраќа терапевтот. Веднаш следи одговор: „Можеме да ја доведеме овде г-ѓа Тарнер и да и го покажеме списанието и бебешките шишиња." Некој посега по нив, велејќи „Ова е вистина. Ова е нашиот дом далеку од дома, и сакаме да бидеме добри едни спрема други".

Терапевтот вели „Вашиот сигурен тон ми се допаѓа. Алис, се обложувам дека поради твојата слабост не ѝ се спротивставуваш на мајка ти." Алис се исправува и со лутина погледнува во терапевтот. Тој продолжува „Можеби ќе изнајдете начин да си објасните себе си и да ги објасните реакциите кои ги предизвикала Г-ѓа Тарнер, за да може да ве ислуша. Јас ќе ви помогнам; Ако сакате, јас ќе бидам со вас во просторијата кога таа ќе дојде". Алис вели :„Јас ќе ѝ кажам дека е иста као мајка ми". Другите се сложуваат. Терапевтот вели „Значи, службата не ви помага со тоа што ве префрлува од едно место на друго. Таа нема слух за вас и, како и вашите родители, треба да изнајдете начини да

го кажете тоа доволно силно, но притоа да не звучите како да сте обвинети. Мене ми се допаѓа идејата Г-ѓа Тарнер и другите да дојдат и да веислушаат."

*Дискусија*

Во овој жесток пример, терапевтот внимателно расветлува некои латентни проблеми без да разоткрива други. Тој од почетокот експлицитно не ја поврзува г-ѓа Тарнер со одбивната мајка. Не е ниту важно дали тоа ќе излезе на виделина, иако кога тоа подоцна се случува, е корисно. Тој покажува загриженост за нивните суптилни и слаби идентитети кои би можеле да бидат повредени поради споредбата со мајката. Тој сепак останува на латентното (но блиско до површината) прашање за нивната положба како жртви, отколку на нив како отфрлени ќерки. Она што произлегува е јасното објаснување од нивна страна на „спиењето заедно" како реален, соодветен на возраста феномен, кој е израз на грижа, и кој ветува да биде моќна сила за промена на ставот кој службата го заземала кон нив.

Како маж, терапевтот постапува внимателно не дозволувајќи да биде свртен против Г-ѓа Тарнер, иако дозволува девојчињата да имаат за него претстава како за добар татко и пријател. Терапевтот ја користи интерпретацијата на улогата на жртва за да ги оспособи девојчињата да делуваат самите за себе. Тој избира да не го претвори процесот во „забавена снимка" и рефлексија, или да ги активира девојчињата да стапат во меѓусебна интеракција заради остварување на нивните скриени планови.

## *Feedback*
## *(Национална лабораторија за обука, 1966/1967)*

***Feedback***-от е техника која има за цел да им помогне на членовите на групата да ги одржат меѓусебните граници, да ги елиминираат претпоставките и да ги изразат своите реакции на меѓусебните однесувања. На примачот, feedback-от му овозможува да сфати како другите го гледаат и како на него реагираат во групниот процес. На праќачот, feedback-от му пружа можност за разјаснување и изразување на нечии чувства и реакции кон постапките на другите. Преку процесот на feedback групата као целина учи дека двајца членови на групата никогаш нема да перципираат или чувствуваат на потполно ист начин – ова е доста хуманистичка забелешка.

Терапевтот ја успорува интеракцијата кога членовите директно реагират еден кон друг за да се разјасни гледиштето „Јас перципирам и јас чувствувам". Или, трапевтот може да одлучи да го воведе feedback-ot на поформален

начин, со тоа што ќе ѝ предава на групата за него. При разјаснувањето, терапевтот ја забележува честата употреба на полуобвинителните изјави какви што се „се однесуваш непријателски“ преку прашање од типот: „Што направи таа поради што така мислиш за неа?“ Друго прашање е: „Како се чувствуваше ти кога сметаше дека таа се однесува непријателски?“ Терапевтот може да побара од членовите да ги споделат перцепциите и реакциите на интеракциите, или да поттикне двајца членови да го демонстрираат процесот со тоа што првиот ќе почне да го кажува сопственото чувство во врска со однесувањето на другиот („Кога правиш X, се чувствувам S“). Ако членовите покажуваат отпор или се нејасни, терапевтот ги демонстрира сопствените перцепции и чувства во форма на feedback.

### *Илустрација*

Една група од програма за рехабилитација од дрога која ја спонзорира општината, составена од членови со ХИВ позитивни дијагнози, ги изразува своите чувства на лутина кон љубовниците – зависници од дрога кои им ја пренеле болеста. Некои од членовите, кои биле зависници од дрога и на тој начин се заразиле, молчат. Џастин вели, намерно не гледајќи во оние кои молчат: „Проклети да се, молчат“. Терапевтот, Лаура, прашува: „Што се обидуваш да кажеш?“ Џастин одговора: „Ја мразам тишината. Корисници на дрога како тие ми ја дадоа болеста“. Ли одговара: „Молчам затоа што имам чувство дека нема да ми дозволиш да бидам лут што ја имам оваа болест? Сам си ја навлеков? Мислиш ли дека знаев дека ќе ја добијам? Јас немам кого да обвинувам? Ти барем имаш? Еве, можеш да ме обвиниш мене“.

По неколку изливи на лутина, и повторна тишина, разговорот се префрлува на тоа, дека не вреди да се обвинува никого. Дерил почнува тивко да плаче. Џастин се доближува до него велејќи: „Извини ако те навредив и вознемирив. За тоа ли плачеш?“ „Не“– вели тој „Плачам зошто не сакам да умрам. Но залудно е. Можеби и ќе и се вратам на дрогата. Каква иронија. Се откажав од дрогата само за да откријам дека и онака е доцна за сè.“ Ли вели: „Знам, но кога така зборуваш почнувам и јас да се чувствувам беспомошно. Но тогаш си велам дека е подобро да не се биде беспомошен. Не сакам ни ти да се чувствуваш беспомошно.“ Тод се вклучува: „Ма не, по ѓаволите. Цел на ова група е да ни помогне да најдеме поддршка.“ Џастин вели: „Но што ако постои само бездна, а нема надеж?“ Тод вели: „Ама ајде Џастин, мораш да имаш надеж.“

Други се вклучуваат, нудејќи поддршка, а разговорот се свртува кон желбата да се продолжи да се живее. По некое време, терапевтот им се обраќа „Кажавте доста тешки работи. Можеби ќе ви помогне ако размислите како реагиравте на она што си го кажавте меѓу себе“. По кратко молчење, Фелици-

ја почнува „Па, сметам дека Џастин овде наседна неколкумина, а тоа не ми се допаѓа. „Кажи и го тоа на Џастин“ – инсистира терапевтот. Фелицијa продолжува, гледајќи во Џастин „Како да си толку лута што мораш да ја испразниш лутината врз некого“. Џастин молчи. Терапевтот вели: „Џастин како реагираш на ова што ти го кажа Фелиција“? „Знам дека сфати“ – одговара Џастин, „Никој не сака да му се кажува дека наседнал некој друг. Дали и другите мислат дека тоа го направив?“ Марион вели дека чувствува дека Џастин е помалку толерантна кон корисниците на дрога отколку кон хомосексуалците. Терапевтот вели „Марион, би ни помогнала кога би ни прецизирала како таа тоа го покажува“. Марион вели: „Токму на овој состанок го увидов тоа“. Терапевтот вели: „Кога увиде дека тоа го прави, како се чувствуваше?“ Марион вели дека се чувствувала вознемирено бидејќи сите во групата се обидуваат да живеат со ужасната судбина, па и вели на Џастин „Го заборавaш тоа и сомневаш. Знам дека боли. И мене ме боли, и тоа не само за себе туку и за сите нас“. Дерил истакнува: „Мило ми е што кажа дека и тебе те боли, Марион, бидејќи мислев дека ние само ја провоцираме Џастин, бидејќи не можеме да се занимаваме со себе си“. Наведнати глави пропратени со тишина која трае неколку моменти.

Терапевтот прашува „Кои други реакции ги имате на она што вечерва беше кажано?“ Тод му вели на Ли дека го цени она што го кажал во врска со неговото чувство дека не би можел да обвини никој друг освен себеси: „Дотогаш не знаев како се чувствуваш„. „Дали на некој начин тоа те направи поблизок со него?“ – прашува терапевтот. „Да“ – одговара Том „и гледам колку сум сличен на тебе Ли, бидејќи без оглед дали си земал дрога, или си хомосексуалец како мене, на крајот повторно се обвинуваш само себе си што си ја добил болеста. Тоа претходно го немав увидено во потполност.“

Терапевтот вели: „Денес се чувствував посебно поврзан со вас. Рековте многу нешта кои ме погодија. Ја ценам вашата храброст да изнајдете излез, Тод, Фелиција и Марион. Џастин, Дерил и Ли, ја ценам и вашата сила во споделувањето на очајот“.

## *Дискусија*

Групата започнува брзо да се придвижува кон повисок степен на интензитет. Во тој момент, бидејќи се изразуваат многу чувства, не е соодветно терапевтот да бара од членовите на групата да направат пауза и директно да изразат што чувствуваат во врска со тоа што го кажуваат. Премногу нешта се кажуваат; терапевтот одвај да бара објаснување потоа. Откако ќе стане очигледно дека членовите го изразиле она за што имале потреба, терапевтот ги почнува обидите да ѝ помогне на групата да го разгледа значењето на ин-

теракциите, обидувајќи се да го осмисли резултатот од меѓусебните придонеси и напнатите афекти. Почетните изрази на бес и очај не се типични за ваква вообичаена група на поддршка; ова е уште една причина зошто терапевтот не интервенира во неа. Кога изгледа дека членовите завршиле со оддишката, почнуваат инструкциите и насочувањето кон feedback.

Кога Фелиција се обидува да ѝ возврати со feedback на Џастин, но не и се обраќа директно, терапевтот интервенира со: „Кажи ѝ на Џастин". После тоа, членовите директно се обраќаат еден на друг. Следната интервенција на терапевтот е што бара од Марион да биде поспецифична во врска со тоа што го кажала Џастин. Токму тогаш Марион увидува дека Џастин го изразила овој негативен став кон корисниците на дрога прв пат на овој состанок. Оваа интервенција оневозможува групата да глобализира врз основа на само еден инцидент. Барајќи од Марион да се изјасни што мисли во врска со она што го кажала Џастин, ја оспособува да прифати одговорност за сопствените болни реакции. Барајќи од групата реакции на меѓусебните постапки, терапевтот го свртува вниманието од Џастин, создавајќи можности и за другите да даваат и примаат feedback.

Конечно, како што процесот се движи кон природен заклучок, терапевтот го изнесува и сопственото гледиште и чувства во врска со однесувањето на членовите.

## *Заклучок*

Беше дискутирано за проценката и она на што терапевтот при користењето на техниките за постигнување цел става посебен акцент. Посебно внимание беше посветено на петте техники: ***вежбање улоги*** и ***програмирање*** се две техники кои се директно експериментални според целта. Преку нив членовите на групата и други за нив релеванти лица можат целосно да стапуваат во интеракција во рамките на состаноците, како во измислени така и во реални ситуации, а заради задоволување на своите потреби. Овие поекспериментално ориентирани техники водат кон проучување на начините на интеракција кај членовите на групата. *Групното рефлективно разгледување, интерпретацијата* и *feedback-от* се одвиваат во поврзаност со вежбањето улоги и програмирањето. Тие се користат за да се фокусира вниманието и напорите кон сценаријата и идиосинкратичните реакциони шеми на групата и нејзините членови, а кои се јавуваат во процесот на промените.

(Превод од англиски – *Сузана Борнарова*)

*Compton/Galaway*

# ИНТЕРВЕНЦИОНИ УЛОГИ

## *Дефиниција*

Планот на активности бара од вас да му помагате на клиентот при идентификацијата и спроведувањето на решението на проблемот за работа. За да можете да го направите тоа, вие ќе преземете повеќе интервенциони улоги. Ние ја дефинираме интервенцијата во релативно ограничена смисла, како активности кои се преземаат после развивањето на договорот за работа а со цел да се остварат целите специфицирани во договорот за работа. Некои социјални работници го користат овој термин во поглобална смисла, мислејќи притоа на сите активности во социјалната работа, вклучувајќи ги тука собирањето податоци и проценката. Сепак, ние сметаме дека дефинирањето на интервенцијата како нешто различно од собирањето податоци и проценката ќе ги стави овие три аспекти на социјалната работа во поурамнотежен однос и ќе стави соодветен акцент на потребата да се постигне договор со апликантот пред да се отпочне со кои било активности насочени кон промени. Согласно ваквата дефиниција, интервенционите улоги на социјалниот работник прават тој да се однесува онака како што од него очекува и странката (индивидуа, семејство, група или локална заедница) и самиот социјален работник, заради постигнување на целите специфицирани во договорот за работа.

Ќе ги разгледаме петте ***интервенциони улоги*** – социјален брокер, оспособувач, учител, медијатор и застапник. Некои автори различно ги класифицираат улогите на социјалниот работник, на пример, Charles Grosser (1965) говори за улогите на брокер, оспособувач, ***застапник*** и активист во работата за развој на локалната заедница. Во литературата се среќаваат осврти и на дополнителни улоги какви што се терапевт (Briar, 1967б), охрабрувач (Biddle и Biddle, 1965), омбуцман (Payne, 1972), преговарач (Brager и Jorcin, 1969), лобист (Mahaffey, 1972) и валидатор (Tobias, 1990).

Интервенционите улоги: брокер, оспособувач, учител, медијатор и застапник обезбедуваат рамка за размислување во врска со интервенционите активности кај системите од која било големина, почнувајќи од индивидуата

па се до заедницата. Оваа рамка е независна од специфичните модалитети на промени кои претендираат да се зголемуваат и намалуваат со текот на времето; неколку автори даваат сопствена листа на интервенциони модалитети (Roberts и Nee, 1970; Rothman и Tropman, 1987; Tropp, 1968; Whittaker, 1974).

## *Социјален брокер*

За да ја разбереме улогата на социјалниот брокер, да разгледаме една споредба. Берзанските брокери им помагаат на своите клиенти да си ги одредат средствата, проценат ризикот на толеранција, и развијат инвестиционите цели. Потоа тие ги користат своите врски и познавањата на пазарот за избор на добра во склад со целите на клиентот. Што станува пак со вистинските брокери за недвижнини? Посредниците за продажба на недвижнини помагаат во анализата на ресурсите и потребите на клиентите и одредување на целите во врска со посакуваниот изглед на куќата, а потоа, врз основа на нивните познавања на пазарот на куќи, се постигнува целта на клиентот. Слично на ова, брокерот во социјалната работа ја поврзува странката со останатите ресурси во локалната заедница, а со цел да се остварат целите специфицирани во договорот за работа. Да се служи како ***социјален брокер*** бара широки познавања на ресурсите со кои располага локалната заедница, како и познавање на процедурите на работа во институцијата, за да можат да се воспостават успешни врски.

Вие работите како социјален брокер тогаш кога ќе издејствувате странката да добие брачно советување, вработување или подобрени услови на живеење; кога донесувате експерти од надвор кои ќе им понудат вредни информации на групите; или кога ќе ѝ помогнете на некоја група од локалната заедница преку изнаоѓање извори за финансирање програми или дополнителна експертиза однадвор.

Посредувањето е основна активност на социјалниот брокер. Во многу случаи, најважната услуга која можете да ја понудите е да и пружите помош на странката да ги изнајде и искористи потребните ресурси – не само формалните социјални служби и програми во локалната заедница, туку и клубовите, организациите и асоцијациите во кои можеби странката сака да партиципира.

## *Оспособувач*

Во улога на оспособувач, вие и помагате на странката да изнајде сила потребна за справување со потешкотиите и ресурси со кои самата таа распо-

лага, со цел да се создадат промените кои ги бараат целите од договорот за работа. Промената се јавува како резултат на напорите на странката; ваша одговорност е да поттикнете – или овозможите – странката да ја постигне утврдената промена. Едно често недоразбирање е тоа што оспособувачот ја поттикнува промената само кај странката или потесните односи во кои тој стапува. Сепак, оспособувачот може исто така да и помогне на странката да изнајде начини за промена и на средината.

Вие сте *оспособувач* кога и помагате на една група соседи да размислат за потребата од нов центар за дневна грижа, утврдување на факторите кои мора да се земат во предвид при воспоставување на центарот, и планирање на чекорите кои би можеле да се преземат при обезбедувањето на таа дневна грижа; кога ѝ помагате на една група да ги открие изворите на внатрешниот конфликт и другите фактори кои го попречуваат движењето кон дефинираните цели, а потоа и да ги открие начините за справување со овие потешкотии; и кога ѝ помагате на една мајка да ги открие проблемите во нејзиниот однос со своето дете и да ги утврди и избере алтернативните насоки за активности кои би можеле да се преземат со цел да се подобри тој однос.

Оспособувачите можат да ја поттикнуваат вербализацијата, оддишката на чувствата, да ги проучуваат шемите на односи, да нудат охрабрување и утеха, или да се впуштаат во логични дискусии и рационално одлучување. Она што Tobias (1990) го нарекува улога на валидатор може воедно да биде еден аспект на оспособувањето: „Функција на валидаторот е да ги потврдува, легитимизира, поткрепува или потврдува чувствата, идеите, вредностите или верувањата на странката како добро-засновани, точни или автентични за системот на странката". Тобиас оваа улога ја смета за особено важна при работа со ментално болни странки, „кои од почетокот на нивната болест доживееле конфузија и болни чувства и идеи, пореметени перцепции и оштетено расудување... пропратени со години на институционална делегитимизација, дисквалификација и негирање". Улогата на оспособувач првенствено подразбира повеќе контакти со странката отколку со надворешните системи.

Некои социјални работници се несклони себеси да се гледаат како оспособувачи поради негативната конотација на овој збор во поглед на зависноста. Можеби ќе биде корисно да се направи разлика помеѓу позитивното и негативното оспособување. Негативното оспособување – на пример, оправдувањето на прекумерна употреба на алкохол поради стрес, деликвенција или криминал поради невработеност, или физичко малтретирање на брачниот другар поради незадоволство – е несоодвено во социјалната работа. Луѓето се одговорни за одлуките кои ги донесуваат; наша одговорост е да им помогнеме на странките да ги разгледаат таквите одлуки и можните импликации од нив. Од друга страна, позитивното оспособување вклучува помош за индивидуите

и групите да ги присоберат силите и да им одговорат на проблемите со кои се соочуваат. Стресот, на пример, може да се совлада преку вежби, медитација или вклучување во група за справување со стрес, подобро отколку со консумирање алкохол.

## *Учител*

Во улогата на учител, можете да ѝ обезбедите на странката информации неопходни за справување со проблемските ситуации, да ѝ укажете помош на странката при учењето нови начини на однесување или способности, или примарни начини на алтернативно однесување. Вие ја вршите улогата на ***учител*** кога на сиромашните родители им давате информации во врска со купувањето и исхраната, или кога на родителите им давате информации во врска со детскиот развој заради справување со тешкотиите околу децата; кога на адолесцентот му демонстрирате различни начини на кои може да одговори на авторитетот на наставниците, преку играње улоги; кога учите група соседи како да побара позачестени комунални услуги од градското собрание; и кога внимателно го проверувате значењето на зборовите и фразите и нудите модел за јасна комуникација.

Како и оспособувачот, учителот ги јакне способностите на странките да се справуваат и да внесуваат промени во проблемите од ситуацијата во која се наоѓаат. Додека оспособувачот им помага на странките да ги мобилизираат постоечките ресурси, учителот воведува дополнителни ресурси во системот на странката.

Учењето е важен аспект на праксата на социјалната работа. Во некои случаи, информациите кои ги нудите можеби се доволни за остварување на целите. Но, не мешајте го давањето информации со давањето совет. Давањето информации подразбира давање податоци, инпути и знаења за кои странките слободно можат да изберат дали ќе ги искористат или не, соодветно на тоа како ним им одговара. Давањето совет подразбира дека знаете што е најдобро за странката; затоа вие ретко ќе давате совети. Schwartz (1961) дава три важни предупредувања во врска со нудењето информации:

1. Мора да признаете дека информацијата која ја нудите е само еден мал дел од расположливото социјално искуство.
2. Информациите треба да се поврзани со проблемот на кој се работи.
3. Можностите треба јасно да се одредат како можности, а не да се презентираат како факти.

## *Медијатор*

Медијацијата вклучува напори да се разрешат споровите помеѓу системот на странката и други лица или организации. Ако едно младо лице е протерано од училиште, а цел на договорот за работа е да се врати тој ученик на училиште, можеби ќе треба да делувате како медијатор помеѓу младото лице и училишните авторитети. Ако една соседска група сака да се здобие со игралиште, а нема доволна политичка моќ да го направи тоа поради ривалства со други соседски организации, можеби ќе треба да делувате како медијатор помеѓу тие две организации.

Во улога на медијатор, вие ќе им помагате на странките и на спротивната страна во изнаоѓањето заедничка основа врз база на која ќе се постигне решавање на конфликтот. Постои се повеќе литература за медијацијата и решавањето конфликти (Dillon и Emery, 1996; Folger, Poole, & Stutman, 1993; Savoury, Beals & Parks, 1995). Вие ќе работите на олеснување на комуникацијата помеѓу страните преку поттикнување на нивниот меѓусебен разговор; споделувањето информации и убедувањето би можеле исто така да бидат корисни.

При делувањето како медијатор, вие:

- ќе се обидете да издејствувате приближување на спротивставените интереси на двете страни од конфликтот
- ќе и помогнете на секоја од страните да ја признае оправданоста на интересите на другата страна
- ќе им помагате на страните во идентификувањето на заедничките интереси заради успешен исход
- ќе избегнувате ситуации во кои преовладуваат темите на победа и пораз
- ќе се обидувате да го локализирате конфликтот на специфични проблеми, времиња и места
- ќе го расчлените конфликтот на посебни проблеми.

При работата со групи и семејства, улогата на медијатор ќе се покаже како полезна и при разрешувањето спорови во рамките на системот на странките. Ваквата ***медијација*** може исто така да се смета за оспособување, бидејќи разрешувањето на споровите од интрасистемот ѝ овозможува на странката да ги мобилизира ресурсите и да се движи кон целите од договорот за работа. Дебатата околу тоа кога медијацијата е медијација, а кога е оспособување не е особено корисна, иако таа го илустрира поклопувањето помеѓу различните интервенциони улоги.

Како и терапијата, и медијацијата е специјалистичка функција во социјалната работа. Социјалните работници можат да се специјализираат исклучиво за медијација; некои од нив би можеле дури и потесно да се специјализираат за медијација при конфликти меѓу родители и адолесценти, на пример, или медијација при конфликти во случаи на развод во врска со доделување на детето. Одвреме -навреме, во вашата пракса ќе ги користите вештините на медијација и разрешување конфликти и, како брокер, ќе упатите некои од странките кај медијатор – специјалист.

## *Застапник*

Како застапник, ја презентирате и расправате околу намерата на странката тогаш кога е тоа неопходно да се постигнат целите од договорот. Charles Grosser (1965) забележува дека во социјалната работа, како и во правната професија, застапникот не е неутрален туку е застапник на странката која ја поддржува. Разгледувајќи ги концептите на застапувањето во социјалната работа, Michael Sosin и Sharon Caulum (1983) заклучуваат дека е потребна попрецизна дефиниција, а за да ја задоволат таа потреба, го дефинираат застапувањето како обид, со можност за успех поголема од нула, од страна на една индивидуа или група да се влијае врз друга индивидуа или група да донесат одлука која инаку не би била донесена и која се однесува на добробитот на интересите на некое трето лице кое се наоѓа во помалку моќна состојба од оние кои ги донесуваат одлуките.

Како застапник вие ќе спорите, дебатирате, преговарате и манипулирате со средината во интерес на странката. Застапувањето се разликува од посредувањето. При посредувањето напорот е насочен кон обезбедување решение на спорот преку давање и земање од двете страни; при застапувањето, напорот е насочен кон победа за странката. Напорите во застапувањето се често насочени кон обезбедување на оние добивки на кои странката има право. Повеќето социјални работници го применуваат застапувањето (Ezell, 1994), иако веројатно помалку често од останатите улоги (Herbert и Levin, 1996).

За разлика од улогите на брокер, оспособувач, учител и медијатор, застапувањето може да се применува без директна инволвираност на странката. Ова создава ризик од продолжување понатаму без јасен договор со странката да се направи тоа (Torczyner, 1991). Адвокатите не стануваат застапници на странките се додека тие не ги задржат и не ги овластат да работат за нив; слично на ова, и вие би требало да бидете сигурни дека имате експлицитен договор со странката пред да стапите во ***застапување***.

### *Улогите и специјализацијата*

Бидејќи одвоено дискутиравме за интервенционите улоги, можеби заклучивте дека овие улоги можат да служат како основа за специјализација во социјалната работа. Секако, некои од овие улоги, каква што е улогата на медијатор, можат да се развијат како специјализирана пракса. Сепак, еден општ социјален работник треба да биде способен да работи како брокер, оспособувач, учител, медијатор и застапник; специјализацијата би ја ограничила вашата способност да им помагате на странките. Доколку сте оспособени за сите улоги, вие и странката би можеле да ја изберете најсоодветната интервенциона улога за секоја ситуација; ова обезбедува збир на можни средства за постигнување на целите.

Забележете дека планот за интервенција може да содржи комбинации елементи од различни улоги. Како илустрација, би можеле да го разгледаме процесот на посредување, главен дел на улогата – социјален брокер. Посредувањето вклучува три различни чекори: подготовка на странката; подготовка на организацијата која посредува; и проследување. При подготовката на странката, со неа дискутирате што ќе вклучи посредувањето и што очекува институцијата која посредува. Усвојувајќи ги улогите на оспособувач и учител, ѝ овозможувате на странката ефективно да ја искористи институцијата за посредување.

При подготовката на институцијата за посредување, споделувате информации во врска со странката, со знаење и вообичаено одобрување од страна на странката. Во некои ситуации, институцијата може да покаже отпор кон прифаќање на посредувањето; тогаш можеби ќе треба да се послужите со медијација или застапување. Откако странката ќе воспостави првичен контакт со институцијата за посредување, вие ќе извршите проследување и кај странката и кај институцијата. Во идеален случај, проследувањето треба да биде дел на првичното планирање. Како резултат на проследувањето можеби ќе дознаете за отпорот кој постои кај странката или институцијата за посредување, за што можеби повторно ќе бидат потребни вештините на оспособување, учење, медијација и/или вештини на застапување.

Моделот на социјално посредување, дополнет со други интервенциони улоги, е централен дел на системот на формалната социјална помош и социјална заштита. Со цел да се обезбедат корисни социјални услуги, мора да сте способни да ја вклучите странката во развивањето на договорот за работа и да ѝ помогнете на странката да изнајде и да ги искористи ресурсите неопходни за постигнување на целите од договорот. Ваквиот пристап бара способност за хуманизирање на начините на кои се доставуваат услугите и помош за институциите да ги исполнат своите обврски кон странките.

## *Заклучок*

За договорот за работа преговараат социјалниот работник и странката. Во него се дефинира проблемот за работа, се специфицираат целите, и се нуди план на активности формулиран заради придвижување од проблемот кон целите. Договорот за работа е заложба и на страната на социјалниот работник и на страната на странката да го спроведат планот; за промените, се разбира, може заеднички да се преговара. Еве три важни принципи:

1. Заедничкото преговарање околу договорот за работа вклучува удел и од социјалниот работник и од апликантот. Не се плашите да го дадете соодветниот удел; вашето професионално расудување, искуство и минато, сè се тоа извори на знаења и информации кои треба да ѝ бидат на располагање на странката при одлучувањето. Клучно е да се дојде до договор за работа кој е израз на најдобрата заедничка оценка, ваша и на апликантот.

2. Во пристапот – екосистем, вие и апликантот морате да го имате во предвид најширокиот можен обем на цели и интервенциони пристапи: цел на промените може да биде апликантот, средината, или интеракцијата помеѓу нив. Од ниту еден социјален работник не може да се очекува да ги владее сите стратегии за промени, но треба да сте свесни за репертоарот на стратегии за промени кои постојат во вашата професија и да ѝ помогнете на странката да ја избере најсоодветната стратегија. Доколку не можете да ја понудите услугата, би требало да можете да ја пренасочите на друго место во заедницата.

3. Развивањето на договорот за работа е сознаен процес кој вклучува размислување, резонирање и одлучување. Чувствата се важни, но планирањето треба да се прави на рационална основа. Се разбира, планирањето може да вклучува планови и во врска со чувствата. Интервенционите напори треба да се засновани на намерен рационален договор за работа за кој се преговарало заедно со странката.

Интервенцијата се дефинира како активност на социјалниот работник насочена кон постигнување на целите од договорот за работа. Петте интервенциони улоги за кои се дискутираше – социјален брокер, оспособувач, учител, медијатор и застапник – често можат да се искористат за постигнување на истите тие цели; ова на вас и на странката ви нуди алтернативни пристапи кон интервенцијата. Покрај тоа, улогите можат да се користат заедно една со друга. Општата социјална работа ќе претендира насоченост кон социјалното посреду-

вање во кое се користат оспособувањето и учењето заради подобрување на пристапот на странката кон ресурсите кои постојат во заедницата, а медијацијата и застапувањето се користат за да се влијае врз доставувањето на ресурсите до странките.

Како што видовме, вие и странката постепено ќе се движите од проблем на проблем; отколку да се обидувате да ги разрешите сите проблеми одеднаш. На ваков начин, вие континуирано ќе преговарате и ќе менувате соодветни договори за работа и планови на активност. Договорите за работа мора да се доволно флексибилни за да можат да бидат променети доколку странката има потреба или сака промена (Schulman, 1992; Tolson, Reid, – Garvin, 1994). Можат да искрснат и нови или ревидирани договори врз основа на она што заеднички го имате научено; социјалната работа е развоен процес (Rothery, 1980).

(Превод од англиски – *Сузана Борнарова*)

*Calvin L. Streeter/David F. Gillespie*

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Социјалната мрежа може да се дефинира како било кој збир на поврзани социјални единици. Оваа дефиниција осветлува три важни карактеристики на социјалните мрежи. Прво, мрежите имаат свои граници. Тоа значи дека постојат некои критериуми кои ја одредуваат припадноста во мрежата. Во некои мрежи, како што се семејните системи, групите на пријатели и работните тимови, границите релативно правилно и лесно можат да се одредат. Но, социјалните мрежи се смета дека се вградени во пошироките социјални системи. Оттука, понекогаш е тешко да се направи разлика помеѓу мрежата и нејзиниот поширок социјален контекст. Дефиницијата на границите е клучниот прв чекор во проучувањето на социјалните мрежи.

Вториот клучен елемент на дефиницијата е „поврзаноста" во социјалните мрежи. За да биде дел од една социјална мрежа, секој припадник мора да има или стварна или потенцијална поврзаност со барем еден припадник на таа мрежа. Овие врски можат да бидат директни или индиректни. Додека некои припадници се наоѓаат на периферно место во мрежата или се скоро целосно изолирани, секој од нив мора на некаков начин да биде поврзан со останатите припадници на мрежата, доколку сака да се смета за дел од таа мрежа.

Третиот клучен аспект на оваа дефиниција е социјалната единица. Анализата на мрежите може лесно да се примени кај широк обем на социјални единици. Тоа можат да бидат индивидуи, како во случајот со мрежите на социјална поддршка. Но, исто така, тоа можат да бидат служби за социјални услуги, социјални институции во локални заедници, или цели нации во рамките на глобалното општество. Во една разнолика професија каква што е социјалната работа, анализата на социјалните мрежи има директно влијание врз проучувањето на клиничката пракса, анализата на социјалната политика, организацијата на заедницата и организациониот менаџмент.

Концептот на социјални мрежи отелотворува еден сложен збир на социјални феномени, а проучувањата на социјалните мрежи опфаќаат разгледување на различен збир карактеристики. Како начин на групирање на овие кар-

актеристики, ние ги класифициравме во две главни категории: карактеристики на врски и структурални карактеристики. Табелата 1 е краток приказ на карактеристиките кои подпаѓаат под овие две димензии.

Карактеристиките на врски се фокусираат на содржината на врските меѓу припадниците на мрежата и на формата на овие врски. Проучувањата на карактеристиките на врски имаат за цел да се разбере зошто една мрежа постои и да се потврдат функциите кои произлегуваат од врските меѓу припадниците на таа мрежа. Проучувани се два аспекта на карактеристиките на врски: трансакционата содржина и природата на врските. Трансакционата содржина се однесува на протокот или на сето она што се разменува во рамките на мрежите. Утврдени се четири основни видови на размена: ресурси, информации, влијанија и социјална поддршка. Природата на врските се однесува на квалитетот на врските меѓу припадниците на мрежата.

Додека карактеристиките на врски се однесуваат на содржината на врските, структуралните карактеристики го опишуваат начинот на кој припадниците се здружени во формирањето на социјални мрежи. Структуралните карактеристики на мрежите можат да се поделат на три нивоа на анализа: индивидуални припадници, подгрупи, и целосни мрежи. Мерките на индивидуалните припадници на мрежата ги опишуваат разликите во нивната поврзаност со останатите припадници на мрежата. Овие разлики можат да се користат за идентификување на индивидуалните улоги во мрежата, како што сè: ѕвезда, врска, мост и чувар (Tichy и Fombrun, 1979; Paulson, 1985). Мерките на подгрупите како единица за анализа ги претставуваат структурните карактеристики на групите во рамките на целата мрежа. Повеќето социјални мрежи имаат области на концентрација кои имаат повеќе врски или поврзаности меѓу припадниците отколку други. Овие концентрации се проучуваат како групи. Мерките кои се користат на ова ниво ги опишуваат како структуралните карактеристики на самата подгрупа, така и тоа како подгрупата се вклопува во целата мрежа. Кога целата мрежа е предмет на анализа, не се дели на подгрупи. Мерките кои се користат на ова ниво ги опишуваат општите шеми на односи меѓу сите припадници на мрежата.

# Табела 1

## Карактеристики на социјалните мрежи

---

*Карактеристики на врски*

Трансакциона содржина

Ресурси: физички добра, персонал, услуги
Информации: описи, мислења, идеи, факти
Влијанија: моќ, престиж, легитимитет, совет
Социјална поддршка: комфор, поттик, инспирација

Природа на врските

Важност: значајност на врската
Фрекфенција: стапка на повторно јавување
Формализација: официјално признавање
Стандардизација: дефинирани постапки и единици на размена

***Структурални карактеристики***

Индивидуални припадници на мрежата

Централитет: број на врски со други припадници
Поврзаност: припадност на повеќе од една подгрупа
Оддалеченост: број на врски кои поврзуваат двајца припадника

Подгрупи

Број: број на подгрупи
Големина: број на припадници во секоја подгрупа
Поврзаност: степен на поврзаност на подгрупите
Отвореност: број на врски надвор од подгрупите

Цела мрежа

Големина: број на припадници на мрежата
Густина: стапка на стварни потенцијални врски
Хиерархија: степен на насоченост на врските нагоре
Централитет: степен на насоченост на врските преку една или неколку централни единици во мрежата

(Превод од англиски – *Дивна Лакинска – Поповска*)

*Mildred Daley Pagelow*

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## *Концепции и дефиниции*

Што се подразбира под терминот семејно насилство?

На прв поглед прегледот на оваа книга укажува на содржини како што се: злоупотреба на дете; злоупотреба на сопруг/сопруга или злоупотреба на родители. Овие теми вообичаено се прифатени како насилно однесување кое често се однесува на употреба на сила при што се нанесуваат повреди или оштетувања на личноста или личностите. Истражувачкиот тим Straus, Gelles и Steinmetz, чијшто проект за ***семејно насилство*** не го вклучува запоставувањето и инцестот како насилство, ги дефинираат термините – вообичаено (благо) насилство и јако (опасно) насилство на следниот начин:

Вообичаеното насилство е „чин спроведен со намера, или свесна намера да се предизвика физичка болка или повреда на други лица", „физичката болка" се рангира од мала болка, шамар, до убиство (1980, 20) ... Ние го дефинираме овој тип на насилство (јако насилство) како „чин со силна намера да се повреди лицето што е удрено" (1980, 22).

Злоупотреби кои се однесуваат на телесни повреди лесно се одредуваат како типови на насилство. Но овој материјал опфаќа и други однесувања како што се запоставување и инцестот, кои не се вклопуваат во вообичаената дефиниција за насилство. Меѓутоа, постои и дополнително мислење за терминот насилство, кое вклучува неоправдана употреба на сила и авторитет како и депривација на човековите права. Во поширока смисла употребата на терминот насилство овде се однесува на злоупотреба или погрешна употреба на сила и авторитет на некои членови во семејството кон други на кои со тоа им се одземени нивните индивидуални и граѓански права. Спрема ваквата концепција, ***инцестот*** е тип на семејно насилство, иако не вклучува насилство во форма на физички напад, тој секогаш вклучува злоупотреба на сила, моќ, авторитет.

На деца кои се емоционално или физички запоставувани или сексуално злоупотребени, им се одземени нивните индивидуални права да го развијат во потполност својот потенцијал.

Дефиницијата на Gil (1975, 347) за детското злоупотребување е слична со авторовата концепција на терминот насилство. Така базирајќи се на Гиловата дефиниција, но со мала модификација, дефиницијата за семејното насилство која се користи во овој материјал е:

Семејното насилство вклучува секаков чин на телесни или психолошки повреди од страна на членовите на семејството, и било кои состојби кои се резултат на таквите чинови, или инертност што им ги одзема правата и слободата на другите членови, или го попречуваат нивниот оптимален развој и слобода на избор.

Некои може и да не се сложуваат со ваквата интерпретација и избор на овој термин, но тој помага да се потенцира идејата дека кога човековите права се нарушени (запоставени) меѓу членовите на исто семејство, тогаш станува збор за насилство над правата и слободата на избор на тие луѓе, без разлика дали се деца или возрасни.

Под одделот семејно насилство се подразбираат бројни типови на злоупотреба меѓу членовите на семејството. Понекогаш во семејната заедница се појавува еден единствен тип на злоупотребување, другпат се појавуваат мултиплицирани форми во истите семејства меѓу еден агресор (напаѓач) и жртвата; или еден агресор со повеќе од една жртва или комбинирано. Општо, има три основни типа на злоупотребување поделени како жртви-дете; сопружник; родители, но има поголеми разлики кои се базираат врз тоа кој или кои се злоупотребувачите. На пример: Децата се злоупотребувани од еден или двата родитела или пак од други деца; сопружничкото злоупотребување вклучува злоупотреба на сопруг спрема сопруга и обратно; додека злоупотребата на родители опфаќа насилен акт од страна на адолесценти или тинејџери, или кога се во прашање постари родители од нивните возрасни деца.

Концептот кој најчесто се поврзува со детското малтретирање е злоупотребата на дете што според речникот значи „да се употреби погрешно, да се повреди при лошо однесување, да се запостави, да се навредува, колне, да се нарекува со погрдни имиња".

Авторот на овој текст, термините злоупотребување и запоставување ги издвојува посебно. Под терминот злоупотреба се подразбира физички и психолошки акти со телесни повреди, додека под терминот запоставување се подразбира физичка и психолошка запоставеност. Кога и двата чина злоупотребувањето и запоставувањето се присутни тие го формираат терминот малтретирање.

Многу автори не ја прават оваа поделба така што често се користи само терминот злоупотреба под кој се подразбира и злоупотреба и запоставување.

Според претходно изнесеното, тешкотиите за проучувањето на семејното насилство веќе станаа очевидни. Различните дејствија и актерите на ис-

тите се мултиплицираат во мноштво феномени, кои понекогаш се разликуваат а понекојпат се преклопуваат. На пример: некои деца се и физички злоупотребувани и физички запоставувани (како што е тепање и изгладнување); додека други можат да бидат физички и емотивно злоупотребувани, но не и запоставени (тепани и нарекувани со лоши имиња). Други деца се појавуваат како жртви на физичко и психичко запоставување (не им се посветува никакво внимание на нивните потреби).

Комбинациите на типовите акти на насилство во семејството се безгранични, така што не треба да нè изненади тоа што истражувачите се специјализираат за одредени типови злоупотреби, каде што вообичаено се рефлектира нивната професионалност и понекогаш нивните лични интереси.

Покрај многукратните чинови и актери, на сцената на семејното насилство, постојат многу сериозни проблеми и при дефинирање на термините. Што е злоупотребување? Што е запоставување? Дали удирањето шлаканица врз детето е насилство? Ако сопругот и удри шлаканица на својата сопруга, дали е тоа претепување?

Бидејќи има голем број истражувачи, теоретичари и специјалисти кои се занимаваат со овој проблем, одговорите се различни во зависност од тоа кој ги предлага. Дури и за проблемот на малтретирање на детето тема која што е најмногу проучувана во склоп на семејното насилство, не постои унифицирана јасна и концизна дефиниција која би била прифатена од сите. Според Сојузниот акт за превенција и лекување на злоупотребените деца, од 1974 год. со амандман од 1978 год., Конгресот на САД (во понатамошниот текст – Конгрес – заб. на уред.) ја промовирал следната дефиниција како закон:

Под злоупотребување и запоставување на дете се подразбира физичка или ментална повреда, сексуално злоупотребување, запоставеност или малтретирање на дете под осумнаесет години, или степен на возраст на дете на кое според Државните закони му е одредена заштита од страна на личност што е одговорна за благосостојба на детето под услови кои индицираат дека здравјето или добрата состојба на детето е повредена или загрозена ....

На прв поглед ова изгледа доволно концизно, но социологот Richard Gelles (1975, 45) се прашува „што се подразбира под ментална повреда“, „несоодветно воспитување“, „малтретирање“, „повреда“ или „законувачка повреда“?

Многу дефиниции се циркуларни: феноменот е дефиниран со зборови кои имаат општо прифатено значење, како запоставеност со значење малтретирање или обратно.

Прирачникот за превенција на злоупотребата на деца издаден од Министерството за правда на Калифорнија, 1982 година, го поставува прашањето: „Што е злоупотреба на дете“? и го почнува својот одговор со следните зборови:

За многу луѓе злоупотребата на деца е потесно дефинирана како термин кој имплицира физичка злоупотреба. Во стварност, злоупотреба на дете е секој чин на запоставеност, пропуст или повреда која го загрозува или нарушува физичкото или емотивно здравје и развојот на детето. Ова опфаќа:

- физичко злоупотребување и телесно казнување
- емоционално злоупотребување
- емоционална депривација
- физичко запоставување и/или несоодветно надгледување
- сексуално злоупотребување и експлоатација.

Чинот на нанесување повреда или дозволување да дојде до повреда, а не степенот на повредата, е повик за интервенција.

Повторно може да се види дека „злоупотребата" е дефинирана како „злоупотреба", и понатаму дека „детското злоупотребување" е сеопфатна фраза и за физичката и за емотивната злоупотреба, како и за физичката и за емотивната запоставеност.

Ниту една од овие дефиниции не ги користи термините „намерно" или „со намера".

Дали ова значи дека сите оние недолжни родители кои живеат во градски супстандардни услови се криви што здравјето и развојот на нивните деца е загрозено заради животот во загрозената околина? Ако родителите не знаат како правилно да го хранат своето дете, дали се тие виновни за злоупотребување? Ако самохраната мајка повеќе часови од денот поминува на работа, дали таа го стопира емоционалниот развој на своето дете? А што е со несреќите?

Една од групите која со закон е назначена да поднесе извештај за сите сомнителни случаи на злоупотреба на деца е медицинската професија. Но медицинските работници се соочуваат со тешко решливиот проблем да прават разлики меѓу случајни и неслучајни повреди кои ги наоѓаат кај нивните пациенти-деца (Mc Neese и Hebeler, 1977). Одговорноста за одлучувањето меѓу детското злоупотребување и случајното повредување е во голем дел во рацете на лекарите, кои гледајќи многукратни модринки, можат да ги дијагностицираат како резултат на злоупотребување, иако ова во пракса се заснова на претпоставка, а поретко на сигурност за грешка на родителот (New berger at al. 1977, 178). Повреди без сведоци при самиот чин, може да резултираат како обвиненија за злоупотреба.

Од друга страна пак, според Калифорниската дефиниција, присуството на модринки дури не е ни потребно, бидејќи дефиницијата вели дека е важен самиот акт а не степенот на повреда за да се одреди дали станува збор за

злоупотребување или не. Следејќи ја таа линија на размислување родители кои ги потчукнуваат или ги плескаат своите деца без да им остават модринки можат да бидат обвинети за злоупотреба на дете.

Како што New Berger и Bourne (1978, 597) забележале, тешко е да се направи граница меѓу физичко казнување кое е „прифатливо" од она што е „незаконско". Треба да се спомене дека прирачникот од Министерството за правда во Калифорнија (1982) вклучува и „телесна казна" со физичка злоупотреба, сепак телесното казнување не подлежи на закон во јавниот училишен систем во Калифорнија. Можеби станува појасно колку е сериозен проблемот на дефинирањето на само еден тип на семејно насилство, а тоа е малтретирањето на деца. Потенцираме дека авторот на овој материјал верува дека ниту едно телесно казнување не е „прифатливо", при што „се согласува со истражувачите Straus, Gelles и Steinmetz (1980, 53) дека потчукнувањето и плескањето се само еден крај од континуумот на насилнички акти".

Како што забележавме и претходно, нема унифицирана дефиниција за запоставувањето на детето или чист, објективен критериум со кој експертите би се согласиле.

Освен најочигледните опасни по живот сурови акти кои се несомнено злобни, но кои го чинат најмалиот дел од сите идентификувани случаи на детска злоупотреба, повеќе дефиниции зависат од субјективната професионална процена (New Berger and Bourne 1978).

Како што забележува Gelles „не постои објективно однесување кое автоматски може да се препознае како злоупотреба на дете" (1979, 45). Истиот проблем се јавува и кај запоставувањето на детето. Само кога тоа ќе се појави во својата екстремна форма постои консензус дека станува збор за запоставување.

Авторот и други, злоупотребувањето и запоставувањето ги сметаат како одделни феномени, но дефинициите се понејасни и посложени.

Поголем број од литературата за детска злоупотреба е посветен на физичкото злоупотребување на децата. Запоставувањето е периферно. Други форми на малтретирање, како што се физичко запоставување и емотивно злоупотребување и запоставување се вклучени во терминот злоупотребување, како во претходно цитираната Калифорнисика дефиниција. Некои луѓе чувствуваат дека разликите меѓу физичко злоупотребување и запоставување се само теоретски терет затоа што тие често се преклопуваат. Вистина е дека понекогаш физички злоупотребените деца се и жртви на запоставување, но ова не е секојпат случај. Всушност, почеста е појавата дека физички злоупотребуваните деца исто страдаат и од психолошко злоупотребување како на пр. користење на погрдни имиња, отколку што патат од запоставување.

Еден феномен на запоставување кој во многу случаи збунува и претставува загатка за многу стручњаци кои се занимаваат со претепани деца е детска

интензивна лојалност и љубов кон нивните злоупотребувачи. Еден преглед во литературата го покажува спротивното. Родителите се најчесто длабоко врзани за своите деца и вообичаено имаат нереални желби и очекувања за своите деца. Според родителите во Анонимни родители – група за самопомош за родители со тешки проблеми, дошла до сознание дека родителите кои ги злоупотребуваат своите деца, вистински ги сакаат иако ги тепаат. Една мајка изјавува:

„Понекогаш ме полудува со својата непослушност. Многупати му повторувам да не прави нешто, а тој чека да ме нема и тогаш го прави тоа. Така еден ден, влегувам во собата којашто е целата во еден хаос, и навистина се налутив и го фатив и почнав да го удирам. Колку повеќе вриштеше, повеќе се разлутував се додека не го удрив толку силно што се удри во ѕидот и падна долу. Изгледаше толку малечок таму долу, како мала испокината кукла, сиот стуткан и само си помислив: „Господе! Што му сторив на моето малечко?" го земав во моите раце, го гушнав и му зборував тивко сè додека не се смири и заспа во моите раце. Изгледаше како мало ангелче спиејќи ми во рацете".

Моделот на периодично искажување на нежност и блискост пред и по тепањата е можеби еден од најважните фактори што емотивно ги поврзува жртвите и нивните злоупотребувачи (агресори). Некои родители физички ги злоупотребуваат своите деца, но сепак се цврсто поврзани и понекогаш „насилно премногу заштитнички настроени" кон нив (Brandon 1976, 7). Физичките рани се лечат со време. Ужасот може да биде заборавен, особено ако злоупотребувачите во секој друг поглед искажуваат љубов, а децата кои се тепани добиваат внимание, дури и ако е често погрешно. Повеќето злоупотребени деца не се истовремено и запоставувани.

Има многу повеќе запоставени деца во оваа земја отколку физички злоупотребени, без разлика дали намерно, од незнаење или заради сиромаштија, но многу деца дефинирани како физички запоставени се така етикетирани според субјективните оцени на социјалните работници кои ги наметнуваат своите сопствени норми и вредности на лица кои се различни од нив или лица кои не можат да ги разберат понекогаш парализирачките ефекти на сиромаштијата (Chase 1976; Pivon and Cloward 1971; Richatte 1969; Thomes 1974).

Децата се еластични и обично ги преживуваат нехигиенските услови или недостатокот на добра медицинска нега (земете ги нашите ниски санитарни стандарди од само пред 100 години или оние во примитивните земји денес).

Бидејќи David Gil (1970) ја увидел разликата меѓу физичко злоупотребување и запоставување како два различни феномена, се обидел да ги издвои случаите на запоставување во неговата обилна студија. Но пионерот во детската злоупотреба Vincent Fontana (1973) не се согласува со потребата да се прави цврста разлика и вели:

Иако сфативме дека е корисно од дијагностичка и терапевтска гледна точка да ја категоризираме физичката злоупотреба како една работа а запоставувањето како друга, почувствувавме дека ваквата разлика всушност има мала вредност за дете на кое му е потребна помош. Било кое третирање со кое развојниот потенцијал на детето е заостанат или целосно потиснат со ментално, емотивно или физичко страдање е малтретирање, без разлика дали е негативно (како во смисла на депривација на емотивните и спречување на материјалните потреби) или позитивно (како говорно злоупотребување или претепување) (Fontana 1973, 24).

Спротивставувањето на гледиштата наидува на остри поделби. Во 1952 година еден автор изјавил: „Има радикална разлика во карактерот меѓу случаи на запоставување и случаи на свирепост кон децата... Додека запоставувањето може да биде вид на свирепост, но многу почесто е предизвикано или потекнува од крајна сиромаштија и незнаење“ (Chesser цитирано од Zalha 1966,5). Неколку други автори се согласуваат со ова мислење така што Националниот центар за злоупотребени и запоставени деца (1980) собрал неколку излагања заедно во публикација која посебно се занимава со детското запоставување. Од друга страна пак, сите форми на детско малтретирање, типовите кои најчесто предизвикуваат најголеми и најдолготрајни повреди кај жртвите се емотивното запоставување и злоупотребување, иако овие се скоро целосно игнорирани од некои автори и истражувачи. Нема општи дефиниции, и кога се споменат емотивната злоупотреба и запоставување обично се дефинираат според нивните резултати или долготрајни ефекти. Емотивно запоставени или злоупотребени деца патат од недостаток на внимание или кога добиваат внимание тоа е од оној вид што го уништува имиџот што детето го има за себе. Штетите од сопствената деградација, недостаток на грижа и љубов кон него „ништожноста“ да расте во свет каде што никој не дава порака дека детето претставува личност, дека е единствена, специјална единка, веројатно ќе траат цел живот. Освен најекстремните типови физичката злоупотреба на деца обично не претставува однесување опасно по живот. (Chase 1976; Gil 1970). Повеќето детски специјалисти истакнуваат дека децата сакаат и бараат внимание. Ако тоа внимание не се појавува, тие ќе сторат нешто за да го добијат. За некои деца не е важно дали нивното однесување побудува позитивно или негативно внимание. Колку деца се забележани во паркови, на плажа, во супермаркети како се комплетно игнорирани од своите родители, сè додека не направат нешто „погрешно“ кога родителите почнуваат со викање, пцости или да ги удираат. Децата на тој начин се „наградени“ за нивното однесување и го добиваат бараното внимание (Dinkmeyer и Me Kay 1967). Во еден напис од пред 30 години слична опсервација за интеракција родител-дете на јавно место е направена од психијатрите B.F. Steele и C.B. Pollock (1968, 104).

Во споредба со емотивно запоставените деца, овие деца се многу посреќни: барем тие се во присуство на некој што се грижи за нив и не се во целост игнорирани. Психички или емотивно запоставени деца се оние деца чиишто родители избегнуваат афективни контакти низ кои покажуваат грижа, се повлекуваат од нив или пак ги игнорираат. Во Калифорнискиот прирачник од 1978 год. на Министерството за правда пишува:

Кога родителите ги игнорираат своите деца, било заради земање на дрога или алкохол, лични проблеми, или други ситуации со кои се преокупираат како што се обврски надвор од дома, може да настанат сериозни последици. Недостатокот на внимание и љубов во сопствениот дом, многу деца ги води кон многу посериозни ситуации надвор од домот. (1878, 9).

Кога родителите емотивно ги злоупотрбуваат своите деца, тие одат во сосема друга насока. Тие ги забележуваат своите деца, но тоа го прават строго критички, со обвинувања. Емотивното злоупотребување има форма на деградација, понижување и уништување на чувството за себе кај жртвата, така што: Како што физичките повреди оставаат белег и го онеспособуваат детето, емотивната свирепост исто така може да го осакати и хендикепира детето емотивно, бихевиорално и интелектуално. Страшни психолошки пореметувања се забележани кај крајно деформирани родителски однесувања ... Емотивното злоупотребување е окарактеризирано како самоисполнувачки акт. Ако детето е долго деградирано ќе почне да го создава имиџот што за него го има родителот или старателот кој го злоупотребувал (California Department of Justice 1978; 7-8).

За несреќа, релативно малку теории и истражувања се однесуваат на запоставување и емотивно злоупотребување, бидејќи проблемот е очигледно многу сериозен и широко распространет и резултира со долготрајни штети за жртвите.

Овие концептуални и дефинициски проблеми овде се наведени да укажат на непостоење консензус на стручњаците на полето на семејното насилство. Широко е распространето несогласување за тоа што го чини насилството, злоупотребата, запоставувањето, сексуалната злоупотреба итн., и според тоа одлуката за тоа кој е а кој не е злоупотребувач или жртва, во многу зависи од субјективниот критериум (Gelles, 1979; Newberger и Bourne 1978). Лекарите, социјалните работници, адвокатите, полициските службеници, психијатрите и социолозите сите тие можат да набљудуваат еден ист случај, но да го дефинираат различно. Професионалците и од иста струка може да не се слагаат, што е чест случај. Овие основни разлики влијаат врз резултатите од истражувањата дадени за секој тип насилство, проценките направени за секој тип насилство, како и техниките кои се применуваат за интервенција и превенција.

## Методи кои се користат во проучувањето на семејното насилство

Некои методолошки проблеми при проучување на семејното насилство се очигледни. Акти што се сметаат девијантни (барем се такви на изглед) во популацијата, тешко може да се мерат со некој степен на точност, особено ако се земе во предвид приватноста на местото каде се случуваат.

Направени се истражувања за проучување на жртви на злоупотреба или нивните злоупотребувачи, кај детското малтретирање.

Актите на физичка злоупотреба многу полесно се мерат од актите на запоставување. На пр.: модринки, скршени коски или опекотини се видливи и може да се измерат, но очигледно е тешко да се погоди бројот на капењата или шишињата со млеко кои бебето не ги добило, освен со проценка на ефектите. Од друга страна само мерливите повреди на детето не се апсолутни индикатори за злоупотреби бидејќи е тешко клинички да се дијагностицира детската злоупотреба (Newberger и Bourne 1978, 597). Дали траумите што можат да се измерат се случајни или намерни и дури ако има модринки од различен степен на зацелување? Други фактори покрај овие модринки, мора да се земат во предвид, пред да се донесе конечна дијагноза. Грешката во здравиот развој во првите години на детето е еден тип „педијатриска социјална болест". Тешко е да се определи дали грешката за здрав развој се појавува од намерно неурамнотежено негување на детето или од индивидуалните потенцијали, одбивност кон храната што ја манифестира.

Од многубројни причини „медицинските истражувања речиси се исклучиво фокусирани на физичката злоупотреба на децата" (Finkdelhor 19812, 18), која има подолга традиција што се должи на „откривањето" на детското злоупотребување од страна на медицинските практичари.

Социологот David Finkelhor, истражувач на полето на деца жртви на сексуално злоупотребување, забележува дека проспективните долготрајни проучувања (следејќи ги настаните како што се појавуваат) и директната опсервација на семејните односи, е сконцентрирана на детската физичка злоупотреба, така што, „истражувачите на детската злоупотреба биле во можност да извршат подетални и квантитативни студии на злоупотребувачите" (19812, 19). Причина за ова е дека тие имаат голема предност со тоа што се дел од голема плеада на професионалци вклучени во идентификацијата и лекувањето и „според тоа ова во многу ги олеснува оние работи како што се пристапот до субјектите и нивното следење низ лонгитудинално истражување". (Finkelhor, 1981a, 19).

Ограничен е бројот на неслучајни „можни" примероци составени од родители кои им паднале во очи на советниците или лекарите како што се 60-

те семејства детално проучени од Steele and Pollok (1974). Бидејќи овие примероци го привлекле вниманието на испитувачите преку агенции за заштита на детето и бидејќи децата им биле донесени за медицинска интервенција што побудило сомнеж за злоупотреба, се поставува прашањето за репрезентативноста. Дали тие се претставници на сите детски злоупотребувачи или се различни од оние кои не се откриени, или не побарале помош за своите деца дури и кога се тешко повредени? Индивидуалните истории кои доаѓаат од малите, фокусирани примероци или од доброволни примероци ни овозможува увид во семејната динамика, но тие не можат да се генерализираат затоа што не знаеме дали и во што се разликуваат од други семејства.

Скоро да не постои јасна мерка на психолошко злоупотребување или запоставување, бидејќи тие особено се случуваат во потполна приватност, ефектите може да не се забележуваат со години по нивното појавување или пак да останат како внимателно доживотно скриени од жртвите. Децата можат да растат во домови во кои тие се злоупотребувани, но никогаш да не бидат свесни за тоа. Ним можеби и не им се допаѓало што им се случувало, но бидејќи немале со кого да се споредат, тие заклучуваат дека нивното детство било нормално. Од друга страна пак, ако се земе во предвид митот на идеално семејство како слика на нормално, подоцна во возрасната доба може да се дојде до погрешен заклучок дека тие порано биле физички или психолошки злоупотребувани или запоставувани.

Ова води кон друг проблем во истражувањето. Повеќето од проучувањата кои користеа возрасни примери строго се потпираа на ретроспективни информации. Способностите на памтење се веројатно разновидни меѓу луѓето како што се разновидни и отисоците од прстите. Некои луѓе имаат остро памтење како жилет, додека други имаат само магливи слики и можат да се сетат само на неколку одделни слики кои не се во контекст. Покасно ако ги испрашувате за нивното детство, некои луѓе ќе се фокусираат на среќните и смешни моменти, додека пак другите би се фокусирале на болката и бедата низ која поминале. Но фокусирањето може и да варира во зависност од средината, расположението и условите за време на интервјуирањето. Додатен проблем во испрашувањето на луѓето за осетливо или стегматизирано однесување е тоа што постои тенденција испитаниците да се трудат да го задоволат испитувачот со тоа што даваат социјално посакувани добри одговори, кои всушност не се вистинити.

Додека ретроспективните проучувања имаат свои лимити и проблеми, истото се случува и со официјалните статистики заради сите оние причини што погоре беа наведени за дефинирање на различни типови на семејно насилство.

Во официјалните извештаи нема начин за точно да се идентификува кои случаи се случајни или ненамерни, а кои се намерно малтретирање на деца

или возрасни членови на семејството. Бидејќи не постои интервентна полиса за возрасни жртви на семејно насилство користените извештаи се добиени од агенциите за заштита на деца и малолетници (Alfaro 1978; Smith et al. 1980). Кога званични извештаи за јавно идентификувани случаи се користат како основни информации, како што е студијата на David Gil – 1970 за детска злоупотреба, секогаш се наметнува прашањето за оптовареност на податоците за етикетирање заради техниките на етикетирање со кои некои случаи званично се разоткриваат, а другите отпаѓаат од системот (Becker 1966; Goffman 1963; Kitsuse 1967). Ова значи дека некои луѓе веројатно ќе бидат обележени а други нема да бидат обележени како што се социјално маргиналните групи – малцинствата и сиромашните (Newberger и Bourne 1978).

Има мал сомнеж дека повеќето од чиновите на насилство не се појавуваат во јавноста, а кога тоа ќе се случи, само неколку од нив стануваат дел од официјалниот извештај преку етикетирањето на „злоупотребеното дете“ или „злоупотребувач на дете“ (Newberger et al. 1977). Во 1979 година Gelles пишува за „социјалното обликување на детското злоупотребување“, во кое ги опишува лицата или агенциите кои работат како „чувари“ и селективно ги етикетираат. Кога званичните извештаи се користат како дата на податоци за истражување на било кој вид на девијантно однесување секогаш има неодговорени прашања за тоа колку овие етикетирани случаи се различни на кој начин се разликуваат со оние со кои јавноста не е запознаена. Повторно, тука пак се поставува прашањето за репрезентативноста на примерокот.

Бидејќи не постои етички начин со кој може да се наруши интимноста на домот за да се набљудува насилното однесување можеби е подобро да се подготват лабораториски експерименти како би се набљудувале сопружниците при изведувањето на задачи кои ги фрустрираат и др. Ова е уште еден метод кој бил користен, но со различен степен на успех каде се проучувани сопружничките интеракции и односот меѓу родител – дете (најчесто односот меѓу мајката и детето).

Има безбројни ограничувања при лабораториското експериментирање и набљудување, од кои едно е генерализирањето на податоци од една вештачка ситуација во реална.

Многукратните типови на насилство во семејството и проблемите кои се единствени за испитување на семејството упатуваат на фактот дека истражувачите и теоретичарите се фокусираат на една одредена форма на злоупотребување исклучувајќи ги другите со различни карактеристики. Додека повеќето професионалци препознаваат дека има некои заеднички исходи, тие не претпоставуваат дека има и заеднички причини или дека сите типови на злоупотреба можат да се третираат со исти или слични техники. Откритијата за агресивното однесување на психологот Alfred Bandura (1973, 11) одат во

прилог на идејата дека иако различни типови на насилство имаат некои заеднички црти не може да се претпостави дека тие ги имаат истите причински фактори.

Постојат различни приоди на различни типови на семејно насилство, како и повеќе истражувања кои проучуваат еден единствен тип, и социолозите P. Emerson Dobash and Russell Dobach (1979) се фокусираат на само една тема тепање на сопругата. Овој истражувачки тим инсистира на тоа дека тепањето на сопругата од страна на сопругот не може да се сублимира во општиот наслов на семејно насилство затоа што е погрешно да се претпостави дека динамиката, причините или последиците се исти велејќи: Ние мора да бидеме поконкретни во врска со нашиот концепт за насилството. Што значи кога ги одредуваме една форма на насилство од друга не можеме да не ја земеме во предвид и постојната поврзаност помеѓу овие форми и типови и да не бараме објаснување и разбирање на овие форми во поширокото општество и внатре во семејните интеракции. (Dobash и Dobach 1978, 435).

Добашеви се водечки критичари во проучувањето на семејниот систем и злоупотребата на сопругата ја сметаат како една од многуте манифестации на нефункционалност во семејните интеракции. Тепањето на сопругата за нив е преваленттна форма на злоупотребување во семејството и се против тоа да биде ставено под популарните термини како што се „брачно насилство" или „сопружничко насилство" (1978, 435). Овие истражувачи даваат социоисториски анализи на хиерархиската структура на партијархалното семејство и проучувањето на тепањето на жената е во контекст како што се појавува. Тие веруваат дека разбирањето зошто мажите ги тепаат своите жени не може да се заврши со евидентирање на бројот и видот на насилни акти, туку со испитување на тоа како жените постанале „прикладни" жртви на злоупотреба од страна на мажот (1978). Методите користени од Dobash и Dobash вклучуваат историски анализи, извештаи, набљудувања, неструктуирани разговори (интервјуа) со 109 идентификувани претепани сопруги од кои тие собрале квантитативни и квалитативни податоци (1979).

Истражувачкиот тим на Straus, Gelles и Steinmetz (1980, 12) зазема различен став, инсистирајќи дека има само еден проблем на семејно насилство. Овие социолози добиле најголем преглед на податоци на основи во кои се вклучени лични извештаи за широк спектар од агресивни чинови меѓу членовите на семејството. Нивниот приод е објаснет со изјавата: „Целиот систем мора да се земе во предвид. Ако некој сака да ја промени појавата на насилство во семејството, не е доволно директно да се дејствува од аспект на внатрешно семејно насилство како детска злоупотреба и пресметки меѓу сопругот и сопругата. Да се посвети внимание на вакви настани и на нивните учесници би било исто како и да се лекуваат симптомите на болеста". (Steinmetz и Straus 1974, 20).

Во студијата на Straus и други, на примерок од 2.143 испитаници кои живеат во здрави брачни односи применета е техниката „конфликтна тактика" порано наречена Conflict Resolution Technique Scales (CRT) (Straus 1976a). CRT била и главен инструмент користен за мерење на конфликтните ситуации меѓу членовите на семејството во 1975 година. Решавањето на конфликтите било испитувано во континуитет од ненасилна тактика (смирен разговор) до најсилно насилство (употреба на нож или пиштол).

Важно е да се детализира Страусовото проучување затоа што е важен придонес за подобро разбирање на терминот семејно насилство. Ова има неколку предности пред другите студии бидејќи користи широк национално репрезентативен примерок а не мал селективен и не се потпира врз званични податоци за фамилии за кои се знае дека се насилни или за кои се претпоставува дека се насилни. Ова проучување е единствено од повеќе аспекти. Ова е прво главно испитување кое се обидело да ги измери сите пријавени акти дефинирани како насилни кои се појавуваат во здрави семејства. Тоа има неколку предности над другите проучувања бидејќи користи примероци од широко национално репрезентативни официјални извештаи за семејства познати како насилни. Понатаму проучувањето добива чувствителни информации од испитаниците со поставување на прашања за конфликтната резолуција со скала која се формирала во период од повеќе години. Користејќи ја CRT скалата на конфликтна тактика неколку типови на интрасемејно насилство пријавени од еден возрасен член на секое семејство, биле забележани вклучувајќи насилства меѓу: сопруг спрема сопруга, сопруга спрема сопруг, родители спрема деца, деца спрема родители и меѓу децата (браќа и сестри) (Straus et ал. 1980). Ова проучување опфаќа многубројни чести насилни акти во текот на една година како што забележуваат Safilios-Rothschild (1978), но нема показател на настаните кои претходеле или следеле по секој акт. Интензитетот на ударите или јачината на повредите доколку ги имало, како и значењето што на овие акти му ги припишувале двете страни – агресорот и жртвата, исто така не биле мерени. Структурата на категориите на скалата не се заемно исклучителни (Dobash and Dobash 1979), што значи дека неколку различни акти се вклучени во една категорија на одговори. На пр.: „да се фрли, смачка, удри или клоцне нешто", „клоцне, тепа или да се удри со бокс", или „удри или да се обиди да се удри со нешто" (Straus et al. 1980, 254). Целта на Straus и другите (1980) е ограничена затоа што тие биле насочени на дејствија извршени само во годината што претходи. Straus (1978) признава дека на насилството што постоело пред таа година, му е посветено малку внимание и во неговите проучувања е даден приоритет на дејствија кои имаат поголемо влијание за траење на врската на парот. Straus објаснува: „За несреќа во нашите информации за настаните пред годината на испитување не е јасно кој е напаѓа-

чот а кој жртвата ... Во некои случаи тоа било само шлаканица или едно тепање. Но има неколку причини зашто дури и само едно тепање е важно ...Доволно е само еден таков настан за да се одреди кој е авторитет во семејството за години или доживотно." (1978, 446).

Критичарите на студијата препознаваат некои сериозни методолошки проблеми кои се општи за вакви испитувања како и ограничувањата кои ги има во секоја скала на принуден избор. Како и да е главната забелешка на критичарите изгледа се фокусира на теортските претпоставки и некои заклучоци до кои дошол истражувачкиот тим а се базираат врз собраните податоци од нивниот прашалник . Има бројни недостатоци во прашалникот кој се користи во овој преглед на којшто укажува главниот истражувач и кој што истражувачкиот тим ги наведува во својата книга. (Straus et al. 1980, 27-28).

Едно испитување ја користело оваа скала за мерење на насилството меѓу паровите и нашло јасен доказ дека „споредувањето маж-жена е неадекватно за валидна проценка и дека за оваа намена треба да се употребува само за споредување во пар". Ограничувањата и познатите недостатоци како и предностите на прегледот на Страусовото испитување треба да се имаат во предвид кога овде или кадебило се даваат неговите резултати и проценки за случувањата на разни форми семејно насилство кои се добиваат од оваа студија. И покрај овие проблеми студијата служи како документ кој што го потврдува фактот дека постои екстремно количество на секојдневно насилство во американските фамилии.

(Превод од англиски – *Верица Стаменкова – Трајкова*)

# АЛТЕРНАТИВНИ ПОГЛЕДИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Има безброј теории за причините, идентификаторните карактеристики, подобните и превентивни мерки на семејното насилство. Општо земено, овие теории се применливи на специфични агресор-жртва акти на злодело каде што повредите или напуштеноста се гледаат во согласност со параметрите на испитувањата од таа област. Понекогаш тие се преклопуваат, како што е случајот во детското злоупотребување и детското запоставување, но повеќето теории се воведени и тестирани на одбран примерок за испитување на посебен вид на однесување. Често додека биле концентрирани на испитување на еден тип на семејно насилство, истражувачите откриле други форми на насилство кои се појавуваат во семејствата користени како примероци, а теориите се прилагодени дополнително за објаснување на другиот феномен. Како што беше наведено и во претходното поглавје едно објаснување за еден тип на семејно насилство може да биде неприкладно за друг. На пр.: во зависност од возраста на која децата се злоупотребуваат или запоставуваат може да се добијат и различни резултати иако децата се подвргнати на исто однесување. Да се остави 5-6 дена само бебе старо само четири недели можно е резултатите да бидат катастрофални, т.е. смртоносни но да се остави дете од 12 години само да се грижи за себе за исто толкав временски период, може да помине сосема незабележително, освен за самото напуштено дете. Да се камшикува 10-годишно дете со каиш ќе остави траги од модринки, но не и доживотни оштетувања, но ако истото се примени на бебе може да доведе до смрт на бебето. Па дури и истиот начин изведен на деца од иста возраст може да се дефинира различно од родителите што се заснива на културните верувања и обичаи.

Жртвите и сторителите може исто така драстично да се различни во друг тип на семејно насилство (родителско злоупотребување), зависно од возраста на детето и родителот. Нападот на еден 15-годишен син врз својот 35-годишен татко има мала врска со случајот во кој 50-годишна келнерка ја врзува својата 80-годишна мајка која пати од алтцхеиемерова болест (тип на сенилност) за кревет додека таа ноќе се шета, но сепак и во двата случаи постои злоупотреба на релација родител-дете. Може ли истата теорија да има

еднакво предвидлив параметар за три различни типа на злоупотреба на сопругата: сопрузи кои ги тепаат и силуваат своите сопруги; мажи кои ги тепаат своите сопруги и кои не применуваат сила да би имале сексуален однос со истите и мажи кои ги силуваат своите сопруги а никогаш не применуваат други физички насилства врз нив?

За многу луѓе, важноста на теоријата не им е јасна но во основа таа е потребна за да се разберат феномените; да се објаснат случките и кога е возможно да се предвидат настаните. Теоретизирањето е обид да се разбере зошто и како настаните се појавуваат (Turner 1974).

Бидејќи изгледа дека ниту една теорија (барем во денешно време) не може соодветно да ги предвиди и објасни мноштвото на разнообразни однесувања, чинителите и ситуациите кои се појавуваат во сите типови на семејно насилство, ова поглавје ќе ги обработи некои од најпопуларните теории кои се досега предложени а обично нудат објаснување за еден или друг тип на злоупотреба. Мошне мал број теоретичари се обиделе да ги вклучат сите типови на семејно насилство во една парадигма.

## *Глобална теорија на семејно насилство*

Главен исклучок е теоријата предложена од социолозите Murray, Straus, Rchard Geelles, и Suzanne Steinmetz (1980). Таа е наречена Системски модел за интрасемејно насилство илустрирана со слики, кои содржат мултиплицирани двонасочни варијабли (Steinmetz и Straus 1974, 18-19) и е објаснета со овие термини:

Ние се обидовме да предложиме некои од социјалните сили кои дејствуваат како причини и последици за семејното насилство во слика 4-1.

Оваа слика треба да покаже дека не се работи за еднонасочни влијанија, туку за еден цел систем на заемно влијание и на интеракции со дел од системот кој обезбедува фитбек за влијанието на другите делови на системот. Односно, социјалното насилство е двонасочна интеракција со семејните варијабли. (Steinmetz и Straus 1974, 17).

Главниот проблем со предложената системска теорија е дека е со широки размери и е мултидимензионална, па според тоа не може да биде тестирана. Меѓу критичарите на системскиот приод се и социолозите R. Emerson Dobash анд Russell Dobash (1976, 1979) кои мислат дека е основно да се појде од конкретни просечни теории кон поопшти апстрактни теории. Тие наведуваат дека и теоретичарот Robert Merton (1968) исто така ја гради својата теорија според овој принцип. Според Добашеви широко генерализирање не може да се тести-

ра освен ако не се базира врз емпирискиот контекст во којшто треба да биде применето и велат: „Кога општи апстрактни предлози како овие се применат на различни социјални контексти, тие или претрпуваат трансформација која ги надминува границите на распознавање и како такви престануваат да бидат општи пропозиции, или пак стануваат безначајни и неприменливи. Стоиме на мислењето дека најплодна процедура за социолошката анализа на насилството е развојот на теоретските или концептуалните шеми кои се наменети за примена во јасно неограничени емпириски контекст. (Dobash анд Dobash 1976, 2-3). Но сепак, приодот на Straus и др. (1980) кон поопштата теорија за семејно насилство инсистира на тоа дека целиот систем треба да се третира како варијабли кои меѓудејствуваат како делови на една целина. Steinmetz анд Straus (1974, 20) даваат објаснување со овие зборови: Ако некој сака да ја смени појавата на насилство во семејството, не е доволно тоа да го прави директно од аспект на меѓусебно семејно насилство како што е детското злоупотребување и пресметките (кавгите) меѓу сопругот и сопругата. Да се посвети внимание на такви настани и она што моментно им претходи е исто што и третирање на симптомите на некоја болест. Од друга страна пак Dobash и Dobash (1979) сметаат дека е основно да се разберат настаните кои ги опкружуваат насилните епизоди и околината во која тие се појавуваат пред да се сфатат. Eloise Rathbone-McCuan (1980, 297) професор по социјални работи наведува други проблеми: Таа е загрижена што барањето теоретски дефиниции може да доведе до сериозни концептуални мамки. Од една страна, има обид да се усвои една теорија конструирана да објасни еден тип на семејно насилство и обид истата да се примени во друг тип со различна динамика. Затоа и Rathbone-McCaun предупредува: „Поставувајќи предвремено премногу теоретски паралели може да ја искриви почетната концептуализација на дадениот проблем“ (1980, 227). Освен тоа, сега има сериозни проблеми во обидот да се конструира една општа теорија, бидејќи сè уште не постои прифатена теоретска усогласеност. Rathbone-McCaun забележува: „Овие истражувачи (Gells и Straus) ја потенцираат потребата од таква теорија на интрасемејно насилство поради обемот на овој вид на семејно насилство. Тие ги групираат бројните теории во три општи категории: интра-индивидуални, социјално-психолошки и социјално-културни“. (1980, 297).

До денес ние едвај да го имаме потребното знаење за сите типови на насилство во семејството.

Социологот David Fingelhor интензивно го проучувал сексуалното повредување на деца и заклучил дека веројатно не може да се даде сеопфатно објаснување дури и за овој еден тип на злоупотреба, бидејќи постојат толку многу варијации внатре во самиот тип. (1979, 147). Истражувањата јасно

покажаа дека постојат важни разлики меѓу типовите на злоупотребување, според тоа, како можеме воопшто да претпоставиме дека тие можат да се стават заедно во едно исто објаснување кое подеднакво ќе бие применливо на сите? Освен тоа, дали е тоа потребно? Кога повеќе идеи се предложат и тестираат се стекнуваме со вредно знаење. Тогаш, кога сличностите и разликите ќе станат јасни тие служат понатаму како показател на методите за идентификација, превенција и интервенција.

„Степенот на умешност на теоријата за семејно насилство е сумирана од психијатрискиот социјален работник Joan Scratton (1976, 28-29) во следното:

Динамиката на насилството е доволно сложена за однапред да се донесе дефинитивен заклучок според кој многу теоретски претпоставки приближно одговараат на правата вистина ... Она што произлегува од емпириските наоди е дека интра-семејното насислтво не може да биде опфатено ни од еден еднодимензионален аспект. Генетските, биопсихолошките и социјалните фактори се во меѓудејство со интрасемејните варијабли кои го продуцираат феноменот што го испитуваме.

На овој степен на нашето сознание јасно е дека ниту едно единствено објаснување не е доволно ... Потребни се понатамошни истражувања за да се утврдат разликите меѓу типовите на насилни дејствија меѓу оние кои ги извршуваат, како и условите под кои тие се појавуваат.

Рано е да се конструира една теорија која покрива така широк спектар на однесувања без разлика на нејзината софистицираност, се додека не остане неиспитлива. Постои предлог за една теорија која би ги вклучувала сите елементи на индивидуални, социјални, психолошки, економски фактори и факторите на средината, така што изгледа дека секој можен чин кој е поврзан со насилно однесување покриен со еден од овие фактори. Скоро сите се согласуваат дека ни еден фактор сам за себе не може да го објасни семејното насилство или пак да објасни еден тип на семејно насилство, така што мора да постојат разнообразни модели кои трба да се испитаат (тестираат). Но сепак, во својата мала прва книга за теориите Blalock (1969, 2) коментира: „Некој може спремно да укаже на можноста за собирање многу различни факти за еден предмет, што станува невозможно да се извлече каква и да е смисла од нив". Системскиот модел предложен од Straus и др. (1980) е сложен, повеќе променлив и покажува интуитивност, но во сегашно време, методологијата на операционализирање и научно мерење на секоја од многуте варијабли, нивниот повеќенасочен фидбег изгледа скоро несовладлива задача.

Некои други објаснувања за семејното насилство се презентирани во наредниот текст, со што станува појасно како секое од нив придонесува за подобро разбирање и градење на теоријата.

„Тие мора да се болни! Само некој што не е токму може да го тепа детето така". „Да, точно, се разбеснувам на мојата сопруга (или на децата) но не сум ненормален до толку да го направам тоа што го направил – тој мора да е ментално болен". „Само човек со изопачен ум може да има сексуален однос со своето сопствено дете". „Тие луѓе се како разбеснети кучиња – тие треба да се убијат".

Ова се коментарите што се слушаат кога разговарате со соседите, пријателите, со сопствениците на таверни, но не беа многу вообичаени меѓу професионалците се до неодамна. Кога овие коментари првпат го привлекоа јавното внимание, сите типови на семејно насилство, почнувајќи од детска злоупотреба во 1960 год. во почетокот беа гледани како ретки појави кои ги прават психопатолошки индивидуи, повеќето деградирани личности кои патат од некоја врста на ментално заболување". David Finkelhor вели: Во сите случаи тие се опишани како луѓе со крајно патолошко однесување. Сторителите на инцестот се дегенерици и психопати. Оние што ги тепаат децата се дегенерици и слабоумни психопати. Оние што ги тепаат сопругите се алкохоличари и психопати и претежно водат потекло од исклучително ниски класи и растурени семејства (1981, 12).

Не е зачудувачки дека првите теории за секој тип на семејно насилство се од вработени на клиники, психијатри и психолози заради нивната тесна поврзаност со медицинското поле. Кога и радиолозите користејќи ги новите X-техники, со рентгентски зраци почнале систематски да ги бележат преломите на долгите коски и повеќекратните скршеници со различен степен на заздравување кај едно исто дете тие најверојатно се консултирале со педијатри кои веројатно соработувале со професионалци од областа на менталното здравје.

Дури и пред појавата на движењето за заштита на жената во 1970 г. кое го прикажува тепањето на жената како социјален проблем од големи размери, лекарите и психијатрите веќе ги имале жените и нивните злоупотребувачи како проценти. Дел од осудените сторители биле испратени на психијатриски преглед (Snell et al. 1964).

Бидејќи луѓето од медицинската струка имаат поголема можност да стапат во контакт со жртвите и сторителите, отколку социјалните работници, се очекува првите извештаи и првите теории да се базираат врз медицински модел. Тоа значи дека лекарите најверојатно семејното насилство го третираат како болест, проценувајќи дека луѓе кои повредуваат други луѓе од своето семејство се девијантни личности кои се однесуваат така заради некое ментално пореметување.

Истражувачот David Gil (1971) јасно укажува на тенденцијата дека не само научниците од областа на социјалната работа и социологијата поаѓаат од одредени претконцепти и основни претпоставки кои произлегуваат од нивната професија и според тоа поставуваат онакви прашања кои доведуваат до одговори што тие сакаат да ги добијат. Според тоа не постои само непотребна оптовареност на истражувач туку и на истражувач професионалец, што во голема мерка го одредува она што го гледаме.

Психопатолошките теории укажуваат на тоа дека одредени типови на луѓе се злоупотребувачи на деца или нивни запоставувачи, дека тие доволно се разликуваат од други луѓе во способностите, темпераментот, личноста, животните истории, па дури и психолошки и може да се идентификуваат како комбинација на специфични карактеристики. Ако ваква идентификација барем теоретски се појавува, овој критериум може да се примени и за да се спречи злоупотребата и запоставувањето на детето.Првичните идеи беа дека родителите кои злоупотребуваат се недозреани личности, импулсивни, самобендисани, садомазохисти. Се претпоставуваше дека ги манифестираат овие карактеристики на личноста, бидејќи патат од некоја форма на „ментална болест“ или патологија, Steele и Pollock (1974, 92) изјавуваат дека нивните 60 пациенти не се разликуваат од случајно избраните луѓе од толпата граѓани по улиците. Нивната дијагноза за патологијата на напаѓачите (1974, 94) ги дава следните карактеристики: тие покажуваат широк спектар на емотивни пореметувања кои постојат во која и да е клиничка популација: хистерија, опсесивност компулсивна невроза, анксиозност, депресија, шизофрени карактеристики на личноста, фенотипски неврози итн. ... или тие претставуваат комбиниран тип како „опсесивно-фобична невроза со забележителни карактеристики на блага депресија“. Со други зборови, иако клиничарите сакаа да ги класифицираат злоупотребувачите во еден профил, тие што биле проучувани не, можеа јасно да се вклопат во една категорија на психози или неврози. Така, по почетниот обид тоа да се направи, стана јасно дека злоупотребувачите на деца не се многу попопсихотични од другите и дека типовите на неврози што ги манифестираа беа толку различни и разнообразни што и беше невозможно да се направи единствена дијагноза за повеќето пациенти“. (Steele и Pollock, 1975, 95). Сепак и покрај недостатокот на јака емпириска поддршка, оваа теорија останува како една од најпопуларните и е широко прифатена, додека истражувачите и понатаму продолжуваат да бараат одредени (посебни) психолошки карактеристики на индивидуалната патолошка ментална состојба на родителите кои ги злоупотребуваат своите деца. Иако истражувачите не мора да се согласуваат со тие правила, многу од нив во своите испитувања го тестираат психопатолошкиот модел (Ellis 1981). Rizley и Cicchetti (1981a) во голема мера ги отфрлаат поранешните истражувачки резултати сметајќи дека

се со ограничена вредност заради тоа што е во прашање нивната валидност и веродостојност, но нивните клинички набљудувања ги убедиле „дека има значителна психопатологија во малтретирањето и кај насилни возрасни така што тие се зафатиле со тригодишна лонгитудинална студија на Универзитетот во Харвард користејќи подобрени дијагностни методи.

Некои истражувачи се одлучиле при испитувањето на децата жртви, да ги испитаат посебните карактеристики кои ги наведуваат родителите да ги злоупотребуваат своите деца. Набргу по појавувањето на „синдромот на претепано бебе“ и по воведувањето на психопатолошкиот модел истражувачите почнале да бараат специјални карактеристики кај жртвите обидувајќи се да ги идентификуваат бебињата кои претставуваат висок ризик на злоупотреба (Heggerty 1964; Milowe и Lauril 1964). Улогата на детето во злоупотребувањето беше испитувана од William Friedrich и Jerry Boriskin (1976, 581). Овие два истражувача забележале дека поранешната теорија на Milowe и Laurie укажува на два од четирите каузални фактори за детската злоупотреба и се занимаваат посебно со карактеристиките на детето жртва: „Дефекти кај детето кои предизвикуваат злоупотреба и факторите на личноста која ги провоцира другите да ја повредуваат“.

Повеќето истражувачи биле внимателни во истакнувањето дека некои „пореметувања“ кај детето можеби се присутни, само од аспект на родителот (родителите) кои ги злоупотребуваат, но понекогаш изгледа дека жртвите биле обвинувани, како што се случува во пошироки размери во сите други форми на семејно насилство. Finnlhor ја забележува оваа разлика, но исто така тврди: Многу е потешко да се обвини дете од една, две или три години, отколку адолесцент или возрасна жена. Но и во ваков случај може да се најде доказ и да се поверува дека злоупотребуваните деца, всушност се екстремно агресивни и провокативни и ако не станува збор за нивната тврдоглавост, тие не би биле злоупотребувани (1981а, 13). Истражувачките наоди со примена на медицинскиот модел на жртви вклучуваат проучувања на „грешка во врзувањето“, грешка во развојот, незрелост, различни типови на различност, физички и ментални недостатоци, непослушност и збрканост. По прегледот на литературата за улогата на детето во злоупотребувањето, Friedrich и Boriskin (1976, 588) ги модифицираат и прошируваат претходните теории и велат дека различните комбинации на четирите фактори предизвикуваат злоупотреба: „специјално дете“, „специјален родител“, „кризи“ и „културна толеранција“ (за тешки груби телесни казни). Како и да е, како еден еволутивен процес стеснувањето на оригиналната индивидуална психопатолошка теорија на детското злоупотребување и запоставување доживува модифицирање, проширување и усовршување. Од нивната основна концентрација на злоупотребувачи, потоа на децата како жртви, теоријата и истражувањето се

проширија, така што ги вклучуваат карактеристиките и на злоупотребувачите и на жртвите, барајќи интерактивни ефекти или психодинамски и конечно го вклучуваат и стрес факторот на средината. Како акумулиран доказ дека психолошките или личните проблеми поединечно не можат да се објаснат како причина за детска злоупотреба, моделот е проширен при што вклучува и фактори на средината, фактори на дадената ситуација и социјалните фактори покрај индивидуалните карактеристики. И сега кога е компонирана скала за идентификување на родителите кои ги злоупотребуваат своите деца од оние што не ги злоупотребуваат, вклучени се различни социокултурни и економски фактори покрај батеријата на тестови на способности. На сличен начин кога други социјални научници предлагаат теории, тие поаѓаат од социокултурната рамка, но вклучуваат и некои индивидуални психолошки особини во своите модели. (Gelles 1979, 38; Steinmetz и Straus 1974, 18-19).

Во последните години постои тенденција третирањето на проблемот на детската злоупотреба и запоставување да се развие од микро кон макро тема. Најраните теории за феноменот на насилство во брачните и вонбрачните заедници, како и сопружничкото насилство беше исто така објаснето со психопатолошкиот модел: Оние што тепаа, нивните жени или и двете страни беа дефинирани како психопати. Жртвите беа опишани како мазохисти, фригидни, кастрирани, садисти итн. Тепањето на жената се смета за ретка појава, но и тогаш само од девијантни личности со тешки емотивни проблеми или зависници од алкохол. Прво добиена од медицинските практичари оваа теоретска рамка ја отсликува професионалната обука на истражувачите, што се и очекува. (Gil, 1971). Нивната почетна реакција беше повеќе да ги проучуваат индивидуалните карактеристики на жртвите, отколку на сторителите, практика која беше строго критикувана од некои истражувачи (Stark и Flitcraft 1981; Wardell et al. 1981). Има некои практични причини за примена на овој приод, а една од најважните беше дека е скоро невозможно да се добие и проучи примерок на мажи кои ги тепаат своите жени. Доколку им се пријде, повеќето од нив го одрекуваат насилното однесување или го минимизираат, одрекуваат одговорност и одбиваат да соработуваат (Ganley и Harris 1978). Поранешните извештаи за тепање на жената биле генерализирани од неколку случаи на тепани жени, но само два се фокусираат на тепачите (сторителите). (Faulk 1974; Schultz 1960).Овие се анализи на 10-те затвореници осудени за напад на жени. Социолозите Dennis Marsden и David Owens (1975) од Англија, напишале статија „Jekyll and Hyde Marriages“, а во САД психијатрите Snell, Rosenwald, и Rodey (1964) напишале текст „Жената на женотепачот“. Тимот на Snell и други, бил задолжен од судот да испита 37 обвинети за тепање на жените, но кога тие ги одбиле и давале отпор да бидат интервјуирани, лекарите се фокусирале на само 12 мажи и нивните жени кои сакале да соработуваат. И покрај големиот

степен на одбивање и судискиот интерес за мажите, нивниот напис се фокусирал на жените. Нивниот опис на овие малку жени е контрадикторен. Тие велат дека жената е доминантна, мазохиста, фригидна, агресивна, нерешителна, маскулина, пасивна, премногу заштитнички се однесува према нивните синови и емотивно е незрела. Според овие психијатри мажи, на жените им е потребно повремено казнување за нивните „кастрирачки активности". (Snell et al. 1964, 11). Оваа статија беше строго критикувана од страна на повеќе автори вклучувајќи и други психијатри меѓу кои Elaine Hilberman (1980),но во времето кога таа беше објавена, имаше многу малку литература за тепање на жената, така што беше често цитирана во наредните години како „научни наоди" за тепани жени. Неодамна некои од сторителите беа проучувани директно како учесници во истражувањето (Coleman 1980; Ganley и Harris 1978), но најмногу заради нивното одбивање на соработката, податоците за повеќето сторители произлегуваа од проучувањето на нивните жртви.

Медицинскиот модел има тенденција да го окарактеризира тепањето на жената повеќе како индивидуален отколку како социјален проблем и ги бара личните карактеристики на сторителот и на злоупотребениот во насилните врски (Elbow 1977; Star 1978). Некои од овие истражувачи дозволиле да се симне „маската на научната неутралност" (Wilson 1976) и ги откриваат своите лични предрасуди во нивните дела. Британскиот професор по социјални работа Elizabeth Wilson (1976) строго го критикува британскиот психијатар Jasper Gayford кој ги напишал некои од првите написи за злоставување на жени. Во подоцнежен напис, Gayford ги категоризирал жртвите во стереотипи како „измачувана Тина", „Фани вртиопашка" и „Го-Го Глорија" (1976), кој вид на пишување тешко може да се сретне во научни списанија. Друг напис кој ги открива личните пристрасности беше напишан од клиничкиот психолог и семеен советник James Kleckne (1978), во кој тој ги нарекува тепаните жени и нивните сторители „соконспиратори" и поголемиот дел од вината го препишува на жртвите. На пр., тој изјавува дека злоупотребените жени не приговараат многу на тепањето зошто „хронично злоупотребената жена е жена која дозволува нејзиниот сопруг да ја тепа, одбива да поднесе казнен приговор по настанот, и останува во истата ситуација за да може повторно да биде тепана" (Kleckner 1978, 54).

И покрај поранешното прифаќање на индивидуалниот психопатолошки модел, покасните т.е. помодерните трендови отфрлиле многу од наведените фактори и предложиле пошироки модели кои вклучуваат социокултурни и ситуациски фактори. На пр. психијатарот Elaine Hilberman и психијатрискиот советник Kit Munson (1978) објавиле напис во кој дале преглед на 60-те случаи тепани жени вклучени на лекување во клиника за ментално здравје, каде што сторителот не им е познат на наведените клиничари, освен во четири случаи.

Овие истражувачи откриваат дека жените биле лекувани од мноштво физички и ментални симптоми во текот на повеќе години, но докторите што ги лекувале не биле запознаени со насилството што било присутно во нивните домови па дури и не ги прашувале (Hilberman и Munson 1978, 464). Подоцна, Hilberman објавил напис дека професионалците што се занимаваат со ментално здравје главно го игнорираат тепањето на жената, но кога ќе го идентификуваат, се претпоставува дека тоа е „внатрешна психичка нестабилност на жената" и бидејќи се претпоставува дека не е честа појава, тоа е дефинирано како индивидуален проблем (1980, 1336).

Hilberman, Munson и други сториле многу повеќе ревидирајќи го поранешниот психопатолошки модел. Поддржувајќи ги нивните содржини, неодамнешното истражување јасно покажа дека опсегот на проблемот е многу поголем отколку што претходно бил проценет. Перверзијата во сопружничкото злоупотребување во ова општество сега е проценето дека се појавува во една од две двојки, така што тоа претставува социјален проблем од огромни димензии а не од неколкуте лошо прилагодени индивидуи. Реакцијата на медицинскиот модел на индивидуалната психопатологија најмногу е изразена од двајца истражувачи кои велат: Во овој дел на непрепознавање, гледањето на тепањето како на „лична случка" која е резултат на индивидуални или семејни особености (патологии) игра јасна идеолошка улога. Директно кажано, начинот на кој клиничарите и социјалните истражувачи гледаат на „претепана жена", начините на кои таа е „препозната" делумно ја одредува помошта која ѝ е дадена. Но, помошта што ѝ се дава е дел од нејзиниот проблем но не и од неговото решавање.(Stark и Flitcraft 1981, 1).

Од досегашното излагање очигледно е колкава е важноста на теоријата и колку е важна поврзаноста меѓу теоријата и истражувањето. Единствена друга теоретска рамка што беше предложена по „откривањето" на детското малтретирање која се појави во 1960-тите и тепањето на жената во 1970-тите год., и она што сè уште преовладува во литературата е циклусот на насилство. Идејата за интергенерациска трансмисија на насилството беше претставена од Henry Kempe и неговите колеги Silverman, Steele, Droegemueller и Silver (1962) во однос на злоупотребувачите на деца, подоцна се прошири и на тепачи на жени (Jasper Gayford 1975 а, 1975 б, 1975 ц). Во нивното првобитно излагање како Кемпе и други предупредува дека нивното познавање на факторите вклучени во детската злоупотреба е ограничено, тие сугерираат дека „честопати родителите веројатно го повторуваат типот на детска грижа кој тие го имале во нивното детство" (1962). „Логиката на здрав разум" на оваа изјава беше веднаш прифатена скоро од сите автори кои пишувале на оваа тема, иако сè уште не добила силна емпириска поддршка која би се базирала врз ригорозни научни истражувања. Бидејќи оваа идеја е толку често промовирана од

научници, практичари, масмедиумите, таа претставува главен фокус на поглавие 7 каде што детално се разработува.

## *Теорија на социјално учење*

„Стариот ме тепаше цело време, но јас сум о.к. зар не?“ „Се обидов да му вратам, но тогаш тој добро ме натепа што мислам дека Господ го видов. Ми рече дека ќе ме убие ако уште еднаш го сторам тоа и навистина никогаш не го повторив“. „Што ѝ да кажеше татко ми во семејството беше закон! Тој имаше сè што е најдобро и мајка ми и сестра ми му слугуваа со срце и тело“. „Така и во мојата куќа – јас ќе викнам сите веднаш скокаат“. „Ова го правам целиот мој живот – не поднесувам (прифаќам) приговор од никого“. Овие изјави не се невообичаени; повеќето од нас ги имаат слушнато нив или слични на нив. Секоја претставува барем еден принцип изведен од теоријата на социјалното учење. Првото е пример на моделирање. Второто е од претепана жена: Во овој случај насилството има функционална вредност за сторителот но никаква за жртвата. Третата изјава вклучува имитирање на авторитетот во семејството (таткото) и поткрепување на неговото силеџиство. Последниот илустриран принцип е дека однесувањето кое добива покрепување најверојатно ќе биде повторено. Овие принципи се подоцна детално дискутирани. Теоријата на социјално учење е дефинирана како интеграција на диференцијална асоцијација со диференцијално поткрепување, така што луѓето со кои човек стапува во меѓудејствие се поттикнувачите што резултира во учење на девијантно и недевијантно однесување (Akers 1973). Според социологот Роналд Акерс, типот на однесување кое е конзистентно и често наметнато од други е најчесто манифестираниот тип. Теоријата на социјално учење е нашироко предложена како објаснување за сопружничкото злоупотребување но во помал степен и за другите типови на семејно насилство, иако нејзините начела може да пружат разбирање на интрасемејната динамика. Оваа рамка исто така обезбедува поблизок увид и во родителското злоупотребување, насилството меѓу браќата и сестрите и физичкото и сексуално злоупотребување на деца, но се користи поретко (Barnett ет ал. 1980). Антрополозите Margaret Mead (1973) и Ashley Montagu (1973,1976), обезбедуваат цврст доказ дека културата има поважна улога во развивањето на личноста и однесувањето отколку вродените карактеристики. Некои испитувачи сè уште се приврзаници на сфаќањето за вродената агресија забележана од Konrad Lorenz (1966) и Robert Ardrez (1966) и Фројдовата „инстинктивна поврзаност“, но Albert Bandura (1973,13-14) вели дека ова се само идеи, не теории, зашто тие не можат да бидат ниту верифицирани, ниту отфрлени со емпириско истражување.

Еден временски период, популарна теорија беше теоријата дека луѓето се инстиктивно агресивни заради генетското наследство, но тогаш се појавува промена и преовладува мислењето дека луѓето се произведи на нивната култура или околина – веќе познатиот аргумент „природа против природа". Сега повеќето социјални истражувачи ја отфрлаат дихотомијата меѓу наследството и влијанијата од околината и истакнуваат дека постои меѓусебно влијание. Биологијата и генетиката го одредуваат физичкиот изглед и пол кај луѓето, кои влијаат на развојот на личноста и однесувањето во комбинација со надворешната околина во која тие се раѓаат. Личноста не е жртва на нејзиниот/неговиот генетски изглед, ниту пак беспомошен пион на нејзината/неговата околина како што објаснува и експерименталниот психолог Albert Bandura. И двете групи на фактори меѓу дејствуваат на суптилен начин во одредување на однесувањето. Таму каде што одредена биолошка подготовка е потребна за изведување на мануелни агресивни акти, структуралните фактори кои имаат генетска основа, можат делумно да одредат дали вродената агресија е присутна и дали и понатаму се развива, или пак дали таа опаѓа и исчезнува. Физичката развиеност ја зголемува веројатноста дека физичките агресивни модели на однесување ќе се покажат како ефикасни (1973, 26). Ова може да помогне во објаснувањето зошто некои членови на семејството се поагресивни од другите. Мажите воопшто се повисоки, потешки и физички посилни од жените (иако дури многу малку мажи имаат атлетска градба); возрасните се поголеми и посилни од децата; и возрасните деца се посилни од постарите родители. Бандура не вели дека сите лица кои имаат предност „одредена биолошка опременост", ќе бидат агресивно настроени спрема оние кои ја немаат таа предност, но вели дека ако почетната агресивност е успешна или неуспешна исходот ќе го одреди понатамошното однесување.На пр.: ако сопругот не сака повеќе да се расправа со сопругата за начинот на тоа како тој ги троши парите, ја удира својата сопруга и со тоа ја замолчува, а ако таа се уплаши таа тема да ја повтори да разговара, за тоа, тогаш неговата акција е „успешна". Ако мажот се чувствува импотентен во своите социјални или економски односи и има сексуален однос со својата ќерка на кој таа не може да се спротивстави, а со тоа тој добива чувство на потенција и сила, тогаш и неговата акција е „успешна". Ако тој што го чува и негува стариот родител се чувствува преморено и фрустрирано, па му се заканува дека нема да му дава храна и лекови, при што родителот се повлекува и моли за прошка негувателот е „успешен". Во сите горе наведени примери според теоријата на социјалното учење, однесувањето со кое се постигнува успех најверојатно ќе биде повторено.

Една од основите на теорија на социјално учење е дека поткрепувањето што го следи однесувањето ја зголемува можноста дека таквото однесување ќе се повторува, а друга е дека периодично поткрепуваното однесување е многу

тешко да исчезне (Hilgard и Bower 1966). Акерс укажува на тоа дека двата главни дела во процесот на учење се: поткрепувањето и казнувањето (1973, 49). Акцент е ставен повеќе на поткрепувањето отколку на казнувањето, затоа што казнувањето се покажало како краткорочен ефект на одвикнување од однесувањето и затоа што непосредното поткрепување ги надминува ефектите од одложеното казнување при контролирањето на однесувањето (Bandura 1973; Hill 1971). Со други зборови казнувањето не е толку успешен модел за промена на однесувањето затоа што ефектот е со кратко траење, особено ако се појави со одложување. Од друга стана, поткрепувањето (наградувањето) на саканото однесување веднаш штом ќе се појави, особено ако е вообичаено, а не по секој настан, најверојатно ќе предизвика повторување на тоа однесување. На пр. да се удри детето кога зима чоколадо може брзо да се заборави, но да се награди детето кога тоа ќе си го закачи палтото, ја зголемува можноста детето повторно да го направи тоа. На жалост, многу малку родители ги знаат овие неколку едноставни факти, така што тие продолжуваат да ги удираат своите деца кога не ги почитуваат правилата, а ги игнорираат моментите кога децата ги почитуваат поставените правила или кога ќе сторат нешто добро. Основната идеја на теоријата на социјално учење е основа на повеќето курсеви на ефикасно родителство. Како додаток на поттикнувањето, моделирањето (имитирањето) е важен фактор во учењето, особено за децата. Во мноштвото социјално-психолошки испитувања се покажало дека деца кои набљудуваат агресивно однесување не само што ги памтат агресивните акти, туку и ги имитираат, особено ако тие се акти изведени од машки возрасен модел (Bandura 1973). Момчињата повеќе ја имитираат агресивноста спонтано. Кога добиваат награда за таква имитација, децата од двата пола го зголемуваат своето имитирање до моментот додека не станат подеднакво агресивни, како и моделот што го имитираат (Bandura 1973, 72-85). Како што Бандура (1973, 80) истакнува „луѓето учат повеќе отколку што обично изведуваат, освен ако не се поттикнати тоа да го сторат", така и девојчињата кажуваат дека научиле, но не сакаат тоа да го демонстрираат сè додека не се сигурни дека за тоа ќе бидат наградени. Најраното социјализирање се одвива во домот, така децата добиваат поттик и/или казна од нивните возрасни модели, додека покасно го учат правилното однесување меѓу половите од други социјални извори. Проучувањата покажале дека: „Децата се повеќе наклонети кон имитирањето на познат модел на агресивност отколку на непознат. Ова е особено точно за момчињата кои просечно имаат трипати повеќе сексуални односи од девојчињата..." (Bandura 1973, 80). Според наодите на тестот на Бандура нема никаква разлика дали се работи за момчиња или девојчиња доколку тие ја негуваат врската со моделот. Со други зборови децата особено момчињата ќе го имитираат однесувањето на машкиот модел што го знаат, без оглед дали им се

бендисува или не. Други испитувања кои ја поддржуваат теоријата на социјалното учење укажуваат на тоа дека ако однесувањето на моделот има функционална вредност ако ги постигнува саканите резултати, набљудувачите силно се поттикнати да ги практикуваат ваквите видови на однесување, и колку што повеќе постои можност за повторување било физички или ментално, толку стануваат потрајни моделите на однесување. (Bandura 1973, 78). Ако младото момче гледа како неговиот татко бара и добива сакана храна и лична услуга од другите во семејството со сила или заплашување, тоа однесување најверојатно ќе биде прифатено како функционално. Потоа момчето го увежбува и го применува таквото однесување со своите помлади браќа или сестри или со другите деца во училишниот двор. Ако таквото однесување е поткрепено, се покажува како функционално за него, така што постои можност да сè увежбува се додека не постане константна особина. Од друга страна, ако неговиот брат или сестра се поголеми од него или тој е помал од неговата „цел“ во училишниот двор, неговото однесување нема да биде наградено, нема да резултира со успех, така што постои мала веројатност тоа да се повтори. Постои друга можност: детето може само ментално да го повторува саканото однесување, велејќи: „Кога ќе пораснам како татко, луѓето ќе ми даваат што сакам, или тешко нив“. Постои веројатност ова дете кога ќе постане маж никогаш нема да удри никого освен својата жена или дете. Тестовите исто така покажале дека луѓето не мора да бидат сведоци на агресивно однесување: тие исто така добро учат и од „сликовита презентација“ како и од говорен опис, доколку тие се доволно возрасни тоа да го разберат или тоа го окупира нивното внимание (Bandura 1973, 73). Ова помага да се објасни зошто некои луѓе стануваат агресивни како возрасни иако нивниот дом бил мирен, ненасилен, но нашето општество е крајно насилно и пораките примени или добиени за такво насилство се секаде околу нас. Постојано слушајќи луѓе како кажуваат за бенефициите од насилно однесување, или пак како насилното однесување е наградено, поттикнато од медиумите, може некои луѓе да ги убеди дека таквото однесување е потребно и правилно.

Друг важен фактор што треба да се изложи е: Вниманието во процесот на учење. Првото формулирање на идеите за правилни и неправилни модели на однесувањето е изградено во родителскиот дом, додека детето е во релативно затворен социјален систем со малку нарушувања кои ги спречуваат учењето, така што поткрепувањето и моделите имаат главна улога во вниманието на детето. Бандура вели: Луѓето со кои лицето постојано контактира, ги делимитира типовите на однесување кој тој постојано ги набљудува и оттука учи најцелосно... Однесувањето на модели кои поседуваат висок статус на престиж, моќ, компетитивна хиерархија е поверојатно да биде успешно и да го привлекува вниманието на другите, отколку однесување на модели кои се социјално, професионално и интелектуално неподобни (1973, 69-70).

Како што напомнавме, децата може да созреваат во ненасилни домови, но да станат насилни возрасни, а ова често се случува кога нивните референтни групи го одобруваат или употребуваат насилството за постигнување на нивните цели: нивните врсници се модели со висок статус во нивните очи. Ова беше основната идеја на диференцијално асоцијативната идеја за објаснување на јубенилната Деликвенција (Sutherland 1939). Но тоа исто така објаснува зошто децата претежно го моделираат своето однесување според нивните татковци а не мајки: според хиерархиската структура на патријархалното семејство местото на сопруг/татко има највисок статус по престиж и авторитет (Dobash и Dobash 1976, 1978). Постои поголема веројатност дека и момчињата и девојчињата ќе го имитираат насилниот татко а не ненасилна мајка, посебно ако е таа жртва на злоупотреба. Но постои помала веројатност дека ќе биде поттикнато кај девојчиња однесување кое тие го манифестираат однесување кое се смета за сексуално несоодветно. Момчињата кои се агресивни постои веројатност да бидат наградени за такво однесување, посебно ако живеат во средина каде традиционалните идеи за мажевност вклучуваат „цврсто момче" или мачо стереотип (Bandura и Walters 1970a).

Вистина е дека социјализацијата на момчињата и девојчињата во зрелоста содржи многу пораки за соодветно полово однесување и дека не постои награда, дури понекогаш постои и болка кога има девијација од културните норми (David и Brannon 1976; Grossman 1977; Pleck и Sawyer 1974). Малите девојчиња и жени често пати се сведоци на моделирана агресија која е наградувачка за другите, но за нив треба посебни поттикнувања да дејствуваат спротивно на очекувањата што нивниот пол ги диктира. Бандура известува за резултатите од неговите експерименти каде децата гледале возрасни агресивни модели, и различните реагирања на момчињата и девојчињата во овие тестови. Кога момчињата се охрабрени да манифестираат физичка спремност спонтано го изведуваат сè она што го имаат научено кога виделе дека агресивноста добро се прифаќа. Кога моделите биле казнети за нивните агресивни дејствија, момчињата изведувале помалку од она што имале научено, но подоцна покажаа додатни имитативни реакции кога тие произведувале наградувачки резултати. Спротивно на тоа девојчињата за кои физичката агресија традиционално се смета за полово неприфатлива и оттука негативно санкционирана, она што го научиле го чувале за себе, без оглед на тоа како било третирано однесувањето на машкиот модел. Нивното учење не било манифестирано во акција се дотогаш додека не добиле уверување дека таквото однесување е прифатливо. Во предвидувањето на настанувањето на агресија треба повеќе да се обрне внимание на состојбите на предиспозиција отколку на предиспонираните единки. Доколку агресивните модели на однесување се научат, социјалните прилики во многу одредуваат дали и кога тие модели ќе

бидат изведувани (Bandura 1973, 67). Кога и девојчињата станувaат возрасни тие имаат интернализирани културно одобрени очекувања за улогата на полот која во многу ги определува девојчињата со женствени карактеристики со „срамежливост и зависност“ а момчињата со „мажествени“ карактеристики: агресивност и независност. Да се совладаат силите, социјалните и културните притисоци за конфронтизам и награда, девијацијата мора да се постигне со поттикнувња кои се доволно моќни плус казнувања за конформистичко однесување (Pagelow 1978a, 28-30). Жените генерално не добиваат силно поттикнување за агресивното однесување, особено кога е тоа упатено против возрасни мажи. Од друга страна тие може да бидат наградени, а ретко се казнети (барем не директно) за „соодветно“ женствено однесување.

Многу автори истакнуваат дека стереотипната полова улога во социјализирањето пропратено со екстремите на „мажевност“ и „женственост“ е важен контрибутивен фактор во семејното насилство особено при тепањето на жената. Straus (1976б) пишува за културните норми кои го лимитираат брачното насилство и ја дискутира „компулсивната мажественсот“ која се однесува на потребата момчињата и мажите да им докажуваат на другите дека тие се „вистински (прави) мажи“ со нивното потценувње на сите атрибути кои се сметаат за женски. Авторовата студија откри дека строгата интерпретација на дихотомни полови улоги, буквално ги одредува мажите да бидат агресивни (ако е потребно и насилни) а жените да бидат пасивни, зависни и често жртви на мажите (Pagelow 1978a). Но не сите мажи и жени ја следат оваа остро поделена улога меѓу половите, ниту ги прифаќаат дефинициите за мажевност и женственост, така што се поставува прашањето како теоријата за социјално учење да го објасни однесувањето на луѓето кои тие дефиниции ги отфрлаат? И покрај учењето и социјалниот притисок кои промовираат стереотипно полово однесување, некои мажи и жени очигледно гледаат на овие улоги како на дисфункционални. Некои можеби ги пробале овие модели на однесување, но откриле дека тие не се успешни, или дека од таквото однесување лично не профитирале. Ова е силата на моќта на теоријата на социјалното учење: таа покажува зошто некои луѓе се однесуваат на два начина: конформистички и девијантно. Покажува како децата ја изградуваат личноста и моделите на однесување, но не се ограничува само на децата затоа што учењето е доживотен процес. Искуствата од социјализирањето се менуваат во текот на животниот циклус, така што луѓето соодветно ја менуваат и својата личност и однесување. Социјализацијата во детството е важна, но луѓето можат и да го отфрлат одреденото однесување кога од него немаат корист и усвојуваат различни модели кои изгледа дека се поуспешни. Агресивното дете може да се развие во ненасилна мирна возрасна личност; пасивната жена може да стане жена која го тепа мажот; „доброто дете“ може да стане родител злоупотребувач; и

мажот што ја тепа жената може да научи да се прикажува себеси на начин на кој нема употреба на физичка сила.

Единствената сериозна критика на теоријата на социјално учење е тоа дека една од нејзините основни претпоставки зависи од когнитивните процеси кај луѓето, од идејата дека луѓето вообичаено со однесуваат на начини кои им служат на нивните најдобри интереси. Теоријата на социјалното учење претпоставува рационалност и одреден степен на размислување во врска со соодносот меѓу цената и користа вклучени во дејството. Тоа во потполност не дава одговор на некои типови на спонтано без предумисла однесувања кои се неуспешни па дури се и самоказнувачки. На пр. имаме „силно мало момче" кое сака да учествува во борби со големи мажи да би ја покажал својата мажевност, притоа често настрадува, но сепак не ја сфаќа поракатa. Или пак фрустриран родител кој сака неговото дете да престане да плаче, и му удрила шлаканица за да го сопре. Ова е светол пример на нелогично однесување кое го користат милиони родители секоја година.

Следната теоретска рамка се проширува од социјално-психолошко ниво на теоријата на социјално учење, во пошироко социјално структурално гледиште.

## *Социјален систем*

„Ова е свет на мажите и немој тоа да го заборавиш душо!", „Луѓето кои се сиромашни во оваа земја се само мрзливи, не сакаат да работат и да се подобрат. Домот на мажот е неговиот замок". „На мајка која го напушта своето дете во црква обвинителот ветува дека ѝ следува максимална казна". „Зошто овие луѓе не се грижат за своите деца?"

Многу автори веруваат дека начинот на кој што социјалниот систем е структуиран и институциите во него се причина за семејното насилство. На пр., Eli Newberger се потсмева на извештајот на владината агенција дека: „вината за злоупотребување на детето е во родителите", додека таа вели: „може исто така да се дизајнира систем во кој родителите ќе бидат неуспешни" (1973, 18). David Gil (1974) дава долга листа на причини за семејното насилство во кое вклучува: доминантна социјална филозофија и вредносни премиси; социјални, економски и политички институции; квалитетот на човековите односи креирани од системот; нашето гледање на правата на децата и нашето однесување кон нив; стресот поврзан со вработеноста и фрустрациите. Пишувајќи за Carnegie Council on Children, Kenneth Keniston (1977) и Richard de Loni (1979) покажуваат како социјалниот систем им одземал многу контроли на членовите на семејството, а на родителите им ја оставил одговорноста да се соочат со

барањата на општеството. Кога тие нема да успеат да се соочат со овие барања поради структурната нееднаквост, дискриминацијата, стигматизацијата, родителите а не општеството патат од кривица и окривување.

## *Структурална нееднаквост*

Нееднаквоста во нашето општество е често споменува во литереатурата за насилството, неа ја чинат различни категории како што се: економска, едукативна, воспитна, сексуална, расистичка и етничка нееднаквост, како и нееднаквост во достапноста на медицинско-здравствените и социјални услуги. Сите овие се цврсто поврзани. Званичните статистики за детското малтретирање откриваат дека пријавените родители многу повеќе се сиромашни млади, необразовани и дека членовите на малцинските ґрупи, како и самохраните мајки се позастапени. И покрај тоа, не мора да значи, дека пријавените случаи ја претставуваат целата популација која ги малтретира децата, но покажуваат дека многу деца патат од злоупотреба и запоставување делумно поради структурална нееднаквост. Институционалните бариери за некои луѓе за еднакво образование, вработување и можности малку се поврзани со индивидуалните карактеристики, а многу повеќе се поврзани со дискриминацијата на полот и раса или етничката припадност. Долготрајните нееднаквости влијаат врз однесувањето на личноста во склоп на семејната единица не само на децата, туку и на тепаните жени. Една од причините која често се истакнува од жените што остануваат со насилните мажи е заради недостатокот на можности за финансиска независност кои би им обезбедиле опстанок ним и на нивните деца.

## *Стрес*

Блиско поврзан со структуралната нееднаквост е стресот, друг општо спомнуван фактор поврзан со семејното насилство. Најновите написи и книги го потенцираат фактот дека стресот често пати иницира насилничко однесување (Helfer и Kempe 1974, 1976; Madden и Lion 1976; Martin 1976; Straus et al. 1980). Само по себе стресот не е доволен фактор за да се објасни насилството, но кога се појавува во комбинација со други фактори постои веројатност да се појави насилството. Многу луѓе живеат крајно стресен живот, но тие луѓе во насилството не гледаат решение, така што сигурно се потребни и други услови за тоа. Авторите се обидуваат да го поврзат стресот со сиромаштијата, но многу сиромашни луѓе живеат мирен ненасилен живот кој содржи голем број стресни фактори. Стресот може лесно да ја помине социо-економската линија, што може да се потврди од многу луѓе што потекнуваат од средна и висока класа. Важни одлуки во текот на денот мора да донесат повеќе

извршители: хирурзи, адвокати, банкари, брокери, кои се многу стресни, ако се земат во обзир социјалните притисоци за индивидуален финансиски успех во оваа земја. Сведоштво за стресот во нашата стресна култура лежи во високиот степен на болести поврзани со стрес: срцеви заболувања, чиреви, хипертензија итн. Еден советник за криза споменува дека многу семејства со проблеми имаат големи приходи, но нивниот животен стандард е толку скап што тие веруваат дека не можат да си ја дозволат потребната професионална помош. Сиромашната мајка која е загрижена за храна и облека на своите деца можеби не се согласува но стресот на човек на раководно место кој се секира да го плати паркирањето на својот чамец, или школарината на своите деца на најдобрите факултети може да биде спореден со нејзиниот. Во нашето натпреварувачко материјалистичко општество краен стрес е „искачувањето по скалата на успехот" и потоа борбата да се опстане таму.

### *Патријархалност*

Истражувачите Dobash и Dobash (1979) причината за тепање на жената и другите злоупотребувања на немоќните во семејството ја гледаат во хиерархиската, патријархалната структура на семејството во општествениот систем. Нивната теорија за тепањето на жената позајмува термини од теоријата за социјално учење особено од аспект на учењето на традиционалните улоги на полот и патријахалната структура на семејството. Овој теоретски модел се потврдува со теоријата на конфликти чии постулати укажуваат дека кога постои нееднаква дистрибуција на скудни и вредни ресурси, конфликтот е неизбежен. Патријахалноста бара силата да им биде дадена на мажите а жената треба да има подредена положба. Самите основи на патријахалното семејство промовираат насилство кон женскиот пол, особено против сопругите (според Dobash и Dobash 1978, 1979, 1980, како и според други). Истражувањето на Добашеви покажува дека во скоро 900 случаи на насилство во семејствата, каде што полот на напаѓачите и жртвите бил познат, жените се 94% жртви, а само 3% се напаѓачи во тие случаи (Dobash и Dobash 1978, 436).

Историските истражувања покажуваат дека хиерархиската структура на семејството ја доделува силата на мажот за да доминира и да ги контролира останатите и да користи какви било средства за да го одржи авторитетот. Исто така, нееднаквиот однос на мажите, жените и децата во семејството се поддржани од сите социјални институции (Barnett et al. 1980; Jaffe 1980). Професорот по социјална работа Ellen Barnett и нејзините колеги Pittman, Ragan и Salus изјавуваат: Во Американското општеството традиционалната структура во општеството е патријархална ... Фрустрациите кои се јавуваат кај двата партнера се резултат на ригидни и идеализирани очекувани улоги. Неспрем-

носта на сите социјални институции да интервенираат во семејните случувања го охрабрува и постојано овозможува сопружничкото злоупотребување (Barnett et al. 1980, 6).

Како Добашеви, другиот истражувачки тим, составен од Stark, Flitcraft и Frazier (Stark et al. 1979; Stark и Flitcraft 1981) се согласуваат дека основната причина за тепање на жената е во патријахалните односи во едно семејство, како и тоа дека развојот, одржувањето и континуитетот на патријархалното семејство е политичко прашање кое многу истражувачи и практичари се обидуваат да го избегнат намалувајќи го неговото значење како „приватни неприлики". Идната теоретска рамка што треба да се тестира оди преку границите на индивидуалното и вклучува социјално-структурално прифаќање и одобрување на насилството кое не мора да биде причина за семејно насилство но секако придонесува за неговото настанување.

(Превод од англиски – Верица *Стаменкова – Трајкова*)

# ДОЛГОРОЧНИ ПРЕВЕНТИВНИ СТРАТЕГИИ

## Ред на приоритети

Тешко е да се дискутира за долгорочна превенција, според специфичните категории на семејно насилство, бидејќи повеќето од предложените стратегии се генерализирани. Семејството е единица во социјалниот систем, така што какви било промени на структурално и институционално ниво влијаат врз семејното живеење. Промените во социјалниот систем можат да делуваат превентивно, симултано на неколку типови на злоупотреба. Семејства во кои насилството се појавува се семејства со многубројни проблеми. На пр. детето кое е жртва на инцест, може исто така да е тепано и запоставувано, или пак да има мајка која е тепана. Превенцијата бара големи промени.

### *Нееднаквост: економска и полова*

Економски систем кој не е во состојба да ги згрижи сите потенцијални работници има голем дел од популацијата која живее во финансиска несигурност или сиромаштво, а мал дел кој живее во изобилство и луксуз, мора да се смета за силен контрибутер на семејното насилство. Како додатно може да се смета и придонесот на подредениот статус на жената во општеството и во семејството. Препораките за превенција на насилството се за намалување на сиромаштијата и за разговарање околу тоа.

### *Економска нееднаквост*

Нема доволно докази дека сиромашните семејства се понаклонети кон насилство, но економската несигурност или нееднаквоста можат да придонесат во насилното однесување што се должи на неможноста да се избира. На пр. има само малку патишта на избор за мајките кои живеат во супстандардни домови, во споредба со изборот достапен на богатите мајки. Неспособните постари родители можат да имаат професионална платена помош за да бидат негувани, но тоа е премногу скапо за оние кои живеат со просечни или ниски примања.

Некои истражувачи строго се уверени дека социјалната нееднаквост е вградена во политичката и економската структура на нашето општество и дека токму таа ја дефинира и лимитира иднината на луѓето без обѕир на индивидуалните особини. Richard De Lone тврди дека „никаква индивидуална помош без разлика дали е од училиштата, студиите или социјалните работници не може да ги направи потребните промени. Првичната нееднаквост на социјалните класи е тоа што треба и мора да се промени". (De Lone 1979, 112). Луѓето кои се хендикепирани, обесхрабрени на самиот почеток од нивниот живот, најверојатно не ќе можат да ги совладат хендикепите кои се појавуваат во нивниот живот.

Што може да се стори во врска со сиромаштијата? Како што некои забележуваат, Американците ги почитуваат идеите за слобода, еднаквост, демократија и правда, но сепак кога ги запознаваме пошироките сегменти на популацијата кои се лишени од можноста да прават важни животни избори заради нееднакавоста која е непроменета со години, одбиваме да направиме масовна реконструкција потребна за ефектна промена. Овдешната и сегашната реалност на семејството е игнорирана: семејствата се изолирани, растргнати од проблеми над кои тие немаат контрола и се дисфункционални што се должи на економско-политичкиот систем кој им наметнува одговорност за социјализирање на идните генерации без соодветна финансиска и социјална поддршка. Пуританската етика на индивидуализмот и компетицијата сè уште го затемнуваат нашиот суд за меѓусебни и социјални односи: оние кои не се успешни финансиски и социјално се наречени „грешници" – тие се „губитници", бидејќи тие имаат лични недостатоци. Извештајот od Carnegie Council of Children објаснува: Кон крајот на 19. век, познатиот министер Henry Ward Beecher изјави многу грубо верување до кое сè уште држат многу Американци: „ Ниту еден човек во оваа земја не пати од сиромаштија, сè додека тоа не се смета за негова грешка или негов грев ..." Исклучените сега се опишани како „онеправдани" – културно, семејно и когнитивно.Не е нивна грешка тие се или „хендикепирани" или пак се „болни"... Над сето тоа проблемот лежи и во семејствата на овие деца. Што ги обединува сите овие објаснувања за исклучување е немиот одговор дека нешто не е во ред со таквите деца и нивните родители ... Се смета како нормално дека непосредната причина за да се биде на дното лежи во карактеристиките на оние кои живеат таму. (Keniston 1977, 38).

Kenneth Keniston вели: „Наместо да се обидуваме директно да ја модифицираме дистрибуцијата на економските успеси и социјалниот статус , ние бевме концентрирани на подигнување на следните генерации"(1979). Ако го простуваме на сиромашијата ние простуваме и на насилството.

За да се приближиме на американскиот идол на еднаквост има многубројни начини на кои богатството може да биде прераспределено преку план

за распределба на приходот од данок. Ако правилно се регулира данокот на приход може да се подигне животниот стандард на секое четврто дете што сега живее во сиромаштија да има пристоен стандард на живеење, идеја која е предложена од многу професионалци но е секогаш игнорирана од страна на политичарите. Треба да се гарантира еднаквост на можностите на сите граѓани, за милиони деца кои сега растат во сиромаштија без надеж дека ќе им биде подобро и покрај плодната борба од нивните родители, за да еден ден добијат надеж. Дали е тоа можно? Дури и пред масовното зголемување на трошоците за војска, сѐ што беше потребно беа помалку од 2% од нашиот национален буџет во 1976 година за да се елиминира сиромаштијата, сега е далеку помалку околу 16,7 билиони долари годишно што е една петина од војничкиот буџет, или малку повеќе отколку што Американците трошат на цигари.

Eli Newberger е автор на многу критики за „помошните" центри за детската „заштита" и нашиот добронамерен систем. Во еден напис, таа ја коментира книгата која содржи „брилијантно поглавје кое носи наслов „Неуморно занимавање со зависни семејства" што го поедноставува фактот дека Одделенијата за труд и социјална заштита си поигруваат со некои аспекти на сиромаштијата, но и покрај тоа ја одржуваат" (Newberger 1979, 17). Во исто време, истражувачот Дејвид Гил не се согласува со краткорочните интервентивни методи за злоупотребени и запоставени деца. Препораките на Гил повикуваат на промена на целокупниот социјален систем кој сега е на степен на сиромаштија „каде што милиони деца се во услови на егзистенција во која физичкиот, социјалниот, емотивниот и интелектуалниот развој може да биде грубо хендикепиран" (1975). Тој вели:

Слични деструктивни верзии на легално санкционирано злоупотребување на степен на институциите го доживуваат неколку илјадници деца кои живеат во домови каде што се посвоени, во институции за опоравување и корегирање (поправни домови) и во институции за деца кои се класифицирани како ментално ретардирани. (Gil 1975).

Психијатарот Matthew Doumont (1977) напиша остра оптужба за нашето социјално и економско општество кое на човечката работа гледа како на артикал (стока) и ја игнорира опасноста по физичкото и менталното здравје на граѓани кои се збунети со интернализиранит пораки за индивидуализам и компетиција. Факторот на кој укажува Doumont кој што предизвикува најштетни проблеми во семејството е невработеноста, со нејзините пропратни „вознемирувачки ефекти" како што се менталните нарушувања, сексуалната импотенција, детска злоупотреба, алкохолизам, развод и самоубиство.

Сите проблеми кои економската нееднаквост ги предизвикува во фамилиите, претежно се однесуваат за малцински групи на фамилии, или семејства водени од жени, иако можеби економското реструктуирање би помогна-

ло најмногу на сиромашните семејства, сепак останува проблемот на нееднаквост што се должи на статусот на жената во општеството и во семејството.

## *Полова нееднаквост*

Без разлика дали фокусот е во тепањето на жената, брачното силување, инцестот, детската злоупотреба и запоставување, или родителска злоупотреба, многу автори бележат дека недостатокот на економски поволности за жената во општеството е составен дел на секој тип на насилство. Жените почесто остануваат во заедница со мажот кој што ја силува, ја тепа или ги тепа нејзините деца, или сексуално ги злоупотребува нивните деца, затоа што знаат дека не можат економски да опстанат. Доцната доба има сериозни проблеми за жените. Тоа што тие живеат подолго и помалку заработуваат од мажите ги става во економска зависност и зависат од други возрасни жени (нивните ќерки или сестри), така што жените се и злоупотребувачи на постарите или самите како постари се злоупотребени. Други фактори покрај економските се и нееднаквоста базирана врз полот. Едниот е поделбата на работата во семејството, каде што главната одговорност за воспитување и грижа (за децата и старите) е оставена на жената. Другиот фактор е нееднаквоста на моќ во меѓусебните односи наследени во традиционалните бракови. Но нееднаквоста на родителските одговорности е на прво место.

Дејвид Гил го проучувал злоупотребувањето на децата и напишал доста за неговите сознанија, но неговите сугестии и предлози биле општо игнорирани. Неговата главна препорака бара масовно реконструирање на општеството, но исто така повикува и на намалување на стресот во семејниот живот:

„Особено кај мајките кои носат главна одговорност за детското функционирање. Такви стресови се познати и како предизвикувачи на дејствија на физичка злоупотреба на децата ... Семејните советувалишта, помош за одржување на домот, помош на мајките и сервиси за чување на деца, семејни и групни дневни прифатилишта за деца од предучилишна и училишна возраст се примери на такви услуги што се потребни на едно семејство. Од ниедна мајка не треба да се очекува да се грижи за своите деца 24 часа дневно, 365 дена во годината. Треба да се има замена за таква грижа која би била на располагање на мајката како би имала можност да се ослободи од грижата, да се одмори и рекреира“. (Gil 1970, 118).

Овие предлози се слични со оние кои се среќаваат кај авторот кој пишувал за превенцијата на моментните здобиени повреди од насилство. Луѓето кои се наоѓаат на позиции да одлучуваат не се осврнуваат или не ги поддржуваат нашите препораки се додека и тие немаат корист од тоа. Социјалниот систем

товарот од социјализирањето на новите генерации на граѓани, скоро комплетно се префрла на родителите, особено на мајките. Sociologot Jessie Bernard бележи дека нееднаков товар за подигање и воспитување на децата е доделен на жените и се согласува со Гил чии настојувања за реконструкција на општеството и мајчинските институции се „императивни".

Модерното семејство не е како поранешниот модел каде што семејната заедница функционира за опстанок. Некои фактори кои придонесуваат за мајчинска детска злоупотреба и запоставување беа забележани претходно: изолација на модерното нуклеарно семејство, поголемите одговорности доделени на мајката, негување, одгледување на децата и се поголемиот процент на време што мајката го поминува со децата. Како што семејните и мајчинските институции се смениле со тек на времето, така што еволирале во постоечките структури, тие и ќе продолжат да се менуваат.

Не е веќе неопходно ниту пак неизбежно повеќето жени да станат мајки: социјалниот притисок за наталитетот може да се намали така што е нормално да се има семејства без деца како и семејства со деца. Најважниот фактор за донесување на правилна одлука дали да се има или нема деца е образованието. За една од најважните работи во светот, мајките немаат никаква обука, ги извршуваат задачите по лично убедување, и не добиваат никаква надворешна помош. Сите други важни кариери бараат години на подготвување и обука, дури и стажирање. За разлика од другите кариери, ако жената ја прифати улогата да биде мајка и ако открие дека е незадоволна и неподобна за тоа, нема никаков начин тоа да го напушти и да почне да работи нешто друго. Ова се однесува и на татковците, кои исто така се недоволно подготвени да бидат родители, и кои не можат да ја напуштат улогата за која тие не се подобни.

Промените бараат брза акција и граѓански масивен притисок за нова социјална политика.

## *Давање избор*

За да се подготват младите луѓе да донесуваат такви важни одлуки и да ги прошират одговорностите, семејствата стануваат дел од регуларното школувањ почнувајќи од основно па до високо образование. Оваа обука опфаќа сексуално образование, спречување на бременоста и како да се биде родител. Часовите за тоа како да се биде родител (што значи родител) важат подеднакво и за мажот и за жената, ги обучува мажите за негување на детето, учат дисциплински техники кои избегнуваат употреба на физичка казна. Телесната казна на децата е забранета како во семејството, така и во училиштата и другите институции.

Од луѓето се бара да поминат, посетуваат одредени курсеви пред да им се издаде брачна потврда или пред да станат родители. Да се роди е сопствен избор, избран од некого затоа што тие ги разбираат одговорностите и доброволно ги прифаќаат. За оние кои одбираат да немаат деца или за попречување на раѓањата, на достап се сигурни и ефективни контрацептивни средства, како и абортуси. Луѓе кои имаат деца и сметаат дека се неподобни за родители има начини со кој тие можат да се ослободат од таа обврска, и децата да бидат со родители кои ќе ги сакаат.

Ако овие идеи се прифатени во социјалната политика, децата нема да се приморани да живеат со родители кои не можат да им дадат соодветна грижа и обука, или пак со родители кои не ги сакаат и не можат да им дадат љубов. Мажите-татковци во семејството би биле подеднакво одговорни за подигање и грижа околу децата. Какво е сценариото за во иднина за негувателите кои се грижат и за младите и за луѓето во поодминати години?

## *Општественото признание и поддршка за задачите на негувателите*

Во овој систем, родителите не само што добиваат соодветно признание и чест, туку исто така се и економски наградени во форма на загарантирана здравствена заштита за целото семејство, сигурни финансиски примања, пристоен дом, пензиски бенефиции, платени одмори итн. Луѓето кои се грижат за старите луѓе (негуватели) добиваат сигурни финансиски средства и загарантирана здравствена заштита за нив и платени трошоци. Професионална и парапрофесионална помош е достапна за сите негуватели во форма на водечки советници, домашни/патронажни сестри, телефонска линија за брза интервенција, квалитетни дневни центри за давање помош на помладите, чување на деца и домашни услуги. Семејствата во кои има луѓе (деца или стари) кои зависат од семејството се вклучени во заедницата и добиваат социјални услуги. Училиштата во соседството се отворени по училишните часови за собирање на семејствата по прашања од различна природа: социјална, рекреативна, уметничка, театарска и општи проекти на заедницата.

Ако овие идеи постанат составен дел на социјалната политика, приватизацијата и изолацијата на постоечката негувателска пракса би била елиминирана,"зависните" (неспособните да се грижат сами за себе) млади и стари не би биле подложни на злоупотреба и запоставување, а социјалното осигурување би било подеднакво оптоварено.

Овие сценарија (утопии) се повеќе обид да се обезбеди холистичен отколку вообичаен мир, пат кон превенција на децата и старите од малтретирање. Превенцијата денес, воопшто, се состои во идентификација, лекување а

понекогаш и предвидувања. Да признаеме, радикалниот приод бара масивна реконструкција на приоритетите и на целиот социјален систем, кој за несреќа се појавува без силни популациски барања. Како и да е луѓето ги градат општествата, луѓето можат и да ги менуваат. Како што имаме модерни идеи за децата, детство, така и родителството еволуирало низ векови, и тежнее кон подобрување. Семејството и мајчинството сега се во најлоша ситуација, така што тоа има деструктивни (уништувачки) ефекти врз жените и децата (Bernard 1975) а преку нив и врз општеството.

И покрај очигледните високи финансиски трошоци за организирање на општеството, некои можности се видливо вреднувани како што е помошта за негуватели на старите во нивните домови. Многу повеќе чини да се смести во дом старо лице, отколку што чини услугата , наречена *храна на тркала* (подвижна храна) каде неспособните добиваат топло јадење (оброк) во своите домови, или пак во општествените центри. Прототип на работењето на заедницата оформен во Нагледниот концепт „во соседството", не само што помогнало при спречување на неколку провални кражби во околните домови, туку и ја подобрило комуникацијата меѓу соседите. Во некои области е толку проширено што вклучува и други меѓусоседски односи на помош.

Многу од предлозите на Robert Kahn (1982) се корисни за превенција на злоупотребување на старите, иако тој се фокусира на услуги за идна ментална заштита потребна за популацијата која се развива. На пр. тој вели:

„Подобро е и похумано да се обезбеди сместување на старите во сопствените домови или во дневните центри за помош, отколку во болница; во соседството отколку во центарот на градот; со личности од соседството отколку со професионален медицински или социјален персонал.(Kahn 1982, 400).

Kahn повикува на континуираност и на здружување за давање на помош и грижа (персонал, агенции и институции) и за обезбедување охрабрувачка помош на семејствата, како што е „одмор" каде што старото лице ќе може да се смести во болница, за една или две недели, а задолжените за чување би оделе на одмор. Дури и „порадикален" е предлогот на Kahn да се земаат непрофесионалци кои би биле изнајмувани како помош на професионалците. Овие помошници по можност би потекнувале од иста средина, од соседството и главно на приближна возраст, како и нивните стари клиенти за да можат пријателски да се дружат. Кахн исто така ги советува помошниците да им дозволат извесна контрола на старите велејќи: „Самиот факт дека ти се помага може да има парадоксален ефект на зголемување на неспособноста заради запоставување на овие функции кои старите сè уште може да ги обавуваат. (1982)". Еден одличен предлог гласи: „потенцијалната помош„ е многу покорисна отколку било која форма на вистинска помош. Основата на овој концепт е дека помошта е загарантирана и достапна кога е потребна". Kahn изјавува: „Но-

вите приоди можат да имаат мултиплицирани вредности не само како да се биде поуспешен во споредба со вообичаената пракса, туку многу повеќе економски и поуспешни ефекти при нивната употреба во нашите истражувања““(1982). Подоброто може да е дури и поефтино!

За здравството, Обединетите нации трошат билиони долари за лечење на болестите, а многу малку на превентивната медицина; така што исто и ние повеќе сме загрижени за семејното насилство, откога ќе се појави, а не за превенција. Идеалистите пишуваат сценарија за проучување – можеби е време ние да предложиме нови цели за градење на општество на иднината. Ниту една цел никогаш не може да биде применета ако не е објавена, така да зошто овие идеи не би ги сметале за појдовни точки?

Вториот начин на кој половата нееднаквост го поттикнува семејното насилство е нееднаквата поделба во традиционалните семејства. Се додека општествените патријархални институции го поддржуваат мажот правно, економски, политички и неговиот авторитет во бракот ќе има конфликти и насилство дома. Со капитализмот улогата на мажот во семејството беше иземена, а му беше наметната улогата на бизнис маж која промовираше мажествени идеи на агресивност, натпревар, контрола, доминација на сопствениот пол. Мажите и жените се социјализиран автентичен модел на однесување: било која екстремност е нефункционална за двата пола. Семејното насилство може да се намали со промена на социјализирањето на половите (да се биде мачо може да се гледа и од друг аспект како смешна и беспомошна будала), и со промени во општествениот систем би имало помала авторитативна нерамнотежа во семејството како и помалку злоупотребувања.

Има индикатори на некои потенцијални промени кои би ја намалиле економската нееднаквост од која жените сега патат и која ги хендикепира во односите во семејството. Еден предлог е да се изгради (има) подеднаков пензиски финансиски прилив во семејството, така што кога едната личност останува без работа,за да биде родител тој или таа нема да губи ништо од финансиските бенефиции кога ќе остарат. Законот за пензиско осигурување сега засега не е во функција на домаќинките и на мајките.

Друг индикатор на промена е алиментацијата. Конгресот наложува пронаоѓање на различни методи за собирање на алиментација од неодговорните родители кои не ги исполнуваат своите финансиски обврски (Nakamoto et al. 1983). Еден предлог е сите судски решенија за алиментација да бидат директно испратени до работодавачот како би се автоматски одземало од платата на вработениот. Не би имало никакви привилегии за никого, затоа што тоа би се применувало во сите случаи. Родителите во приватниот бизнис не се опфатени со ова, но има други начини како да се регулира нивната неодговорност при исполнување на финансиските обврски. Овие предлози имаат обос-

трана користи затоа што им обезбедуваат сигурни примања на жените и децата за да не бидат товар на социјалното осигурување, а исто така се заштедуваат билиони долари што сега се трошат за надоместок на деца кои не се финансирани од своите биолошки родители.

Потребата за промени е неизбежна, прашање е само какви промени да се направат.

(Превод од англиски – *Верица Стаменкова – Трајкова*)

# РЕЧНИК НА ПОИМИ ОД СОЦИЈАЛНА РАБОТА*

**Анамнеза (anamnese, ger.)** – збир на сите информации кои се однесуваат на животот на една конкретна личност.

**Ангажирање (engagemeut)** – вклучува идентификување на решенија кои апликантите ги посакуваат за проблемите со кои се соочуваат.

**Афективност (affektivitaet, ger.)** – заклучок за емоционалното, чувственото и душевното доживување, чувствен говор.

**Вежбање улоги (role rehearsal)** – Намерата на вежбањето улоги е да им се помогне на членовите да ги променат дисфункционалните однесувања и да развиваат нови средства додека се во групата, но и во други важни врски кои ги остваруваат.

**Групно рефлективно разгледување (group reflective consideration)** – Цел на оваа техника е да им се помогне на членовите при разгледување на неодамнешни настани кои се поврзани со нивната цел. Оваа техника (која Hollis, 1972 ја опишува како драгоцена во работата со поединец) се користи во групната работа како средство за пренасочување и преформулирање при создавањето нови идеи, ставови и перцепции.

**Дијалошка дијагноза (dialogische diagnose, ger.)** – дијагноза насочена кон конкретната личност, на нејзиното објективно и субјективно постоење.

**Договор за работа (service contract)** – е експлицитен договор помеѓу социјалниот работник и странката во врска со целните проблеми, задачите и стратегиите за интервенција во социјалната работа, и улогите и задачите на учесниците. Неговите главни карактеристики се заемен договор, различно учество во процесот на интервенција, реципрочна одговорност и експлицитност. Во праксата овие карактеристики се тесно меѓусебно поврзани (Maluccio Marlow, 1974).

---

* Речникот на поими дава објаснување првенствено од аспект на нивното значење во приложените текстови

**Егзистенцијална дијагноза (existentielle diagnose, ger.)** – дијагноза ориентирана на присуството и постоењето на хендикепираната личност.

**Енцефаломалација (enzephalomalazie)** – последица на трауматично или токсично пореметување на мозокот.

**Етиологија (aetiologie, ger.)** – откривање на причините.

**Етиолошка дијагноза (aetiologische diagnose, ger.)** – дијагноза насочена кон причинските односи, смисловните врски и тековните закономерности.

**Застапник (advocate)** – Како застапник, ја презентирате и расправате околу намерата на странката тогаш кога е тоа неопходно да се постигнат целите од договорот.

**Застапување (advocacy)** – обид, со можност за успех поголема од нула, од страна на една индивидуа или група да се влијае врз друга индивидуа или група да донесат одлука која инаку не би била донесена и која се однесува на добросостојбата на интересите на некое трето лице кое се наоѓа во помалку моќна состојба од оние кои ги донесуваат одлуките.

**Идеографски опис (ideographische beschreibung, ger.)** – давање на податоци кои ја изразуваат квалитативната поединечност на доживеаното и односот на хендикепираната личност.

**Интервенција (intervention)** – активности кои се преземаат по развивањето на договорот за работа а со цел да се остварат целите специфицирани во договорот за работа. Интервенцијата во договор претставува само еден дел од севкупната интервенција во социјалната работа.

**Интервенциони улоги (interventive roles)** – Интервенционите улоги: брокер, оспособувач, учител, медијатор и застапник обезбедуваат рамка за размислување во врска со интервенционите активности кај системите од која било големина, почнувајќи од индивидуата па се до заедницата.

**Интерпретација (interpretation)** – Интерпретацијата се користи за проширување на свеста за латентните содржини и скриените планови кои произлегуваат од односите меѓу членовите и други релевантни лица надвор од групата.

**Инцест (incest)** – тип на семејно насилство, иако не вклучува насилство во форма на физички напад, тој секогаш вклучува злоупотреба на сила, моќ, авторитет.

**Историска дијагноза (historische diagnose, ger.)** – дијагноза ориентирана на епохалните случувања, со цел да се набљудува ситуација во која се наоѓа клиентот од аспект на историските настани.

**Когниција (kognition, ger.)** – способност за споредување, апстрахирање, комбинирање и донесување на важни одлуки.

**Медијатор (mediator)** – Медијаторот им помага на странките и на спротивната страна во изнаоѓање заедничка основа врз база на која ќе се постигне решавање на конфликтот.

**Медијација (mediation)** – Медијацијата вклучува напори да се разрешат споровите помеѓу системот на странката и сите надворешни системи (организации и други лица) со кои странката се наоѓа во конфликт.

**Методска дијагноза (metodische diagnose, ger.)** – начин на постапка ориентиран на поставувањето на цели и на средствата кои се на располагање.

**Олигофренија (oligophrenie)** – малоумност.

**Оспособувач (enabler)** – Оспособувачот и помага на странката да изнајде сила потребна за справување со потешкотиите, и ресурси со кои самата таа располага, со цел да се создадат промените кои ги бараат целите од договорот за работа.

**Перцепција (perception)** – сетилна способност за забележување, примање на една претстава во свеста.

**План на активности (service plan)** – е дел од договорот за работа во кој се опишуваат специфичните активности кои треба да се преземат за да се остварат целите.

**Програмирање (programming)** – е најпотполно активна, интерактивна и најекспериментална техника од сите други. Може да се одвива меѓу самите членови на групата или меѓу некои други релевантни лица, како внатре така и надвор од средината за состанување. Програмирањето е техника која е идеален пример за хуманистичката-групна надворешност (Papell и Rothman, 1980) бидејќи ги доведува членовите на групата во врска со надворешната средина.

**Психомоторика (psychomotorik, ger.)** – форми на движења со кои располага човекот.

**Семејно насилство (family violence)** – Семејното насилство вклучува било кој чин на телесни или психолошки повреди од страна на членовите на семејството, и кои било состојби кои се резултат на таквите чинови, или инертност што им ги одзема правата и слободата на другите членови, или го попречуваат нивниот оптимален развој и слобода на избор.

**Ситуациона, социолошка дијагноза (situative, soziale diagnose, ger.)** – дијагноза ориентирана социолошки, еколошки на полето на условите на ситуацијата.

**Социјален брокер (social broker)** – брокерот во социјалната работа ја поврзува странката со останатите ресурси во неговата животна средина, а со цел да се остварат целите специфицирани во договорот за работа.

**Социјализирање (socialization)** – способност за остварување на човековите потреби за контакти и вклопување во општеството.

**Телеолошка дијагноза (teleologische diagnose, ger.)** – дијагноза насочена кон целта, најчесто во однос на воспитните и образовни активности.

**Техники за постигнување цел (techniques for actualizing purpose)** – се наменети да им се помогне на членовите на групата да се фокусираат на проблемите, ситуациите и интерперсоналните односи кои ги довеле до членство во групата.

**Тополошка дијагноза (topologische diagnose)** – дијагноза ориентирана на областите на способноста и функционирањето на клиентот.

**Учител (teacher)** – Учителот (улога во која може да се најде социјалниот работник), обезбедува на странката информации неопходни за справување со проблемските ситуации, обезбедува помош на странката при учењето нови начини на однесување или способности, или примарни начини на алтернативно однесување.

**Феноменолошка дијагноза (phaenomenologische diagnose, ger.)** – дијагноза ориентирана на слики на појави, состојби и симптоми карактеристични за клиентот.

**Feedback (повратна информација)** – е техника која има за цел да им помогне на членовите на групата да ги одржат меѓусебните граници, да ги елиминираат претпоставките и да ги изразат своите реакции на меѓусебните однесувања.

**Хипотетичка дијагноза (hypothetische diagnose, ger.)** – собирање на поврзаности кои произлегуваат од надворешно набљудуваните случувања, чиешто конечно разјаснување сè уште се очекува.

**Хронолошка дијагноза (chronologische diagnose, ger.)** – ориентирана на животните и развојните фази типични за секој човек.

# SUMMARY

This edition presents an effort to fill in the present scientific gap in Macedonian literature in the field of Social Policy and Social Work, and coherently to promote new debates and issues that characterize the wider global social agenda.

Enclosed, the reader will find approximately 20 texts which are divided in two parts: Social Policy and Social Work.

Social Policy part tends to present issues from more global aspect, such as the influence of supranational agencies and the impact of their policies on national context. It also aims to promote debates and discussions about concepts which are partially explored so far in Macedonian context. Those debates speak about topics such as: Citizenship and Welfare, Universalism and Selectivisam, Social Justice, Social Exclusion and so forth.

Social Work part atempts to spread knowledge about social facts and rights, as well as description of methods and techniques with whom the social diseases can be eliminated. It also speaks about new roles of social workers that are result of the current social needs of the society as a whole. Therefore, it promotes interventive roles, such as: social broker, social mediator, social advocate etc. This part ends up with examination of Family Violence, a social problem that has been present, but not explored enough in the society we live.

The edition also includes another essential part: Dictionary of Social Policy and Social Work terms. Development of unique Macedonian phraseology in the social field presents a great necessity, in order to avoid the misunderstandings which exist in implementation of international terminology in this field. Therefore, this is only a small contribution to Macedonian Social Policy and Social Work Terminology, which hopefully will present a motivation for further extensive and explicit Dictionary.

The edition is expected to be of further assistance to many individuals and organizations, such as: students, professionals in the field, non – governmental organizations and state officials. The ultimate goal of the edition will be achieved if the applicability and relevance of this texts will serve as a good example in the practice.

# Содржина

*Предговор* ........................................ 7

***Социјална политика***

*Маја Геровска* ........................................ 11

ГЛОБАЛНИТЕ ИМПЕРАТИВИ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ........................................ 11

*Bob Deacon* ........................................ 15

ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ........................................ 15

*Linda Hantrais* ........................................ 28

СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........................................ 28

МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ........................................ 44

ДЕФИНИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА СЕМЕЈСТВО (СЕМЕЈНА ПОЛИТИКА) ........................................ 58

ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА СТАРЕЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........................................ 68

СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ ........................................ 81

*Andros Loizou* ........................................ 90

СОЦИЈАЛНА ПРАВДА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ........................................ 90

*Mike Wilson* ........................................ 111

ГРАЃАНСТВО И БЛАГОСОСТОЈБА ........................................ 111

*Alan Pratt* ........................................ 122

УНИВЕРЗАЛИЗАМ ИЛИ СЕЛЕКТИВИЗАМ? ........................................ 122

*Toni Novak* ........................................ 143

СИРОМАШТВО И „СУБКЛАСИ“ ........................................ 143

*РЕЧНИК НА ПОИМИ ОД СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА* ........................................ 159

***Социјална работа***

*Мариа Доневска* ........................................ 165

КОН НОВИТЕ ЗНАЕЊА ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА – КОМЕНТАРИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЛОЖЕНИТЕ ТЕКСТОВИ ........................................ 165

*Wolfgang Köhn* ........ 175
АНАМНЕЗА ........ 175

*Wolfgang Köhn* ........ 187
ХИПОТЕТИЧКА ДИЈАГНОЗА ........ 187

*Compton/Galaway* ........ 219
ДОГОВОР ЗА РАБОТА – КОНТРАКТ ........ 219

*Urania Glassman/Len Kates* ........ 231
ТЕХНИКИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ЦЕЛ ........ 231

*Compton/Galaway* ........ 253
ИНТЕРВЕНЦИОНИ УЛОГИ ........ 253

*Calvin L. Streeter/David F. Gillespie* ........ 262
КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ........ 262

*Mildred Daley Pagelow* ........ 265
СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ........ 265

АЛТЕРНАТИВНИ ПОГЛЕДИ
НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ........ 279
ДОЛГОРОЧНИ ПРЕВЕНТИВНИ СТРАТЕГИИ ........ 299

*РЕЧНИК НА ПОИМИ ОД СОЦИЈАЛНА РАБОТА* ........ 309
*SUMMARY* ........ 313

*Издавач*
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

*Филозофски факултет*
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Избор на текстови

*Печат*
„Македонска ризница“ - Куманово

Според Мислењето на Министерството за култура број,
07-5239/2 од 15. 10. 1999 година, за книгата
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНА РАБОТА
ИЗБОР НА ТЕКСТОВИ
се плаќа данок со повластена стапка.